

# ТУРИЗМОТ КАКО ПЕРСПЕКТИВА ЗА РЕТКО НАСЕЛЕНИТЕ РУРАЛНИ ПРОСТОРИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ВО РЕГИОНОТ НА ЈУЖНА И ИСТОЧНА СРБИЈА

УРЕДНИЦИ

**БИЛЈАНА ПЕТРЕВСКА** **АЛЕКСАНДРА ТЕРЗИЌ**

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА
НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ
(МАНУ)

Билјана Петревска, Александра Терзиќ
(уредници)

# ТУРИЗМОТ КАКО ПЕРСПЕКТИВА ЗА РЕТКО НАСЕЛЕНИТЕ РУРАЛНИ ПРОСТОРИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ВО РЕГИОНОТ НА ЈУЖНА И ИСТОЧНА СРБИЈА

Скопје, 2022

**Уредници**
Билјана Петревска
Александра Терзиќ

**Автори на поглавја**
Александра Терзиќ
Билјана Петревска
Марија Дробњаковиќ
Никола Димитров
Петар Намичев
Злата Вуксановиќ-Мацура
Милован Миливојевиќ

**ТУРИЗМОТ КАКО ПЕРСПЕКТИВА ЗА РЕТКО НАСЕЛЕНИТЕ РУРАЛНИ ПРОСТОРИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ВО РЕГИОНОТ НА ЈУЖНА И ИСТОЧНА СРБИЈА**

**Рецензенти:** Иванка Несторoска, Невена Ќурчиќ, Марија Таковска

**Лектор:** Николинка Нолевска

**Дизајн на корицата,** Фотографија: Александра Терзиќ

**Издавач:** Македонска академија на науките и уметностите

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

332.1:338.483(497.7)
332.1:338.483(497.11-13)
332.1:338.483(497.11-11)

ТУРИЗМОТ како перспектива за ретко населените рурални простори во Република Северна Македонија и во Регионот на Јужна и Источна Србија [Електронски извор] / [автори Александра Терзиќ ... [и др.] ; уредници Билјана Петревска, Александра Терзиќ]. - Скопје : Македонска академија на науките и уметностите, 2022

Начин на пристапување (URL):
http://manu.edu.mk/wp-content/uploads/2022/09/7.1.2-%D1%84%D0%B8%D0%BD-%D0%A1%D1%82%D1%83%D0%B4%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%9C%D0%90%D0%9D%D0%A3-%D0%A1%D0%90%D0%9D%D0%A3-%D0%A2%D1%83%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%BC%D0%BE%D1%82-_.pdf.
- Текст во PDF формат, содржи 269 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 23.9.2022. - Други автори: Билјана Петревска, Марија Дробњаковиќ, Никола Димитров, Петар Намичев, Злата Вуксановиќ-Мацура, Милован Миливојевиќ. - Summary

ISBN 978-608-203-354-9

1. Терзиќ, Александра [автор] [уредник] 2. Петревска, Билјана [автор] [уредник] 3. Дробњаковиќ, Марија [автор] 4. Димитров, Никола [автор] 5. Намичев, Петар [автор] 6. Вуксановиќ-Мацура, Злата [автор] 7. Миливојевиќ, Милован [автор]
а) Рурални средини -- Туризам -- Македонија б) Рурални средини -- Туризам -- Јужна Србија в) Рурални средини -- Туризам -- Источна Србија

COBISS.MK-ID 58208773

# СОДРЖИНА


**ПРЕДГОВОР** ... 5

**Билјана ПЕТРЕВСКА и Александра ТЕРЗИЌ**
**1 ГЛАВА. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПЕРСПЕКТИВИ НА ИЗБРАНИТЕ РЕТКО НАСЕЛЕНИ РУРАЛНИ ПРОСТОРИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ВО РЕГИОНОТ НА ЈУЖНА И ИСТОЧНА СРБИЈА** ... 7

1. Вовед ... 8
2. Цели и истражувачките прашања ... 10
3. Методологија ... 11

**Марија ДРОБЊАКОВИЌ и Александра ТЕРЗИЌ**
**2 ГЛАВА. ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ ПРОСТОРИ** ... 16

1. Теориски основи на концептот за одржлив развој на руралните простори ... 17
2. Одржлив рурален туризам ... 22

**Александра ТЕРЗИЌ, Никола ДИМИТРОВ, Билјана ПЕТРЕВСКА и Милован МИЛИВОЈЕВИЌ**
**3 ГЛАВА. ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА НА РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ ВО НАЦИОНАЛНИ РАМКИ: РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И РЕГИОНОТ НА ЈУЖНА И ИСТОЧНА СРБИЈА** ... 32

1. Генерални напомени за туристичката понуда на руралниот туризам во национални рамки: Република Северна Македонија и Србија ... 33
2. Руралниот туризам во Република Северна Македонија ... 36
3. Руралниот туризам во Србија ... 46
   3.1. Карактеристики на руралниот простор во Регионот на Јужна и Источна Србија ... 52
   3.2. Туристички дестинации во Регионот на Јужна и Источна Србија ... 54
4. Вклучување на ретко населените рурални простори во туристичката понуда ... 61

**4 ГЛАВА. ИЗБРАНИ РЕТКО НАСЕЛЕНИ РУРАЛНИ ПРОСТОРИ СО ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА ТУРИСТИЧКИ РАЗВОЈ** ... 67

**Билјана ПЕТРЕВСКА, Никола ДИМИТРОВ и Петар НАМИЧЕВ**
**ИЗБРАНИ РЕТКО НАСЕЛЕНИ РУРАЛНИ ПРОСТОРИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА ТУРИСТИЧКИ РАЗВОЈ** ... 68

1. Предлог-туристичка дестинација 1: Б’с и Варовиште ... 68
   Село 1: Б’с ... 70
   Село 2: Варовиште ... 74

Туристичка валоризација на предлог-туристичката дестинација 1 ... 77

2. Предлог-туристичка дестинација 2: Конско, Серменин и Хума ... 80
   Село 1: Конско ... 82
   Село 2: Серменин ... 85
   Село 3: Хума ... 89

Туристичка валоризација на предлог-туристичката дестинација 2 ... 93

3. Предлог-туристичка дестинација 3: Велмевци, Големо Илино и Железнец ... 95
   Село 1: Велмевци ... 97
   Село 2: Големо Илино ... 101
   Село 3: Железнец ... 105

Туристичка валоризација на предлог-туристичката дестинација 3 ... 108

4. Предлог-туристичка дестинација 4: Гари, Јанче и Тресонче ... 110
   Село 1: Гари ... 112
   Село 2: Јанче ... 117
   Село 3: Тресонче ... 121

Туристичка валоризација на предлог-туристичката дестинација 4 ... 126

5. Предлог-туристичка дестинација 5: Нежилово, Ореше и Папрадиште ... 129
   Село 1: Нежилово ... 131
   Село 2: Ореше ... 135
   Село 3: Папрадиште ... 138

Туристичка валоризација на предлог-туристичката дестинација 5 ... 141

**Александра ТЕРЗИЌ, Марија ДРОБЊАКОВИЌ, Злата ВУКСАНОВИЌ-МАЦУРА и Милован МИЛИВОЈЕВИЌ**
**ИЗБРАНИ РЕТКО НАСЕЛЕНИ РУРАЛНИ ПРОСТОРИ ВО РЕГИОНОТ НА ЈУЖНА И ИСТОЧНА СРБИЈА СО ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА ТУРИСТИЧКИ РАЗВОЈ** ............ 145
1. Предлог-туристичка дестинација 1: Рам, Острово, Брњица и Мироч ............ 145
Село 1: Рам ............ 147
Село 2: Острово ............ 151
Село 3: Брњица ............ 155
Село 4: Мироч ............ 160
Туристичка валоризација на предлог-туристичката дестинација 1 ............ 163
2. Предлог-туристичка дестинација 2: Илино, Сесалац и Езеро ............ 165
Село 1: Илино ............ 167
Село 2: Сесалац ............ 171
Село 3: Езеро ............ 176
Туристичка валоризација на предлог-туристичката дестинација 2 ............ 179
3. Предлог-туристичка дестинација 3: Долна Каменица, Јаловик Извор, Балта Бериловац и Ќуштица ............ 182
Село 1: Долна Каменица ............ 184
Село 2: Јаловик Извор ............ 189
Село 3: Балта Бериловац ............ 193
Село 4: Ќуштица ............ 197
Туристичка валоризација на предлог-туристичката дестинација 3 ............ 201
4. Предлог-туристичка дестинација 4: Височка ’Ржана, Славиња, Гостуша и Поганово ............ 204
Село 1: Височка ’Ржана ............ 206
Село 2: Славиња ............ 210
Село 3: Гостуша ............ 214
Село 4: Поганово ............ 220
Туристичка валоризација на предлог-туристичката дестинација 4 ............ 225
5. Предлог-туристичка дестинација 5: Зебица ............ 228
Село Зебица ............ 230
Туристичка валоризација на предлог-туристичката дестинација 5 ............ 234

**Александра ТЕРЗИЌ**
**5 ГЛАВА. СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА СЛАБО НАСЕЛЕНИТЕ РУРАЛНИ ПРОСТОРИ: РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И РЕГИОНОТ НА ЈУЖНА И ИСТОЧНА СРБИЈА** ............ 239
1. Споредбена анализа на туристичките потенцијали ............ 240
2. Можности за туристички активности ............ 248
2.1. Можности за туристички активности во руралните дестинации во Република Северна Македонија ............ 250
2.2. Можности за туристички активности во руралните дестинации во Регионот на Јужна и Источна Србија ............ 252

**Александра ТЕРЗИЌ и Билјана ПЕТРЕВСКА**
**6 ГЛАВА. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПЕРСПЕКТИВИ НА ИЗБРАНИТЕ РЕТКО НАСЕЛЕНИ РУРАЛНИ ПРОСТОРИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ВО РЕГИОНОТ НА ЈУЖНА И ИСТОЧНА СРБИЈА** ............ 256

**SUMMARY** ............ 264

# ПРЕДГОВОР

На прв поглед, да се пишува студија за ретко населените рурални простори, проценувајќи ги предусловите за спроведување туристички активности преку споредбена анализа на Република Северна Македонија и Јужна и Источна Србија, изгледа исклучително предизвикувачки. Од една страна, руралните простори во двете земји се соочуваат со исти и/или слични проблеми во функционирањето, како депопулација и екстремни миграциски движења, доведувајќи до деградирање на селата и нивно претворање во ретко населени рурални простори. Од друга страна, поаѓајќи од фактот дека туризмот како мултидимензионална активност нуди сеопфатна ревитализација на просторот, тој се наметна како можност за заживување на руралните простори во кои постои туристички потенцијал. Оттука, преку разгледувањето на оваа проблематика, поаѓајќи од тоа дека постојат исти/или слични трендови во двете земји, се појави идејата за идентификување, селекција и анализирање на ретко населените рурални простори, со можност за туристички развој.

Студијата претставува резултат од проектното истражување „Процена на предусловите за туристички активности во руралните напуштени простори – Компаративна студија меѓу Македонија и Србија“, реализирана во периодот 2018 – 2020 година. Проектот го реализираа работни тимови составени од професори на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Република Северна Македонија) и истражувачи од Географскиот институт „Јован Цвијиќ“ – Белград (Србија), низ Програмата за меѓуакадемиска соработка на Македонската академија на науките и уметностите – МАНУ и Српската академија на науките и уметностите – САНУ. Поконкретно, студијата претставува збир од шест поглавја, чии автори се членови на работните тимови на Проектот. Притоа, методолошки, се работи за сознанија добиени со комбинација на теоретски труд и емпириска анализа.

Во првото поглавје, со наслов „Воведни напомени за истражувањето на туристичките перспективи на избраните ретко населени рурални простори во Република Северна Македонија и во Регинот на Јужна и Источна Србија“ (Билјана Петревска и Александра Терзиќ), се презентирани потребата и значењето на проектното истражување, преку подетално појаснување на целите и на истражувачките прашања, како и на применетата методологија.

Во второто поглавје, со наслов „Одржлив развој на руралните простори“ (Марија Дробњаковиќ и Александра Терзиќ), појаснети се теоретските основи на концептот на одржлив развој на руралните простори, како и основната концепција на одржлив рурален туризам.

Во третото поглавје, кое носи наслов „Туристичката понуда на руралниот туризам во национални рамки: Република Северна Македонија и Регионот на Јужна и Источна Србија“ (Александра Терзиќ, Никола Димитров, Билјана Петревска и Милован Миливојевиќ), разработена се генерални напомени за туристичката понуда на руралниот туризам во двете анализирани земји, како и можноста за вклучување на ретко населените рурални простори во туристичката понуда на Република Северна Македонија и во Регионот на Јужна и Источна Србија.

Четвртото поглавје, со наслов „Избрани ретко населени рурални простори со потенцијал за туристички развој“, е носител на резултатите од теренските истражувања во избраните ретко населени рурални простори во двете земји, и тоа во Република Северна Македонија (Билјана Петревска, Никола Димитров и Петар Намичев) и во Регионот на Јужна и Источна Србија (Александра Терзиќ, Марија Дробњаковиќ, Злата Вуксановиќ-Мацура и Милован Миливојевиќ). Притоа, даден е краток опис на секоја од предложените потенцијални туристички дестинации во однос на природните мотиви, антропогените и етноамбиенталните мотиви, и на комуникациско-рецептивните мотиви. Воедно, прикажана е кратка туристичка валоризација на секоја предлог-дестинација врз основа на оценувањето на пет индикатори за руралниот капитал, кои се однесуваат на: природниот капитал, културниот капитал, инфраструктурниот (физичкиот) капитал, општествениот (човечкиот и организациските фактори) капитал и економскиот капитал.

Во петтото поглавје, насловено како „Споредбена анализа на туристичките потенцијали на слабо населените рурални простори: Република Северна Македонија и Регионот на Јужна и Источна Србија“ (Александра Терзиќ), сублимирани се заедничките проблеми констатирани при теренското

истражување. Воедно, посочени се конкретни можности за туристички активности во анализираните рурални дестинации во двете земји.

Студијата е завршена со шестата глава со наслов „Заклучни согледувања од истражувањето на туристичките перспективи на избраните ретко населени рурални простори во Република Северна Македонија и во Регионот на Јужна и Источна Србија“ (Александра Терзиќ и Билјана Петревска).

Студијата може да се набљудува како дополнување на научната мисла што ја разработува оваа проблематика, но и како концепт кој нуди објективни, реални и практични погледи и препораки за подобрување на развојните можности на селата, посебно преку планирање и функционална пренамена за туристички развој. Главната новина е во тоа што се анализирани напуштени и ретко населени села во двете земји кои или се слабо туристички афирмирани или воопшто не се афирмирани, а со тоа и соодветно туристички валоризирани. Така, понудените резултати од студијата им овозможуваат на креаторите на развојните политики на двете земји, за локален, регионален и/или за национален туристички, а со тоа економски развој, подобро да ги согледаат сегашната состојба и присутните проблеми од социоекономска и географска природа, и преку соодветни мерки, да понудат нивно надминување со наменско развивање на идентификуваните напуштени рурални простори.

Авторите упатуваат голема благодарност до рецензентите, проф. д-р Иванка Нестороска од Факултетот за туризам и угостителство – Охрид при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола (Република Северна Македонија), проф. д-р Невена Ќурчиќ од Департманот за географија, туризам и хотелиерство при Природно-математичкиот факултет на Универзитетот во Нови Сад (Србија) и проф. д-р Марија Таковска од Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, кои со своите коментари, предлози и забелешки, придонесоа за зголемување на квалитетот на ракописот.

Посебна благодарност и до д-р Милован Миливојевиќ од Географскиот институт „Јован Цвијиќ“ – Белград (Србија), кој несебично придонесе за подобрување на квалитетот на студијата со своите стручност и професионалност во исцртувањето на сите карти, специјално за потребите на Проектот.

Се разбира, студијата не претендира на сеопфатност, така што, несомнено, постојат прашања кои може дополнително да бидат вклучени во следните анализи или, пак, пошироко да бидат разработени, што останува за некое следно истражување. Останува фактот дека студијата има големо апликативно значење како единствена со споредбени анализи на социоекономските, демографските и географските податоци на избрани, атрактивни, туристички простори, во двете соседни земји поттикнувајќи интересна тема за заживување и ревитализирање на ретко населените рурални простори.

Авторите
март 2021 година

**Билјана ПЕТРЕВСКА**
**Александра ТЕРЗИЌ**



Перспектива на куќа-кула, симетричен тип, с. Кракорница, Река, Гостиварско (Република Северна Македонија), Автор на цртеж: Петар Намичев
Извор: Намичев (2000:141).

# 1 ГЛАВА

# ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПЕРСПЕКТИВИ НА ИЗБРАНИТЕ РЕТКО НАСЕЛЕНИ РУРАЛНИ ПРОСТОРИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ВО РЕГИОНОТ НА ЈУЖНА И ИСТОЧНА СРБИЈА

# 1. ВОВЕД

Многубројните истражувања укажале на можноста за придонесот на туризмот во развојот на руралната економија и делумно заживување на руралните средини, при што селата повторно стануваат привлечни како за живеење така и за привремена посета преку туристичките активности. Имајќи предвид дека Република Северна Македонија и Србија се соочуваат со слични проблеми во однос на селата, потребата за изработка на прелиминарна процена за развојот на руралниот туризам во избрани ретко населени, односно во напуштените рурални простори во овие две земји, се покажа како целосно оправдана.

Притоа, за споредбената анализа одлучено е да се обработува целата територија на Република Северна Македонија, а само еден статистички регион на територијата на Србија, т. е. Јужна и Источна Србија, од две причини:

Прво, со својата географска позиција се надоврзува на просторот на Република Северна Македонија и

Второ, има големи сличности во демографските и во социоекономските процеси со просторот на Република Северна Македонија.

На таков начин, се надминува големата географско-просторна диспропорција во површината и популацијата на двете земји кои се земени како студии на случај. Имено, доколку се обработува целата територија на Србија, тоа би значело мошне пообемни истражувања, но и поголем истражувачки материјал и податоци, во споредба со обработениот материјал кој се однесува на анализа на случајот на Република Северна Македонија.

Според демографските поделби (Ban 1970; Stamenković 1999; Стојановиќ 2003; Тошиќ 1996), малите населби се сметаат за населени места до 500 постојани жители, од кои во Република Северна Македонија имало 1.137 според пописот од 2002 година (ДЗСРСМ 2002), а во Регионот на Јужна и Источна Србија, вкупно 1.366 според пописот од 2011 година (РЗСС 2012). Според тоа, над 70 % од населените места во Република Северна Македонија и дури 75 % од населените места во Регионот на Јужна и Источна Србија спаѓаат во категоријата мали населби. Поради големите меѓурегионални разлики во набљудуваната област и имајќи предвид дека е потребен одреден човечки потенцијал за развој на туризмот, овој параметар се смета за важен, но не и за исклучителен фактор за развој. Од тие причини, демографските карактеристики и карактеристиките на селата се вкрстени со други просторни, економски и социјални карактеристики.

Дополнително, важно е да се нагласи и терминолошката разлика во споредбената анализа при изборот на селата во сеопфатната процена. Поконкретно, популационата диспропорција на двете земји на ниво на населби доведува до различно поимно толкување. Така,

- Во случајот на анализата на Република Северна Македонија се користи поимот „напуштено“, притоа подразбирајќи село во кое живеат помалку од 50 постојани жители и
- Во случајот на анализа на Јужна и Источна Србија се користи поимот „слабо населено“, подразбирајќи село во кое живеат до 250 постојани жители, но истовремено ставен е фокус на села со помалку од 50 постојани жители.

Притоа, поимите „напуштено“ и „слабо населено“ не се врзуваат само со популациската големина на селото туку се набљудуваат флексибилно, иако и во двата случаи се однесуваат на мали населби кои се карактеризираат со мал број жители, мала густина и слаба виталност. Од друга страна, туристичката атрактивност на просторот (независно дали е од природен или од антропоген аспект) предизвикува поголеми разлики во изборот на локации за анализа, што е дополнително разработено во следните делови од студијата.

Дефинираната географска рамка не беше можно да се следи во одредени простори поради разлики во прибирањето исти податоци од секундарни извори. Поконкретно, официјалните

демографски статистички податоци, добиени преку попис на населението, се тешко споредливи меѓу двете земји. Така,

- Во случајот на Република Северна Македонија, последниот попис на населението е од 2002 година; и
- Во случајот на Јужна и Источна Србија, користени се податоци од пописот на населението од 2011 година.

Оттука, за Република Северна Македонија, процената на населението во селектираните села е направена при теренското истражување. Воедно, покрај апсолутниот број на населението, во одредени случаи постои и одреден број население кое мигрира (емигранти на привремена работа во странство) и некаде се евидентира како резиденти на селото, а некаде не. Присутна е и појавата кога одреден број од населението, кои престојуваат (живеат и остваруваат приходи) во одредено село, се евидентирани како жители на соседното урбано подрачје, или дури и во оддалечен градски центар, а својот престој на село го остваруваат во летната сезона, во периодот мај – октомври. Следствено, во анализата на демографските податоци, емпириските заклучоци се изведени според состојбата на терен „in situ“, што укажува на потребата од условна интерпретација.

Во студијата, извршена е и анализа на социоекономскиот развој на селектираните села врз основа на најзначајни индикатори, но споредбата треба да се земе како рамковна бидејќи:

- Во случајот на Република Северна Македонија не постои официјална статистика, па процените од теренот се надополнети со постојни парцијални официјални податоци и институционални процени; и
- Во случајот на Јужна и Источна Србија, користени се генерички официјални статистички податоци.

Понатаму, пристапено е кон просторно одредување на туристички атрактивни природни целини од аспект на развојот на туризмот во двете земји. Покрај главните критериуми за селекција на селата и идентификување потенцијални туристички дестинации, основен предуслов беше постоењето квалитетна животна средина на руралниот простор. Токму природните ресурси, надополнети со традиционалната архитектура и со други амбиентални вредности, му даваат на селото посебни можности за туристички развој.

Студијата анализира избрани, напуштени и ретко населени села, кои не се туристички афирмирани и соодветно туристички валоризирани во двете земји. Препораките на оваа студија укажуваат дека, со одредена иницијатива, со вложувања во соодветна организација и раководење, може да се пренасочат постојните туристички текови кон овие т.н. „периферни“ делови, со што просторно би се релаксирала централната туристичка зона, а би се афирмирал запоставениот рурален простор.

И покрај амбициозноста на проектот, сепак во истражувањето не се опфатени сите села, кои ги исполнуваат главните критериуми и основната цел на истражувањето, туку е направен избор на само мал дел од нив, првенствено од логистички причини. Имено, селекцијата е изведена во согласност со реалните можности и во согласност со ограниченоста на истражувачкиот обем кој се реализира во краток временски период на проектниот циклус (2018 – 2020 година), со ограничени човечки и финансиски ресурси. Сепак, избраните села ги покриваат територијално сите статистички региони во Република Северна Македонија и одделни окрузи (НТЕС 3) во рамките на статистичкиот регион на Јужна и Источна Србија (НТЕС 2), во согласност со Номенклатурата за територијални единици за статистика – НТЕС 3 (ДЗСРСМ 2019: 10), па оттука, можно е да се генерализираат евидентните демографски процеси, да се спроведе соодветна анализа и целосно да се репрезентира донесувањето конкретни заклучоци. Врз основа на сеопфатноста на истражувачкиот процес и на изведените заклучоци, овозможена е процена на можностите за туристички развој на напуштените и ретко населени рурални подрачја, како и посочување конкретни предлози за нивно унапредување.

Студијата е заокружена со позиционирање на избраните потенцијални туристички дестинации во рамките на соодветните региони и општини. Целта е нивно понатамошно вклопување во развојните планови и во стратегиските документи, со акцент на диверзификацијата на постојната туристичка понуда, и поврзување со руралниот туризам. Поконкретно, дадена е анализа на процената за очекувани придобивки за општините и за регионите, во кои локациски припаѓаат селектираните села, анализирани како потенцијални туристички дестинации. Воедно, дадени се и препораки за идните правци на развој при креирањето студии и проекти во доменот на развојот на руралниот туризам на избраните дестинации. Преку примената на различни методи, извршена е туристичка валоризација на руралниот капитал, одделно, за секоја селектирана дестинација во двете земји, но и збирно, овозможувајќи конкретна споредба меѓу двете земји. Со тоа, студијата дава заокружен приказ на процената за изводливост на предложените мерки, кои се однесуваат на потенцијалниот развој на руралниот туризам, во однос на техничките, економските, институционално-управувачките и географските аспекти.

## 2. ЦЕЛИ И ИСТРАЖУВАЧКИТЕ ПРАШАЊА

Главна цел на истражувањето е процена на предусловите за спроведување туристички активности во идентификуваните ретко населени рурални простори во Република Северна Македонија и во Регионот на Јужна и Источна Србија.

Поединечни цели на истражувањето се:

- Анализа на социоекономските и географските податоци;
- Анализа на проблемите од социоекономска и географска природа;
- Процена на можностите за туристичка валоризација;
- Анализа на добрите практики од Регионот и
- Споредбена анализа на добиените резултати помеѓу Република Северна Македонија и Регионот на Јужна и Источна Србија.

За остварувањето на главната и на поединечните цели, следните прашања се предмет на истражувањето:

- Процена на релевантноста на идентификуваните простори и на предложените мерки, во однос на нивната кохерентност и конзистентност, со сегашните национални, регионални и општински социоекономски и географски цели, утврдени во соодветните стратегиски и развојни документи;
- Процена на изводливоста на предложените мерки, во однос на нивната конзистентност, со социоекономската и со институционалната рамка и
- Подготовка на препораките, структурирани според:
    - Целите. Зошто идентификуваните простори и предложените мерки се важни за општината, регионот и за Владата, и какво е влијанието врз социоекономскиот и
    - географскиот развој?
    - Резултатите. Кои производи и услуги може да бидат креирани во идентификуваните простори и кои претпоставки се неопходни за постигнување на целите?
    - Активностите. Кои активности и во кој обем треба да се преземат, и кои се поврзаните претпоставки за постигнување на резултатите?

## 3. МЕТОДОЛОГИЈА

Генерално, во истражувањето е применет методот на споредбена анализа на случај, со што се прибрани сеопфатни податоци од примарни и секундарни извори, за две земји: Република Северна Македонија и Јужна и Источна Србија. Потоа, направени се анализи и синтеза на сличностите и разликите помеѓу двата избрани случаи со иста истражувачка цел (Ragin и соработниците 1996; Stake 2005 и 2013; Yin 2014). На крајот е поставена заедничка аналитичка рамка за извлекување заеднички заклучоци (Goodrick 2014).

Поконкретно, проектот се реализираше во пет фази со различно времетраење, во периодот од јуни 2018 година до јуни 2020 година, и тоа:

(1) Кабинетско истражување (јуни – декември 2018 година);
(2) Дефинирање критериуми и иницијална селекција на села (јануари – април 2019 година);
(3) Теренско истражување (мај – октомври 2019 година);
(4) Финален избор на села и дефинирање потенцијални туристички дестинации (ноември – декември 2019 година) и
(5) Резултати во форма на компаративна студија (јануари – јуни 2020 година).

Во првата фаза од проектните активности, преку кабинетско истражување (консултирање литература) скенирани се рурални подрачја во двете земји.

Во втората фаза се дефинирани главните критериуми за иницијална селекција на села за теренско истражување, и тоа:

- Да бидат „напуштени“ (села со помалку од 50 постојани жители кога станува збор за Република Северна Македонија) и/или „слабо населени“ (села во кои живеат до 200 постојани жители кога станува збор за Јужна и Источна Србија), кои се соочуваат со депопулација, миграција и сенилизација.
- Да бидат лоцирани во непосредна близина на веќе афирмиран туристички локалитет (во растојание од 5 до 30 км), со релативно добра инфраструктурна поврзаност.
- Да имаат добри почетни ресурси за развој на туризмот како: зачувана и квалитетна животна средина, традиционални амбиентални рурални вредности и автентичен начин на живот, и
- Да не се туристички афирмирани и соодветно туристички валоризирани.

Трета фаза е теренско истражување при кое е применет акцискиот метод на истражување и оцена, што се темели на мислење добиено од локалната заедница (Community Based Research and Evaluation approach – CBRE) (AHRQ 2004; Bradbury & Reason 2006; Roche 2008). Поконкретно, преку писмен протокол, истражувачите на терен директно разговараат со локалните жители во селектираното село. Кога станува збор за Република Северна Македонија, направени се 10 теренски обиколки низ сите осум статистички региони во земјата, и посетени се 51 село. Кога станува збор за Јужна и Источна Србија, направени се осум теренски истражувања, и вкупно се посетени 55 села. Така се собрани податоци за природни, антропогени, комуникативно-рецептивни и етноамбиентални мотиви на селата, надополнето со конкретно видување за објекти и за лица кои се вклучени во развојот на туристички активности.

Во четвртата фаза од проектните активности направен е финален избор на селата кои се дефинирани како потенцијални туристички дестинации за понатамошна сеопфатна евалуација. Врз основа на конкретните критериуми за избор, како и почитувајќи го основниот предуслов, руралниот простор да има добри почетни ресурси за развој на туризмот, и покрај амбициозноста на истражувањето, во двете земји избрани се по пет потенцијални туристички дестинации, секоја составена од 2 или повеќе села, и тоа:

Кога станува збор за Република Северна Македонија, идентификувани се 14 села во шест статистички региони во земјата (слика 1 – Примерок од истражувањето):

- Предлог-туристичка дестинација 1: Б’с и Варовиште (Североисточен Регион);

- Предлог-туристичка дестинација 2: Конско, Серменин и Хума (Југоисточен Регион);
- Предлог-туристичка дестинација 3: Велмевци, Големо Илино и Железнец (Пелагониски Регион);
- Предлог-туристичка дестинација 4: Гари (Југозападен Регион), Јанче и Тресонче (Полошки Регион) и
- Предлог-туристичка дестинација 5: Нежилово, Ореше и Папрадиште (Вардарски Регион).




Слика 1: Примерок на истражувањето во Република Северна Македонија

Извор: Милован Миливојевиќ

Кога станува збор за Регионот Јужна и Источна Србија, идентификувани се 15 села кои географски им припаѓаат на пет туристички дестинации: (слика 2 – Примерок од истражувањето):

- Предлог-туристичка дестинација 1: Рам, Острово, Брњица и Мироч (Браничевски и Борски Округ);
- Предлог-туристичка дестинација 2: Илино, Сесалац и Езеро (Заечарски Округ);
- Предлог-туристичка дестинација 3: Долна Каменица, Јаловик Извор, Балта Бериловац и Ќуштица (Општина Књажевац, Заечарски Округ);
- Предлог-туристичка дестинација 4: Височка Ржана, Славиња, Гостуша и Поганово (Пиротски Округ);
- Предлог-туристичка дестинација 5: Зебица (Општина Куршумлија, Топлички Округ).




Слика 2: Примерок на истражувањето во Регионот Јужна и Источна Србија

Извор: Милован Миливојевиќ

Последната, петтата фаза од проектните активности се состои од сублимирање на истражувачките резултати. Поконкретно, за избраните и понудените потенцијални туристички дестинации евалуиран е руралниот капитал (Bogdanov & Janković 2013; Terzić и соработници 2019) врз основа на пет индикатори и тоа:

1. Природен капитал. Содржи оценки за предложената дестинација во однос на: поволната клима, квалитетот на природниот пејзаж, атрактивните природни ресурси – парковите,

резерватите, биодиверзитетот, понудата на различни рекреативни активности, носечкиот капацитет и системот на заштита на природните ресурси).

2. Културен капитал. Содржи оценки за предложената дестинациј во однос на: поседувањето културни ресурси, автентичноста на руралната средина, нематријалното наследство и манифестациите, забавните содржини, состојбата на културните ресурси и системот за заштита на културните ресурси).
3. Инфраструктурен капитал. Содржи оценки за предложената дестинацијата во однос на: пристапноста на дестинацијата, пристапноста на туристичките содржини, квалитетот на сообраќајниците, постоењето на угостителски објекти, квалитетот на услужниот сектор и туристичката инфраструктура).
4. Општествен (човечки и организациски фактори) капитал. Содржи оценки за предложената дестинација во однос на: промената на бројот на жителите, старосната структура, образовната структура, интересот на локалната заедница за развојот на туризмот и перцепцијата за гостопримството) и
5. Економски капитал. Содржи оценки за предложената дестинација во однос на: степенот на диверзификацијата, нивото на активноста на жителите, нивото на дневните мигранти, просечната заработка (економската моќ), нивото на инвестициите и на претприемаштвото во рамките на локалната заедница и нивото на ефективната туристичка побарувачка (сезоналноста).

Оттука, во четвртиот дел од студијата детално е прикажана процената на можностите за туристичката валоризација на ниво на понудената предлог-дестинација во Република Северна Македонија и во Регионот Јужна и Источна Србија.

Студијата, како збир на поглавјата, презентира многубројни научни сознанија во согласност со поширок систем на индикатори за социоекономски, демографски и туристички развој на одделните понудени потенцијални туристички дестинации. Во согласност со утврдените потенцијали со кои располагаат евалуираните избрани предлог-туристички дестинации, дадени се конкретни предлози за можни туристички активности, генерално, како дополнување на веќепостојната туристичка понуда која ја нудат урбаните центри или комплексите кои се во близината на руралните ретко населени простори.

## ЛИТЕРАТУРА

AHRQ. (2004). Community – Based Participatory Research: Assessing the Evidence, Summary, Evidence Report/Technology Assessment: Number 99. AHRQ Publication Number 04-E022-1, August 2004. Agency for Healthcare Research and Quality, Rockville, MD. http://www.ahrq.gov/clinic/epcsums/cbprsum.htm

Ban, M. (1970). Naselja u Jugoslaviji i njihov razvoj u periodu 1948 – 1961, Beograd: Srbija, Centar za demografska istraživanja.

Bradbury, H. & Reason, P. (2006). Conclusion: Broadening the bandwidth of validity: Issues and choice-points for improving the quality of action research, Handbook of action research: Concise paperback edition, 343–351.

Bogdanov, N. & Janković, D. (2013). Territorial capital of rural areas: an example of analysis of the potential for rural tourism development in Serbia. In: Škorić, D., Tomić, D. and V. Popović (Ed.). Agri-Food Sector In Serbia State and Challenges (201–233), Serbian Association of Agricultural Economics and Serbian Academy of Sciences and Arts. Belgrade.

ДЗСРСМ – Државен завод за статистика на Република Македонија. (2002). Попис на населението, домаќинствата и становите 2002, Книга XIII, Скопје.

ДЗСРСМ – Државен завод за статистика на Република Северна Македонија. (2019). Номенклатура за територијални единици за статистика, Скопје.

Goodrick, D. (2014). Comparative case studies: Methodological briefs-impact evaluation no. 9 (No. innpub754).

Намичев, П. (2000). Народната архитектура во Реканското подрачје, Скопје.

Ragin, C. C., Berg-Schlosser, D. & De Meur, G. (1996). Political methodology: Qualitative methods, A new handbook of political science, 749–768.

РЗСС – Републички завод за статистика на Србија. (2012). Попис становништва, домаќинстава и станова 2011 у Републици Србији, http://popis2011.stat.rs/

Roche, J. M. (2008). Monitoring inequality among social groups: A methodology combining fuzzy set theory and principal component analysis, Journal of Human Development, 9(3), 427–452.

Stake, R. E. (2005). Investigación con estudio de casos. Madrid, Morata.

Stake, R. E. (2013). Multiple case study analysis. Guilford press.

Stamenković, S. (1999). Naučna polazišta proučavanja aktuelne ruralne situacije i seoskih naselja kao mogućih centara razvoja Srbije, Stanovništvo, 37(1–4), 185–194.

Стојановиќ, Б. (2003). Размештај и густина становништва као основа регионализације. Во: Спасовски, М. (ур.) Демографске основе регионализације Србије, Посебно издание на Географскиот институт „Јован Цвијиќ“ САНУ, 54, 73–114.

Terzić, A., Petrović, M. & Petrevska, B. (2019). Evaluation methods for sustainable rural tourism development: Issues to be addressed, Agrieconomica, 48(84), 55–64.

Тошиќ, Б. (1996). Типологија насеља на основу примењеног истраживања, Зборник на трудови на Географскиот институт „Јован Цвијиќ“, САНУ, 46, 143–148.

Yin, R. K. (2014). Case study research: Design and methods (applied social research methods). Thousand Oaks, CA: Sage publications.

**Марија ДРОБЊАКОВИЌ**
**Александра ТЕРЗИЌ**



Изглед на куќа-чардаклија, отворен тип, с. Бадилен, Струмичко (Република Северна Македонија), Автор на цртеж: Петар Намичев Извор: Намичев (2014:82).

# 2 ГЛАВА
# ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ ПРОСТОРИ

# 1. ТЕОРИСКИ ОСНОВИ НА КОНЦЕПТОТ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ ПРОСТОРИ

Концептот за одржлив развој се однесува на способноста на продуктивните активности да ги задоволат основните современи потреби на општеството без да ги загрозат неговите карактеристики и можноста за нивна употреба од идните генерации (United Nations 1987). Од Извештајот од Брунтленд од 1987 година („Нашата заедничка иднина“) и од официјалното прогласување на Бергенската декларација во 1990 година, концептот за одржлив развој е еден од основните елементи на планирањето на светскиот развој и на политичкото одлучување (Милутиновиќ 2004; Milutinović 2012). Овој концепт е инкорпориран во Србија и во Република Северна Македонија, преку сите сегменти на развој и планирање, и е регулиран со законска рамка (Национална стратегија за одржлив развој на Република Србија од 2008 година и Национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија 2009 – 2030 година), континуирано поддржан и темелен на европското законодавство – Европски перспективи на просторен развој (ЕСДП) (European Spatial Development Perspectives 1999). Усвоени се и водечки принципи за одржлив просторен развој на европскиот континент (Guiding Principles for Sustainable Development of the European Continent – CEMAT 2000), Љубљанската декларација за територијалната димензија на одржливиот развој (CEMAT 2003), Territorial Agenda of the European Union (2007), итн.

Целиот концепт, всушност, е насочен кон иднината (Milutinović 2012), кон долгорочните предизвици за управување со промените (Hediger и соработниците 1998) и се фокусира на можностите што ги има општеството, за развој и за зголемување на квалитетот на животот. Поконкретно, концептот се однесува на исполнувањето на основните системски барања, како што се еколошкиот и културниот интегритет, економската стабилност и ефикасност, социјалната еднаквост, земајќи ги предвид капацитетите и заштитата на екосистемите. Овој концепт ги сублимира идеите за различни парадигми кои се темелат на еднаквост, потреби, аспирации и ограничувања во достигнувањето на одредено ниво на развој (Jacobs 1995; Hediger и соработниците 1998).

Бидејќи просторот е ограничен ресурс, неговата непланирана и нерегулирана употреба, спонтаното и незаконското користење, ирационалното искористување на неговите природни и создадени ресурси, се една од најголемите пречки за остварувањето на концептот за одржлив развој, во кој најчесто тие им се спротивставуваат на еколошките и економските елементи на просторот, односно на човекот (општеството) и на природата, честопати, на развојот и на заштитата (Милутиновиќ 2009; Ѓокиќ 2007). Првично, концептот за одржливост беше тесно поврзан со природата и со природните ресурси, но подоцна, со неговото спроведување, тој стана многу покомплексен, поиновативен, истовремено решавајќи ги социоекономските прашања, еколошките прашања, политичките и естетските појави и, конечно, културниот идентитет, независно и во нивно содејство (Jacobs 1995; Богдановиќ и Гајиќ 2004; Vujošević & Spasić 2007; Milutinović 2012). Во процесот на разгледувањето на овој концепт, во смисла на неговата практична примена и на импликациите што се пренесуваат во иднината на поединецот и на општеството воопшто, постојат значителни разлики (Целебџиќ и соработниците 2009), додека некаде се користи како средство за одржување на глобалната сцена или на глобалниот мит, како и заради политички манипулации (Stupar 2007).

Во врска со ова, за правилно планирање на развојот на просторот, кој се темели на елементите на концептот за „реалната“ одржливост, потребно е да се земат предвид карактеристиките на локалните потенцијали, притоа почитувајќи ги законитостите на еколошките системи при надминувањето на социјалните и на економските предизвици. Една од целите на овој концепт се однесува на создавањето безбедни и еластични заедници, темелени врз сопствените локални економии, правичноста, еколошката ефикасност и на безбедноста (Милутиновиќ 2004), кои се темелат на ендогени (сопствени) ресурси, а се грижат за автохтоноста и за заштитата на локалниот биодиверзитет (Продановиќ 2007).

Одржливиот развој на руралните простори подразбира социоекономски промени кои не ги нарушуваат долгорочните цели со кои се одржува дефиниран регионален капитал (економски, социјален, еколошки) со текот на времето (Hediger и соработниците 1998). Бидејќи руралната економија и, генерално, опстанокот и развојот на руралните простори, во голема мера, зависат од географските услови на областа (клима, природни потенцијали, предел, физичко-географски ограничувања, но, исто така, и социоекономски услови и демографски карактеристики), одржливиот развој на руралните простори, т. е. рамнотежа помеѓу економските и природните елементи, со почитување на социјалното опкружување, се наметнува како неминовност (слика 1 и слика 2).



Слика 1: Зграда на селското училиште во с. Церово



Слика 2: Црква во с. Градашница (Пирот)

Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Руралните области се карактеристични самите по себе поради исклучителната хетерогеност во однос на социоекономските услови и географско-еколошките специфичности, што условува различна динамика на развој. Богатството на разновидноста на руралните простори е голема предност и шанса за создавање разни развојни производи, единствени самите по себе, но најголемата закана е да се зачува нивната уникатност. Руралниот простор беше маргинализиран за време на интензивниот индустриски и урбан развој со фокус на профитот, па и политиките што се занимаваа со рурален развој и со нивна заштита имаа второстепено значење. Во современите услови на живеење, во ерата на глобализацијата, урбанизацијата и многу економски промени, многу рурални простори во Европа се соочуваат со егзистенцијални проблеми.

Руралните простори најчесто се сметаат за помалку развиени и неразвиени, и директно зависни само од природните ресурси и земјоделието. Оттука, селата се соочуваат со многубројни предизвици и со потребата да се борат за преживување. Имајќи предвид дека нивна доминантна карактеристика е земјоделството од мал обем, руралната економија бара алтернативи во борбата против ниската продуктивност, малите приходи, депопулацијата и еколошкото загадување. Сите тие големи промени доведоа до висока стапка на невработеност и до зголемување на сиромаштијата помеѓу селското население. Голем број села доживеаја емиграција до степен на нивно целосно исчезнување, при што, најчесто, младото, најактивното, најобразованото и репродуктивното население се концентрира и се населува во урбаните подрачја, или се иселува во странство. Со тоа, значително се еродира виталноста на селата и на руралните заедници, со екстремни случаи забележани во подрачјето на Југоисточна Европа како простор во транзиција (Petrevska & Terzić 2020).

Постепено, со порастот на животниот стандард и со континуираното стареење на популацијата, доаѓа до промена на преференциите на населението. Така, почнува да расте побарувачката за локално специфични рурални простори, па приходите на домаќинствата веќе не се одлучувачкиот фактор за миграциските движења на населението (Јосиповиќ 2018). Иако трендот

на напуштањето на руралните средини од страна на младата популација сѐ уште продолжува, истовремено се појавува населување на селата од повозрасно население (пензионери и повратници од странство). Токму тие миграциски движења од урбани кон рурални простори се доказ дека со подобрувањето на економската моќ, населението сѐ повеќе ги цени локалните рурални вредности барајќи поквалитетни услови за живеење. Подготвеноста да се одречат, па дури и повремено, од удобностите на урбаниот начин на живеење, во замена за поволна животна средина во селата, е карактеристика на поединци кои се подготвени да преземаат претприемачки иницијативи (McGranahan 1999; Dissart & Deller 2000; Deller и соработниците 2001; McGranahan & Beale 2002; McGranahan & Wojan 2007; McGranahan и соработници 2011; Јосиповиќ 2018).

Со оглед на тоа што речиси сите рурални простори во светот се соочуваат со проблеми во однос на намалувањето на населението, економските и политичките промени заради забрзана индустријализација и урбанизација, што посебно се интензивираа во Европа во последните 40 години, владите на многу земји, во соработка со регионалните и локалните агенции, се обидоа да најдат начини за обновување на руралните простори. По „Зелената револуција“ и воспоставувањето на повеќе движења за заштита на животната средина (Продановиќ 2007), фокусот беше ставен на концептот за разбирање на развојот на руралните простори и неговите потенцијали, а целите за заштита и одржлив развој беа вметнати во европските политики за просторен и економски развој. Во новото рурално движење, акцентот е ставен на локалните вредности и на аспирациите на локалното население, со што ќе се заштити руралниот простор и ќе се овозможи негов развој.

Руралните простори на Србија и Република Северна Македонија се карактеризираат со голема разноликост во поглед на геоморфолошките карактеристики, демографските и културните услови, инфраструктурната опременост и социоекономските услови за развој. Постои нерамномерност во интензитетот и динамиката на развојните процеси, комплексни географски и социоекономски фактори што условија формирање различни видови населби, чија динамика на трансформација и на усогласување со современите развојни трендови се одвиваше со различен интензитет. Општо земено, руралните простори во Србија и во Република Северна Македонија се развиваат, главно, спонтано, без континуирана и стратегиска долгорочна политика (Дробњаковиќ 2019). За време на интензивниот индустриски и урбан развој, руралниот простор се третира, главно, како ресурс за производство на храна, работна сила, индустриски суровини и сл., што за последица имаше напуштено, запоставено и економски разорено село. Дури по економскиот колапс и несоодветната транзиција и трансформација на економијата, повторно вниманието се сврте кон руралните простори оптоварени со многубројни структурни проблеми, што резултираше со стагнација на селата и опаѓање на нивната виталност. Така, овие рурални простори се карактеризираат со изразена регионална нерамнотежа врз основа на демографски, економски, аграрни карактеристики и јавносоцијална опрема, особено во урбано-руралниот однос, што ги одредува можностите и насоките на развој (Drobnjaković и соработниците 2015).

Некои рурални области и цели географски единици се обележени со неповолни текови на социоекономскиот развој, изложени на постојани миграциски движења и како резултат на намалените можности со кои се соочуваат поради прекумерна експлоатација на природните ресурси. Како резултат на неповолните демографски трендови, ненасочени и неконтролирани миграциски текови, нарушена е старосната, економската и образовната структура на населението, а човечкиот капитал во руралните области, што би требало да биде главниот фактор во развојот, е значително ослабен. И покрај изразената тенденција на рурално-урбана миграција и популационото слабеењето на руралните простори, тие, сепак, опфаќаат значителен дел од територијата и населението (96,2 % од територијата на Србија е рурално, што според податоците за 2011 година било населено со 40,4 % од населението, а во Република Северна Македонија 41,9 % од населението е рурално според последниот попис од 2002 година). Така, руралните простори се соочуваат со големи притисоци како да преживеат и да го одржат развојот и како да им се спротивстават на многубројните закани како што се климатските промени, сиромаштијата, недостатокот на

инфраструктура и диспаритети во однос на социоекономските и географските услови (Mihai & Iatu 2020).

Со текот на времето, ставот кон руралните простори постепено се менува, па сè повеќе станува свесна потребата за зачувување на природното и културното богатство со кое се располага, како и тежнеењето за враќање кон природата и кон традиционалните автохтони вредности кои ги има само во селата. Меѓутоа, како што се менува општеството, а просторот се трансформира и социоекономски се преобликува, така и селата се менуваат. Тие престануваат да бидат монотони и монолитни, па стануваат попривлечни со мултифункционални карактеристики.

Руралниот простор, во модерна смисла, дефинитивно не е само природно-земјоделски простор, туку има пошироки и посложени форми и содржини. Тоа е „ентитет со кохерентна економска и социјална структура на разновидни активности што ги вклучува селата и малите градови со уникатни економски и социјални карактеристики, со специфичен збир на активности и голема разновидност на пејзажот“ (Радовановиќ 2010: 42–43). За развој на таков ентитет потребно е да се примени мултифункционален пристап во вид на нова стратегија за руралното планирање фокусирана на истражување на карактеристичните рурални простори, селата и на руралниот пејзаж, изразени преку низа предизвици поврзани со различни вредности што ги поседуваат руралните заедници, економијата, еколошките предизвици и состојбата со локални услуги (Gallent и соработниците 2008).

Одрживиот развој на руралните простори треба да се темели на принципите на интегрирано планирање. Овој сегмент се однесува на преструктурирањето на руралните простори, обновувањето и уредувањето на селата, поттикнувањето на конкурентноста, управувањето со земјиштето и природните ресурси, диверзификацијата на руралната економија, зајакнувањето на руралната заедница, истовремено почитувајќи ги карактеристиките и разноликоста на руралните простори (Дробњаковиќ 2015). Овој концепт на одржливост, во согласност со препораките на европското законодавство, кога се работи за руралните простори, потребно е да се темели на неколку клучни сегменти за развој: човечки и социјален капитал, инфраструктура и развој на социјалните и културните содржини, диверзификација на руралната економија, приспособливоста на заедницата во однос на економските и природните промени.

Некои автори (Drobnjaković и соработниците 2014; Mihai & Iatu 2020) ја препознаваат лошата инфраструктура и лошата опременост на службите од јавносоцијално значење како една од клучните граници за постигнување одржлив рурален развој. Овие ограничувања се набљудуваат во поширок контекст како предуслов за намалување на емиграцијата, создавање на поповолно економско опкружување кое не зависи само од традиционалното земјоделство и не се темели единствено на достапноста на природните ресурси, како и основа за зголемување на квалитетот на животот на руралните простори. Воведувањето на т.н. „зелена инфраструктура“ е една од основите за зачувување на природната средина на руралните простори и овозможува одржлив рурален развој. Меѓутоа, во Србија и во Република Северна Македонија е тешко да се зборува за одреден напредок на ова поле, што е последица на лошата општа материјална и социјална положба на селаните, селото е на маргините на развојот и за него не се размислува, ниту се зборува за развој и за иновација (Todorović & Drobnjaković 2010).

Неповолните трендови на руралните простори доведоа до значителен пад на учеството на земјоделското производство и на приходите на земјоделските претприемачи, предизвикаа намалување на учеството на вработените во земјоделството и ги намалија виталноста и инфраструктурата, како и супраструктурата на руралните простори, што се гледа во намалувањето на бројот на продавниците, училиштата, стручните и административните служби во селата, како и намалување на инвестициите во сообраќајната и комуналната инфраструктура на руралните простори. Со цел да се забават или да се избегнат овие негативни трендови, многу земји, во последните три децении, ја разгледуваат можноста за воведување на туризмот во руралните простори како еден од начините за ревитализација на селата (Демировиќ 2016).

Мал број села во Србија и Република Северна Македонија спроведуваат комунално и просторно планирање. Урбанистички се уредуваат некои села за кои тоа е пропишано во деталниот урбанистички план, додека поголемиот дел им се препуштени на локалната иницијатива и на финансиските можности на руралните заедници (Drobnjaković 2015). Лошата и дотраена инфраструктура и слабата пристапност се многу изразени на руралните простори. Значителен процент на домаќинства немаат организирано водоснабдување (15,77 % во Србија), мал дел се приклучени на канализациска мрежа (во Србија само 7,7 %), а не е за занемарување и бројот на домаќинства кои се целосно без инфраструктура (во Србија 1, 7 %) (РЗСС 2013). Воедно, постои изразена регионална нерамнотежа во однос на опременоста на јавните објекти за социјална инфраструктура. Обично, подобро се опремени само поголемите населени места и поранешните помали градови, додека сега селата имаат најчесто само еден (или ниеден) објект за основна здравствена заштита или за основно четиригодишно образование (Дробњаковиќ 2019).

Другиот важен сегмент на одржливиот развој на руралните простори е поврзан со притисоците и несаканите ефекти како резултат на природни катастрофи и климатски промени, на кои руралните простори се исклучително чувствителни. Ова произлегува од фактот што руралните економии се претежно зависни од природните услови, а со тоа и од квалитетот на животот на рурално население. Бидејќи земјоделството и социјалните услови во селата, воопшто, беа маргинализирани во текот на многу години, квалитетот на животот на руралните простори стана многу неповолен. Работното население се намали (во Србија 26,7 % од руралното население е активно, додека околу 40 % е зависно) (РЗСС 2014а). Земјоделството е сè уште доминантна активност во селата, што сè уште ги условува економскиот и социјалниот живот на селото, но не е единствена активност на која се потпира руралната економија. Во развиените земји, земјоделството не се смета за единствен фактор за развој на руралните простори, ниту пак рурален развој може да се постигне само преку земјоделството, но сепак тој и понатаму е неопходен и најважен елемент во збирните рурални активности.

Една од клучните точки во намалувањето на улогата на земјоделството во Србија и во Република Северна Македонија е забрзаниот развој на индустријата. Имено, по Втората светска војна, поголем дел од младата работна сила се вработува во индустрискиот сектор на блиските градови. Од тој момент, на земјоделството се гледа како на неперспективна активност која бара големи трошоци и тешка физичка работа, а поради тешкиот пласман на земјоделските производи, не гарантира стабилни извори на приход. Имајќи го предвид нискиот степен на технолошка модернизација во земјоделското производство и фрагментација на земјоделските имоти, постои мала продуктивност на земјоделската економија во речиси сите делови на Србија (освен во Војводина) и во Република Северна Македонија. Воедно, руралното население се соочува со одредени тешкотии во пристапот до одредени основни услуги како што се јавниот превоз, продавниците, банките и речиси целосна изолираност од културните услуги како театар, кино, музеј и слично. Поради долгорочниот негативен социоекономски процес, руралните простори се напуштаат. Овој процес е најочигледен во планинските области на Јужна и Источна Србија и во Република Северна Македонија.

Сепак, без земјоделство не може да има села и рурални заедници, исто како што ни без атрактивни села со основни културни и социјални функции, нема да има земјоделци (Fischler 1997), исто како што селото не може да биде привлечно без заштитени и добро зачувани природни и културни вредности. Во врска со ова, една од препораките и целите за одржлив развој на руралните простори е диверзификација на руралната економија, односно развојот на неземјоделски активности засновани врз локални карактеристики (индустрија, занаетчиство, разни услуги, стартап-компании и сл.), со цел да се намали притисокот врз природните ресурси и да се создаде поголема издржливост на руралните заедници кон промените во природното опкружување и економската стабилност. Преку примена на концептот на одржлив рурален развој, земјоделството треба да се стави во поширокиот контекст на руралниот простор, со цел да се зачуваат, во еколошка смисла, неговите

традиционални културни вредности и да се зголемат економските вредности преку развивање модел на мултифункционално земјоделство и диверзифицирана рурална економија (Van der Ploeg и соработниците 2000; Murray 2008; Agarwal и соработниците 2009). Земјоделството мора да биде вмрежено со други комплементарни активности што ќе му овозможат на локалното население можност за дополнителни приходи (занаетчиство, агротуризам, рурален туризам, услуги и сл.), и би се овозможило развивање на одржлива економија и развој на руралните простори. За време на периодот на транзицијата, повеќето индустриски погони, кои се наоѓаа на руралните простори, останаа надвор од функција, а занаетчиството постепено го изгуби своето значење.

Предностите на развојот на руралниот туризам, како форма на некаква стратегија за одржлив развој, се многубројни. Тие се гледаат во фактот дека туризмот помалку влијае на природната средина во споредба со другите алтернативни активности (Ceballos-Lascurain 1996), присутен е процесот на конзервација (Doswell 1997), постои можност за обновување на социјалните структури и објекти (Puczkó & Rátz 2000) и се диверзифицира локалната економија со можност за долгорочна виталност (Lane 1994; Puczkó & Rátz 2000). Истовремено, позитивните ефекти може да се видат во способноста на туризмот да иницира нови деловни активности, да воспостави контакти меѓу изолирани заедници и други лица, да им овозможи повторно населување и функционалност на руралните простори (Cánoves и соработници 2004; Paniagua 2002; Roberts & Hall 2001; Martínez и соработниците 2019).

Во изминатиот период, диверзификацијата на активностите беше повеќе насочена кон услугите. Во Србија, во просек 37,1 % од активното население на руралните простори е вработено во секундарниот и во терцијалниот сектор (РЗСС, 2014б). Во такви услови, можностите за развој на селото се многу ограничени.

Во овој контекст, одржливиот развој на руралните области е можен само доколку секоја од индивидуалните димензии на руралниот простор (економска, социјална и еколошка) се третира подеднакво, а руралниот простор како единствен збир се промовира и се поддржува со почитување на преференциите и аспирациите на локалното население преку учество и искористување на ендогените (локалните) ресурси, со цел да се постигне економски профит и да се подобрат социјалните услови за живот, истовремено со заштита на природната средина (Alonso & Masot 2017).

## 2. ОДРЖЛИВ РУРАЛЕН ТУРИЗАМ

Концептот на „одржлив туризам", исто така, е широко ползуван, што честопати се толкува различно, или како долгорочен развој на туризмот како стопанска гранка, или како чувствителна форма на туризам со помали влијанија врз еколошките, моралните и културните вредности на локалната заедница, или како пристап за заштита на културниот и природниот потенцијал (Џелебџиќ и соработниците 2009). Светската туристичка организација посочува на потребата да се примени модел на одржлив туризам со цел да се усогласат потребите на рецептивните региони и туристите, а во исто време да се заштитат ресурсите врз кои се темелат туристичките активности, и со тоа да се обезбедат идни можности за развој (WTO 1993). Во тој поглед, туристичката индустрија ја препозна својата улога во социјалниот и економскиот развој, создавајќи одредена рамнотежа помеѓу социјалните, економските и еколошките интереси (Martínez и соработниците 2019). Треба да се има предвид дека придонесот на туризмот во развојот на руралните простори може да се набљудува преку позитивни или негативни ефекти од економски, социокултурен и природен аспект (заштита на животната средина) (Fennell 2007).

Туристичките активностите на руралниот простор може да генерираат позитивни ефекти преку зголемување на вработувањето (Andereck & Nyaupane 2011), унапредување на квалитетот на животот на локалното население, подобрување на ликот (имиџот) на селото и на регионот, заштита на културното наследство, па дури и развој на деловната мрежа (Andereck и соработниците 2005),

но, исто така, и унапредување на животната средина, подобрување на транспортот и на другите јавни услуги, културна интеракција и слично (Almeida-García и соработниците 2016). Од друга страна, негативните ефекти од туризмот се гледаат во: зголемениот метеж и оптоварувањето на јавните простори и објекти, нарушувањето на вообичаениот начин на живот на локалното население, зголемувањето на цените на недвижностите и трошоците за живот во селото, безбедносните прашања, загрозувањето на природните ресурси преку зголемување на отпадот и нивното интензивно користење (Almeida-García и соработниците 2016).



Слика 3: Рурална економија во с. Гостуша (Пирот) – овчарство
Извор: Фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)

Примената на концептот на одржлив туризам на руралните простори е неопходна од повеќе причини (слика 3). Така, според Лејн (Lane 1994), руралниот развој мора да се умножи (мултиплицира) и не смее да се темели на тесен концепт за заштита на животната средина, туку треба да биде насочен кон:

- Одржливост на културата и на карактеристиките на локалните рурални заедници;
- Одржливост на природните предели и живеалишта;
- Одржливост на руралната економија;
- Одржливост на туристичкото стопанство кое треба да заживее на долг рок – што значи промоција на успешното работење и задоволство на посетителите и
- Обезбедување разбирање во доволна мера, лидерство и визија меѓу носителите на одлуки, со цел навремено да се идентификуваат можните проблеми и опасностите од прекумерната зависност на руралната економија од туризмот, за да се насочи развојот кон урамнотежена и диверзифицирана рурална економија.

Според Драгуланеску и Друту, како и според Демировиќ (Dragulanescu & Drutu 2012; Демировиќ 2016), за развој на руралниот туризам мора да има три основни предуслови – атрактивен рурален простор, човечки капитал и туристички производ. Ова произлегува од една причина, а тоа е фактот дека просторот без луѓе не може да биде одржлив; луѓето без простор или производ имаат многу ограничени можности за успех, додека производите што не се засноваат на карактеристиките на просторот и на искуствата на локалната заедница не можат да ѝ обезбедат одржлив развој на

локалната заедница. Имајќи предвид дека овие елементи меѓусебно комуницираат, недостигот на еден од нив значително ги ограничува шансите за развој на руралниот туризам во една област.




Слика 4: Клучни елементи на руралниот туризам

Извор: Авторите

Клучни елементи на руралниот туризам се (Lane 1994; Roberts & Hall 2001; Демировиќ 2016) (слика 4):

- Зачуван и привлечен рурален простор.
- Функционално ориентиран кон селото – темелен на мал бизнис, фокусиран на природни ресурси и локално наследство и традиционални земјоделски активности.
- Овозможува учество во активности, традиции и во карактеристичниот начин на живот на локалното население.
- Обезбедува директен контакт.
- Рурален по обем – вклучува простор, населби и локалитети од мал обем, карактеристични за руралниот вид.
- Има традиционален карактер, расте бавно и тесно е поврзан со локалното население (рурални домаќинства и фарми). Се развива на контролиран начин, поддржан од локалната заедница со цел да се обезбеди долгорочна благосостојба на руралниот простор.
- Може да биде од различни видови, но во суштина претставува комплекс од рурално опкружување, рурална економија, историја и локација.
- Висок процент од вкупниот приход од туризмот директно ѝ се враќа на руралната заедница.

Од друга страна, најчести пречки за развој на претприемаштвото на руралните простори се: голема зависност од земјоделскиот сектор, неразвиена инфраструктура, недоволна употреба на

информатички и комуникациски технологии, недоволни човечки и финансиски ресурси, помал пазар во споредба со урбаните простори и други. Економските ефекти од развојот на руралниот туризам најмногу се гледаат низ растежот на вработеноста и на животниот стандард на руралното население, забрзаниот економски развој на локалната заедница и на регионот, директното влијание врз општествените промени во секојдневниот живот и потребите на локалното население, но исто така, и поволно влијание во поглед на заштитата на животната средина и културното наследство. Забележано е дека воведувањето туристички активности може да доведе до забрзана диверзификација и обезбедување долг одржлив рурален развој, од каде што се гледаат мултипликативните ефекти на туризмот (Станојловиќ 2008). Иако руралниот туризам сè уште има скромно учество на туристичкиот пазар, има значителен придонес за руралните економии, изразен не само во пари туку и во создавање работни места, зачувување на ресурсите, подобрување и приспособување на новите деловни практики, како и инјектирање виталност во ослабените рурални економии (Irshad 2010).

Клучните предуслови за успешен развој на одржлив рурален туризам се (Irshad, 2010):

1. Вклученоста на локалната заедница, како и вмрежувањето и соработката помеѓу јавниот и приватниот сектор се основни предуслови;

2. Непосредната близина на главен туристички пазар или туристички правец;

3. Развој на производ за рурален туризам (планирање на туристичкиот развој, инфраструктура и активности);

4. Постоење на центар за посетители (т. е. информативен центар, преку кој туристите ќе се информираат за локалните атракции, активности и за сместувачките капацитети), односно вмрежување со постојните туристички организации на ниво на општината и туристичкото место од непосредната близина;

5. Партнерство и соработка со културниот сектор;

6. Квалитет на брендот и регионална ознака – придонесуваат за свеста за дестинацијата кај потенцијалните туристи и овозможуваат позиционирање на туристичкиот пазар што гарантира квалитет;

7. Континуирани инвестиции и финансирање, што е од суштинско значење за долгорочна одржливост на руралната дестинација, при што раководството на локалните заедници и стручните лица од туризмот имаат главна улога.

Според Иршад (Irshad 2010), руралниот туризам ветува некои од следниве придобивки за руралниот развој:

1. Задржување на работните места, пред сè, во услужниот сектор како трговија, транспорт, угостителство и медицински услуги. Задржувањето на работните места на руралните простори овозможува виталност на малите заедници, што е клучно за одржливоста на периферните простори.

2. Создавање нови работни места, пред сè, во услужниот сектор – сместување и исхрана, но исто така, и во транспорт, продажба и информативни и преведувачки услуги.

3. Нови деловни можности за туристичката индустрија, при што руралните бизниси кои не се директно вклучени во туризмот може да имаат корист од туристичките активности преку развој на деловните односи со туристички чинители, каде што локалните производи и гастрономијата се дел од туристичката понуда на локално ниво.

4. Можност за младите. Туризмот често се промовира како активност која во голема мера се потпира на енергијата и ентузијазмот на младите и образовани луѓе кои се обучени и започнуваат одреден туристички бизнис, па така остануваат на руралните простори (DOT 1995).

5. Диверзификација на руралната економија. Воведувањето рурален туризам може да им помогне на традиционалното земјоделство и шумарството да имаат различни извори на приход во селата и да користат одредени природни ресурси за рекреативни и туристички цели.

6. Заштита на руралната култура и наследство. Руралниот туризам ги унапредува и ги ревитализира културните ресурси и гордоста на локалната заедница бидејќи има потенцијал да иницира солидарност на локалната заедница во насока на постигнување на заедничката цел и унапредување на сопствениот локален идентитет. Од занаетчиството и уметничките творби може да се има корист од директната продажба на ракотворби и сувенири.

7. Заштита и подобрување на природната средина.

8. Унапредување на руралниот амбиент преку ревитализација и туристичка функција на постојните културни ресурси, напуштени земјоделски згради и куќи, нивна адаптација во музеи и етнокуќи и слично.

9. Придонес кон земјоделските стопанства, што се гледа низ: проширување на земјоделските активности, употреба на земјоделските производи на нов и иновативен начин, подобрување и стабилност на изворите на приход, развој на нови кориснички ниши, зголемување на свеста за локалните земјоделски производи, подобрување на вреднувањето на значењето за задржување на традиционалните начини на користење на земјоделското земјиште, насочување кон дополнителни приходи директно до членовите на семејството кои инаку би биле принудени да бараат работа надвор од фармата, стимулирање на подобрувањето на квалитетот на животот на фармата и на условите за работа, изградба на објекти за забава, обезбедување можности за стекнување менаџерски вештини и претприемачки дух, како и обезбедување долгорочна одржливост на бизнисот на фармата.

Од друга страна, покрај многубројните позитивни ефекти, туризмот во руралните заедници може да предизвика и одредени негативни ефекти. Неизбежното воведување туризам на руралните простори доведува до трансформација на традиционалната култура на локалното население, така што во одредени ситуации може да се појави одредено ниво на антагонизам помеѓу локалното население и туристите, особено ако локалната заедница не е директно вклучена во развојот на туризмот (Гашиќ 2016). Користењето туристички ресурси за развој на туризмот без согласност на локалната заедница, може да се оцени од локалното население како злоупотреба и да биде дестимулирачки фактор за развој на руралниот туризам (Gasic и соработниците 2015). Соодветно на тоа, еден од основните предуслови за успешно спроведување на целите на одржливиот развој на руралниот туризам е активната вклученост на руралната заедница во развојниот процес и подобрувањето на квалитетот на животот на селаните (Terzić и соработниците 2014).

Интензитетот и причините за негативните влијанија на туризмот врз руралните простори зависат од различни фактори, но, пред сè, од масовноста и сезоната на туристичките текови (Martín Martín и соработниците 2018a; Martínez и соработниците 2019). Кога станува збор за руралните простори, изразената сезоналност се издвојува како еден од факторите на одржливост на туристичката активност (WTO 2004; Qiu и соработници 2019) и како генерален фактор кој влијае на одржливоста на туристичкиот бизнис (Altinay 2000; Shen и соработници 2017). Фактор што влијае на одржливоста на дестинацијата е, во голема мера, и надминувањето на носечкиот капацитет на дестинацијата, при што негативни ефекти, генерално, се забележуваат во главната сезона (Martínez и соработници 2019). Сезоналноста се смета за еден од главните предизвици при примена на концептот на одржлив туризам на руралните простори бидејќи руралните дестинации често се соочуваат со изразена сезоналност и неможност за распределба на расположливите капацитети и заработувачката од туризмот надвор од сезоната (Martín Martín и соработниците 2018b).

Од аспект на животната средина, сезоната го зголемува притисокот врз природната средина со концентрирање на побарувачката и потрошувачката во главната сезона. Покрај тоа, економските активности зависни од туризам се изложени на ризик од сезоналноста со што се спречува континуитетот на економијата во текот на целата година. Сепак, сезоналноста посебно влијае на

дестинациите со ниско ниво на продуктивна структура кои се повеќе изложени на флуктуации во побарувачката (плански и крајбрежни дестинации), додека урбаните простори се значително помалку погодени од сезоналноста (Kastenholz & de Almeida 2008). Во однос на руралните простори, се смета дека сезоналноста е голем проблем, посебно во смисла на намалени приходи, намалени инвестиции, невработеност и слично (Candela & Castellani 2009).

Со оглед дека земјоделството е примарна активност на руралните простори и, во голема мера, претставува сезонска активност, туризмот, доколку е насочен кон периоди со пониска земјоделска активност (зимски период), може да претставува поволна можност. Од друга страна, во високопродуктивниот период (пролет/лето/есен), туризмот може да гарантира дополнителна работна сила и побрзо пласирање на дел од земјоделските производи (директно вклучување на туристите во земјоделските активности, како, на пример, берба на овошје и зеленчук). Покрај тоа, сезонскиот карактер на некои рурални дестинации влијае врз зголемена концентрација на сезонско население (викенд население и сопственици на секундарни домови) (Terzić и соработниците 2020).

Истражувањето на Радовиќ (Radović 2020) укажува на фактот дека едно од клучните ограничувања во развојот на одржливиот развој на руралниот туризам е недостатокот и дисконтинуитетот на финансиите. Притоа, одржливиот развој на руралните простори се потпира на директна финансиска помош од државата, посебно во смисла на обезбедување сообраќајна, комунална и туристичка инфраструктура. Одржливиот рурален развој бара постојана поддршка и проактивно образование, во смисла на обезбедување основни предуслови за развој на туризмот на руралните простори (Radović 2020).

## ЛИТЕРАТУРА

Agarwal, S., Rahman, S. & Errington, A. (2009). Measuring the determinants of relative economic performance of rural areas, Journal of Rural Studies 25(3), 309–321.

Alonso, G. C. & Masot, A. N. (2017). Towards Rural Sustainable Development? Contributions of the EAFRD 2007 – 2013 in Low Demographic Density Territories: The Case of Extremadura (SW Spain), Sustainability 9, 1173–1193.

Almeida-García, F., Peláez-Fernández, M. Á., Balbuena-Vazquez, A. & Cortés-Macias, R. (2016). Residents' perceptions of tourism development in Benalmádena (Spain), Tourism Management, 54, 259–274.

Andereck, K. L. & Nyaupane, G. P. (2011). Exploring the nature of tourism and quality of life perceptions among residents, Journal of Travel research, 50(3), 248–260.

Andereck, K. L., Valentine, K. M., Knopf, R. C. & Vogt, C. A. (2005). Residents’ perceptions of community tourism impacts, Annals of tourism research, 32(4), 1056–1076.

Богдановиќ, Р. и Гајиќ, Р. (2004). Еколошки приступ изградњи стамбених зона, Архитектура и урбанизам, 14–15, 25–38.

Van der Ploeg, J. D. Renting, H., Brunori, G., Knickei, K., Mannion, J., Marsden, T., ... & Ventura, F (2000). Rural Development: From Practices and Policies towards Theory, Sociologia Ruralis, 40(4), 391–408.

Vujošević, M. & Spasić, N. (2007). The transition changes and their impact on sustainable spatial, urban and rural development of Serbia. In: Vujošević, M. (ed.) Sustainable spatial development of towns and cities, Thematic Conference Proceedings, vol. 1 (pp. 1–45). Belgrade: Institute of Architecture and Urban & Spatial Planning of Serbia.

Гашиќ, М. М. (2016). Туризам у функцији развоја руралних подручја Јужне и Источне Србије, Економски факултет, Универзитет Ниш.

Gasic, M., Madzgalj, J., Ivanović, V. & Perić, G. (2015). Uticaj ruralnog turizma na lokalni ekonomski razvoj, Ecologica, 22 (77), 31–36.

Gallent, N., Juntti, M., Kidd, S. & Shaw, D. (2008). Introduction to Rural Planning, Routledge, Taylor & Francis Group. London and New York.

Демировиќ, Д. (2016). Конкурентност Војводине као дестинације руралног туризма, (докторска дисертација), Природно-математички факултет, Универзитет во Нови Сад.

Deller, S. C., Tsai, T. H., Marcouiller, D. W. & English, D. B. (2001). The role of amenities and quality of life in rural economic growth, American Journal of Agricultural Economics, 83(2), 352–365.

Dissart, J. C. & Deller, S. C. (2000). Quality of life in the planning literature, Journal of Planning Literature, 15(1), 135–161.

Doswell, R. (1997). How effective management makes a difference. Butterworth-Heinemann, Oxford.

DOT. (1995). Cultivating Rural Tourism, Department of Tourism, AGPS, Canberra.

Dragulanescu, I. V. & Drutu, M. (2012). Rural Tourism for Local Economic Development, International Journal of Academic Research in Accounting, Finance and Management Sciences, 2(1), 196–203.

Drobnjaković, M., Pantić, M. & Filipović, M. (2014). Regional level in the function of mitigating negative demographic trends in rural areas of Serbia: Case study of the District of Zaječar, Зборник Матице српске за друштвене науке, 148(3), 777–791.

Drobnjaković, M., Panić, M. & Djordjević, J. (2015). Traditional undeveloped municipalities in Serbia as a result of regional inequality, European Planning Studies, 24(5), 926–949.

Дробњаковиќ, М. (2015). Поједини аспекти руралног планирања у Србији, Зборник на трудови на Географскиот институт „Јован Цвијиќ“ САНУ, 65(2), 161–182.

Дробњаковиќ, М. (2019). Развојна улога руралних насеља централне Србије, Белград: Географски институт „Јован Цвијиќ“, Посебно издание, книга 95.

Ѓокиќ, В. (2007). Заштита животне средине и развој туризма – конфликт или јединство. Во: Петриќ, Ј. (ур.), Одрживи просторни развој градова (стр. 13–26). Белград: Институт за архитектура и урбанизам на Србија.

European Spatial Development Perspectives. (1999). Towards Balanced and Sustainable Development of the Territory of the EU – ESDP Potsdam: Committee on the Spatial Development EU.

Irshad, H. (2010). Rural Tourism – an Overview. Agriculture and Rural Development Division. Edmonton, Canada: Government of Alberta.

Jacobs, M. (1995). Sustainable development – From broad rhetoric to loal reality. In: Conference Proceedings from Agenda 21 in Cheshire, Document 49, 1st December 1994, Chesire County Council.

Јосиповиќ, С. Н. (2018). Погодности амбијента, предузетништво и рурални развој Србије, (докторска дисертација), Економски факултет, Универзитет во Белград.

Kastenholz, E. & de Almeida, A. L. (2008). Seasonality in rural tourism – the case of North Portugal, Tourism review, 63(2), 5–15.

Lane, B. (1994). What is rural tourism? Journal of sustainable tourism, 2(1–2), 7–21.

Martínez, J. M. G., Martín, J. M. M., Fernández, J. A. S. & Mogorrón-Guerrero, H. (2019). An analysis of the stability of rural tourism as a desired condition for sustainable tourism, Journal of Business Research, 100, 165–174.

Martín Martín, J. M., Guaita Martinez, J. M. & Salinas Fernandez, J. A. (2018a). An analysis of the factors behind the citizen's attitude of rejection towards tourism in a context of overtourism and economic dependence on this activity, Sustainability, 10(8), 2851.

Martín Martín, J. M., Rodríguez Martín, J. A., Zermeño Mejía, K. A. & Salinas Fernández, J. A. (2018b). Effects of vacation rental websites on the concentration of tourists – potential environmental impacts: An application to the Balearic Islands in Spain, International journal of environmental research and public health, 15(2), 347.

Милутиновиќ, С. (2004). Локална Агенда 21: Увод у планирање одрживог развоја. Београд: Стална конференција градова и општина.

Milutinović, S. (2012). Politike održivog razvoja, Fakultet zaštite na radu, Univerzitet u Nišu.

Mihai, C. F. & Iatu, C. (2020). Sustainable Rural Development under Agenda 2030. In: Sustainability Assessment at the 21st Century. DOI: 10.5772/intechopen-90161 (https://www.researchgate.net/publication/338656354)

Murray, M. (2008). Planning Trough Dialogue for Rural Development: The European Citizens' Panel Initiative, Planning, Practice & Research, 23(2), 265–279.

McGranahan, D. A. (1999). Natural Amenities Drive Rural Population Change, Food and Rural Economics Division, Economic Research Service, U. S. Department of Agriculture, Agricultural Economic Report No. 781.

McGranahan, D. A. & Beale, C. L. (2002). Understanding rural population loss, Rural America, 17(4), 2–11.

McGranahan, D. A. & Wojan, T. R. (2007). Recasting the creative class to examine growth processes in rural and urban counties, Regional Studies, 41(2), 197–216.

McGranahan, D. A., Wojan, T. R. & Lambert, D. M. (2011). The rural growth trifecta: outdoor amenities, creative class and entrepreneurial context, Journal of Economic Geography, 11, 529–557.

Намичев, П. (2014). Традиционалната архитектура во Струмица и струмичко, Струмица.

Paniagua, Á. (2002). Urban-rural migration, tourism entrepreneurs and rural restructuring in Spain, Tourism geographies, 4(4), 349–371.

Petrevska, B. & Terzić, A. (2020). Sustainable Rural Livelihoods: Can Tourism-Related Activities Contribute?. Handbook of Research on Agricultural Policy, Rural Development, and Entrepreneurship in Contemporary Economies, 354–377.

Продановиќ, С. (2007). Дихотомија науке о развоју села насупрот граду; у светлу постулата економије одрживог развоја. Во: Петрић, Ј. (ур.), Одрживи просторни развој градова (стр. 100–112), Белград: Институт за архитектура и урбанизам на Србија.

Puczkó, L. & Rátz, T. (2000). Tourist and resident perceptions of the physical impacts of tourism at Lake Balaton, Hungary: Issues for sustainable tourism management, Journal of Sustainable Tourism, 8(6), 458–478.

Радовановиќ, В. (2010). Интегрални рурални развој: ка складнијем регионалном развоју, Зборник Матице српске за друштвене науке, 132, 41–53.

Radović, G. (2020). Underdevelopment of rural tourism in Serbia: Causes, consequences and possible directions of development, Ekonomika poljoprivrede, 67(4), 1337–1352.

РЗСС. (2013). Попис становништва, домаћинстава и станова 2011. године. Инсталације и помоћне просторије у становима, книга 24, Републички завод за статистика.

РЗСС. (2014a). Попис становништва, домаћинстава и станова 2011. године. Извори средстава за живот, книга 16, Републички завод за статистика.

РЗСС. (2014b). Попис становништва, домаћинстава и станова 2011. године. Делатност, книга 15, Републички завод за статистика.

Roberts, L., & Hall, D. (Eds.). (2001). Rural tourism and recreation: Principles to practice. CABI.

Shen, H., Luo, J. & Zhao, A. (2017). The sustainable tourism development in Hong Kong: An analysis of Hong Kong residents' attitude towards mainland Chinese tourist, Journal of Quality Assurance in Hospitality & Tourism, 18(1), 45–68.

Станојловиќ, А. (2008). Оживљавање и развој сеоских насеља у Србији кроз туризам. Село у транзицији (стр. 215–230), Тематски зборник са међународног научног скупа „Власински сусрети 2008“, Завод за проучавање села, Српско удружење за социологију села и пољопривреде, Балканска асоцијација за социологију села и пољопривреде, Београд.

Stupar, A. (2007). The magic mirror of sustainability: glittering ideas, gloomy reality. In: Vujošević, M. (ed.) Sustainable spatial development of towns and cities, Thematic Conference Proceedings, vol. 1 (pp. 99–114). Belgrade: Institute of Architecture and Urban & Spatial Planning of Serbia.

Territorial Agenda of the European Union. (2007). Towards a More Competitive and Sustainable Europe of Diverse Regions. An informal ministerial meeting on urban development and territorial cohesion, Leipzig (Germany), 24 – 25. May 2007, Достапно на: <https://web.archive.org/web/20100331095352/http://www.bmvbs.de/Anlage/original_1005295/Territorial-Agenda-of-the-European-Union-Agreed-on-25-May-2007-accessible.pdf>

Terzić, A., Drobnjaković, M. & Petrevska, B. (2020). Traditional Serbian countryside and second-home tourism perspectives, European Countryside, 12(3), 312–332.

Terzić, A., Jovičić, A. & Simeunović-Bajić, N. (2014). Community role in heritage management and sustainable tourism development: Case study of the Danube region in Serbia, Transylvanian Review of Administrative Sciences, 183–201.

Todorović, M. & Drobnjaković, M. (2010). Peripheral rural areas in Serbia – the result of unbalanced regional development, Geographica Timisiensis, 19(2), 207–219.

Fischler, F. (1997). Sustainable Rural Development in support of a sustain cohesion policy. In: Cohesion Forum, 28 - 30 April. Brussels. Fennell, D. A. (2004). Ecotourism: an introduction. Routledge.

Hediger, W., Dorenbos Theler, A., & Lehmann, B. (1998). Sustainable Development of Rural Areas – Methodological Issues. In: the 38th Congress of the European Regional Science Association, 28 August – 1 September. Vienna.

Candela, G. & Castellani, M. (2009). Stagionalità e destagionalizzazione. A. Celant, L'Italia. Il declino economico e la forza del turismo. Fattori di vulnerabilità e potenziale competitivo di un settore strategico, Roma: Marchesi.

Cánoves, G., Villarino, M., Priestley, G. K. & Blanco, A. (2004). Rural tourism in Spain: an analysis of recent evolution, Geoforum, 35(6), 755–769.

Ceballos-Lascurain, H. (1996). Tourism, ecotourism, and protected areas: The state of nature-based tourism around the world and guidelines for its development, Lucn.

CEMAT. (2000). Guiding Principles for Sustainable Spatial Development of the European Continent. CEMAT, 12$^{th}$ Session, 7 – 8 September, Hannover: Council of Europe.

CEMAT. (2003). Ljubljana Declaration on the Territorial Dimension of Sustainable Development. CEMAT, 13$^{th}$ Session, 17 – 18 September, Ljubljana, Slovenia.

Џелебџиќ, О., Базик, Д. и Петрушевски, Љ. (2009). Принципи одрживог развоја бањских места – Основе за издвајање индикатора. Во: Пуцар, М. и Спасиќ, Н. (ур.) Неки аспекти одрживог просторног развоја Србије, Посебно издание, 58 (стр. 105–116). Белград: Институт за архитектура и урбанизам на Србија.

United Nations. (1987). Report of the World Commission on Environment and Development: Our Common Future. Достапно на: https://sustainabledevelopment.un.org/content/documents/5987our-common-future.pdf

WTO. (1993). Sustainable Tourism Development: Guide for Local Planners, Madrid: World Tourism Organisation.

WTO. (2004). Tourism and Poverty Alleviation Recommendations for Action, Madrid: World Tourism Organisation.

Qiu, H., Fan, D. X., Lyu, J., Lin, P. M. & Jenkins, C. L. (2019). Analyzing the economic sustainability of tourism development: Evidence from Hong Kong, Journal of Hospitality & Tourism Research, 43(2), 226–248.

**Александра ТЕРЗИЌ**
**Никола ДИМИТРОВ**
**Биљана ПЕТРЕВСКА**
**Милован МИЛИВОЈЕВИЌ**



Братска куќа со отворен чардак од асиментричен тип, с. Владимирово, Малешево (Република Северна Македонија),
Автор на цртеж: Петар Намичев Извор: Намичев (2009:218).

# 3 ГЛАВА

# ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА НА РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ ВО НАЦИОНАЛНИ РАМКИ: РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И РЕГИОНОТ НА ЈУЖНА И ИСТОЧНА СРБИЈА

## 1. ГЕНЕРАЛНИ НАПОМЕНИ ЗА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА НА РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ ВО НАЦИОНАЛНИ РАМКИ: РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И СРБИЈА

Според дефиницијата од 1986 година, прифатена во рамките на Европската Унија, руралниот туризам ги вклучува сите туристички активности во руралните простори (Demonja & Ružić 2010). Дефиниран во најширока смисла, руралниот туризам обединува голем број различни видови туризам – туризам од посебен интерес (Гашиќ 2016). Така, руралниот туризам обединува: туризам на фарма, туризам во други живеалишта на фарма, спортско-рекреативен туризам, авантуристички туризам, здравствен туризам, образовен туризам, транзитен туризам, камперски туризам, културен туризам, верски туризам, ловечки туризам, риболовен туризам, вински туризам, гастрономски туризам, екотуризам (Kušen 1995).

Кога станува збор за Република Северна Македонија и за Србија, руралниот туризам најчесто ги обединува планинскиот туризам, езерскиот туризам, манастирскиот туризам и бањскиот туризам (Dimitrov & Petrevska 2012). Руралниот простор е основен ресурс за развој на руралниот туризам кој, во основа, се темели на потребите на урбаното население за промена, во смисла на барање мир и рекреација во отворени, незагадени и изолирани рурални простори, вклучувајќи ги природните и културните ресурси и престојот во автентични селски домаќинства, преку директен личен контакт и учество во активности, во локалната традиција и во специфичниот рурален начин на живот (Демировиќ 2016).

Република Северна Македонија и Србија се земји со претежно рурален карактер, бидејќи руралните простори покриваат над 80 % од националните територии, па затоа руралниот развој е една од основните политики за регионален развој на национално ниво. Идниот рурален развој на овие земји, во голема мера, се гледа во преструктурирањето на земјоделството и во фокусирањето на стратегиското искористување на потенцијалот на селата, што во голема мера е поврзано со развојот на туризмот. Воедно, поради континенталниот карактер и ридско-планинскиот релјеф, двете земји имаат релативно зачувана природна средина, изобилство од реки, езера и бањи, што до одреден степен ја оправдува насоката за развивање на руралниот туризам во периферните рурални простори со исклучителни амбиентални вредности.

Токму поради зачуваниот биодиверзитет и природното опкружување на руралните простори во Република Северна Македонија и Јужна и Источна Србија, може да се спроведат разни активности во природната средина. Традицијата и фолклорното наследство се најдобро зачувани и се застапени, главно, во руралниот амбиент на периферните простори и во голема мера го отсликуваат духот на минатото. На тој начин, овие простори се здобиваат со специфично културно значење во форма на етнографски фолклор или народна уметност како дел од традиционалната култура. Тоа се гледа првенствено во специфичните архитектонски вредности на народната архитектура на куќите, фармите, комерцијалните згради и јавните згради на руралните простори. Така се креира национален и етнички, но и регионален идентитет на руралните заедници на овие простори, а истовремено, се создава и материјална и духовна култура – народни носии, музика, уметност, занаети, гастрономија итн.

Специфичниот начин на секојдневното живеење во малите рурални заедници во Република Северна Македонија и Србија, што се огледува во традиционалниот начин на живеење, верувањата, обичаите, празниците, како и во традиционалното гостопримство, претставува важна атракција за туристите. Поточно, кога станува збор за туристичките ресурси на руралниот туризам во овие земји, во туристичката понуда доминира искуството над естетиката и удобноста, а зачуваната природа, заедно со автентичниот рурален амбиент и изразеното гостопримство, како и квалитетната органска храна, се најценети карактеристики меѓу посетителите (табела 1).

Табела 1: Збирни рурални ресурси во Република Северна Македонија и Србија

| РУРАЛЕН ТУРИЗАМ | | | |
|---|---|---|---|
| Со што се располага | Каде се применува | Како се применува | Што се нуди како услуга |
| – Чиста природа<br>– Културно-историски споменици<br>– Верски објекти<br>– Селска архитектура<br>– Здрава исхрана<br>– Вековна традиција<br>– Гостопримство | – Планинска рурална средина<br>(престој во населба, активности во фарма, активности во природна средина: планинарење, скијање, планински велосипедизам, јавање на коњи и магариња, посета на бачило, собирање шумски плодови, билки итн.)<br>– Ридска рурална средина<br>(престрој во населба, активности во фарма, активности во природна средина: пешачење, рекреативно трчање, јавање магариња, коњи, активности во овоштарник, нива, лозје итн.)<br>– Рамничарска рурална средина<br>(активности на нива, овоштарник, лозје итн.)<br>– Езерска рурална средина<br>(капење, пливање, сончање, риболов итн.)<br>– Речна рурална средина (пливање, рекреација, риболов итн.) | – Примарна дејност (ретко)<br>– Секундарна дејност (често)<br>– Дополнителна дејност (најчесто)<br>– Агротуризам<br>(сместување и исхрана)<br>– Останати видови<br>(гастрономски, вински, екотуризам, едукативен, ловен риболовен, спортско-рекреативен,<br>авантуристички, здравствен, културен, верски и др. | – Сместување<br>– Храна<br>– Производи<br>– Сувенири<br>– Традиција<br>(обичаи, слави, фолклор итн.) |

Извор: Авторите.

Економијата на руралните простори во Република Северна Македонија и во Србија е многу зависна од примарниот сектор и земјоделството, односно директно зависи од постојните природни ресурси и од руралната економија. Забележаните неповолни демографски трендови се гледаат во рапидниот пад во бројот на населението во селата, изразената миграција, неквалификуваната работна сила, високата стапка на невработеност и во малата диверзификација на активностите на руралните простори. Инфраструктурната опременост на селата во двете земји е релативно поволна, со околу 80 % основна инфраструктура: патна мрежа, електрична енергија, вода, телефонска мрежа (фиксна и мобилна). Од друга страна, многу клучни прашања за локалното население, како системите за водоснабдување, канализацијата, гасот и отпадот, не се соодветно решени во многу села и претставуваат голем проблем. Сепак, еден од најочигледните општи проблеми на руралните простори и во Република Северна Македонија и во Србија (посебно во Јужна и Источна Србија) е масовната миграција од селата во градовите, што трае континуирано од 1950-тите и многу поизразено во 1960-тите години, поради забрзаната индустријализација и урбанизацијата. Тогаш градовите почнуваат да привлекуваат младо работоспособно население од селата. Така, постепено се менува начинот на размислувањето на селаните кои почнуваат да се приспособуваат на новиот урбан начин на живот. Со тоа, прераспределбата на населението од село во град станува континуиран процес со неизбежни последици за малите села, земјоделското производство, руралната економија, виталноста на селското население, како и за квалитетот и културата на животот на село.

Распаѓањето на поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија, околните војни, како и санкциите што следуваа, донесоа голем број негативни влијанија врз природните, физичките, човечките и финансиските ресурси, потребни за развој на руралните простори и на туризмот во нив, а со тоа се одложи процесот на развој на руралниот туризам. Економската криза доведе до ограничувања на инвестициите во комуналната и во сообраќајната инфраструктура, во изградбата на сместувачки и угостителски објекти, како и во одржувањето на културно-историските споменици, објекти и настани (Demirović и соработниците 2019; Radović и соработниците 2020), што посебно е видливо на периферните рурални простори.

Со текот на годините, почнати се голем број иницијативи за искористување на потенцијалот на селата за развој на туризмот, како начин на намалување на проблемите предизвикани со депопулацијата на економски загрозените рурални периферни простори во Република Северна Македонија и Јужна и Источна Србија. Развојот на туризмот на руралните простори може да има голем број позитивни економски и нееkономски ефекти врз развојот на селата, но и врз целата локална заедница (Todorović & Štetić 2009; Bošković 2012; Cvijanović & Ruzić 2017). Имено, туризмот придонесува за поголемо вработување и за пласман на домашните производи (земјоделски и прехранбени производи, ракотворби и сл.), и со тоа влијае на зачувувањето на обичаите и на старите занаети, но, пред сè, на подобрувањето на економијата на локалното население. Туризмот има директни економски ефекти врз домаќинствата кои се директно вклучени во туристичката понуда, поточно руралните туристички домаќинства, кои со минимални инвестиции можат да го понудат своето сместување и да вработат членови од домаќинството обезбедувајќи си дополнителни приходи (Bošković 2012).

Денес, одредени села се целосно економски пренасочени кон организиран туризам и бројот на туристички рурални домаќинства постојано се зголемува. Од друга страна, во периферните и неразвиените села има индивидуални претприемачи кои самостојно се обидуваат да се пробијат на туристичкиот пазар. Со цел да се вклучат во туризмот, селските домаќинства се реновираат, се преуредуваат, се додаваат нови функции (сместувачки услуги и музеолошки). Одреден традиционален дух во нивниот визуелен идентитет е посебно ценет од аспект на туристички потенцијал. Тоа се традиционалните селски производи како производството на храна, ракотворби, занаетчиските услуги, настаните, обичаите итн., кои, исто така, се ревитализираат и се пласираат на туристичкиот пазар. На тој начин се придонесува за социјалната, културната, но и за економската благосостојба на локалната заедница (Станојловиќ 2008). Со текот на времето, развојот на туризмот во овие периферни села или почнува интензивно да се развива или целосно изумира. Дополнително, перспективата за постигнување виталност во руралниот туризам е очигледно поголема кај организираниот „групен“ туризам и вклучувањето на целата заедница во обезбедувањето критична маса туристички објекти и услуги со што многу се олеснува можноста за понатамошен развој и позиционирање на пазарот (Станојловиќ 2008).

Според Ердељи (Erdelji) и соработниците (2013), во национални рамки, руралниот туризам се препознава како клучен катализатор кој може да доведе до диференцијација на руралната економија преку започнување на деловните активности и создавање синергии помеѓу тековното земјоделско производство и туризмот. Националните стратегии покажуваат дека развојот на руралниот туризам се очекува да придонесе за побрз економски развој и ревитализација на руралните простори во Република Северна Македонија и во Србија, што првенствено се гледа во можните економски ефекти на туризмот.

## 2. РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Република Северна Македонија, генерално, е рурална земја, бидејќи околу 97 % од територијата претставува рурален простор. Во 2019 година, од 2 076 255 жители (ДЗСРСМ, онлајн-податоци), 17,6 % живеат во руралните општини. Односот урбано наспроти рурално население значително се промени во последните неколку децении. Така, тој однос, во 1948 година, изнесуваше 26,7 % наспроти 73,3 %, во корист на урбаното население. Со последниот попис од 2002 година (ДЗСРСМ 2002) забележани се значителни промени и порамномерен однос од 58,1 % урбано население и 41,9 % рурално население. Во следните години, тој однос значително се зголемува, па така, во 2008 година, продолжува зголемувањето на урбаното население со 68,1 % и само 31,0 % рурално население (ДЗСРСМ 2008; Dimitrov & Petrevska 2012).

Во Република Северна Македонија официјално се евидентирани вкупно 1.767 населени места, од кои 34 се урбани (со урбана површина од 582 км$^2$ или 2,26 %) и 1.733 рурални населби (ДЗСРСМ 2014). Во согласност со Законот за територијална организација на локалната самоуправа во земјата од 2013 година, Република Северна Македонија е територијално организирана во 80 општини и Град Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа. Од вкупниот број општини, 43 единици за локална самоуправа, вклучително и 10-те во рамките на Град Скопје, се урбани општини со седиште во град, а 37 се рурални со седиште во село. Дополнително треба да се напомене дека 146 населени места се ненаселени или преселени поради екстремната емиграција, па, реално, во Република Северна Македонија има вкупно 1.621 населено место (Димитров 2013).

Во однос на старосната структура, македонското население сѐ повеќе стареe. Така, во периодот 2009 – 2019 година, учеството на младото население (0 – 14 години) во вкупното е намалено од 17,7 % на 16,2 %, а учеството на старото население (65 и над 65 години) е зголемено од 11,6 % на 14,5 %.

Воедно, руралните простори во Република Северна Македонија се карактеризираат со изразити процеси на емиграција кои се долги и континуирани. Така, во 2004 година е забележано миграциско салдо од –113, а најизразени миграции се забележани во Источниот плански регион (–494), Југоисточниот (–210) и Североисточниот (–192), при што значително е поголема емиграцијата на жените, што е карактеристично за руралните простори (ДЗСРСМ 2006). Оттука генерално, селата во Република Северна Македонија се соочуваат со иселенички тенденции, драстичен пад на населението, нарушување во возраста и образовната структура, исклучително неповолни економски услови, ниско ниво на вработеност и активност, неповолен степен на диверзификација на економските активности и сл..

Имајќи ги предвид другите аспекти на руралниот развој во Република Северна Македонија, се смета дека дури 99,5 % од руралната економија се темели на активностите на индивидуалните рурални претприемачи, додека индексот на сиромаштијата е малку понизок во руралните простори. Така, евидентирано е дека од сиромашните, 27,1 % живеат во руралните простори и 43,7 % во урбаните простори, додека 9,2 % од сиромашните се евидентни во главниот град Скопје (ДЗСРСМ 2007; 2012; Dimitrov & Petrevska 2012). Во структурата на бруто-домашниот производ во 2018 година, најголемо учество од 54,4 % има секторот Услуги, додека секторот Земјоделство, шумарство и рибарство учествува со 8,5 % во 2018 година (ДЗСРСМ 2019).

Законската рамка која се однесува на развојот на руралниот туризам во Република Северна Македонија, генерално, се темели на Законот за туристичка дејност (2004), Законот за угостителска дејност (2004) и на Законот за туристички развојни зони (2012). Овие правни акти ја забрзаа потребата за подготвување клучни документи на различни нивоа, така што постојат голем број стратегиски документи како: Националната стратегија за регионален развој 2009 – 2019 година, Националната стратегија за одржлив развој 2009 – 2030 година, Националната стратегија за туризам 2016 – 2021 година и Националната стратегија за рурален туризам 2012 – 2017 година (Министерство за економија 2012).

Почетокот на развојот на руралниот туризам во Република Северна Македонија се смета дека датира од 2003 година, преку обуки од странски донатори за практикување еколошки и рурален туризам. Селото Брајчино (Преспа) беше првата населба каде што дел од локалното население помина соодветна обука. Потоа, низ повеќе години и низ повеќе фази, беа обучени и други лица од повеќе села (Љубојно, Дихово, Зрновци, Вевчани, Лесново, Трпејца, Куратица, Јанче, Банско, Смоларе, Берово и др.).

Како резултат на тоа, општините изработија локални стратегии за еко- и рурален туризам (на пример: Берово, во 2005 година и во периодот 2008 – 2013 година, Зрновци во 2007 година), а многу општини имаат и активни стратегии (на пример: Пехчево 2018 – 2023). Локалниот интерес е поддржан и во национални институционални рамки, па во 2012 година, Секторот за туризам при Министерството за економија ја изработи првата Национална стратегија за рурален туризам за периодот 2012 – 2017 година. Воедно, се работи на нова Национална стратегија за рурален туризам. Токму новата национална рамка треба подобро да укаже како да се надминат многубројните проблеми со кои се соочува руралниот туризам, преку посочување конкретни системски елаборирани насоки со цел да се овозможи иден поквалитетен развој. Развојот на руралниот туризам мора да биде според критериумите за стандардизација на Европската федерација за рурален туризам – EUROGEST (Методијески & Димитров 2018).

Допирни теми за развојот на руралниот туризам има и во неколку стратегии за рурален развој, донесени на ниво на општина, како: Стратегија за рурален развој на Тетово 2015 – 2020 година, Стратегија на локалната акциска група за рурален развој „Пелагонија“ 2015 – 2020 година и др.

Во Република Северна Македонија, статистичките податоци за туристичките движења се обработуваат на неколку нивоа. Така, може да се најдат податоци збирно за државата, посебно за 80 општини, за осумте статистичко-плански региони и за пет видови туристички места (Скопје, бањски места, планински места, езерски места и други места) (ДЗСРСМ, онлајн-податоци). Иако повеќе години претходно, во Република Северна Македонија има села кои релативно успешно практикуваат рурален туризам (Беловиште, Брајчино, Вевчани, Дихово, Долно Дупени, Јанче, Лазарополе, Лесново, Љубојно, Нежилово, Ореше, Смоларе, Зрновци и други), сепак нема посебен статистички преглед и обработка на податоците за руралните простори, ниту пак има официјални податоци во форма на регистар на села во кои се развива руралниот туризам (Методијески & Димитров 2018). Така, нема можност за конкретна детална анализа за досегашниот развој на руралниот туризам во Република Северна Македонија. Она што може да послужи како појдовна основа се податоците на регионално ниво од каде што може да се извлечат генерички заклучоци. Така, за разлика од пред десетина години, денес можеме да согледаме дека сите осум статистичко-плански региони во Република Северна Македонија практикуваат разни форми на туризам и имаат различен степен на туристичка развиеност. Во продолжение, секој од регионите е подетално опишан со податоци кои се однесуваат на 2018 година (ДЗСРСМ 2019).

● Вардарскиот Регион има вкупно 215 населби (210 рурални и 5 урбани), распоредени во 9 општини со 152.137 жители во 2018 година и со просечна густина на населеност од 37,6 ж/км$^2$. Регионот располага со специфични природни ресурси, разновиден релјеф и геоморфолошка конфигурација, почнувајќи од низински предели до високопланински терени. На планините (Мокра Планина – Јакупица, Голешница, Клепа, Бабуна, Козјак, Кожуф и др.) се развива планински туризам, а винскиот туризам е застапен во котлините (Тиквеш, Велешко и делумно во Овче Поле). За туризмот се важни и археолошките локалитети: Стоби, Вилазора, Стенае, Просек и други културно-историски објекти, повеќе цркви и манастирите „Св. Димитрија“, „Св. Јован Крстител“, Моклишки манастир, Полошки манастир и др. Од културно-забавните и спортските манифестации поважни се: „Рацинови средби“, „Фестивал на античката драма“, Вардарската регата „Гемиџии“, Тиквешката винска регата, „Тиквешки гроздобер“ и др. Иако руралните

населби доминираат во овој регион, сепак руралниот туризам речиси и не е развиен (Димитров и соработниците 2013; Димитров и Котески 2015).

● Источниот Регион има вкупно 217 населби (209 рурални и 8 урбани), распоредени во 11 општини со вкупно 175.244 жители во 2018 година и со просечна густина на населеноста од 49,5 ж/км$^2$. Регионот располага со специфична природа, разновиден релјеф и со геоморфолошка конфигурација. Генерално, во овој регион се практикуваат: планинскиот туризам (Осоговски Планини, Малешевски Планини, Плачковица, Голак и др., со главен претставник: ски-центарот „Пониква“), винскиот туризам, бањскиот туризам (Бања Кежовица) и културно-историскиот туризам (Лесновски манастир, „Св. Архангел Михаил“ во Берово, „Св. Пантелејмон“ во село Пантелеј). За туризмот важни се и археолошките локалитети: Виничко Кале, Исарот во Штип, Баргала, Моробиздон, Безистенот и Саат-кулата во Штип, и др. Од културно-забавните и спортските манифестации, поважни се: „Макфест“, „Пастрмајлијада“, „Денови на оризот“, „Пијанечки малешевски средби“, „Гоцеви денови“ итн. И покрај многубројните природни ресурси со кои располага овој регион, кои се, најчесто, основата за развојот на руралниот туризам, сепак тој не е развиен.

● Југозападниот Регион има вкупно 286 населби (281 рурални и 5 урбани), распоредени во 9 општини со вкупно 219.622 жители во 2018 година и со просечна густина на населеноста од 65,8 ж/км$^2$. Доминантна улога за развојот на Регионот имаат: езерскиот туризам (Охридското Езеро со голем број плажи, хотели, одморалишта, кампови и сл.), планинскиот туризам (планините: Галичица, Јабланица, Стогово, Даутица, Караџица, Сува Планина, Челоица и др.), културно-историскиот и верскиот туризам поради многубројните цркви и манастири („Св. Наум“, „Св. Пантелејмон“ на Плаошник, „Св. Богородица“ – Калишта, „Св. Богородица Пречиста Кичевска“, „Св. Ѓорѓи“ – Рајчица и др.), но и археолошки локалитети („Заливот на коските“, „Плаошник“, „Самоилова тврдина“, „Антички театар“, пештерата „Пешна“, „Девини Кули“ и др.) и важни културно-забавни и спортски манифестации („Охридско лето“, „Струшки вечери на поезијата“, „Вевчански карневал“, „Охридски пливачки маратон“ и др.), а делумно е развиен и руралниот туризам (Вевчани, Куратица, Горна Белица, Вишни, Самоков и др.) (Димитров и соработниците 2013; Димитров и Котески 2015). Значајни активности се реализираат и во Националниот парк „Галичица“, а прилично се посетени и Дебарските Бањи (Бањиште и Косоврасти). Познати природни атракции се Охридското Езеро, Изворот Острово, повеќе карсни извори, реката Црн Дрим, Белчишкото Блато, планинските езера на Јабланица и на Стогово, вештачките езера Дебарско, Глобочица и Козјак, и др.

● Југоисточниот Регион има вкупно 188 населби (183 рурални и 5 урбани), распоредени во 10 општини со вкупно 173.367 жители во 2018 година и со просечна густина на населеност од 63,3 ж/км$^2$. Регионот располага со специфична природа со разновиден релјеф и со геоморфолошка конфигурација, од низински предели до високи планински терени. Карактеристични се: езерскиот туризам (Дојранско Езеро), планинскиот туризам, (Кожуф, Беласица, Огражден и др., со главен претставник – ски-центарот „Кожуф“), винскиот туризам, казино-туризмот, бањскиот туризам (Негорска Бања и Бања Банско). Важни за туризмот се и археолошките локалитети: Исар Марвинци, Вардарски Рид, Цареви Кули и др. Други историски и културни објекти се неколкуте музеи, културно-историските споменици, повеќето цркви, манастирите „Св. Леонтиј“ во Водоча, „Св. Богородица Милостива Елеуса“ во селото Велјуса, „Св. Петнаесет тивериополски маченици“ во Струмица, „Св. Ѓорѓи“ во Валандово и др. Од културно-забавните и спортските манифестации, поважни се: „Струмички карневал“, „Смоквијада“, „Ракијада“, „Дојрански ракувања“, „Д-фестивал“ и др. И покрај големиот број рурални населби во овој регион, руралниот туризам малку е развиен (Коњско, Серменин, Смоларе, Колешино, Бањско, Стојаково и др.) (Димитров и соработниците 2013; Димитров и Котески 2015).

● Пелагонискиот Регион има вкупно 343 населби (338 рурални и 5 урбани), распоредени во 9 општини со вкупно 228.448 жители во 2018 година и со просечна густина на населеност од 48,4 ж/км$^2$. Специфики на туризмот се: езерскиот туризам на Преспанското Езеро, планинскиот

туризам (Баба со Пелистер, Бушава Планина, Галичица, Ниџе, Даутица и др., со главни претставници: ски-центрите „Копанки“, „Пелистер – Нижополе“ и ски-центарот во „Крушево“). Значајни активности се реализираат и во националните паркови „Пелистер“ и „Галичица“, со ендемична живописна флора и со разновидна фауна. Природни атракции се врвовите на Баба Планина и на Пелистер (2.601 м н. в.), Кајмакчалан (2.521 м), врвовите на Галичица, Илинска Планина, Бабуна, Селечка Планина, на Даутица и др. Други акрактивни локалитети се изворот на Црна Река во селото Железнец, Скочивирската Клисура, Стрежевското Езеро, Резерватот на птици на Преспанското Езеро во близината на селото Езерани, природниот споменик – островот Голем Град, планинските леднички езера на Пелистер – Големо и Мало Езеро, геморфолошките камени фигури во Мариово на Селечка Планина, во близината на Прилеп, повеќе „камени реки“ и камењари на Пелистер, пештери, водопади итн. Во урбаните центри: Битола, Прилеп, Ресен, Крушево и Демир Хисар, има повеќе музеи, културно-историски споменици и објекти. Посетени се и археолошките локалитети „Хераклеја Линкестис“ и „Стибера“, црквите и манастирите „Св. Богородица“ – Трескавец, „Св. Преображение“ – Зрзе, „Св. Јован Претеча“ – Слепче, „Св. Архангел Михаил“ – Прилеп, „Св. Ѓорѓи“ – Курбиново и др. Впечатлива е градската архитектура во Битола, традиционалната архитектура во Крушево, руралната архитектура во Железец, Велмевци, Смилево, Велушина, Буково, Цапари и др. Други атрактивни содржини се: културно-историските и забавните манифестации: „10 дена Крушевска Република“, „Илинденски денови“, „Меѓународен филмски фестивал“, „Прилепски карневал“ (слика 1), „Пивофест“ и др. Иако овој регион го сочинуваат безмалку само рурални населби, сепак руралниот туризам не е развиен онолку колку што има потенцијали (Брајчино, Љубојно, Дихово и др.) (Димитров и соработниците 2013; Димитров и Котески 2015).



Слика 1: Прилепските „мечкари“ за Прочка 2017
Извор: Фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)

● <u>Полошкиот Регион</u> има вкупно 184 населби (182 рурални и 2 урбани), распоредени во 9 општини со вкупно 312.957 жители во 2018 година и со просечна густина на населеност од 133,3 ж/км$^2$. Во овој регион, носител на туристичките активности е планинскиот туризам на планините Шар Планина, Бистра, Кораб, Дешат, Крчин и Стогово. Значајни активности се реализираат и во националниот парк „Маврово“, со ендемична и живописна флора и со разновидна фауна.

Природни атракции се врвовите Голем Кораб (2.864 м н. в.), Титов Врв (2.747 м) и други врвови. Атрактивни локалитети за туристите се изворот на реката Вардар, реките Радика и Пена, а од езерата: Мавровско Езеро, планинските леднички езера, пештерите, водопадите и др. Во урбаните центри Тетово и Гостивар има повеќе музеи, културно-историски споменици и објекти како: Шарена џамија, Тетовско Кале, Арабати баба теке, цркви, џамии, саат-кула, манастири („Св. Јован Крстител Бигорски“, „Св. Атанасиј Лешочки“ и др.) и др. Други атрактивни содржини се културно-забавните и спортските манифестации како: „Галичка свадба“, „Снежен град“, „Шарпланински скијачки куп“, „Мавровски меморијал“, „Тетовски фестивал“ и др. Иако само две населби се урбани, а сите други рурални, сепак руралниот туризам не е доволно развиен (Маврово, Галичник, Лазарополе) (Димитров и соработниците 2013; Димитров и Котески 2015).

● Североисточниот Регион има вкупно 192 населби (189 рурални и 3 урбани), распоредени во 6 општини со вкупно 176.227 жители во 2018 година и со просечна густина на населеност од 76,3 ж/км$^2$. Во Регионот се развиваат планинскиот туризам (Осоговски Планини, Козјак, Герман и Билина Планина), културно-историскиот туризам (Пелинце, Кокино) и манастирскиот туризам (Осоговскиот манастир). Постојат многу природни атракции, камени и денудациони форми (Кокино, Куклица,), реки (Крива Река и Пчиња), живописна флора и разновидна фауна, но сепак руралниот туризам не е доволно развиен. За туризмот важни се културно-историските споменици, Мегалитската опсерваторија „Кокино“, Цоцев Камен, Големо Градиште, Спомен-музејот „АСНОМ“ во Пелинце и др. Од културно-забавните и спортските манифестации, поважни се: „Тумба-фест“, „Златни денови“, „Денови на комедијата“ и др.

● Скопскиот Регион има вкупно 142 населби (141 рурални и 1 урбана), распоредени во 17 општини, со вкупно 629.215 жители во 2018 година и со просечна густина на населеност од 347,1 ж/км$^2$. Најголемиот број туристи и ноќевања се остваруваат во главниот град Скопје, кој е седиште на многу атракции, културни, забавни и спортски манифестации, како и културно-историски споменици и објекти. Во непосредна близина на Скопје се наоѓаат Кањонот Матка на реката Треска, пештерата Врело, реката Вардар, планините Водно и Скопска Црна Гора, Катлановска Бања и др. Познати културно-историски споменици се: неолитската некропола „Маџари“, древниот град и археолошки локалитет „Скупи“, Скопското Кале, локалитетот „Градиште“ (село Таор), Римскиот аквeдукт, Камениот мост, десетина манастири („Св. Пателејмон“, Марков манастир, „Св. Никола“, „Св. Спас“, „Св. Богородица“ и др.), џамии, Саат-кула, Стара чаршија, Безистен, стари анови, амами и сл. Од мноштвото манифестации, се издвојуваат: „Скопско лето“, „Скопски џез-фестивал“, „Мајски оперски вечери“, „Виноскоп“, „Баскерфест“ и др. Туристички гледано, во Скопскиот Регион активни се различни видови туризам, генерално, поради големиот урбан центар каков што претставува градот Скопје, додека руралниот туризам е во фаза на зародиш (во Љубанци и во други села во подножјето на планината Скопска Црна Гора) (Димитров и соработниците 2013; Димитров и Котески 2015).

Од табела 2 се забележува дека, во Република Северна Македонија, во 2019 година, е евидентиран туристички промет од речиси 1,2 милион туристи, со повеќекратно поголем број странски туристи (63,9 %) во споредба со домашните туристи (36,1 %). Притоа, најголема концентрација на вкупен број туристи има во Југозападниот Регион (445.846), Скопскиот Регион (389.182) и во Југоисточниот Регион (167.451). Вкупно, овие три статистичко-плански региони опфаќаат 84,6 % од вкупниот број туристи во Република Северна Македонија. Бројот, пак, на странски туристи е најголем во Скопскиот Регион (342.163), што се очекува, бидејќи таму е главниот град Скопје кој практикува урбан туризам. Останатите региони, иако располагаат со одлични природни услови за развој на рурален туризам, во значителна мера заостануваат зад водечките три региони.

Табела 2: Број на туристи по региони во Република Северна Македонија, 2019 година

| Регион | Вкупно туристи | Домашни туристи | | Странски туристи | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Број | % | Број | % |
| Република Северна Македонија | 1.184.963 | 427.370 | 36,1 | 757.593 | 63,9 |
| Вардарски | 25.136 | 8.917 | 35,5 | 16.219 | 64,5 |
| Источен | 32.077 | 17.657 | 55,0 | 14.420 | 45,0 |
| Југозападен | 445.846 | 194.178 | 43,6 | 251.668 | 56,4 |
| Југоисточен | 167.451 | 96.678 | 57,7 | 70.773 | 42,3 |
| Пелагониски | 72.833 | 42.168 | 57,9 | 30.665 | 42,1 |
| Полошки | 41.994 | 18.560 | 44,2 | 23.434 | 55,8 |
| Североисточен | 10.444 | 2.193 | 21,0 | 8.251 | 79,0 |
| Скопски | 389.182 | 47.019 | 12,1 | 342.163 | 87,9 |

Извор: ДЗСРСМ. (онлајн-податоци).

Табела 3: Број на ноќевања на туристи по региони во Република Северна Македонија, 2019 година

| Регион | Вкупно ноќевања | Домашни туристи | | Странски туристи | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Број | % | Број | % |
| Република Северна Македонија | 3.262.398 | 1.684.627 | 51,6 | 1.577.771 | 48,4 |
| Вардарски | 48.590 | 24.556 | 50,5 | 24.034 | 49,5 |
| Источен | 62.878 | 34.547 | 54,9 | 28.331 | 45,1 |
| Југозападен | 1.618.312 | 946.574 | 58,5 | 671.738 | 41,5 |
| Југоисточен | 562.422 | 429.062 | 76,3 | 133.360 | 23,7 |
| Пелагониски | 183.520 | 103.066 | 56,2 | 80.454 | 43,8 |
| Полошки | 84.138 | 35.513 | 42,2 | 48.625 | 57,8 |
| Североисточен | 14.214 | 3.153 | 22,2 | 11.061 | 77,8 |
| Скопски | 688.324 | 108.156 | 15,7 | 580.168 | 84,3 |

Извор: ДЗСРСМ. (онлајн-податоци).

Податоците од табела 3 го потврдуваат истиот заклучок, дека трите региони: Југозападен (1.618.312 вкупно ноќевања), Скопски (688.324 вкупно ноќевања) и Југоисточен (562.422), имаат најголем број остварени туристички ноќевања. Тие заедно сочинуваат 87,9 % од вкупниот број регистрирани ноќевања во Република Северна Македонија во 2019 година. Притоа, просечната

должина на престој од 3,6 дена во Југозападниот Регион и 3,4 дена во Југоисточниот Регион се должи на езерскиот туризам кој таму се практикува. Додека, пак, просечната должина на престој од само 1,8 дена во Скопскиот Регион зборува дека туристите во овој регион само транзитираат, што е карактеристично за урбаните центри. Ако се има предвид дека развојот на руралниот туризам е иницирaн првенствено од домашниот туристички пазар, тогаш на Источниот и Пелагонискиот Регион може да се гледа како на потенцијални региони за поддржување на развојот на руралниот туризам.

Од податоците во табела 4 се забележува дека Скопскиот Регион предничи во поглед на туристичкиот развој ако се изразува според бројот на капацитети во угостителството, бројот на капацитети за сместување, како и според бројот на вработените во угостителските капацитети. Ова е очекувано бидејќи Скопје, како главен град, содржи најголем број жители, има најголем број активно население и има најдобра инфраструктурна опременост како предуслов за туристичкиот развој. Од друга страна, се отвора можност за унапредување и за развој на останатите региони, кои би требало да добијат поддршка за зголемување на туристичката инфраструктура, а со тоа и привлекување поголем број туристи.

Табела 4: Индикатори на туристичкиот развој по региони во 2016 година

| Региони | Број на капацитети во угостителството | Број на вработени во капацитетите во угостителството | Број на капацитети за сместување |
|---|---|---|---|
| Република Северна Македонија | 4.383 (100 %) | 19.718 (100 %) | 574 (100 %) |
| Вардарски | 224 (5 %) | 974 (5 %) | 24 (4,2 %) |
| Источен | 302 (6,9 %) | 1.348 (7 %) | 40 (7,1 %) |
| Југозападен | 516 (11,8 %) | 2.293 (11,6 %) | 134 (23,3 %) |
| Југоисточен | 305 (7 %) | 1.492 (7,6 %) | 80 (14 %) |
| Пелагониски | 390 (9 %) | 2.051 (10 %) | 101 (17,6 %) |
| Полошки | 1.090 (24,9 %) | 3.118 (15,8 %) | 52 (9,1 %) |
| Североисточен | 367 (8,4 %) | 1.362 (7 %) | 18 (3 %) |
| Скопски | 1.189 (27 %) | 7.080 (36 %) | 125 (21,7 %) |

Извор: ДЗСРСМ (2017а, б).

Селата во Република Северна Македонија, генерално, располагаат со одличен природен капитал, а со тоа со поволни природни предуслови и со потенцијал на просторот за развој на рурален туризам. Така, најчесто, руралниот простор опфаќа населби во ридски и планински

предели, каде што доминираат сточарството, шумарството, овоштарството, пчеларството, а значително и земјоделството и лозарството. Воедно, со примарна ориентација на природните ресурси, а секундарно, кон антропогените ресурси, и со изразити негативни демографски и социоекономски трендови и голема концентрација на неискористени природни ресурси кои може да бидат основа за туристичките активности. Македонскиот простор располага со богатство на разновидни и зачувани природни ресурси, голем број разновидни традиционални земјоделски домаќинства, шареноликост на антропогените ресурси и културни манифестации.

Оттука, земајќи ги предвид природните ресурси како отскочна штица за развој на руралниот туризам, посебно се истакнуваат природните погодности, т. е. релјефот – планините, како и различните геоморфолошки и пејзажни карактеристики кои може да ги задоволат излетничките, рекреативните, спортските, манифестациските и другите туристички потреби. Посебна геоморфолошка атракција претставуваат клисурите, кањоните, вртачите, карсните полиња, пештерите, како и природните камени и песокливи фигури, поствулканските облици и појави, геомофолошките профили, уникатните петрографски и минеролошки примероци, како и заштитените природни појаси и специфични подрачја (резервати, паркови на природата и национални паркови) кои обилуваат со ендемичен растителен и животински свет. Од хидрогеографските атракции се издвојуваат речните извори и врелата, термоминералните извори, реките, природните и вештачките езера и водопадите. Од антропогените ресурси во руралните простори доминираат верски објекти – цркви и манастири, споменици и спомен-обележја, археолошки локалитети, традиционална архитектура и културни манифестации.

Во литературата се среќаваат ставови за потреба од туристичка регионализација во Република Северна Македонија како можност за надминување на многубројните демографски, економски и општествени проблеми на селата, а со тоа и јакнење на развојот на руралниот туризам (Јеремиќ 1971; Панов 1972; Стојмилов 1993; Мариноски 2012; Панов и Штетиќ 2008; Маркоски 2013; Димитров и Котески 2015). И покрај многубројните академски ставови, унифициран предлог за поделба на Република Северна Македонија по туристички региони нема. Така, се среќаваат ставови за поделба на три туристички региони: Западен, Средиштен и Источен (Стојмилов 1993; Мариноски 2012), поделба на 8-9 туристички региони (Јеремиќ 1971; Панов 1972), а според Просторниот план на Република Северна Македонија 2004 – 2020 година, постои поделба на 10 туристички региони (Министерство за животна средина и просторно планирање 2004; Мариноски и Коруноски 2008; Маркоски 2013). Интересен е и предлогот за поделба на осум туристички региони врз основа на осумте статистичко-плански региони за кои се води официјална статистика на туристичките податоци (Dimitrov & Petrevska 2012; Димитров и Котески 2015).

Во табела 5 прикажани се општите карактеристики на руралните простори во Република Северна Македонија според статистички региони, туристички дестинации, туристистички зони и туристички населби кои нудат туристички услуги, но и кои имаат туристички потенцијал (Dimitrov & Petrevska 2012). Притоа, од презентираните податоци, Југозападниот и Пелагонискиот Регион предничат во бројот на рурални туристички дестинации, зони и рурални населби со туристички потенцијал. Очекувано е дека Југозападниот Регион има најмногу рурални населби со туристички услуги бидејќи тоа е најпосетуваниот регион во Република Северна Македонија.

Од од вкупно 1.733 рурални населби во Република Северна Македонија, само 82 (4,7 %) нудат туристичко-угостителски услуги. Притоа, само 30 (1,7 %) рурални населби се наоѓаат во рурален простор на рурални општини, додека останатите 52 (3 %) рурални населби се наоѓаат во рурален простор на урбани општини. Најголемиот дел од селата во урбаните општини, кои имаат потенцијал за рурален туризам, се наоѓаат во близина на градовите во чии општини припаѓаат (оддалеченост до 30-ина км), па тие се многу погодни за посета од неколку часови, но и за подолг престој доколку има можности за сместување. Таму каде што се нуди сместување, станува збор за реновирани селски куќи, нови викендички, апартмани и хотели, но најголемиот дел од нив не се категоризирани и регистрирани како сместувачки капацитети за гости. Мал број села нудат

сместување во стари автентични селски куќи или, пак, во типично рурално семејство. Близината на урбаните центри, бањските центри или ски-центрите, дополнително дава поттик за вложување во развојот на селата. Ретки се примерите на рурални населби кои се наоѓаат во исклучиво рурален простор и на голема оддалеченост од градот. Оттука, потребно е репозиционирање на туристичкиот производ во согласност со побарувачката за посета и престој во руралните средини.

Табела 5: Општи карактеристики на руралниот туризам гледано по статистички региони, туристички дестинации, зони и рурални туристички населби, состојба во 2019 година

| Р. б. | Регион | Општини со услови за рурален туризам | Рурална туристичка дестинација | Рурална туристичка зона | Рурални населби со туристичко-угостителски услуги | Рурални населби со туристички потенцијал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Вардарски | 9 | 2 | 3 | 6 | 14 |
| 2 | Источен | 11 | 1 | 4 | 3 | 16 |
| 3 | Југозападен | 9 | 4 | 6 | 29 | 33 |
| 4 | Југоисточен | 10 | 1 | 5 | 13 | 17 |
| 5 | Пелагониски | 9 | 3 | 6 | 12 | 37 |
| 6 | Полошки | 9 | 1 | 2 | 7 | 24 |
| 7 | Североисточен | 6 | 2 | 3 | 3 | 14 |
| 8 | Скопски* | 12 | 1 | 1 | 9 | 13 |
| | Вкупно | 75 | 15 | 30 | 82 | 168> |

Забелешка:
* Општините Аеродром, Карпош, Центар, Чаир, Шуто Оризари, се дел од Град Скопје и без населби за рурален туризам.
Извори: Министерство за економија (2012); Dimitrov & Petrevska (2012); Dimitrov и соработниците (2019); Методијески и Димитров (2018).

Дополнително, 82-те рурални населби нудат туристичко-угостителски услуги (престој во селски куќи, апартмани, вили, хотели со можност за исхрана, прошетки и сл.), во и околу географскиот простор на руралната населба. Сите нудат различна туристичко-угостителска услуга, а според тоа доминацијата, групирани се како (Dimitrov и соработниците 2019):

- Рурални населби за езерски туризам (15 села),
- Рурални населби за планински и спортски туризам (15 села),
- Рурални населби за манастирски туризам (10 села),
- Рурални населби за бањски туризам (5 села) и
- Рурални населби за комбиниран туризам (37 села) (прошетки во природа, посета на водопад, пештера, културно-историски споменици и традиции, разни манифестации, јавање коњи и магариња, велосипедизам, лов, риболов, консумирање локални гастрономски специјалитети и сл.).

Имајќи предвид дека просторно-географската дистрибуција на туристичките атракции и туристичките движења, во регионален контекст, се неуедначени, перспективите за развој на

руралниот туризам во Република Северна Македонија се насочуваат, генерално, на подрачјата во непосредната околина на веќеафирмираните туристички центри кои поседуваат веќеизградена туристичка инфраструктура и имаат богата туристичка понуда. Така, веќе постојната концентрација на туристи може да се дисперзира кон соседниот рурален простор што се надополнува на постојната понуда.

Селата во Република Северна Македонија нудат, или имаат можност да понудат, низа туристичко-угостителски услуги како: престој во селски куќи со можност за консумирање домашна органска храна, прошетки во природа, посета на водопад, пештера, јавање коњи и магарија, берење шумски плодови и лековите билки, разни физички активности како: планинарење, пешачење, велосипедизам, посета на културно-историски споменици и традиции, итн. Наведените активности на руралните простори имаат сезонски карактер, со најголема реализација во летниот период, со исклучок на селата кои гравитираат околу ски-центрите (Маврово). Така, најголем е бројот на селата кои се посетувани од организирани групи туристи во летниот период, посебно ако во непосредна близина имаат манастир (на пример, селата Велјуса, Водоча, Велгошти, Лесново и др.), бања (на пример, селата Негорци, Долно Косоврасти, Банско и др.), други атракции како водопад (на пример, селата Смоларе, Колешино и др.), извор/врело (на пример, селата Железнец, Извор и др.), камени и песочни фигури (на пример, селата Куклица, Конопиште и др.), палеовулкански појави (на пример, селата Косел, Шлегово, Злетово, Добрево и др.), стара селска архитектура (на пример, селата Галичник, Јанче, Гари, Железнец и др.), историски и културни музеи (на пример, селата Смилево, Бабино и др.). Мал е бројот на селата кои се занимаваат со рурален туризам во текот на целата година и со организирани посети од домашни и странски туристи.

Сепак, се случува во одредени села, во текот на целата година, воопшто да нема посета на туристи. Тоа значи дека треба дополнително да се придонесе со подобра промоција и со афирмирање на руралните простори и на можностите за развој на руралниот туризам. Сега, селата што практикуваат разни форми и облици на рурален туризам, најчесто се управувани (менаџирани) од индивидуални случаи, односно од едно семејство. Ретко има организирана форма на управување со туристичките активности од повеќе семејства во селото (на пример, како што тоа се одвива во селата Брајчино, Куратица, Лесново, Вевчани и др.), каде што постои заеднички договор околу давањето различни услуги за посетителите и туристите, како услуги за сместување, забава, гастрономија и други услуги. Вака оскудната и неорганизирана форма на соработка и здружување на руралните семејства дава повод за организирање обука за организирани форми на претприемачко работење на руралните простори. Воедно, нема заедничка стратегија за туристичка промоција на селата, ниту, пак, се обезбедени бенефиции за туристичките оператори, агенции и водичи, за организирање и реализација на туристички престој на туристи на руралните простори.

Други сериозни проблеми со кои се соочуваат селата во Република Северна Македонија се: лошата сообраќајна инфраструктура, недоволната супраструктура (недостиг на вода, канализација, слаб електричен напон и сл.), немањето туристичка сигнализација, недостатокот на сместувачки и угостителски капацитети, отсуството на промоција, маркетинг и пласман на специфичен производ и сл. Кога на тоа ќе се додаде малиот број младо и работоспособно население, очекувано е отсуството на иницијативност, ентузијазам, активност и на претприемачки дух. Оттука, потребни се долгорочни системски активности поддржани од релевантни институции на национално, регионално и локално ниво.

Од развојот на руралниот туризам се очекуваат повеќекратни ефекти кои ќе им дадат економски импулс не само на селата туку и на регионите во кои имаат помал развој, првенствено преку раздвижување на туристичкиот сектор. Така би се овозможила трајна егзистенција на населението, се спречува миграцијата и се реактивираат земјоделството, претприемаштвото, трговијата и другите дејности.

# 3. РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ ВО СРБИЈА

Руралните простори во Србија опфаќаат околу 85 % од вкупната територија, со околу 55 % од вкупното население. Руралната економија на Србија учествува со дури 40 % во вкупниот БДП и е речиси целосно насочена кон земјоделското производство (75 %) и преработката на земјоделски производи. Според европското законодавство за густината на населението, географските простори до 150 жители на 1 км$^2$ претставуваат рурални простори (OECD 1994 и 2005). Оттука, во Србија, дури 93 % од вкупната територија може да се оцени како рурален простор. Поконкретно, од вкупниот број општини (165) во Србија, дури 129 може да се сметаат како рурални, односно околу 3.900 населени места со околу 1.365.000 домаќинства (Petrović и соработниците 2015). Притоа, Регионот на Јужна и Источна Србија, со просечна густина на населението од 59,6 жители/км$^2$ (Дробњаковиќ 2019), може да се смета за најрурален и најслабо населен дел.

Развојот на руралниот туризам во Србија, како организирана активност, започнува кон крајот на седумдесеттите и во почетокот на осумдесеттите години на минатиот век. Почетоците се поврзани со спонтаното движење на туристите од урбаните области, во потрага по еколошки чиста и релаксирачка средина (Станојловиќ 2008; Тодоровиќ и Бјељац 2007; Ќурчиќ и соработниците 2010; Petrović и соработниците 2015). Во туристичката понуда на руралните простори, руралните туристички домаќинства почнуваат да се појавуваат спонтано, првенствено, во близина на туристички афинрмираните планински и бањски дестинации. Иако во почетната фаза од развојот, руралниот туризам е инициран спонтано и индивидуално, наскоро започнува да се планира ревитализација на руралните простори, па поттикнат од туристичките здруженија, тој добива организиран и масовен карактер (Станојловиќ 2008 година).




Слика 2: Стратегии за рурален развој на национално, регионално и локално ниво
Извор: <http://www.agroservis.rs/; http://media.opstinasokobanja.com/; http://www.rra-bp.rs/>

Имајќи ги предвид постојните проблеми во развојот на руралните простори, државата мораше да преземе одредени мерки во смисла на ублажување на долгорочните негативни социоекономски услови. Токму развојот на руралниот туризам се покажа како една од успешните мерки која може да се реализира за релативно кратко време (Станојловиќ 2008). Во Националната стратегија за одржлив развој на Србија, руралниот туризам се смета за еден од приоритетите (слика 2). На руралниот туризам се гледа како на сектор кој има потенцијал и тоа се гледа во постоењето вертикална институционална структура за неговиот развој. Посебно значење во

развојот на руралниот туризам има придонесот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, кое во рамките на своите надлежности за рурален развој има и Програма за поддршка на проширувањето на руралната економија преку афирмација на агротуризмот и руралниот туризам на селските фарми. Поддршката е посебно важна за руралните простори каде што, поради природните и други ограничувања, земјоделството не може да го поддржува руралниот развој. Исполнувањето на целите и спроведувањето на планираните активности претставува поттик за развојот на географските простори надвор од големите градови, за подобра просторна распределба на населението и подобрување на социјалната состојба во целина („Службен весник на РС“, 57/08). Врз основа на голем број стратегии и препораки на меѓународните институции, развојот на руралниот туризам во Србија се карактеризира како исклучителен. Посебно е важен од аспект на постојниот рурален капитал, што се гледа во релативно добро зачуваната природна средина, во богатството со културно наследство, гастрономијата, но првенствено, во гостопримството и срдечноста на селаните што често се смета дека претставува најголем адут за руралниот туризам.

Туристичкото законодавство во Србија, исто така, го препознава развојот на руралниот туризам во национални рамки, што може да се види во Законот за туризам („Службен весник на РС“, 36/2009, 88/2010, 99/2011, 93/2012, 84/2015) и во Законот за угостителство („Службен весник на РС“, 96/2009, 41/2010, 48/2012, 58/2016), како и во различни стратегиски документи како што се: Стратегијата за развој на туризмот на Република Србија (2016 – 2025), Мастерпланот за одржлив рурален туризам во Србија (Програма на Обединетите нации во Србија, 2011), Стратегијата за регионален развој на Република Србија (2007 – 2012) („Службен весник на РС“, 55/05 и 71/05), Националната стратегија за одржлив развој („Службен весник на РС“, 55/05, 71/05 и 101/07), Националната програма за развој на земјоделството и Националната програма за рурален развој (2018 – 2020), Правилникот за начините за подобрување на економските активности во селата преку поддршка на неземјоделски активности („Службен весник на РС“, бр. 67/16), Просторниот план на Република Србија 2010 – 2020 („Службен весник на РС“, бр. 88/2010) и други. Исто така, речиси сите општини развиваат свои стратегиски документи на локално ниво, како што се стратегии за локален економски развој, акциски планови, годишни планови и програми итн. Воедно, различни сектори во институциите, во плановите за развој, развиваат голем број студии и документи кои се однесуваат на потенцијалот за развој на туризмот на руралните простори, како и на други форми на туризам.

Стратегијата за туризам на Република Србија (2005) го дефинира руралниот туризам како еден од приоритетите во идниот развој на туризмот. Во почетната анализа се истакнати основните проблеми на тој развој. Сегашното ниво на конкурентност на Србија во областа на руралниот туризам не е посебно добро, независно што постојат сите природни, културни и општествени предуслови, кои вклучуваат: природни потенцијали, значително земјоделско земјиште, доволен број селско население, традиционален пристап кон земјоделството, добар потенцијал за агротуризам, незагадено земјиште и можност за производство на здрава храна, добар потенцијал за развој на дополнителни активности (локални гастрономски специјалитети).

На почетокот на 2007 година, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, почна процес на поинтензивна соработка со граѓанскиот сектор преку системска поддршка за воспоставување на Националната мрежа за рурален развој, поттикнување на учество на претставниците на мрежата за поддршка на руралниот туризам во зајакнувањето на врските помеѓу сите идентификувани поединци, преку спроведување заеднички активности за обука за рурален развој. Така, Стратегијата за рурален развој на Србија се темели на соработката помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со важни партнери на ООН (ФАО, УНИЦЕФ, УНДП и УНЕП). Според Мастерпланот за стратегиски развој, Србија е поделена на кластери (групи) според критериумот за приоритет. Ова значи дека финансиските средства се распределуваат на овие кластери според нивниот приоритет. Притоа, групите со највисок

приоритет добиваат поголемо учество во финансирањето, бидејќи се очекува дека тие рурални простори имаат можност за најголем поврат на вложените средства (Мастерплан за одржлив рурален туризам на Србија, 2011 година). Врз основа на регионализацијата на Србија, издвоени се пет регионални статистички единици: Град Белград, Војводина, Шумадија и Западна Србија, Јужна и Источна Србија и АП Косово и Метохија („Службен весник на РС“, 109/2009 и 46/2010). Имајќи предвид дека од 1999 година, Републичкиот завод за статистика на Србија нема податоци за автономната покраина Косово и Метохија и тие не се вклучени во вкупните податоци за Србија, тој регион е исклучен од понатамошна анализа.

Иако нацрт-просторниот план на Србија, всушност, признава специфични туристички региони, нивната поделба е првенствено статистичка и функционална, а не строго физичка, бидејќи туристичките области (дестинации) обично се опфатени со територии на две или повеќе општини, и често, во повеќе региони, па може да се наоѓаат во рамките на неколку административно-надлежни територијални единици (Просторни план Републике Србије 2010 – 2020 – нацрт, 2010).

Табела 6: Туристички промет во Србија, регионален пристап (годишно ниво на раст во %)

| | СРБИЈА | | Белградски Регион | | Војводина | | Шумадија и Западна Србија | | Јужна и Источна Србија | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Год. | Број на туристи | Раст (%) | Удел (%) | Раст (%) | Удел (%) | Раст (%) | Удел (%) | Раст (%) | Удел (%) | Раст (%) |
| 2014 | 2.192.268 | - | 34,4 | 4,8 | 16,9 | 7 | 33,6 | –6,8 | 15 | –11,2 |
| 2015 | 2.437.165 | 11,2 | 33,1 | 7,2 | 16,9 | 11,3 | 35,1 | 15,9 | 14,8 | 9,8 |
| 2016 | 2.753.591 | 12,9 | 33,2 | 13,1 | 16,2 | 8 | 36,2 | 16,6 | 14,4 | 9,8 |
| 2017 | 3.085.866 | 12,1 | 33,6 | 13,4 | 16,1 | 11,2 | 35,2 | 9,0 | 15,2 | 17,7 |
| 2018 | 3.430.522 | 11,2 | 33,8 | 12,1 | 15,7 | 8,4 | 34,5 | 9,0 | 15,9 | 17,0 |
| Просечен годишен раст | | 9,5 | | 10,1 | | 9,2 | | 8,7 | | 8,6 |
| Вкупен раст | | 56,5 | | 53,9 | | 44,9 | | 60,6 | | 44,9 |

Извор: Републички завод за статистика на Србија, Општински годишник, 2015 – 2019, пресметки на авторите

Ако се погледне посетеноста на туристите по региони (табела 6), се забележува јасна доминација на урбаниот туризам, при што Белградскиот Регион (целосно урбан) има најголема долгорочна посетеност, со константен удел од околу 34 % од вкупниот туристички промет и стабилна стапка на раст од околу 10 %. Регионот на Војводина, со околу 16 % учество во националниот туризам, има карактеристики првенствено на урбан туризам. Притоа, околу 40 % од вкупната туристичка побарувачка на Регионот се однесува на главниот урбан центар Нови Сад и на поголемите градови: Суботица, Сомбор, Зрењанин, Вршац и Сремска Митровица. Сепак, во поново време, се развива и се афирмира руралниот туризам, пред сè, како туризам на т.н. салаши (фарми) и на вински туризам. Регионот Шумадија и Западна Србија учествува во националниот туристички промет со околу 35 % благодарејќи на поголемата концентрација на туристички дестинации од планински и бањски тип. Овој регион е првенствено со рурален карактер, па отпочнат е развој на рурален туризам. Учеството на Регионот Јужна и Источна Србија во вкупниот

туристички промет на Србија е релативно скромно и изнесува околу 15 %, но во последните две години бележи најголем годишен раст од околу 17 %, со што се потврдува неговиот забрзан туристички развој. Овој регион има претежно рурален карактер, но со поголема концентрација на мали индустриски градови и најголема концентрација на туристи во главниот урбан центар Ниш (околу 22,5 % од вкупниот туристички промет на Регионот).

Со цел да се забележат карактеристиките на туристичката побарувачка, се користат статистички податоци за туристичкиот промет. Сепак, кога станува збор за рурален туризам, постои одреден проблем, затоа што нема податоци на ниво на село, туку тие се прикажуваат кумулативно, на ниво на општина. Воедно, посетеноста на руралните дестинации е многу скромна, со незначително учество во туристичкиот промет на општината. Исклучок се многу малиот број дестинации кои својата туристичка понуда ја темелат токму на руралниот туризам. Иако руралниот туризам во Србија се развива континуирано во подолг временски период, на целата територија, практиката покажува дека со организиран рурален туризам главно се занимаваат селата од ридско-планинските подрачја на Западна Србија и Шумадија, и тоа во подрачјето на општините Александровац, Брус, Горни Милановац, Ивањица, Книќ, Косјериќ, Љубовија, Лужани, Мионица, Ужице, Чајетина, Чачак и Шабац (Станојловиќ 2008). Карактеристично е дека туристичката понуда се јавува во рамки на веќефирмирана туристичка дестинација како алтернатива на хотелското сместување во ски-центрите или во бањите, или во областите каде што има атрактивни ресурси и сè уште неразвиена туристичка инфраструктура. Руралниот туризам има одредена традиција во Војводина, каде што, главно, се фокусира на традиционалните салаши (фарми) околу Сомбор, Суботица, Нови Сад и Инѓија, и во областа на Фрушка Гора, комбинирајќи ги виното и руралниот туризам (Ќурчиќ и соработници 2010). Во Регионот Јужна и Источна Србија, руралниот туризам е инициран подоцна и сè уште се карактеризира како релативно неразвиен, со скромна понуда, фокусирана првенствено на постојните природни ресурси и основните услуги за сместување, првенствено темелена на индивидуални иницијативи или иницирана од општината (слика 3). Така, во Регионот на Јужна и Источна Србија, руралниот туризам е застапен во областа Браничево и Тимочка Краина, односно во општините Неготин, Голубац, Петровац на Млави, Жагубица, потоа во општините Заечар, Сокобања и Књажевац (областа на Стара Планина).



Слика 3: Рајачки пимници, Рајац (Неготин)
Извор: <https://www.rajackepivnice.com/pivnice/>

Според пописот од 2012 година, во Србија се евидентирани дури 628.552 земјоделски домаќинства, од кои само 0,7 % биле директно вклучени во туризам, покрај основните земјоделски и преработувачки активности (Богданов и Бабовиќ 2014). Според податоците на Асоцијацијата за

рурален туризам на Србија, до крајот на 2013 година, во Србија се регистрирани 970 селски домаќинства во околу 300 села низ Србија (Petrović и соработниците 2015), со нееднаква дистрибуција и видлива доминација во Западна Србија (Западна Србија и Шумадија, 484 селски домаќинства; Војводина, 204; Белградски Регион, 11; Јужна и Источна Србија, 167).

Според податоците од Републичкото биро за статистика (2019), во 2018 година, во Србија се регистрирани 616 категоризирани селски туристички домаќинства со 1.680 легла, од кои 23 во бањски места (73 легла), 155 во планински места (391 легло), 391 во други туристички места (1.093 легла) и на други места 47 (123 легла). Сепак, во руралниот туризам, исто така, застапени и други форми на сместувачки капацитети, пред сè, соби и апартмани, со што реалниот број на регистрирани и нерегистрирани капацитети за сместување во селата е многу поголем. Според податоците на Асоцијацијата за рурален туризам на Србија, во декември 2019 година, регистрирани се 944 даватели на услуги во рурален туризам на национално ниво (Radović и соработниците 2020). Во 2018 година, вкупно 5.584 туристи престојувале во селски туристички домаќинства (од кои само 8,63 % биле странци). На територијата на Војводина се регистрирани 13,34 % од руралните туристи (13,1 % странци), додека во Централна Србија престојувале 86,66 % од руралните туристи (7,9 % странци), и притоа се остварени 15.039 ноќевања (6,6 % странци) (РЗСС 2019).

Табела 7: Индикатори на туристичкиот развој по региони, 2018 година

| Регион | Туристички промет | Странски туристи (%) | Вработени во туризам (%)* | Број на регистрирани селски домаќинства** |
|---|---|---|---|---|
| Војводина | 538.472 | 48,28 | 3,0/1,4 | 204 |
| Белградски | 1.160.582 | 83,75 | 3,7/2,1 | 11 |
| Западна Србија и Шумадија | 1.184.051 | 24,82 | 3,8/1,4 | 484 |
| Јужна и Источна Србија | 547.417 | 33,75 | 3,3/1,4 | 167 |

Забелешка:
*Вклучува учество на населението вработено во услужниот сектор, односно регистрирани компании кои обезбедуваат услуги за сместување и храна/вработени од областа на уметноста, забавата и рекреацијата.
**Petrović и соработниците (2015).
Извор: Републички завод за статистика на Србија (2019).

Според истражувањето од Гашиќ (2016), учеството на руралниот туризам во остварениот број туристички ноќевања во Србија, во периодот 2005 – 2014 година, во просек изнесува околу 21 %. Треба да се напомене дека во вкупниот број актуелни даватели на услуги во руралниот туризам во Србија, врз основа на податоците со кои располага Асоцијацијата за рурален туризам на Србија, најбројни се селските домаќинства, апартманите и куќите за гости, кои сочинуваат 71,6 % од вкупниот број рурални сместувачки капацитети. Потоа следуваат многу мал дел колиби и вили за изнајмување, со 7,4 %. Учеството на пансионите, мотелите и преноќиштата е многу поскромно, со околу 5 %, а етноселата и туристичките комплекси учествуваат со само 1,5 % (Гашиќ 2016). Многу помал број села кои активно се занимаваат со рурален туризам, а со тоа и значително помал број селски туристички домаќинства, се наоѓаат во Регионот на Јужна и Источна Србија. Сепак, врз

основа на развојните тенденции, може да се очекува забрзан туристички развој во овој регион (табела 7).

Важно е да се има предвид дека во руралниот туризам во Србија доминираат домашните туристи, со над 90 % учество во туристичката побарувачка. Притоа, главни пазарни сегменти се семејствата со деца, паровите, пензионерите, поединците и групите активни туристи и рекреативци. Според Миниќ (2014), типичниот рурален турист е оддалечен само 2-3 часа возење од дестинацијата (200-300 км), на возраст од 40 до 50 години, со високо образование и интерес за екологија и култура, а честопати и за гастрономија. Затоа, најголемиот дел рурални туристи евидентирани во Србија се од Белград. Тие обично престојуваат на рурален простор за време на викенд, или многу ретко престојуваат подолго од 7 до 10 дена (Маниќ 2014).

Ердељи (Erdelji) и соработниците (2013) укажуваат дека повеќето туристи, кои престојуваат на руралните дестинации во Србија, се задржуваат во просек 4,3 ноќи, а постои и значителен број дневни посетители (излетници, екскурзијанти). Според истото истражување, руралните туристи во Србија патуваат, главно, заради одмор и рекреација (79 %) и посети на пријатели и роднини (13 %). Притоа, доминираат туристи кои престојуваат на една дестинација (71 %), во споредба со оние кои посетуваат разни дестинации и атракции во Регионот (27 %) и патуваат претежно во самостојна организација (71 %). Структурата на користените сместувачки капацитети во руралниот регион на Јужна и Источна Србија укажува дека тие сè уште се недоволно развиени и донекаде во импровизирана форма (Erdelji и соработниците 2013).

Истражувањата на Ѓуровиќ и Цвејиќ (2011) покажуваат дека за рурален одмор се карактеристични следните рекреативни активности: уживање во руралниот амбиент (75 %), гастрономија (70 %), престојување на езеро и река (58 %), посета на културни атракции (41 %), лов и риболов (32 %), спортско-рекреативни активности (велосипедизам, јавање, планинарење, пешачење) (24 %). Ердељи (Erdelji) и соработниците (2013) ги потврдуваат овие наоди и забележуваат дека главната туристичка привлечност на руралните простори во Србија е директно поврзана со зачуваната природна средина, што е потврдено од дури 50 % од испитаниците, а поскромно учество бележи релаксацијата, со 15 %, културата и традицијата, со 12 %, гастрономијата 8 %, манифестациите 4 %.

Проценките за ефектите од руралниот туризам врз развојот на вкупната економија на Србија се прикажани во националниот Мастерплан за развој на руралниот туризам во Србија (2012). Тоа се процени во кои се вели дека на руралните простори годишно се генерираат над 5 милијарди динари директен приход од сместувачките услуги. Се очекува директниот економски придонес на руралниот туризам да достигне 45 милијарди динари до 2020 година. Во однос на туристичката побарувачка за рурален туризам треба да се напомене дека развојот на руралниот туризам јасно се фокусира на потребите на домашните туристи од урбаните области кои сочинуваат дури 90 % од вкупната побарувачка за овој вид туристичка понуда.

Врз основа на истражувањето (Министарство пољопривреде, шумарства и водопривреде Републике Србије – Сектор за рурални развој, 2009), ефектите од руралниот туризам се гледаат во вработувањето на просечно двајца членови од домаќинство, со нето-месечни приходи од рурален туризам по домаќинства, во просек од околу 200 евра (Bogdanov 2007). Оттука се смета дека развојот на руралниот туризам во Србија може да обезбеди позитивни економски ефекти на ниво на локални заедници, додека, пак, економските ефекти на руралниот туризам на државно ниво се занемарливи.

Според Радовиќ (Radović) и соработниците (2020), од 104 селски домаќинства во Србија, дури 72,1 % биле паралелно ангажирани во земјоделството и туризмот, при што прехранбените производи што се продаваат како туристичка понуда се самостојно произведени во целост дури кај 40,4 % од домаќинствата, а делумно, во 43,8 % од селските домаќинства. Најголемиот број селски туристички домаќинства (56,7 %) немаат инвестиции во тековната година, додека 37,5 % имаат

инвестиции и ги финансираат претежно од сопствени средства, со комбинација на сопствени средства и државни субвенци (10,6 %), и комбинацијата на сопствени средства и банкарски кредити (1,8 %). Најголемиот број селски туристички домаќинства (44,2 %) се занимаваат со рурален туризам повеќе од пет години што укажува на релативно долга традиција. Дополнително, во последните пет години е евидентен значителен пораст на бројот на релативно новозапочнати туристички бизниси во руралните простори (55,8 %), што укажува на поинтензивен развој на руралниот туризам. Околу 80 % од домаќинствата се категоризирани според националните туристички норми, додека 67,3 %, покрај сместување, нудат и услуги за исхрана (Radović и соработниците 2020).

## 3.1. КАРАКТЕРИСТИКИ НА РУРАЛНИОТ ПРОСТОР ВО РЕГИОНОТ НА ЈУЖНА И ИСТОЧНА СРБИЈА

Статистичкиот регион на Јужна и Источна Србија вклучува девет административни окрузи (области) и територии на 49 општини. Поради одредени проблеми предизвикани од неконзистентноста на достапните статистички податоци, селата од општините Прешево, Бујановац и Медвеѓа се изоставени како последица на нецелосното опфаќање со пописот во 2011 година. Оттука, во анализата на Регионот на Јужна и Источна Србија се опфатени села од 46 општини. Поконретно, Регионот на Јужна и Источна Србија вклучува вкупно 1.806 рурални населби, со просечна демографска големина од 393 жители/1 км$^2$. Така, овој простор се карактеризира со изразена демографска раситнетост, со дури 1.366 села, со помалку од 500 постојани жители. Имајќи предвид дека просечната густина на населението во руралната област на Србија изнесува 63 жители/км$^2$, а руралната област на Регионот ЈИС изнесува 45 жители/км$^2$, во оние населби со густина на население помало од 45 жители/км$^2$ беа земени како ретко населени области (Bogdanov и соработниците 2008; Дробњаковиќ и Спалевиќ 2017; EU Commission 2013; OECD 1994). Притоа, 1.213 села (67,2 %) од анализираниот простор имаат помала густина на населеност од наведената.

Оттука, овој регион, во голема мера, се карактеризира со исклучителна демографска депопулација поради интензивна миграција од 1970-тите, и претставува изразено емиграционо подрачје. Поради нарушената старосна структура на руралното население и падот на репродуктивната моќ, демографските промени се најизразени во овој регион, што резултира со брз и драстичен пад на населението. Поради традиционално (културолошки условените) ниските репродуктивни норми и најниската стапка на природен прираст, овој регион од Србија се карактеризира со напреден процес на депопулација и фаза на стареење на населението (Ѓурѓев и Арсеновиќ 2015; Никитовиќ и соработници 2015). Ова, забележано на долг временски период, го прави најретко населен регион во Србија, со екстремен пад на бројот население (во периодот од 1971 – 2011 година, регистрирана е просечна годишна стапка на пад на населението од околу –25). Во истиот период, само во 94 села е забележан раст на населението, додека 114 села изгубија повеќе од половина од жителите.

Со поделбата на кластери (групи) (Национална програма за рурален развој на Србија од 2011 – 2013 година), Регионот на Јужна и Источна Србија е класифициран како претежно планинска економија, ориентирана кон природни ресурси, со изразени негативни демографски и социоекономски трендови и голема концентрација на неискористени природни ресурси кои можат да станат основа за туристичка активност (Маниќ 2014). Богатството, зачуваноста и привлечноста на природните ресурси, големиот број традиционални земјоделски домаќинства и зголемениот раст на животниот стандард, заедно со зголемениот интерес на меѓународниот туристички пазар за руралните туристички доживувања, даваат основа за насочување на Стратегијата за развој на руралните простори на Србија кон заживување на руралниот туризам, посебно во југоисточниот дел (Маниќ 2014). Гашиќ (2017) наведува дека од туризмот, генерално, а посебно од туризмот во руралните простори, се очекува со своите мултипликативни ефекти да даде поттик за развој на

економски заостанатиот Регион на Јужна и Источна Србија. На таков начин ќе се обезбеди трајна основа за егзистенција на населението, запирање на миграцијата и повторно активирање на развојот на земјоделството, приватното претприемаштво, трговијата и другите дејности.

Анализата на индикаторите за рурален развој во Србија покажува дека руралните простори во Регионот на Јужна и Источна Србија се карактеризираат со исклучителни природни погодности како богатиот природен пејзаж, богатата флора и фауна, различната топографија и поволната клима. Притоа, Пчињската и Борската област посебно се истакнуваат како рурални, со исклучително природни ресурси богати со високи еколошки вредности, додека малку пониски вредности и просечен потенцијал имаат Топличката, Јабланичката и Пиротската област (Јосиповиќ 2018). Сепак, генерално, Регионот се карактеризира со многу неповолна демографска структура на населението, со недостаток и слаб квалитет на јавни услуги и инфраструктура (посебно во областите на Бор, Зајечар, Пирот и Топлица).

Исто така, индикаторите за економската структура и перформансите укажуваат на значително полоши услови во Јужна и Источна Србија, при што се издвојуваат Јабланичка, Дунавска и Пчињска област, додека најголем број невработени лица има во Јабланичка и Топличка област (Јосиповиќ 2018). Ситуацијата е уште понеповолна кога се разгледуваат карактеристиките на ниво на село, што јасно ги разликува оние села кои имаат основни предуслови за рурален развој, односно за развој на рурален туризам од мал обем. Друг важен фактор при изборот на села за утврдување на нивниот туристички потенцијал е нивната оддалеченост од урбан или туристички центар на микрорегионално ниво. Така, во понатошната анализа се земени села кои се оддалечени најмногу 40 км, или максимум 1 час континуирано возење од центарот до периферијата, имајќи ги предвид планинскиот терен и лошата сообраќајна инфраструктура.

Регионот Јужна и Источна Србија во вкупниот број туристи учествува со скромни 15 %, но со најголем годишен раст од околу 17 % во последните години. Тоа се должи на подобрената сообраќајна и туристичка инфраструктура, како и на маркетинг-активностите за промоција на туристичкиот производ на Источна Србија. Воедно, покрај понудата за крстосување и културен (археолошки) туризам во областа на Долен Дунав, во Регионот најприсутни се руралниот и авантуристичкиот туризам, кои почнуваат од неодамна да се афирмираат. Кога станува збор за руралните дестинации, Источна Србија е најмалку препознатлива како посакувана туристичка дестинација. Тоа јасно зборува за потребата од репозиционирање на туристичкиот производ на Источна Србија во согласност со Стратегијата за одржлив развој на руралниот туризам во Србија. Воедно, бројот на дневни посетители во Источна Србија достигнува дури до 41,38 %, што е индикатор за недостиг од сместувачка и туристичка инфраструктура во овој регион, како и за релативната близина на големите емитивни центри (Erdelji и соработниците 2013).

Според Јосиповиќ (2018), во согласност со расположливите официјални податоци за селата, понудата на рекреативните активности може да се квантифицира со помош на бројот на вработените во ресторантите и хотелите, во вкупниот број вработени, додека побарувачката за рекреативните активности може да се квантифицира со помош на бројот на туристите (домашни и странски). Во периодот 2008 – 2015 година, десет (10) рурални области во Србија имаат учество на бројот на вработените во ресторантите и хотелите во вкупниот број вработени над просекот за сите рурални области, меѓу кои водечки се областите од Регионот Јужна и Источна Србија, и тоа: Борска, Браничевска, Заечарска, Јабланичка, Нишавска и Пчињска. За истиот период, осум рурални области во Србија имаат голем број туристи во текот на годината над просекот за сите рурални области, а меѓу нив и три од Регионот Јужна и Источна Србија: Борска, Заечарска и Нишавска област (Јосиповиќ 2018). Имајќи предвид дека Регионот Јужна и Источна Србија вклучува девет административни окрузи (области) кои административно им припаѓаат на 49 општини, анализата на туристичката побарувачка е на ниво на округ.

## 3.2. ТУРИСТИЧКИ ДЕСТИНАЦИИ ВО РЕГИОНОТ НА ЈУЖНА И ИСТОЧНА СРБИЈА

Во Стратегијата за развој на туризмот на Србија се појавуваат термините туристички регион и туристички кластер, кои претставуваат единствена ресурсна целина и основно подрачје за развој на туризмот. Во таа смисла, туристичкиот регион може да се дефинира и како динамична група туристички атракции, инфраструктура, опрема, услуги, економски активности, луѓе итн., во еден географски простор каде што се развиваат одредени туристички искуства (Бјељац и соработниците 2017). Тоа се специфични просторно-функционални целини на заедничка туристичка понуда, со туристички дестинации со слични карактеристики, градски туристички центри и места, бањски туристички центри и места, како и со вклучени сегменти на кружни и линеарни туристички правци и секундарни туристички простори (Васовиќ и Јовичиќ 1982; Јовичиќ 1992; Бјељац и соработниците 2017).

Генерално, туристичките региони се утврдени врз основа на претходни истражувања и регионални планови. Станковиќ и соработниците (1998) дефинираат голем број туристички региони во Србија, а во Регионот Јужна и Источна Србија спаѓаат:

- Ѓердапскиот туристички регион (Браничевски и Борски Округ);
- Хомољскиот туристички регион (Заечарски Округ);
- Нишко-сокобањскиот туристички регион (Заечарски и Нишавски Округ);
- Туристички регион Јужна Моравија (Јабланички и Пчињски Округ);
- Туристички регион Стара Планина (Заечарски и Пиротски округ) и
- дел од туристичкиот регион Копаоник (Топлички Округ).

Овие туристички региони се состојат од голем број туристички центри (урбани населби, планински или бањски туристички места) и зони, во чии рамки има голем број природни и антропогени туристички атракции.

Имајќи предвид дека природните ресурси се исклучително важни за развојот на руралниот туризам, од посебна важност за Јужна и Источна Србија се планинските предели со различни морфолошки и пејзажни карактеристики, кои може да задоволат излетнички, рекреативни, спортско-манифестациски и други туристички потреби. Од аспект на туристичката привлечност и потенцијалот за развој на руралниот туризам, посебно место заземаат заштитените природни подрачја кои се најбројни и најразновидни во Регионот Јужна и Источна Србија.

Во рамките на заштитените природни добра, од најголемо значење се: Националниот парк „Ѓердап“ и природните паркови Стара Планина, Кучај-Бељаница, планината Радан и Сиќевачката Клисура, потоа посебните природни резервати Јелашничка Клисура, Јерма, Сува Планина, ’Ртањ, Кукавица, како и пределите со исклучителни карактеристики како Долината Пчиња, Лептерија-Сокоград, ливадата Озрен, Власина итн.

Во Регионот на Јужна и Источна Србија доминираат ниски и средни верижни планини, и застапени се карпи од сите геолошки периоди. Притоа, посебно се истакнуваат: Стара Плана, Сува Планија, ’Ртањ, Озрен, Радан, Хомољски Планини, Бељаница, Црн Врв, Мироч, Тупижница и Бесна кобила (Гашиќ 2016). Посебен вид геоморфолошки туристички вредности се клисурите и кањоните, меѓу кои се издвојуваат клисурите Ѓердап, Сиќевачка, Јелашничка и Грделичка, потоа Кањонот на Лазарева Река, Кањонот Јерма, Кањонот на реката Вучјанка, Кањонот Темштица, Рсоманечка Река на Стара Планина и многу други (Гашиќ 2016).

Регионот е, исто така, богат со пештери кои претставуваат сè уште недоволно искористен туристички потенцијал. Меѓу нив, најпознати се: Рајкова Пештера, Церемошња Пештера, Равништарка, комплексот Злотски Пештери и Боговињска Пештера. Посебно место во туристичката понуда заземаат уникатните геоморфолошки феномени Ѓавоља Варош и Вражји Камен, како и природните камени мостовиВаља прераст и Вратњанска прераст (Гашиќ 2016).

Во атрактивните хидрографски туристички потенцијали на Регионот спаѓаат и реки и езера кои привлекуваат најголем број туристи. Посебно се истакнуваат потенцијалите на Дунав со Сребреното Езеро и Ѓердапското Езеро, потоа реките Тимок, Нишава, Топлица и голем број нивни притоки со интересни кањони, водопади и извори (врутоци). Исклучителен потенцијал имаат Борското Езеро, Бованското Езеро кај Сокобања, езерото Власина, како и голем број помали езера: Завојско, Суковско, Смиловско, Совинац, ’Рготско, Грлишко, Глоговичко, Дивљанско, Крајковачко, Шљункара, Брестовачко, Булино, Јовачко, Врмџанско и Крупачко Езеро (Гашиќ 2016). Регионот Јужна и Источна Србија е богат и со термоминерални извори. Така, меѓу најпознатите бањи се: Сокобања, Нишка Бања, Пролом Бања, Луковска Бања, Куршумлиска Бања, Гамзиградска Бања, Врањска Бања, Бања Ждрело, Брестовачка Бања, Сијаринска Бања, Звонашка Бања итн.

Просторно-географската дистрибуција на туристичките привлекувачки фактори (атрактори) и туристичкиот промет во Јужна и Источна Србија се нерамни. Од таа причина, перспективите за развој на руралниот туризам се насочени најпрво кон подрачјата кои се во непосредна близина на веќевоспоставените туристички центри, каде што веќе постојат туристичка инфраструктура и богата туристичка понуда. Покрај тоа, поголемата концентрација на туристи во туристичките центри овозможува одредена дисперзија на туристите кон околните рурални простори кои се надополнуваат на постојната туристичка понуда, која во продолжение е анализирана на ниво на округ (област). Во однос на концентрацијата на туристичката побарувачка на регионално ниво, значително напред се наоѓаат Заечарската област (27,3 %), Нишавската област (23,8 %), Борската област (14,4 %) и Браничевската област (10,3 %), додека неразвиена туристичка понуда имаат областите Подунавје (3,5 %), Топлица (5,8 %), Јабланица (5,5 %), Пчиња (4,8 %) и Пирот (4,6 %), каде што има мала концентрација на туристи.

Врз основа на табелата 8, јасно е дека најголема концентрација на туристи има во Заечарскиот Округ, во општините Сокобања и Књажевац. Притоа, најголем број туристи и ноќевања има во туристичките дестинации Сокобања, со вкупно 101.167 туристи (87 % домашни туристи) кои оствариле 498.463 ноќевања, и во Стара Планина, со вкупно 20.517 туристи (79,8 % домашни туристи) кои оствариле 69.184 ноќевања. Многу поскромна туристичка посетеност има во подрачјето на Општината Заечар, со Гамзиградска Бања и Бољевац со планината ’Ртањ. Во рамките на Заечарската област, со рурален туризам многу скромно се занимаваат селата Мал Извор, Николичево, Лесковац, Ново Корито и дел од Гамзиградска Бања. Во околината на Сокобања (слика 6), како главен туристички центар на Округот, руралниот туризам се развива во селата Шарбановац, Врмџа, Трубаревац, Ресник, Јошаница, Жучковац и Мужинац, додека во подножјето на ’Ртање, во Општината Бољевац, рурален туризам развиваат селата Илино, Мирово, ’Ртањ и Влаоње. На подрачјето на Стара Планина, а конкретно, во рамките на Општината Књажевац, руралниот туризам интензивно се развива во последните десетина години, така што има голем број туристички домаќинства во селата Јаловик Извор, Кална, Иново, Вртовац, Балта Бериловац, Мездреја, Ќуштица, Црн Врв, но и во некои други села како Јаковац, Горно Зуниче, Стогозовац, Вина, Влашко Поле, Зубетинац и Долна Каменица.

Табела 8: Основни карактеристики на Регионот Јужна и Источна Србија од аспект на туристичката побарувачка

| Округ | Број на населби | Број на жители | ж/км$^2$ | Туристички промет (% на удел во Регионот) | Домашни туристи (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| Регион на Јужна и Источна Србија | 1.973 | 1.521.081 | 58 | 547.417 | 362.665 (66,3 %) |
| Подунавски | 59 | 189.091 | 151 | 19.385 (3,5 %) | 5.609 (28,9 %) |
| Браничевски | 189 | 170.207 | 44 | 56.294 (10,3 %) | 45.380 (80,6 %) |
| Борски | 90 | 114.816 | 33 | 78.946 (14,4 %) | 64.356 (81,5 %) |
| Заечарски | 173 | 109.634 | 30 | 149.269 (27,3 %) | 123.284 (82,6 %) |
| Топлички | 267 | 85.287 | 38 | 31.620 (5,8 %) | 26.279 (83,1 %) |
| Нишки | 282 | 364.157 | 133 | 130.485 (23,8 %) | 51.846 (39,7 %) |
| Пиротски | 214 | 85.964 | 31 | 25.038 (4,6 %) | 11.079 (44,2 %) |
| Јабланички | 336 | 203.254 | 73 | 30.173 (5,5 %) | 16.619 (55,1 %) |
| Пчињски | 363 | 198.671 | 56 | 26.207 (4,8 %) | 18.213 (69,5 %) |

Извор: Републички завод за статистика, „Општини во Србија“, 2019.



Слика 5: Руинираните хотели „Партизан“ и „Србија“ во Нишка Бања
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Во Нишкиот Округ, клучна дестинација е градот Ниш, со 122.839 туристи и 29.114 ноќевања, од кои 4.454 туристи престојувале во Нишка Бања (слика 5) и реализирале 28.914 ноќевања. Овој урбан центар концентрира дури 94,1 % од побарувачката на туристи на ниво на област. Притоа, јасно е изразена бањската функција на Нишка Бања, која и покрај скромната туристичка побарувачка, бележи подолг престој на туристите (просечно, 6,5 ноќи). Во градот има 2.726 легла, од кои 796 легла се сместени во Нишка Бања. Руралниот туризам се развива во

поголема мера во општините Нишка Бања (село Банцарево, Јелашница, Сиќево), Алексинац (Бован, Мозгово, Липовац, Моравски Бујмир), Сврљиг (Белоиње, Попшица, Нишевац, Пирковац), Гаџин Хан (Дубрава), Долни Душник, Семче, Гркиња, Горно Власе, Горни Барбеш и Бела Паланка (Мокра, Варандол, Дивљана).



Слика 6: Сокобања
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Кога станува збор за Борскиот Округ, концентрацијата на туристи се забележува во општините Кладово (42 %) и Мајданпек (32,7 %), со јасен фокус на развојот на туризмот во Регионот на Дунав и во областа на Националниот парк „Ѓердап“. Воедно, руралниот туризам се развива во областа на викенд-населбите, во близината на езерото Бор, Брестовачка Бања и селото Бањско Поле. Рурални туристички домаќинства има во селата Злот, Горњане, Метовница, Оштрељ, Брестовац, Бучје, Долна Бела Река, Кривељ, Лука, Слатина, Танда и Шарбановац. Руралниот туризам постепено се развива во непосредната околина на Долни Милановац, на подрачјето на Мишин Брег, Обљага Маре, Голубиња, Мироч и Мајданпек, во селата Рудна Глава и Црнајка. Крајбрежната област на Општината Кладово, со селата Текија, Петрово Село, Нови Сип, Давидовац, Голема Врбица, Корбово, Костол, Кладушница и Грабовица, исто така, има перспективи за развој на руралниот туризам. Во Општината Неготин се издвојуваат голем број села со долга лозарска традиција и со специфични пабови (селата Рајац, Рогљево и Штубик), додека туристички рурални домаќинства има во селата Плавна, Шаркамен, Браќевац, Јабуковац, Ковилово, Буково, Видровац, Михајловац, Кусјак, Вратна и Љубичевац.

Во Браничевскиот Округ има малку поголема дисперзија на туристичката побарувачка, иако таа е јасно насочена кон општините Големо Градиште (44,4 %), Пожаревац (23,6 %) и Петровац на Млави (19,5 %). Како една од клучните атракции во оваа област е Туристичкиот центар „Сребрено Езеро“ кој ѝ припаѓа на Општината Големо Градиште. Браничево претежно е познато како дестинација за домашни туристи (над 80 %), додека малку поизразена концентрација на странски туристи има само во општината Голубац (31,3 % странски туристи). Поголемиот број општински центри, исто така, имаат поголема просторна распределба на рурални микролокации. Во близина на урбаниот центар Пожаревац, руралниот туризам започнува да се развива со скромно темпо во селата Каона и Салаковац. Мало Црниче е типична рурална населба и општински центар каде што развојот на туризмот се темели на богатото културно наследство, на манастирите „Брадача“ и „Заова“ и Заовинското Езеро. Неколку домаќинства во селата Аљудово и Кула се занимаваат со рурален туризам. Како пример за рурален туризам, посебно се издвојуваат руралните општини Петровац на Млави со етноселото Бистрица, Мало Лаоле и бањата Ждрело,

потоа руралните општини Жагубица, селата Милановац, Лазница и Сув Дол, како и руралните општини Голубац (слика 7), со селата Радошевац, Добра и Брњица на брегот на Дунав.



Слика 7: Руралната Општина Голубац
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ

Од друга страна, другите окрузи во Регионот Јужна и Источна Србија имаат значително помала посетеност на туристи, само со околу 5 % учество.

Подунавскиот Округ има скромна концентрација на туристи (19.385 туристи), со поизразена побарувачка насочена кон урбаниот центар Смедерево (76,7 %). Притоа, во 2018 година, дури 88,9 % се странски туристи, додека во другите општини доминираат домашните туристи (87,4 %). Урбаните центри Смедерево, Смедеревска Паланка и Велика Плана, имаат мал број рурални туристички домаќинства и најмногу се насочени кон урбан и транзитен туризам. Приватно сместување во вид на рурални вили и домаќинства има во приградската населба Удовице, во крајбрежниот дел на излетничката област Југово. На територијата на Смедеревска Паланка, селски домаќинства има во селото Азања и во Велика Плана (приградска населба на Велико Орашје), каде што се наоѓа етноселото „Моравски конаци“.



Слика 8а: Централен плоштад на Куршумлија




Слика 8б: Ресторан „Колиби“



Слика 8в: Хотел „Радан“ во Пролом Бања

Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Топличкиот Округ учествува со 5,8 % од туристичката побарувачка во регионални рамки, со концентрација на туристите исклучиво во рамките на Општината Крушумлија (100 % од туристичката побарувачка и 83,1 % се домашни туристи). Бањските центри Пролом Бања (слика 8в) и Луковска Бања имаат над 95 % учество во вкупниот туристички промет на Општината. Округот Топлица, исто така, во своите стратегиски документи е ориентиран кон развојот на руралниот туризам. Почетоците се регистрираат во околината на Куршумлија (слика 8а и 8б) (Пролом, Луково, Мачковац, Пепељевац, Пљаково, Зебице), Прокупље (Бублица, Бели Камен) и Лебана (Тогочевце, Чекавица, Прекопчелница, Штулац, Свињарица).

Јабланичкиот Округ, со учество од 5,5 % од туристичкиот промет на регионално ниво, се издвојува со поголема застапеност на странска туристичка побарувачка во Општина Лесковац (околу 68 % туристи, од кои дури 63 % се странски туристи). Посебно се истакнува привлечноста на Сијаринска Бања (26,5 % од туристите), при што доминираат домашните туристи (95,5 %). Руралниот туризам, во околината на Лесковац е недоволно развиен, а рурални туристички домаќинства работат во селата Зољево и Слатина. Од друга страна, значителен напредок во развојот на руралниот туризам има во Општината Бојник, односно на подрачјето на планината Радан, во селата: Магаш, Ивање, Добра Вода, Горни Брестовац, Дубрава и Боринце.

Пчињскиот Округ учествува со 4,8 % од туристичкиот промет на регионално ниво, со јасна концентрација на туристи во Врање (57,3 %) и во Сурдулица (16,6 %), каде што се наоѓа прекрасниот предел Власина и туристичкиот центар на Власинско Езеро. Општините Владичин Хан и Бујановац имаат многу поскромна посета на туристи, пред сѐ, од транзитен карактер. Поради периферна позиција, во овој регион доминираат домашните туристи (со околу 70 %). Централна развојна оска на руралниот туризам е градот Врање и неговата непосредна околина, со етноселото Преображение кое се наоѓа во непосредна близина на истоимениот манастир. Иако сѐ уште не е развиен во Општината Врање, во моментов, руралниот туризам има карактер на посета на роднини и пријатели во селото за време на празници и одмори. Така, одреден потенцијал имаат селата: Загужање, Пољаница, Крива Феја, Долга Лука, Првонек и Изумно.

Пиротскиот Округ има скромно учество со 4,6 % во туристичкиот промет на регионално ниво, со концентрација на туристи во урбаните центри Пирот (71,4 %) и Димитровград (28,6 %), со значително учество на странски туристи (55,8 %), претежно од Бугарија и Република Северна Македонија. Акцентот се става на урбаниот и културниот туризам, како и на афирмацијата на руралниот туризам на Стара Планина, долината на Јерма и Звоначка Бања. Поинтензивен развој на руралниот туризам е забележан по 2010 година, во селата: Дојкинци, Паклешница, Темска, Топли Дол, Војнеговац, Височка Ржана, Рсовци, Славиња, Гостуша, Јеловица, Градашница, а од неодамна и во Општина Димитровград (Сенокос, Поганово, Долни Криводол, Трнски Одровци). Значителен дел од туристите престојуваат на Стара Планина како важен дел од екскурзискиот и транзитниот туризам, со релативно краток просечен престој на туристите од 2,2 дена.

Одреден број рурални сместувачки капацитети се наоѓаат во понудата на бањски дестинации, односно во нивна непосредна близина. Сепак, бањските центри се карактеризираат со урбан тип на физиономија и со голем број угостителски објекти од типот на хотели, иако повеќето бањи се наоѓаат на руралните простори во подножјето на планините. Покрај тоа, здравствено-рехабилитациската функција на бањите наметнува потреба од хотелски сместувачки капацитети, додека значително помал број посетители се одлучуваат за алтернативни видови сместување. Генерално, рурален туризам и рурални домаќинства постојат во Јужна и Источна Србија, во недоволно туристички афирмирани и инфраструктурно неразвиени простори, богати со природни и културно-историски ресурси.

Имајќи ја предвид поголемата концентрација на туристи насочени кон јасно дефинирани туристички центри, зони и правци, реално е да се очекува поголема дистрибуција на туристи во непосредната рурална средина на веќеафирмираните туристички дестинации и транзитни рути. Оттука, постои потенцијал за рурален развој на ретконаселените села во областа на дефинираните

туристички региони во просторната рамка на Регионот на Јужна и Источна Србија. Посебни можности за развој се гледаат во релативно тесната област помеѓу Дунав и Сообраќајниот коридор 10 (меѓународниот пат М75). Дополнително, селата во општините Куршумлија и Сурдулица имаат просечен потенцијал за рурален туризам, а за таа состојба, и покрај поседувањето на исклучителните природни карактеристики, придонес имаат крајно неповолните инфраструктурни, економски, демографски, но и политички фактори. Бидејќи не се сите туристички ресурси подеднакво важни за развој на руралниот туризам, посебен акцент се става на природните атракции кои нудат широк спектар на рекреативни активности. Токму такви во руралните простори на Србија се, првенствено, националните паркови и природните резервати, големите водни ресурси – Дунав, ридско-планинските подрачја (Ртањ, Озрен, Мироч, Бељаница, Дукат, Бесна Кобила, итн.), високите планини со потенцијали за развој на ски-туризам (Стара Планина), но и специфичните форми на геонаследство, како Ѓавоља Варош, долината Јерма, клисурите, водопадите, бањите и слично. Притоа, развојот на руралниот туризам во Регионот на Јужна и Источна Србија првенствено е насочен кон планинските дестинации развивајќи се речиси исклучиво на најмногу 20 км од главниот туристички центар.

Еден од најголемите проблеми за развој на руралниот туризам во набљудуваниот регион е лошата сообраќајна и комунална инфраструктура, како и недостатокот на угостителски објекти и забавна содржина. Понудата за рурален туризам сè уште се темели речиси исклучиво на обезбедувањето основни сместувачки услуги и услуги за исхрана. Причината за тоа е недостигот на младо, високообразовано население, како и скромниот економски статус на повеќето рурални домаќинства вклучени во туристичката понуда. Треба да се има предвид дека развојот на руралниот туризам во Регионот на Јужна и Источна Србија, во повеќето случаи, е иницирал од сезонското население (од локалните гурбетчии или гастербајтери и повратници, сопственици на викендици и сезонски домови). Во однос на туристичката понуда и побарувачката за рурален туризам, постои многу изразена сезоналност, посебно во летниот период, од мај до септември. Многу села, лоцирани во близина на планинските и бањските центри, имаат можност да ја прошират туристичката сезона и во зимските месеци. Руралниот туризам ретко се развива во организирана форма и доминира индивидуалното вклучување на руралните домаќинства во туристичката понуда.

Важен елемент во поттикнувањето и поддршката на развојот на руралниот туризам претставуваат субвенциите и други владини програми за промовирање и привлекување туристи на руралните простори (Пениќ 2015), но многу мал број туристички претприемачи имаат пристап до овие средства. Воедно, многу мал број рурални домаќинства ја промовираат својата туристичка понуда, што укажува на слабиот степен на организацијата во промовирањето на руралните региони во Србија (Пениќ 2015). Во процесот на започнувањето со одреден туристички бизнис, повеќето рурални домаќинства се потпираат на помошта од локалните туристички организации и од општинските служби, кои за нив вршат одредени едукативни и маркетинг-активности. Поддршката на државните институции преку грантови за образование и инвестиции, се покажа како многу важна за развојот на руралниот туризам, посебно во областите погодени од негативните демографски процеси. Голем број позитивни примери од практиката покажуваат дека руралниот туризам може да биде едно од решенијата за тие процеси и за релативно кратко време да доведе до значителен напредок на економијата и до развој. Тоа е особено важно во контекст на забавувањето на негативните трендови и на процесот на депопулација. Воедно, може да доведе до повторно населување на селата како резултат на создавањето подобри услови за живот и зголемување на животниот стандард на локалното рурално население. За жал, вакавите примери сè уште се многу ретки во Србија.

# 4. ВКЛУЧУВАЊЕ НА РЕТКО НАСЕЛЕНИТЕ РУРАЛНИ ПРОСТОРИ ВО ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА

Веќе подолго време во економски развиените земји, а од 80-тите години на минатиот век и во Северна Македонија и Србија, на руралните простори им се пристапува на поинаков начин. Тие престануваат да се вреднуваат само врз основа на можноста да произведуваат различни земјоделски производи туку се разгледуваат можности за рурален развој од перспектива на можноста за обезбедување дополнителни активности, како што се туризмот и рекреацијата. Од туристичка гледна точка, руралните простори се идентификуваат како простор за релаксација и одмор, за бегство од урбаниот метеж и динамичниот начин на живот (Urry 2000), и наоѓање душевен мир преку бегство од „живот во сиво“ во „живот во боја“, од „болно“ во „здраво“ опкружување. Така, квалитетот на руралниот простор се отсликува во најавтентичната и најпосакуваната слика на традиционалната здрава храна, мирот и тишината, безбедноста, слободата, активноста, традицијата и културолошките искуства (Pesonen & Tuohino 2016), што претставува основа руралниот простор да прерасне во туристичка дестинација.

Туризмот, секако, има значајна улога како еден од алтернативните видови рурални активности што го вработува локалното население и ги активира локалните ресурси. Со оглед на фактот дека за руралните простори е карактеристична големата зависност на економијата од земјоделството, нискиот степен на диверзификација на активностите и приходите на руралното население, истовремено со исклучително ниско ниво на образование и со висока стапка на невработеност, воведувањето на туризмот се смета за конкретна развојна перспектива. Економските ефекти од развојот на руралниот туризам се гледаат во растот на вработеноста и на животниот стандард на руралното население, забрзаниот економски развој на локалната заедница и на Регионот, во позитивните социјалните промени во секојдневниот живот и потребите на локалното население, но, исто така, и во поволните ефекти врз животната средина и културното наследство.

Забележано е дека воведувањето на туристичките активности може да доведе до забрзана диверзификација и обезбедување долг и одржлив рурален развој, од што се гледаат мултипликативните ефекти на туризмот. Треба да се напомене дека туризмот како економска активност се карактеризира со релативно ниско ниво на зависност од голем број ограничувачки фактори во споредба со другите стопански гранки. Со други зборови, туризмот е еден вид феномен, па со насочени активности и инвестиции може да се развие и на простори кои немаат дури и некакви клучни фактори за развој (како што се демографскиот потенцијал, недостигот на природни или културни атракции, инфраструктурата, итн.). Со соодветни маркетинг-активности и инвестиции, недостатоците се претвораат во предности, па дури и во своевидна атракција.

Притоа, треба да се има предвид дека туризмот може да се набљудува само како дополнителна активност во обезбедувањето приходи, и тоа комплементарна на земјоделството, но ретко како самостојна активност. Така, руралниот туризам се темели на природните ресурси, руралното наследство, руралниот начин на живеење и активностите на руралниот простор, додека пак, развојот на руралниот туризам, генералн,о е условен од квалитетот на животната средина и од нејзините природни и културни вредности (Пениќ 2015). Токму благодарение на природните ресурси со кои располагаат селата, како и големата различност во споредба со урбаните простори, придонесуваат руралните простори да бидат сè поатрактивни во туристичка смисла. Специфичниот „квалитет на руралното опкружување“ како систем на рурални погодности го сочинуваат природни и антропогени вредности кои имаат комплементарна улога во руралниот раст и развој, како и во туристичкиот развој на руралните простори. Овие вредности претставуваат локалноспецифични јавни добра и услуги кои одредена рурална средина ја прават привлечна за живот и престој, но и за работење (Gottlieb 1994; Power 2005; Јосиповиќ 2018).

Според Јосиповиќ (2018), руралните придобивки, односно руралниот капитал (природен, изграден и културен/историски), иницираат движења на населението од урбаните во руралните простори. Во значителен дел, тоа се високообразовани, креативни поединци, кои придонесуваат за рурален економски раст, раст на вработеноста, развој на иновации и започнување нови претприемачки иницијативи во селата. На овој начин, преку привлекување и задржување на одреден човечки капитал на руралните простори, се придонесува за нивната виталност. Се посочува фактот дека прилив на човечки капитал најчесто има во руралните простори богати со природен пејзаж, поволни климатски услови, со солидна инфраструктура и одредена рекреативна содржина.

Со цел да се оценат реалниот капацитет и реалниот капитал на руралниот простор, во смисла на процена на потенцијалот за развој на руралниот туризам, земен е моделот на рурален капитал (Bogdanov & Janković 2013; Јосиповиќ 2018; Terzić и соработниците 2019) кој се состои од: природен капитал, инфраструктурен капитал, општествен, културен и економски капитал. Природниот капитал се темели на фактот дека одредени природни придобивки и други квалитети на локалното опкружување, кои се однесуваат, пред сè, на поволните климатски услови и на богатиот природен пејзаж, можат значително да ги подобрат условите за живот, и како такви се идентификувани како клучни фактори за раст на населението, приход и вработување во руралните области (Јосиповиќ 2018).

Во последно време, природните ресурси не се важни само во развојот на традиционалните рурални активности (земјоделство, шумарство, лов и риболов) туку и како специфичен ресурс што ја прави руралната средина привлечна за живот, за рекреација и започнување нови претприемачки иницијативи (Јосиповиќ 2018). Вкупната вредност на придобивките во одредена рурална област, во голема мера зависи и од квалитетот на постојната транспортна инфраструктура и на инфраструктурата врзана за понудата на разни услуги. Без соодветна инфраструктура, економската вредност на богатите природни придобивки, за потенцијалните корисници е многу мала (Marcouiller & Clendenning 2005). Затоа, од голема важност за процената на потенцијалот за рурален развој е инфраструктурната и супраструктурната опременост на селото, без кои развојот на која било економска активност е многу тежок. Богатството на културниот капитал се гледа во постоењето културни ресурси, во автентичноста на руралниот амбиент, постоењето на нематеријално културно наследство како локалните традиции и обичаите, настаните и забавата. Сето тоа придонесува за привлечност на руралните простори, како во поглед на подобрувањето на квалитетот на животот на локалното население, така и во поглед на туристичкото доживување. Општествениот (човечки и организациски фактор) капитал е основен предуслов за развој на руралниот туризам, имајќи предвид дека човечкиот капитал, образованата и креативната класа и развојот на локалното претприемаштво, имаат синергиски ефект врз руралниот економски растеж.

Кога станува збор за демографски загрозените простори во Република Северна Македонија и Србија, иако погодени од крајно неповолните процеси на депопулација, екстремно привлечното природно опкружување и релативната близина до туристички дестинации, им создаваат основа за нивно обележување како потенцијал за развој на руралниот туризам, а со тоа и одредено ниво на одржливост на руралните заедници. Прашањето дали и на кој начин развојот на руралниот туризам, темелен на локални иницијативи, може да придонесе за продолжена виталност и за ревитализација на малите ретко населени и напуштени рурални простори во Република Северна Македонија и во Регионот Јужна и Источна Србија, останува актуелно.

## ЛИТЕРАТУРА

Бјељац, Ж., Терзиќ, А., Јовановиќ, А., Бранков, Ј. и Петровиќ, М. (2017). Туризам Србије, Поглавје во Географија Србије, Милан Радовановић (ур.), посебно издание на Географскиот институт „Јован Цвијиќ“, САНУ, 91, 753–809.

---

Богданов, Н. и Бабовиќ, М. (2014). Радна снага и диверзификација прихода на пољопривредним газдинствима у Србији – Стање и изазови за политику руралног развоја. Републички завод за статистику Србије, Београд.

Bogdanov, N. (2007). Mala ruralna domaćinstva u Srbiji i ruralna nepoljoprivredna ekonomija. UNDP, Beograd.

Bogdanov, N. & Janković, D. (2013). Territorial capital of rural areas: An example of analysis of the potential for rural tourism development in Serbia. In: Agri-Food Sector in Serbia: State and Challenges (Ed. Dragan Škorić, Danilo Tomić and Vesna Popović), Serbian Association of Agricultural Economists, 157552.

Bogdanov, N., Meredith, D. & Efstratoglou, S. (2008). A typology of rural areas in Serbia, Economic Annals, 53 (177), 7–29.

Bošković, T. (2012). Ekonomski efekti razvoja turizma u ruralnim područjima Srbije, Škola biznisa, 2(2012), 29–34.

Васовиќ, М. и Јовичиќ, Ж. (1982). Важније туристичко-географске регије Европе. Београд: Рад.

Гашиќ, М. М. (2016). Туризам у функцији развоја руралних подручја Јужне и Источне Србије, Економски факултет, Универзитет Ниш.

Gottlieb, M. C. (1994). Ethical decision making, boundaries, and treatment effectiveness: A reprise, Ethics & Behavior, 4, 287–293.

Demonja, D. & Ružić, P. (2010). Ruralni turizam u Hrvatskoj s hrvatskim primjerima dobre prakse i europskim iskustvima, Zagreb: Meridijani Samobor.

Демировиќ, Д. (2016). „Конкурентност Војводине као дестинације руралног туризма“, (Докторска дисертација), Природно-математички факултет, Универзитет Нови Сад.

Demirović, D., Berjan, S., Milentijević, N., El Bilali, H., Syromiatnikova, Y. A. (2019). Exploration of Tourist Motivation and Preferred Activities in Rural Areas, Journal of the Geographical Institute Jovan Cvijic SASA, 69, 29–37.

Димитров, Н. (2013). „Популациско-просторни карактеристики на населбите од ридско-планинските области во Република Македонија“. Во: Зборник на трудови од Меѓународен научен симпозиум: „Проблеми и перспективи на ридско-планинските подрачја“, 12 – 15.9.2013 г., Охрид, Македонија.

Dimitrov, N. & Petrevska, B. (2012). Rural tourism development zones: the case of Macedonia, Researches review of the Department of geography, tourism and hotel management, 41,152–162.

Dimitrov, N., Petrevska, B. & Terzić, A. (2019). Recommendations for tourism development of rural areas in North Macedonia, Proceedings of the International Scientific Symposium New trends in geography, 3 – 4.10.2019 г., Ohrid, North Macedonia, 307–316.

Димитров, Н., Ташков, Н. & Методијески, Д. (2013). „Регионална распространетост на руралниот туризам во ридско-планинските подрачја“. Во: Зборник на трудови од Меѓународен научен симпозиум: „Проблеми и перспективи на ридско-планинските подрачја“, 13 – 15.9.2013 г., Охрид, Македонија.

Димитров, Н. & Котески, Ц. (2015). Туристичка географија, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Штип.

Дробњаковиќ, М. и Спалевиќ, А. (2017). „Насеља“. Во: М. Радовановић (ур.), Географија Србије, 566–613, Белград: Географски институт „Јован Цвијиќ“ САНУ.

Дробњаковиќ, М. (2019). Развојна улога руралних насеља централне Србије, Белград: Географски институт „Јован Цвијиќ“, Посебно издание, книга 95.

ДЗСРСМ. (различни години). Онлајн-податоци достапни на: <http://makstat.stat.gov.mk>

ДЗСРСМ. (2007). Демографска статистика по региони 1994 – 2004, ДЗС,2.4.6.04.526., Скопје.

ДЗСРСМ. (2008). Номенклатура на територијалните единици за статистика на Република Македонија – НТЕЦ (1.8.8.01 Класификација, методологија, номенклатури и стандарди), Скопје.

ДЗСРСМ. (2017а). Попис на капацитетите во угоститеството во Република Македонија 2016, Скопје.

ДЗСРСМ. (2017б). Статистички преглед: Транспорт, туризам и други услуги, Скопје.

ДЗСРСМ. (2019). Регионите во Република Северна Македонија 2019, Скопје.

Ѓурѓев, Б. и Арсеновиќ, Д. (2015). Популациона динамика у међупописном периоду. Во: В. Никитовић (ур.), Популација Србије почетком 21. века, Београд.

Ѓуровиќ, Д. и Цвејиќ, С. (2011). Рурални туризам као чинилац руралног развоја, Заједнички програм УН-а у Србији, Београд.

Erdelji, I., Gagić, S., Jovičić, A. & Medić, S. (2013). Development of Rural Tourism in Serbia, Journal Settlements and Spatial Planning, 2, 309–315.

EU Commission. (2013). Indicators in the rural development report 2013. (Достапно на:) <http://www. ec.europa.eu/agriculture/stastics/rural-development>

Јеремиќ, Д. (1971). Туристичка регионализација во СР Македонија, Економски институт, Скопје.

Јовичиќ, Ж. (1992). Феноменологија туризма, Научна књига, Београд.

Јосиповиќ, С. Н. (2018). „Погодности амбијента, предузетништво и рурални развој Србије“. (Докторска дисертација), Економски факултет, Универзитет Београд.

Kušen, E. (1995). Turizam na seljačkom gospodarstvu, Turizam 7–8, 127–133.

Маниќ, Е. (2014). Одрживи рурални туризам као фактор развоја руралних подручја: пример Србије, Acta Geographica Bosniae et Herzegovinae, 1, 23–34.

Мариноски, Н. (2012). Туристичка географија, Факултет за туризам и угостителство – Охрид, Охрид.

Мариноски, Н. и Коруноски, С. (2008). Македонија земја на туризмот, Скопје.

Маркоски, Б. (2013). Македонија туристички бисер, Скопје.

Marcouiller, D. W. & Clendenning, G. (2005). The supply of natural amenities; moving from empirical anecdotes to a theoretical basis. Amenities and rural development: Theory, methods and public policy, 6–32, Edward Elgar Cheltenham: UK.

„Мастерплан за одржлив рурален туризам во Србија (2011)“. Програма на Обединетите нации во Србија, 2011.

Методијески, Д. и Димитров, Н. (2018). „Рурален туризам – политика и развој“, Универзитет „Гоце Делчев“– Штип.

Министерство за економија, Влада на РМ. (2012). „Национална стратегија за рурален туризам 2012 – 2017 година“, Сектор за туризам и угостителство, Скопје.

Министерство за животна средина и просторно планирање, Влада на Република Македонија. (2004). „Просторен план на Република Македонија 2004 – 2020 година“, Скопје.

Министарство пољопривреде, шумарства и водопривреде Републике Србије – Сектор за рурални развој. (2009). „Анализа буџетске подршке развоју сеоског туризма у Србији и диверсификацији економских активности на селу“, Београд: Влада Републике Србије.

Намичев, П. (2009). Селската куќа во Македонија, Скопје.

Никитовиќ, В., Предојевиќ-Деспиќ, Ј. и Маринковиќ, И. (2015). „Мигрантско становништво“, Во: Популација Србије почетком 21. века. В. Никитовиќ (ур.) (98–124), Београд: Републички завод за статистика.

OECD. (1994). Creating rural indicators for shaping territorial policy. Paris.

OECD. (2005). The new rural paradigm – policies and governance (Paris: OECD).

Панов, М. (1972). Туристичка географија со основи на туризмот, Факултет за туризам и угостителство – Охрид, Охрид.

Панов, Н. и Штетиќ, С. (2008). Туристичка географија, Скопје.

Пениќ, М. (2015). Квалитет смештајних капацитета као индикатор развијености руралног туризма у Србији. (Докторска дисертација), Универзитет Нови Сад.

Petrović, D. M., Radović, G. & Terzić, A. (2015). An Overview of Agritourism Development in Serbia and European Union Countries, International Journal of Sustainable Economies Management, 4(2), 1–14.

Power, T. M. (2005). The supply and demand for natural amenities: an overview of theory and concepts, In: Green et al. (ed.), Amenities and Rural Development Theory, Methods and Public Policy, Edward Elgar, Cheltenham, UK , Northampton, MA, USA, 63–77.

Pesonen, J. & Tuohino, A. (2016). Rural wellbeing tourism destinations, The Routledge Handbook of Health Tourism, 401.

Просторни план Републике Србије 2010 – 2020 (нацрт). (2010). Републичка агенција за просторно планирање, Министарство животне средине и просторног планирања, Влада Републике Србије. (Достапно на:)

<http://www.nekretnineprostor.com/dokumenta/ Nacrt_prostornog_plana_Srbije_2021.pdf>

Просторни план Републике Србије 2021 – 2035 (2020). Рани јавни увид, (Достапно на:) <https://www.mgsi.gov.rs/lat/dokumenti/rani-javni-uvid-povodom-izrade-prostornog-plana-republike-srbije-od-2021-do-2035-godine>

Radović, G., Petrović, M., Demirović, D., Radovanović, M. & Vuković, N. (2020). Can Proper Funding Enhance Sustainable Tourism in Rural Settings? Evidence from a Developing Country, Sustainability, 18(12), 1–16.

РЗСС. (2012). Попис становништва, домаћинстава и станова 2011. Во: Републици Србији, 42–63. Београд: Републички завод за статистику Србије.

РЗСС. (2013). Попис пољопривреде 2012 године, Пољопривреда у Републици Србији, книга 1 и книга 2, Београд: Републички завод за статистику.

РЗСС. (2015 – 2019). Општине и региони у Републици Србији, 2015 – 2019 године, Београд: Републички завод за статистику Србијае.

РЗСС. (2019). Статистички годишњак Републике Србије, Београд: Републички завод за статистику Србије.

„Службени лист РС“. (2005 – 2025). Закон за туризам (36/2009, 88/2010, 99/2011, 93/2012, 84/2015), Закон за угоститељство (96/2009, 41/2010, 48/2012, 58/2016), Стратегија за развој туризма

Републике Србије (2016 – 2025) (91/06), Стратегија регионалног развоја Републике Србије (2007 – 2012) (55/05 и 71/05), Национална стратегија одрживог развоја (55/05, 71/05, 101/07, 57/08), Правилник о начинима унапређења привредних делатности на селу подржавањем непољопривредних делатности (67/16), Просторни план Републике Србије 2010 – 2020 (88/2010), Уредба о номенклатури статистичких просторних јединица (109/2009 и 46/2010), Национални програм руралног развоја Републике Србије за период 2011 – 2013 (15/11), Национални програм руралног развоја Републике Србије за период 2018 – 2020 (120/17), Национални програм за пољопривреду Републике Србије од 2010 до 2013 године (83/10).

Стратегија развоја туризма Републике Србије 2016 – 2025 (2016). (2016). Београд: Влада Републике Србије. (Достапно на:) <https://mtt.gov.rs/download/3/STRATEGIJA%20RAZVOJA %20TURIZMA %20RS%20%202016-2025.pdf>

Станковиќ, С., Поповиќ, И. и Јовичиќ, Ж. (1998). Регионализација Србије: просторне структуре туризма, Српско Географско друштво, Београд.

Станојловиќ, А. (2008). Оживљавање и развој сеоских насеља у Србији кроз туризам. Во: Село у транзицији (стр. 215–230). Тематски зборник Међународног научног скупа „Власински сусрети 2008“, Завод за проучавање села, Српско удружење за социологију села и пољопривреде, Балканска асоцијација за социологију села и пољопривреде, Београд.

Стојмилов, А. (1993). Туристичка географија, Скопје.

Terzić, A., Petrevska, B. & Petrović, M. (2019). Evaluation methods for sustainable rural tourism development: Issues to be addressed, Agrieconomica, 48(84), 55–64.

Тодоровиќ, М. и Бјељац, Ж. (2007). Основе развоја руралног туризма у Србији, Гласник Српског географског друштва, 87(1), 135–148.

Todorović, M. & Štetić, S. (2009). Ruralni turizam, Geografski fakultet, Beograd.

Туристичка организација Србије. (2017). Каталог сеоских туристичких домаћинстава. <https://www.srbija.travel/files/Katalog%20seoskih%20turistickih%20domacinstava.pdf>

Cvijanović, D. & Ruzić, P. (2017). Ruralni turizam, Vrnjaćka Banja.

Ќурчиќ, Н., Павловиќ, Н. и Станојловиќ, А. (2010). Активирање Бечејских салаша на туристичком тржишту, Гласник српског географског друштва, 90(2), 225–245.

Urry, J. (2000). Sociology beyond societies: mobilities for the twenty-first century. New York: Routledge.



Куќа со приемје и два ката, с. Нерези, Дебарски Дримкол (Република Северна Македонија), Автор на цртеж: Петар Намичев, Извор: Намичев (2009:187).

# 4 ГЛАВА

# ИЗБРАНИ РЕТКО НАСЕЛЕНИ РУРАЛНИ ПРОСТОРИ СО ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА ТУРИСТИЧКИ РАЗВОЈ

**Билјана ПЕТРЕВСКА**
**Никола ДИМИТРОВ**
**Петар НАМИЧЕВ**

# ИЗБРАНИ РЕТКО НАСЕЛЕНИ РУРАЛНИ ПРОСТОРИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА ТУРИСТИЧКИ РАЗВОЈ

## ПРЕДЛОГ-ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА 1: Б'С И ВАРОВИШТЕ (РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА)




Слика 1: Локација на предлог-туристичката дестинација 1 во Република Северна Македонија, бр. 1, Б'с, и бр. 2, Варовиште

Предложената туристичка дестинација 1 во Република Северна Македонија се состои од селата Б'с и Варовиште (слика 1). Според Номенклатурата на територијалните единици за статистика (НТЕС) ниво 3, овие села припаѓаат на Североисточниот статистички регион (слика 2).

Североисточниот статистички регион географски се наоѓа во североисточниот дел на Република Северна Македонија и ги зафаќа териториите на шест (6) административни општини (Куманово, Липково, Старо Нагоричане, Ранковце, Кратово и Крива Паланка). Поконкретно, го опфаќа географскиот простор на планините (Козјак, Герман, Билина Планина, Руен, Скопска Црна Гора и Осоговски Планини), котлините (Кумановска и Кривопаланечка Котлина), речните долини и клисурите (река Пчиња, Крива Река и Кратовска Река), вештачките езера (Липковско Езеро и

Глажња), термалните води (Проевце и Стрновац) и др. Оваа област природно географски се именува и како Жеглигово (за Кумановско) и Славишко Поле (за Кривопаланечко). Од посебно значење за развој на руралниот туризам за ова подрачје претставува близината на Куманово, близината на границата, односно меѓународните патни правци кон Србија и Бугарија.




Слика 2: Локација на предлог-туристичката дестинација 1 во Република Северна Македонија

Регионот има одлична сообраќајна поврзаност и инфраструктурна опременост, па оттука и туристички се развива, и тоа првенствено планинскиот туризам, културно-историскиот туризам и манастирскиот туризам. Сепак, според бројот на регистрирани туристи и остварени ноќевања, Североисточниот Регион значително заостанува зад водечките региони во Република Северна Македонија: Југозападен, Скопски и Југоисточен. Во Регионот се евидентирани одвај 0,9 % од вкупниот број туристи и 0,4 % од вкупно евидентираните ноќевања во Република Северна Македонија во 2019 година (ДЗСРСМ, онлајн-податоци), па просечната должина на престој изнесува само 1,3 дена.

Североисточниот Регион располага со одлични природни услови за развој на рурален туризам поради многубројните природни и антропогени атракции.

ТУРИСТИЧКИ ЦЕНТРИ: Куманово, Кратово, Крива Паланка, Парк „Гиновци" и Старо Нагоричане.

ПРИРОДНИ АТРАКЦИИ:

Камени и денудациони форми (Кокино и Куклица), базалтни плочи „Костоперска карпа" (Младо Нагоричане), остатоци од мали вулкански купи, вулкански бомби, планините Осогово (2.252 м), Козјак, Герман и Билина Планина, реките Крива Река и Пчиња, вештачките езера Липковско и Глажња, живописна флора и разновидна фауна. Реките во овој регион им припаѓаат на две сливни подрачја, и тоа на Егејското сливно подрачје, преку реката Пчиња – левата притока на Вардар, и на Црноморското сливно подрачје – преку малите реки кои течат кон Биначка Морава, а оттаму во Јужна Морава, па во Велика Морава, и преку Дунав, до Црно Море.

АНТРОПОГЕНИ АТРАКЦИИ:

Манастири: „Св. Јоаким Осоговски" (Крива Паланка), Црква „Св. Ѓорѓи" (Старо Нагоричане).

Културно-историски споменици: Мегалитска опсерваторија „Кокино", „Цоцев Камен", Големо Градиште, Спомен-музеј „АСНОМ" (Пелинце), музеи во Куманово, Кратово и Крива Паланка.

Манифестации: „Тумба фест" (Куманово), „Златни денови" (Кратово), „Денови на комедија" (Куманово) и др.

## **СЕЛО 1: Б'С** (слика 3)

Регион: Североисточен статистички регион (НТЕС3)

Општина: Крива Паланка

Површина: 6,7 $км^2$

Надморска висина: 1.210 м

Население:

Табела 1: Население во село Б'с

| Година | 1900[1] | 1948[2] | 1961[2] | 1994[2] | 2002[2] | 2019[3] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 123 | 183 | 186 | 74 | 63 | 20 |

Извори:
[1] Кънчов (1900: 224).
[2] ДЗС (различни години).
[3] Процена на авторите според теренско истражување.



Слика 3: Панорама на Б'с
Извор: Фотографија на Билјана Петревска (коавтор)

## ПРИРОДНИ МОТИВИ НА Б'С

Селото Б'с е мало планинско село, сместено на северните падини на планината Осогово, во сливот на Дурачка Река, а во извориштиот дел, на Крива Река. Оддалечено е 12 км од Крива Паланка и село со најкратко име во Република Северна Македонија. Има мала површина на која доминираат шуми, пасишта и обработлива површина. Лоцирано е во исклучително чиста животна средина и обилува со прекрасни природни мотиви (слика 4). Посебно е карактеристичен мирисот

на цветот на дрвото боз (Sambucus nigra) од кој се прави чај што се користи при лекување на болестите на дишните патишта.



Слика 4: Природни мотиви на Б'с
Извор: Фотографии на Билјана Петревска (коавтор)

## АНТРОПОГЕНИ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИ МОТИВИ НА Б'С

Како мало село, Б'с има малку антропогени мотиви кои убаво се надоврзуваат на веќепостојната понуда од манастирскиот комплекс кој се наоѓа во непосредното опкружување. На влезот на селото има простор на кој е планирано да биде подигнат мал верски објект (слика 5а), каде што обично се собираат селаните за да ги одбележат верските празници Духовден, Свети Марко и Света Петка. Во селото има и чешма (слика 5б) која дополнително го збогатува просторот.




Слика 5а: Простор со верски објект во изградба Слика 5б: Селска чешма

Слика 5: Антропогени и етноамбиентални мотиви на Б'с
Извор: Фотографии на Билјана Петревска (коавтор)




Извор: Фотографии на Билјана Петревска (коавтор)




Извор: Намичев и Намичева (2018)
Слика 6: Селската архитектура во Б'с

Куќите во селото Б'с се поставени во разбиен тип, формираат маала и имаат карактеристична архитектура (слика 6). Првобитно, куќите имале еден простор (т.н. плетеници), каде што во средината се градело огниште околу кое се собирале семејството и блиските. Подоцна, архитектонската градба се развива, па просторот се дели на дел за престој (огниште) и дел за добиток, со импровизирана ограда од вертикални колци и испреплетена со прачки. Куќите најпрво имале едноставна градба, со дрвени вкопани столбови, со плетени ѕидови, премачкани со смеса од кал и покриени со слама (т.н. чуканица). Од покуќнинска опрема во старата селска куќа се употребувале дрвени сандаци за чување брашно за месење (т.н. ноќви) и амбари за чување на брашното. Подоцна, со текот на времето, како што се зголемувала бројноста на семејствата, се градат поголеми куќи, со три одаи и со побогата куќна опрема (Намичев и Намичева 2018).

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИ МОТИВИ НА Б'С

Селото Б'с има солидна инфраструктурна опременост. Во селото нема наменски комерцијални сместувачки капацитети. Основа за развој на туристичката понуда се рецептивните можности на Крива Паланка како главен урбан центар и хотелскиот комплекс кај манастирот „Св. Јоаким Осоговски" (2 км). Дополнително, се забележуваат сè поголемиот број обновени стари селски куќи, но и нови (слика 7), кои сè уште не нудат сместување за посетители и туристи, туку само за потребите на локалното население кое најчесто живее во Крива Паланка или во Скопје.



Извор: Фотографии на Билјана Петревска (коавтор)
Слика 7: Рецептивни мотиви на Б'с

## **СЕЛО 2: ВАРОВИШТЕ** (слика 8)

Регион: Североисточен статистички регион (НТЕС3)

Општина: Крива Паланка

Површина: 4,5 $км^2$

Надморска висина: 1.114 м

Население:

Табела 2: Население во село Варовиште

| Година | 1900[1] | 1948[2] | 1961[2] | 1994[2] | 2002[2] | 2019[3] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 90 | 213 | 192 | 108 | 87 | 30 |

Извори:
[1] Кънчов (1900: 224).
[2] ДЗС (различни години).
[3] Процена на авторите според теренско истражување.



Слика 8: Панорама на Варовиште
Извор: Фотографија на Биљана Петревска (коавтор)

## ПРИРОДНИ МОТИВИ НА ВАРОВИШТЕ

Варовиште е мало планинско село сместено во подножјето на Осоговските Планини, на левиот брег на Крива Река, на 16 км од Крива Паланка. Многубројните природни мотиви (слика 9) го прават интересно за посета како надополнување на понудата од манастирот „Св. Јоаким Осоговски“, оддалечен само 4 км. Климата е пријатна, а доминира шумска површина надополнета со обработливо земјиште. Атарот на селото има и пасишта кои сѐ повеќе се користат за одгледување стока за комерцијални цели како мали приватни иницијативи. Еколошката средина му дава на селото дополнителна вредност како погодна дестинација за релаксирање, пешачење и престој (езерце Влашки Колиби, излетничко место „Калин Камен“, Ловечката куќа порано позната

како Гумова ливада, итн.). Низ планинските патеки постојат интересни геоморфолошки форми кои се надоврзуваат на природните мотиви на Варовиште и го прават интересно за посета.



Слика 9: Природни мотиви на Варовиште
Извор: Фотографии на Билјана Петревска (коавтор)

## АНТРОПОГЕНИ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИ МОТИВИ НА ВАРОВИШТЕ

Антропогените мотиви (слика 10) на селото Варовиште може да бидат дополнителна понуда при посета на манастирскиот комплекс „Св. Јоаким Осоговски". Селото е поделено на маала, па и народните културни традиции и чествувања се разликуваат. Така, Горно Маало во Варовиште го чествува верскиот празник Спасовден како главна селска слава, а Долно Маало прави собор во чест на Петковден (27 октомври). Тогаш, селаните од Варовиште, но и од околината, се собираат кај обновениот крст во чест на Преп. Параскева (Петка) Епиватска (слика 10а). Низ селото и околината има селски чешми (слика 10б) кои го дополнуваат етноамбиентот.



Слика 10а: Крст „Св. Петка“



Слика 10б: Селска чешма

Слика 10: Антропогени мотиви на Варовиште
Извор: Фотографии на Билјана Петревска (коавтор)

Во селото Варовиште сѐ уште се среќаваат стари куќи со карактеристична традиционална градба (слика 11). Селото е од разбиен тип, што значи дека куќите се лоцирани насекаде, но, генерално, во две маала. Најпрво, куќите биле еднопросторни, градени на теренот на планинските пасишта. Семејството престојувало во одајата со огниште, кое најпрво се поставувало на средината, а подоцна било прилепено до ѕидот. Заради огнот, куќите се граделе од камен ѕид во кој се оставале отвори за складирање предмети. На едната страна од просторијата, покрај ѕидот, се поставувала полица од камен за оставање предмети при подготовката на храна. Подоцна, со порастот на семејството, просторното решение се трансформирало, па покрај главната одаја со огништето, имало и други две-три одаи (Намичев и Намичева 2018).



Извор: Фотографија на Билјана Петревска (коавтор)



Извор: Намичев и Намичева (2018)

Слика 11: Селска архитектура во Варовиште

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИ МОТИВИ НА ВАРОВИШТЕ

Инфраструктурната опременост на Варовиште е задоволителна. Поради блискоста до манастирскиот комплекс „Св. Јоаким Осоговски“ и до градот Крива Паланка, во селото нема комерцијални сместувачки капацитети. Сепак, старите куќи се обновуваат и се градат нови (слика 12) што е добра рецептивна основа за туристички и економски развој.



Слика 12: Рецептивни мотиви на Варовиште
Извор: Фотографии на Билјана Петревска (коавтор)

## ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ПРЕДЛОГ-ТУРИСТИЧКАТА ДЕСТИНАЦИЈА 1

На графиконот 1, прикажана е туристичката валоризација на предлог-дестинацијата 1 врз основа на оценувањето на пет индикатори за руралниот капитал кои се однесуваат на природниот капитал, културниот капитал, инфраструктурниот (физичкиот) капитал, општествениот (човечки и организациски фактори) капитал и на економскиот капитал. (Индикаторите се подетално објаснети во воведниот дел.) Од графиконот се заклучува дека предлог-дестинацијата 1 (селата Б’с и Варовиште) добила средни до ниски оценки врз основа на сите индикатори за рурален капитал. Во продолжение, тие се накратко појаснети.




Графикон 1: Туристичка валоризација на предлог-дестинацијата 1: Б'с и Варовиште (Република Северна Македонија)

Оценка на природниот капитал. Дестинацијата 1 (селата Б'с и Варовиште), која се предлага како потенцијална за развој на туризмот, претставува дел од Југоисточниот Регион на Република Северна Македонија. Анализираните села се сместени во планински дел, во чиста животна средина, со богати природни мотиви. Поволните климатски услови и атрактивните природни ресурси нудат реални потенцијали за развој на рурален и друг вид туризам. Понудата за потенцијални туристички активности, кои може да ја дополнат веќепостојната понуда, е голема. И додека сè од претходнонаведеното има релативно средно-висока оценка, ограничениот носечки капацитет на дестинацијата и непостоењето систем за заштита на природните ресурси (оценки 2 и 1 за двете села), значително влијаат на намалувањето на средната оценка на 2,7, за природниот капитал на предлог-дестинацијата (Б'с 2,8 и Варовиште 2,5).

Оценка на културниот капитал. Предложената дестинација нуди автентична рурална средина, со доволен број антропогени мотиви (етнографија, традиција и архитектура) кои се наоѓаат во солидна состојба. Со тоа се придонесува за одлично надоврзување на урбаната понуда на Крива Паланка и на манастирскиот комплекс „Св. Јоаким Осоговски". Исклучок претставуваат недостигот на забавна содржина на дестинацијата и отсуството на системот за заштита на културните ресурси, па оттука, средната оценка за културниот капитал на предлог-дестинацијата е 2,2 (Б'с 2,3 и Варовиште 2).

Оценка на инфраструктурниот капитал. Двете села се лоцирани на многу мала оддалеченост од Крива Паланка (10-12 км), која е главен урбан центар, и манастирскиот комплекс „Св. Јоаким Осоговски" (2-4 км), што дава солидна оценка за тој дел од инфраструктурната опременост (одлична сообраќајна пристапност, одлична пристапност до туристички содржини и солиден квалитет на сообраќајност), сепак инфраструктурниот капитал на предлог-дестинацијата е оценет со средна оценка 1,9 (Б'с 1,7 и Варовиште 2). Имено, селата сè уште не нудат наменски комерцијални сместувачки објекти, па оттука, нема можност да се оценува квалитетот на

услужниот сектор. Од друга страна, селата располагаат со обновени традиционални куќи (или куќи со интересна архитектура кои може да се обноват), но и со новоизградени куќи (викендички) кои нудат основни услови за престој. Сепак, потребно е дополнително уредување и подобрување на постојната инфраструктура.

Оценка на општествениот (човечки и организациски) капитал. Најголем проблем за поддршка и иницирање на развојот на активностите за рурален туризам претставува исклучително малиот број постојани жители. Од табелите 1 и 2 се забележува огромен континуиран пад на бројот на жители во двете села. Така, во селото Б'с, во споредба со официјалниот попис од 1948 година, кога во селото постојано живееле 183 жители, сега престојуваат одвај 20-ина, додека во селото Варовиште, од 192 постојани жители (1948 година), во 2019 година се проценува дека има 30-ина жители. Намалувањето на бројот на постојаните жители за 90 % (Б'с) и за 85 % (Варовиште) укажува на исклучително неповолната положба и замирањето на анализираните села. Ако се додаде и неповолната старосна и образовна структура, оттука произлегува ограниченоста со човечки ресурси. Воедно, не постои забележителна институционална поддршка за поттикнување и одржување на развојот на селата. Во селото Варовиште опстојува месната заедница „Варовиште" која е релативно активна, работи на доброволна основа и самофинансирање. Иницијативите, иако се скромни, сепак треба да се почитуваат, но резултатите се парцијални и изолирани. Обновувањето на старите селски куќи и градењето нови на семејните имоти, се ретки приватни активности на поранешните жители на селото, вљубеници во семејната традиција. Освен високата перцепција за гостопримство од малобројните жители останати во селата, сето останато од аспект на човечки и организациски фактори е оценето со ниска оценка за предлог-дестинацијата од 2,3 (Б'с 2,2 и Варовиште 2,4). Засега, не е познато дека постојат конкретни планови и предлози за активно вклучување на селата Б'с и Варовиште во збогатувањето на постојната туристичка понуда на Крива Паланка.

Оценка на економскиот капитал. Сепак, има жители кои се активни и кои покажуваат интерес за нудење угостителско-туристички услуги, но само за време на летниот период. Поради ниската економска моќ, жителите живеат скромен живот со многу мали можности за инвестиции и подобрување на животниот стандард. Оттука, нема значајни претприемачки иницијативи и инвестиции, па економскиот капитал на предлог-дестинацијата е оценет ниско, со средна оценка 2,1 (Б'с 2 и Варовиште 2,2).

---

## ПРЕДЛОГ-ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА 2: КОНСКО, СЕРМЕНИН И ХУМА (РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА)




Слика 13: Локација на предлог-туристичката дестинација 2 во Република Северна Македонија бр. 3 Конско, бр. 4 Серменин и бр. 5 Хума

Предложената туристичка дестинација 2 во Република Северна Македонија се состои од селата Конско, Серменин и Хума (слика 13). Според Номенклатурата на територијалните единици за статистика (НТЕС), ниво 3, овие села припаѓаат на Југоисточниот статистички регион (слика 14).




Слика 14: Локација на предлог-туристичката дестинација 2 во Република Северна Македонија

Југоисточниот статистички регион географски се наоѓа во југоисточниот дел на Република Северна Македонија и ги зафаќа териториите на десет (10) општини (Струмица, Радовиш, Конче, Ново Село, Василево, Босилово, Дојран, Богданци, Валандово и Гевгелија). Поконкретно, го опфаќа географскиот простор на планините (Беласица, Кожуф, Огражден, Плачковица, Серта–Конечка, Градешка, Плауш, Марјанска и др.), котлините (Струмичко-радовишка и Гевгелиско-валандовска), езерата (Дојранско Езеро, Водоча и Турија), речните долини (Вардар, Струмица, Крива Лакавица, Коњска и др.), клисурите (Демир Капија), остатоци од стар вулкански релјеф (Пилав Тепе) и друго.

Регионот има одлична сообраќајна поврзаност (автопат и железничка пруга) и инфраструктурна опременост, па оттука и туристички се развива, и тоа првенствено езерскиот туризам, бањскиот туризам, планинскиот туризам, верскиот туризам, културно-историскиот туризам и казино-туризмот. Овој регион е туристички релативно добро развиен, по Југозападниот и Скопскиот Регион. Во него се евидентирани 14,1 % од вкупниот број туристи и 17,2 % од вкупно евидентираните ноќевања во Република Северна Македонија во 2019 година (ДЗСРСМ онлајн-податоци). Притоа, просечната должина на престојот изнесува 3,3 дена, што е многу блиску до Југозападниот Регион (3,6 дена) кој е најразвиен во земјата.

Југоисточниот Регион располага со одлични природни услови за развој на руралниот туризам поради многубројните природни и антропогени атракции.

ТУРИСТИЧКИ ЦЕНТРИ: Дојран, Гевгелија, Струмица, Валандово, Радовиш, Ски-центар „Кожуф“, руралните населби со скромни услови за туризам – Смоларе, Колешино и Банско.

ПРИРОДНИ АТРАКЦИИ:

Разновиден релјеф и геоморфолошка конфигурација, од низински предели до високи планински терени, од планините Кожуф (2.132 м), Беласица и Огражден, Дојранско Езеро (27,1 км$^2$), Моноспитовско Блато, Смоларски Водопад (39 м), Колешински и Габровски Водопади, Демиркаписка Клисура, Негорска Бања и Бања Банско, Пештера Бела Вода и др. Реките во овој регион им припаѓаат на две сливни подрачја, и тоа: Егејското сливно подрачје, преку главните реки Вардар (301 км) и Струмица, и затвореното сливно подрачје на Дојранското Езеро.

АНТРОПОГЕНИ АТРАКЦИИ:

Археолошки локалитети: Исар Марвинци, Вардарски Рид и Цареви Кули.

Манастири: „Св. Леонтиј“ (Водоча), „Св. Богородица Милостива Елеуса“ (Велјуса), „Св. Петнаесет Тивериополски маченици“ (Струмица), „Св. Ѓорѓи“ (Валандово) и др.

Културно-историски споменици: Цареви Кули, Струмин Гроб, Римска Терма во Бања Банско, музеите во градовите: Струмица, Гевгелија, Радовиш и Дојран.

Манифестации: „Струмички карневал“ (Струмица), „Смоквијада“ (Гевгелија), „Ракијада“ (Валандово ), „Дојрански ракувања“ и „Д-фестивал“ (Дојран) итн.

## **СЕЛО 1: КОНСКО** (слика 15)

Регион: Југоисточен статистички регион (НТЕС3)

Општина: Гевгелија

Површина: 66,3 $км^2$

Надморска висина: 780 м

Население:

Табела 3: Население во село Конско

| Година | 1900[1] | 1948[2] | 1961[2] | 1994[2] | 2002[2] | 2019[3] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 560 | 111 | 19 | 0 | 4 | 2 |

Извори:
[1] Кънчов (1900: 152).
[2] ДЗС (различни години).
[3] Процена на авторите според теренско истражување.



Слика 15; Панорама на Конско
Извор: Фотографија на Никола Димитров (коавтор)

## ПРИРОДНИ МОТИВИ НА КОНСКО

Селото Конско е планинско село, на 24 км оддалеченост од Гевгелија, лоцирано под југоисточната падина на планината Кожуф. Низ селото поминува Конска Река која се влева во реката Вардар, а со својата вкупна должина од 30 км, таа поминува и низ селата Ново Коњско и Моин. Во тек е изградбата на брана со висина од околу 80 м, со која ќе се формира вештачко езеро (ГИ „Македонија", 2014: 163).

Се очекува браната и езерото, покрај користење за наводнување и пиење, да му дадат дополнителна вредност на просторот. Селото е лоцирано во чиста животна средина, со доминација на дабовата и буковата шума, а се среќава и ендемичното дрво т.н. „гол човек". Постојат остатоци од стари вулкански купи кои може да служат како видиковци, надополнети со интересни геоморфолошки облици од палеовулкански карпи. На слика 16 е прикажан дел од природниот амбиент на селото Конско.



Слика 16: Природни мотиви на Конско
Извор: Фотографии на Никола Димитров (коавтор)

## АНТРОПОГЕНИ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИ МОТИВИ НА КОНСКО



Слика 17а: Црква „Св. Димитриј“



Слика 17б; Црква „Св. Илија“, Смрдлива Вода



Слика 17в; Камбанаријата на црквата „Св. Димитриј“



Слика 17г: Селска чешма

Слика 17: Антропогени и етноамбиентални мотиви на Конско
Извор: Фотографии на Никола Димитров (коавтор)

Во селото Конско се наоѓаат главната селска црква „Св. Димитриј" (датира од 1858 година, а иконописана е во 1937 година) (слика 17а), а во Одморалиштето „Смрдлива Вода" се наоѓа новоизградената црква „Св. Илија" (слика 17б). Двете цркви, заедно со останатите антропогени мотиви, како камбанаријата на старата црква (слика 17в) и селската чешма во близината на црквата (слика 17г), го збогатуваат просторот и му даваат дополнителна вредност.

Во Конско, како и во околните села, се негуваат локалниот фолклор и традицијата. Селото воедно е познато и по негувањето на ловот како дел од традицијата, па така, дивечот секогаш бил дел од трпезата. Најголем дел од селскиот атар го зафаќаат две ловишта кои се активни во поголемиот дел, а едно е од затворен тип. Ловиштата ги посетуваат и странски ловции. Селска слава е Св. Димитрија (8 ноември), а се организира и народен собир во чест на светецот Илија (2 август). Конско има и карактеристична селска архитектура (слика 18) која претставува дополнителен антропоген мотив.



Слика 18. Селска архитектура
Извор: Фотографија на Никола Димитров (коавтор)

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИ МОТИВИ НА КОНСКО

Селото Конско има солидна инфраструктурна опременост. Низ него поминува регионалниот пат Гевгелија – Ски-центар „Кожуф". Посебно се значајни рецептивните можности (слика 19) кои ги нудат Туристичката населба „Смрдлива Вода" (слика 19а) и Планинарскиот дом „Томе-Кротки" (слика 19б). Во селото има стари, реновирани куќи и нови викендички. Во близина на селото се гради вештачкото езеро „Конско" кое се очекува да обезбеди вода за пиење на главниот урбан центар Гевгелија, но и за наводнување на околу 8.000 хектари обработливо земјиште. Планирано е водата да се користи и за спорт, рекреација, риболов, а низводно, под браната, и за производство на електрична енергија. Според проектот, езерото ќе нуди нова содржина за развој на рурален туризам не само во Конско туку и во блиските села Серменин и Хума.



Слика 19а: Туристичка населба „Смрдлива Вода"



Слика 19б: Планинарски дом „Томе-Кротки"

Слика 19; Комуникативно-рецептивни мотиви на Конско
Извор: Извор: Фотографии на Никола Димитров (коавтор)

## СЕЛО 2: СЕРМЕНИН (слика 20)

Регион: Југоисточен статистички регион (НТЕС3)

Општина: Гевгелија

Површина: 71,9 $км^2$

Надморска висина: 540 м

Население:

Табела 4: Население во село Серменин

| Година | 1900[1] | 1948[2] | 1961[2] | 1994[2] | 2002[2] | 2019[3] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 480 | 619 | 502 | 18 | 18 | 7 |

Извори:
[1] Кънчов (1900: 152).
[2] ДЗС (различни години).
[3] Процена на авторите според теренско истражување.



Слика 20: Панорама на Серменин
Извор: Фотографија на Никола Димитров (коавтор)

## ПРИРОДНИ МОТИВИ НА СЕРМЕНИН

Серменин е планинско село, сместено во југоисточната падина на планинските масиви на Кожуф Планина, на 20 км оддалеченост од Гевгелија. Обилува со многу природни мотиви (слика 21) благодарение на Серменска Река, водопадот, изворите и малото вештачко езеро. Пријатната блага и умерена клима нуди наизменична промена на топлиот и на ладниот воздух, па надополнета со дабова и букова шума создава „воздушна бања". Од тие причини, чистиот планински воздух го прави Серменин погоден за одмор и за лекување на респираторни и белодробни заболувања. Во непосредната околина постојат интересни геоморфолошки форми на карпи и пештери кои го надополнуваат природниот амбиент. Воедно, чистата животна средина полна со пасишта и обработлива површина е корисна при производството на надалеку познатиот серменински мед.



Слика 21: Природни мотиви на Серменин
Извор: Фотографии на Никола Димитров (коавтор)

## АНТРОПОГЕНИ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИ МОТИВИ НА СЕРМЕНИН

Селото Серменин изобилува со антропогени мотиви (слика 22) кои, збогатувајќи го просторот, му даваат посебна карактеристика. Главната селска црква „Св. Георгиј“ (датира од 1834 година, а обновена е во 1940 година) (слика 22а), заедно со црквата „Св. Илија“ (именувана како Серменски манастир) се централни места за одржување на селски прослави и верски дружења. Така, таму масовно и традиционално се прославуваат македонскиот национален и православен празник Илинден (слика 22б) и Шетањето на светците (Втор ден Велигден) (слика 22в). И двата настана имаат локален музички и гастрономски карактер. Воедно, селото Серменин има карактеристична селска архитектура (слика 23) која го надополнува руралниот амбиент.



Слика 22а: Црква „Св. Георгиј“



Слика 22б: Селска прослава



Слика 22в: Верски настан



Слика 22г: Селска чешма

Слика 22: Антропогени мотиви на Серменин
Извор: Фотографии на Никола Димитров (коавтор)





Извор: Фотографии на Никола Димитров (коавтор)
Слика 23: Селска архитектура во Серменин

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИ МОТИВИ НА СЕРМЕНИН

Селото Серменин има солидна инфраструктурна опременост и рецептивни можности (слика 24). Голем број од старите објекти се реконструирани, а изградени се и околу 100-тина нови викендички кои посебно се посетени во летниот период. Како најкарактеристичен пример е етнокуќата „Серменински чардак" (слики 24а-б) која го надополнува прекрасниот природен амбиент на селото.



Слика 24а и 24б: Ресторан „Серменински чардак"

Слика 24: Комуникативно-рецептивни мотиви на Серменин
Извор: Фотографии на Никола Димитров (коавтор)

## СЕЛО 3: ХУМА (слика 25)

Регион: Југоисточен статистички регион (НТЕС3)

Општина: Гевгелија

Површина: 42,3 $км^2$

Надморска висина: 850 м

Население:

Табела 5: Население во село Хума

| Година | 1900[1] | 1948[2] | 1961[2] | 1994[2] | 2002[2] | 2019[3] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 390 | 380 | 44 | 0 | 2 | 2 |

Извори:
[1] Кънчов (1900: 152).
[2] ДЗС (различни години).
[3] Процена на авторите според теренско истражување.



Слика 25: Панорама на Хума
Извор: Фотографија на Никола Димитров (коавтор)

## ПРИРОДНИ МОТИВИ НА ХУМА

Планинското село Хума е сместено во југоисточната падина на планината Кожуф, на 20 км оддалеченост од Гевгелија. Сместено во природна чиста животна околина (слика 26) нуди многубројни можности за интересни содржини во планина и во шума. Природниот амбиент го збогатуваат разновидни карпи, пештери и други геоморфолошки форми кои прошетките низ дабовата и буковата шума ги прават дополнително пријатни за уживање.



Слика 26: Природните мотиви на Хума
Извор: Фотографии на Никола Димитров (коавтор)

## АНТРОПОГЕНИТЕ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИТЕ МОТИВИ НА ХУМА

Во селото Хума се наоѓа главната селска црква „Св. Пантелејмон“ (19 век) (слика 27а) која има богат фрескоживопис. Таа е централно место за одржување на селската слава во чест на светецот Пантелејмон (8 август), кога се одржуваат панаѓурски денови како важен локален настан на летната сцена (слика 27б). Во центарот на селото се наоѓа Спомен-плоча во чест на паднатите борци на НОБ (слика 27в) и заедно со неколкуте селски чешми (слика 27г), дополнително го збогатуваат просторот. Кон тоа придонесува и карактеристичната селска архитектура (слика 28).



Слика 27а: Црква „Св. Пантелејмон“



Слика 27б: Летна сцена




Слика 27в: Спомен-плоча



Слика 27г: Селска чешма

Слика 27: Антропогени и етноамбиентални мотиви на Конско
Извор: Фотографии на Никола Димитров (коавтор)



Извор: Фотографии на Никола Димитров (коавтор)
Слика 28: Селска архитектура во Хума

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИ МОТИВИ НА ХУМА

Селото Хума има солидна инфраструктурна опременост, со асфалтиран пат и селски водовод. Покрај старите селски куќи кои постепено се реновираат, се градат и нови викендички, кои претставуваат потенцијални рецептивни капацитети, посебно во летните месеци и околу селската слава (слика 29а-в). Во непосредното опкружување, кај Туристичката населба „Смрдлива Вода“, има ресторан кој нуди широк спектар на национална храна и специјалитети на скара.



Слика 29а: Уреден двор на селското училиште



Слика 29б: Нова куќа



Слика 29в: Викенд-куќи

Слика 29: Комуникативно-рецептивни мотиви на Хума
Извор: Фотографии на Никола Димитров (коавтор)

## ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ПРЕДЛОГ-ТУРИСТИЧКАТА ДЕСТИНАЦИЈА 2

На графиконот 2, прикажана е туристичката валоризација на предлог-дестинацијата 2, врз основа на оценувањето со пет индикатори за руралниот капитал, кои се однесуваат на: природниот капитал, културниот капитал, инфраструктурниот (физичкиот) капитал, општествениот (човечки и организациски фактори) капитал и економскиот капитал. (Индикаторите се подетално објаснети во воведниот дел.) Од графиконот 2 се заклучува дека предлог-дестинацијата 2 има ниски оценки врз основа на анализираните индикатори, со изразено низок економски и општествен капитал. Од анализираните села, за нијанса се истакнува селото Конско, со повисоко оценети индикатори, во споредба со останатите села. Во продолжение, накратко се појаснети индикаторите за рурален капитал.




Графикон 2: Туристичка валоризација на дестинацијата 2: Конско, Серменин и Хума (Република Северна Македонија)

Оценка на природниот капитал. Дестинацијата 2 (Конско, Серменин и Хума) која се предлага како потенцијална за развој на туризам е дел од Југоисточниот статистички регион на Република Северна Македонија. Сите села се планински лоцирани на 540 до 850 м н. в., во чиста природна средина со многу вода, интересни геоморфолошки облици и доминација на шума. Природните ресурси се атрактивни и креираат прекрасни природни пејзажи за релаксација и уживање. Берењето билки, јавањето коњи и магариња, пешачењето, параглајдерството (Конско и Серменин), скијањето на планината Кожуф и многу други активности постојат како можност за рекреација и за туризам. Ограниченоста на капацитетот на дестинацијата и недостатокот на систем на заштита на природните ресурси, се главните ограничување на природниот капитал на оваа предлог-дестинација која е оценета со средна оценка 2,5 (Конско 2,8, Серменин 2,5 и Хума 2,3).

Оценка на културниот капитал. Во анализираните села има културни ресурси (споменици, цркви, чешми, селска архитектура, нематеријално културно наследство и сл.) кои го облагородуваат селскиот атар и ѝ даваат на дестинацијата дополнителна вредност креирајќи

интересен рурален амбиент. Сепак, отсуството на забавни содржини, што би привлекле интерес кај посетителите, заедно со слабата заштита на постојните културни ресурси, креираат слаб културен капитал на предлог-дестинацијата, со вкупна средна оценка 2 (Конско 2,2, Серменин 2 и Хума 1,7).

Оценка на инфраструктурниот капитал. Предложените села се релативно пристапни, но со слаба туристичка инфраструктура. Ограничениот број сопствени комерцијални угостителски капацитети прават предлог-дестинацијата да има ниско ниво на квалитет на услужниот сектор и ниска вкупна средна оценка на физичкиот капитал што изнесува 1,9 (Конско 2,2, Серменин 2 и Хума 1,5). Поради очекувањата за изградба на вештачкото езеро „Конско“, ова село се оценува дека има подобри инфраструктурни потенцијали од останатите анализирани села.

Оценка на општествениот (човечки и организациски) капитал. Предложената дестинација е речиси во целост напуштена, бидејќи проценките на терен, во 2019 година, покажаа само двајца постојани жители во селата Конско и Хума, и седум во селото Серменин. (Подетално за рапидното континуирано намалување на бројот на постојаните жители во анализираните села, може да се види во табелите 3, 4 и 5). Така, со 98-99,5 % намалување на бројот на постојаните жители, во споредба со официјалниот попис во 1948 година, дестинацијата практично нема човечки ресурси за да иницира заживување. И покрај видливо покажаната гостопримливост на неколкутемина кои постојано живеат на оваа дестинација, поради нивната старост и ниското образовно ниво, тие не можат да покажат поконкретни иницијативи за развој на туризмот. Изолирани и парцијални повремени иницијативи се среќаваат само кај оној дел од локалната заедница кои престојуваат за време на летниот период. Големиот број обновени куќи и нови викендички (село Серменин) прават овој простор само привремено да живее. Исклучително ограничениот човечки фактор и слабите организациски услови прават предлог-дестинацијата да има слаб општествен капитал, оценет со вкупна средна оценка 1,9 (Конско 2,2, Серменин 1,8 и Хума 1,6).

Оценка на економскиот капитал. На слабиот општествен рурален капитал се надоврзува многу слабиот економски капитал (средната оценка за сите села изнесува 1). Без човечки ресурси не може да се очекува заживување на селата. Нема кој да иницира организирана претприемачка активност бидејќи исклучително малиот број постојани жители се карактеризираат со слаба економска моќ.

---

## ПРЕДЛОГ-ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА 3: ВЕЛМЕВЦИ, ГОЛЕМО ИЛИНО И ЖЕЛЕЗНЕЦ (РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА)




Слика 30: Локација на предлог-туристичката дестинација 3 во Република Северна Македонија бр. 6 Велмевци, бр. 7 Големо Илино и бр. 8. Железнец

Предложената туристичка дестинација 3 во Република Северна Македонија се состои од селата Велмевци, Големо Илино и Железнец (слика 30). Според Номенклатурата на територијалните единици за статистика (НТЕС) ниво 3, овие села му припаѓаат на Пелагонискиот статистички регион (слика 31).




Слика 31: Локација на предлог-туристичката дестинација 3 во Република Северна Македонија

Пелагонискиот статистички регион географски ги опфаќа басените на Пелагониската и на Преспанската Котлина. Во овој регион влегуваат девет (9) општини (Битола, Прилеп, Ресен, Крушево, Демир Хисар, Кривогаштани, Долнени, Могила и Новаци). Поконкретно, го опфаќа географскиот простор на планините Баба со Пелистер, Ниџе, Галичица, Бигла, Плакенска, Илинска, Селечка, Бабуна, Бушева, Даутица, Јакупица, Дрен и др., котлините Пелагонија и Преспанската Котлина, езерата: Преспанско Езеро, Стрежевско Езеро, Прилепско и др., речните долини на Црна Река со своите притоки, клисурите (Скочивирска), езерскиот остров, пештерите Рамниште и Самоска Дупка, и др.

Регионот има добра сообраќајна поврзаност и инфраструктурна опременост. И покрај разновидноста на природните и антропогените атракции, Регионот слабо се развива туристички. Од селективните видови туризам, најмногу се развива езерскиот туризам, а потоа следат планинскиот туризам, културно-историскиот туризам, манастирскиот туризам. Незначително се развиваат и руралниот, ловниот и риболовниот туризам, параглајдингот, планинскиот велосипедизам, болдерингот (качување по карпи) и џип сафари (Мариово). Овој регион има перспективи, но туристички е слабо развиен. Во него се евидентирани само 6,1 % од вкупниот број туристи и 5,6 % од вкупно евидентираните ноќевања во Република Северна Македонија во 2019 година (ДЗСРСМ, онлајн-податоци), а просечната должина на престој е 2,5 дена.

Пелагонискиот Регион располага со одлични природни услови за развој на рурален туризам поради многубројните природни и антропогени атракции.

ТУРИСТИЧКИ ЦЕНТРИ: урбани центри: Битола, Прилеп, Крушево и Ресен, езерски рурални населби: Стење, Претор, Сливница, Крани, Претор и Отешево. Има три ски-центри: „Копанки“, „Пелистер–Нижополе“ и „Крушево“, два национални парка: НП „Пелистер“ и дел од НП „Галичица“. Има и рурални населби со услови за туризам: Дихово, Брајчино, Љубојно, Долно Дупени, Стење, Трново, Магарево и др.

ПРИРОДНИ АТРАКЦИИ: Разновиден релјеф и геоморфолошки облици. Доминираат Преспанско Езеро (176,8 км$^2$), планините Баба со Пелистер (2.601 м), Бушева Планина, Илинска Планина, Бабуна, Селечка Планина, Галичица, Ниџе и Даутица, Националниот парк „Пелистер“ и НП „Галичица“, со ендемична живописна флора и со разновидна фауна, потоа Скочивирска Клисура, Стрежевско Езеро, Резерват на птици „Езерани“ на Преспанско Езеро, природен споменик островот Голем Град, планински леднички езера Големо и Мало Езеро (на Пелистер), повеќе „камени реки“ и камењари на Пелистер, геоморфолошки камени фигури на Маркови Кули и Селечка Планина, пештери (Рамниште, Самоска Дупка), водопади (Брнички, Пелистерски) и др. Реките во овој регион им припаѓаат на две сливни подрачја, и тоа: Егејско сливно подрачје преку Црна Река (207 км) – десна притока на Вардар, и Јадранско сливно подрачје, преку Преспанското Езеро, чии езерски води понираат под планината Галичица во Охридско Езеро, а оттаму, преку реката Црн Дрим и Дрим (во Албанија), се влеваат во Јадранско Море.

АНТРОПОГЕНИ АТРАКЦИИ:

Археолошки локалитети: Хераклеја Линкестис, Стибера, Бонче, Маркови Кули и др.

Манастири: „Св. Богородица“ (Трескавец), „Св. Преображение“ (Зрзе), „Св. Јован Претеча“ (Слепче), „Св. Архангел Михаил“ (Прилеп), „Св. Ѓорѓи“ (Курбиново) и др.

Културно-историски споменици: градска архитектура во Битола, Стара чаршија (Битола и Прилеп), традиционална архитектура во Крушево, рурална архитектура во Железнец, Споменик „Македониум“, Мечкин Камен, Безистен, Саат-кула (Битола и Прилеп), музеи во градовите Битола, Прилеп, Крушево и Ресен, Музеј „Тоше Проески“ (Крушево), музеи во руралните населби: Смилево, Крклино, Бабино, Небрегово, Подмочани и др.

Манифестации: „10 дена Крушевска Република“ (Крушево), „Илинденски денови“, Меѓународен филмски фестивал „Браќа Манаки“ (Битола), „Прилепски карневал“, „Пиво-фест“ (Прилеп), „Јаболкобер“ (Ресен) и др.

## **СЕЛО 1: ВЕЛМЕВЦИ** (слика 32)

Регион: Пелагониски статистички регион (НТЕС3)

Општина: Демир Хисар

Површина: 12,1 км$^2$

Надморска висина: 950 м

Население:

Табела 6: Население во село Велмевци

| Година | 1900[1] | 1948[2] | 1961[2] | 1994[2] | 2002[2] | 2019[3] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 738 | 619 | 227 | 18 | 7 | 7 |

Извори:
[1] Кънчов (1900: 239).
[2] ДЗС (различни години).
[3] Процена на авторите според теренско истражување.



Слика 32: Панорама на Велмевци
Извор: Фотографија на Никола Димитров (коавтор)

## ПРИРОДНИТЕ МОТИВИ НА ВЕЛМЕВЦИ

Селото Велмевци е планинско село, сместено на падините на Илинска Планина, на 28 км оддалеченост од Демир Хисар, на само 1,5 км од регионалниот пат Демир Хисар – Кичево. Селото е сместено во чиста животна околина и нуди интересен природен амбиент (слика 33). Изобилува со извори, доминира буковата и дабовата шума (иако има и бор и смрека), пасишта и обработливо земјиште. Нуди поглед кон Суво Поле, планината Лубен и Илинска Планина (слика 33а). Атарот на селото во поголемиот дел е покриен со карст или варовник, а се среќаваат и вртачи, пештери (слика 33б) и други геоморфолошки форми.





Слика 33а: Околината на Велмевци Слика 33б: Пештера Голиапеш

Слика 33. Природните мотиви на Велмевци
Извор: Фотографии на Никола Димитров (коавтор)

## АНТРОПОГЕНИ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИ МОТИВИ НА ВЕЛМЕВЦИ

Во селото Велмевци има четири цркви, и тоа: „Св. Илија“ (изградена во 1838 година, со иконостас од 1873 година, а живописана во 1874 година), „Св. Богородица“ (изградена 1875 година), „Св. Петка“ (1999 година) и „Св. Марена“ – параклис (2007 година, на местото на средновековна црква). Црквата „Св. Илија“ (слика 34а) е многу посетувана заради светата женска вода (слика 34б) и селската слава во чест на пророкот и светецот Илија (2 август). Селото има и други слави како Огнена Марија (30 јули), Св. Петка (8 Август), Мала Богородица (21 септември) и други. Токму за време на селските слави до израз доаѓаат фолклорните мотиви (комбинација на демирхисарски и кичевски), повеќегодишната традиција и локалните гастрономски специјалитети.

Во минатото, селото Велмевци било активно во ослободителните движења (Илинденското востание и Народноослободителната борба), па оттука има многу спомен-обележја како: споменикот и гробот на Јордан Пиперката (слика 34в) и уште на три негови соборци комити од илинденскиот период, споменикот на херојот Јанкула Јосифоски, учесник во НОБ (слика 34г), Спомен-плочата на основното училиште „Мите Богоевски“ и уште четири други спомен-плочи на стари чешми градени во почетокот на минатиот век.

Во 1909 година, во Велмевци, е донесена првата фудбалска топка и веднаш потоа е формирана и фудбалска екипа (пред кој било друг град во Република Северна Македонија). Во таа чест, на старата селска чешма (изградена во 1900 година), во 1909 година е поставена камена топка (слика 34д). Сите антропогени и етноамбиентални мотиви (слика 34) ги истакнуваат посебните карактеристики на селото Велмевци.



Слика 34а; Црква „Св. Илија“



Слика 34б: Света женска вода



Слика 34в: Споменик на Јордан Пиперката



Слика 34г: Споменик на Јанкула Јосифоски



Слика 34д: Спомен-чешма „Топка“

Слика 34: Антропогени и етноамбиентални мотиви на Велмевци
Извор: Фотографии на Никола Димитров (коавтор)



Слика 35а: Селска архитектура
Извор: Фотографии на Никола Димитров (коавтор)



Слика 35б: Селска архитектура во Велмевци
Извор: Намичев (2020)

Селото Велмевци има карактеристична селска архитектура (слики 35а), а некои од куќите, кои се релативно добро сочувани, се стари и повеќе од 100 години. Карактеристичната градба се огледа во градбите од камен, со приземје и кат, а поретко, на три нивоа (слика 35б). Најпрво, куќите биле со едноставна градба со една просторија, одделени со плот или подоцна и со ѕид, за да се одделат од животните. Подоцна се градат значително поголеми куќи со чардаци. Со враќањето на печалбарите во селото (во 1920-тите години), куќите почнуваат да се истакнуваат со фасади со декорација, со визби како одделни простории, простор за покуќнина и простор за стоката (Намичев 2020).

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИ МОТИВИ НА ВЕЛМЕВЦИ



Слика 36а: Вила „Гезве“ од 1936 година



Слика 36б: Обновена селска куќа

Слика 36: Рецептивни мотиви на Велмевци
Извор: Фотографии на Никола Димитров (коавтор)

Селото Велмевци има солидна инфраструктурна опременост (асфалтен пат, електрична енергија, селски водовод). Посебно се значајни рецептивните можности (слика 36) кои ги нудат новоизградените вили (слика 36а) и над десетина обновени селски куќи (слика 36б). Има и многу нови викенд-куќи кои даваат дополнителна основа за понатамошен развој на селото.

## СЕЛО 2: ГОЛЕМО ИЛИНО (слика 37)

Регион: Пелагониски статистички регион (НТЕС3)

Општина: Демир Хисар

Површина: 20,6 км$^2$

Надморска висина: 980 м

Население:

Табела 7: Население во село Големо Илино

| Година | 1900[1] | 1948[2] | 1961[2] | 1994[2] | 2002[2] | 2019[3] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 640 | 618 | 412 | 91 | 52 | 15 |

Извори:
[1] Кънчов (1900: 239).
[2] ДЗС (различни години).
[3] Процена на авторите според теренско истражување.



Слика 37: Панорама на Големо Илино
Извор: Фотографија на Никола Димитров (коавтор)

## ПРИРОДНИТЕ МОТИВИ НА ГОЛЕМО ИЛИНО

Големо Илино е планинско село кое ѝ припаѓа на областа Железник во Општината Демир Хисар, на 4,5 км од регионалниот пат Демир Хисар – Кичево. Сместено е на падините на Илинска Планина, во чиста еколошка средина. Низ него тече Големоилинска Река која е изворишна членка на Црна Река. Има и минерален извор, што сè уште не е комерцијализиран, и помали планински потоци. Токму изобилството со вода му овозможува на селото да има обработлива површина, покрај пасиштата и богатата букова и дабова шума. Поради малиот број постојани жители, во селото нема сточарска фарма, туку само во мал обем индивидуално се одгледуваат кози, пчели, градинарство и овоштарство. Има голем број планинарски и шумски патеки кои водат до манастирот „Св. Илија“ и до врвот Лиска (1.908 м). Многубројните попатни карпи, пештери и други геоморфолошки облици креираат интересна и привлечна слика за природните убавини на Големо Илино (слика 38).





Слика 38: Природните мотиви на Големо Илино
Извор: Фотографии на Никола Димитров (коавтор)

## АНТРОПОГЕНИТЕ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИТЕ МОТИВИ НА ГОЛЕМО ИЛИНО

Селото Големо Илино има две стари цркви, и тоа: главната селска црква „Св. Никола“ (датира од 1824 година, а живописана во 1896) (слика 39а) и црквата „Св. Петка“ (датира од 1874 година, а градена врз темелите на постара црква од средниот век) (слика 39б). По добро обележана планинарска патека се стасува до манастирот „Св. Илија“ (изграден во 1990 година) (слика 32в), на надморска височина од 1.544 метри. Селото е посебно посетено за време на големиот црковно-народен собор и на прославата во чест на светецот и пророкот Илија (2 август) како селска слава, но и за време на другите селски празнувања (летен Св. Никола на 2 јуни, Св. Петка на 8 август и Петковден на 27 октомври). Во селото има  стари куќи и други објекти. Зачувана е една фурна стара два века (слика 39г). Така, антропогените мотиви (слика 39) го збогатуваат целокупното опкружување на Големо Илино давајќи му дополнителна вредност.



Слика 39а: Црква „Св. Никола“



Слика 39б: Црква „Св. Петка“



Слика 39в: Манастирот „Св. Илија“, со конаци



Слика 39г: Фурна стара два века

Слика 39: Антропогените мотиви на Големо Илино
Извор: Фотографии на Никола Димитров (коавтор)

Традиционалната архитектура во селото Големо Илино е посебно карактеристична и препознатлива (слика 40а). Куќите се граделе од камен и често со вкопан подрум во почвата на косиот терен. Имале чардак кој бил простран по целата должина на куќата. Најчесто биле со приземје и кат, а поретки на три нивоа. Се среќаваат и примери на затворен тип куќи со затворен чардак (слика 40б, Намичев 2020).



Слика 40а: Селска архитектура во Големо Илино
Извор: Фотографии на Никола Димитров (коавтор)



Слика 40б: Селска архитектура во Големо Илино
Извор: Намичев (2020)

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИ МОТИВИ НА ГОЛЕМО ИЛИНО

Селото Големо Илино има солидни комуникативно-рецептивни мотиви (слика 41). Има асфалтен пат, водовод, а во близина на селото, и мала хидроцентрала (слика 41а). Голем број од старите селски куќи се обновени, а изградени се и многу нови (слики 41 б – г) кои посебно се посетени во летниот период. Конаците на манастирот „Св. Илија“ имаат капацитет за сместување на 40-ина гости. Со тоа, селото располага со доволен број сместувачки капацитети кои може да бидат добра рецептивната база за развој на руралниот туризам.





Слика 41а: Мала хидроцентрала

Слика 41б: Нова куќа





Слика 41в/г: Нови куќи

Слика 41. Комуникативно-рецептивни мотиви на Големо Илино

Извор: Фотографии на Никола Димитров (коавтор)

## **СЕЛО 3: ЖЕЛЕЗНЕЦ** (слика 42)

Регион: Пелагониски статистички регион (НТЕС3)

Општина: Демир Хисар

Површина: 12,8 $км^2$

Надморска висина: 720 м

Население:

Табела 8: Население во село Железнец

| Година | 1900[1] | 1948[2] | 1961[2] | 1994[2] | 2002[2] | 2019[3] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 320 | 358 | 311 | 86 | 57 | 20 |

Извори:
[1] Кънчов (1900: 239).
[2] ДЗС (различни години).
[3] Процена на авторите според теренско истражување.



Слика 42: Панорама на Железнец
Извор: Фотографија на Никола Димитров (коавтор)

### ПРИРОДНИТЕ МОТИВИ НА ЖЕЛЕЗНЕЦ

Железнец е планинско село, сместено во клисурестиот дел до изворите на Црна Река, на регионалниот пат Битола – Кичево. Посебна природна убавина му даваат изворите на Црна Река кои се наоѓаат во атарот на селото и видиковците кои овозможуваат прекрасен поглед и нудат моменти за релаксација (слика 43). Во непосредното опкружување има различни геоморфолошки облици што може да се посетат како: варовнички карпи, карстно поле „Суво Поле“ и пештери (пештерата и изворот Црна Дупка и пештерата Голијапешт). Железнец е сместено во чиста еколошка средина среде букова и дабова шума, со многу пасишта и обработливо земјиште. Токму поради поволните природни услови, жителите се занимаваат со пчеларство и собираат билки, печурки и разни шумски плодови.




Слика 43: Природни мотиви на Железнец
Извор: Фотографии на Никола Димитров (коавтор)

## АНТРОПОГЕНИТЕ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИТЕ МОТИВИ НА ЖЕЛЕЗНЕЦ

Црквата „Св. Богородица“ (слика 44а) е главната селска црква. За време на селската слава (Голема Богородица, 28 август), во селото се одржува голема манифестација, кога се послужуваат традиционални локални јадења, а може да се забележи и по некоја народна носија која ги има карактеристиките на демирхисарската носија. Во селото има и споменик од НОБ (слика 44б) што дава дополнителна амбиентална вредност на опкружувањето.



Слика 44а: Црква „Св. Богородица“



Слика 44б: Споменик од НОБ за загинатите селани

Слика 44; Антропогени мотиви на Железнец
Извор: Фотографии на Никола Димитров (коавтор)

Од 2004 година, селото Железнец е заштитен споменик на културата поради препознатливата традиционална архитектура (Министерство за култура, 2004). Има повеќе зачувани селски куќи, стари над 100 години, со карактеристична селска архитектура (слика 45а). Првите куќи биле направени од камен, со една просторија со посебен одделен дел (со плот, а подоцна и со ѕид) за луѓето и за стоката. Подоцна се градат поголеми куќи, со подрум, кој, поради

косиот терен, бил вкопуван во почвата. Имало и чардак кој често се протегал на двете надворешни страни по основата на куќата. По враќањето на печалбарите во селото, куќите добиваат геометриска декорација на фасадите. Во визбите се градел подест простор до ѕидот, каде што се чувала храна, а стоката била во приземјето на куќата (слика 45б, Намичев 2020).



Слика 45а: Селска архитектура во Железнец
Извор: Фотографии на Никола Димитров (коавтор)



Слика 45б: Селска архитектура во Железнец
Извор: Намичев (2020)

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИТЕ МОТИВИ НА ЖЕЛЕЗНЕЦ

До селото Железнец се стига по асфалтен пат, во солидна состојба. Во близината има мала хидроцентрала (заедничка за околното село Мало Илино). Рецептивните можности на селото се скромни благодарение на сѐ позачестеното обновување на старите семејни куќи (слика 46а/б).



Слики 46а/б: Обновени куќи

Слика 46: Рецептивни мотиви на Железнец
Извор: Фотографии на Никола Димитров (коавтор)

## ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ПРЕДЛОГ-ТУРИСТИЧКАТА ДЕСТИНАЦИЈА 3

На графиконот 3, прикажана е туристичката валоризација на предлог-дестинацијата 3, врз основа на оценувањето со пет индикатори за руралниот капитал, кои се однесуваат на природен капитал, културен капитал, инфраструктурен (физички) капитал, општествен (човечки и организациски фактори) капитал и економски капитал. (Индикаторите се подетално објаснети во воведниот дел.)




Графикон 3: Туристичка валоризација на дестинацијата 3: Велмевци, Големо Илино и Железнец (Република Северна Македонија)

Во согласност со претходноопишаните индикатори, предлог-дестинацијата 3 е оценета со релативна изедначеност помеѓу предложените села кои се одликуваат со солиден природен, културен и општествен капитал. Сепак, заостанува инфраструктурниот капитал на дестинацијата во целост и исклучително нискиот економски капитал. Одделно, селото Железнец се истакнува за

нијанса со подобро оценети индикатори во споредба со останатите села. Во продолжение накратко се појаснети оценките врз основа на одделните индикатори.

Оценка на природниот капитал. Дестинацијата 3 (Велмевци, Големо Илино и Железнец), која се предлага како потенцијална за развојот на туризмот, е дел од Пелагонискиот статистички регион на Република Северна Македонија. Селата се сместени во чиста планинска средина, на надморска висина од 720 до 980 м, во интересен природен амбиент. Има изобилството од вода, различни геоморфолошки облици и прекрасни природни пејзажи кои креираат интересна и привлечна слика за природните убавини. Големиот број планинарски и шумски патеки нудат многу можности за различни рекреативни активности во природа. Сепак, малиот капацитет и незаштитеноста на природните ресурси придонесуваат природниот капитал на предлог-дестинацијата да биде оценет со вкупна средна оценка 3,2 (сите анализирани села имаат иста средна оценка 3,2 за природниот капитал).

Оцена на културниот капитал. Сите анализирани села располагаат со антропогени и етноамбиентални мотиви кои го прават просторот автентичен и привлечен. Нематеријалното културно наследство, посебно селските манифестации и чествувањата на религиозните и верските традиционални верувања, претставуваат дел од културните ресурси на предложената дестинација. Сепак, освен наведеното, не постојат забавни содржини кои дополнително би го збогатиле просторот и би биле привлечни за посетителите и за туристите. Црквите, манастирите и другите културни ресурси не се во најдобра состојба, генерално, поради негрижата на институциите и отсуството на систем за заштита. Оттука, културниот рурален капитал на оваа предлог-дестинација е оценет со средна оценка 2,6 (Велмевци 2,7, Големо Илино 2,3 и Железнец 2,8).

Оцена на инфраструктурниот капитал. Дестинацијата е лесно пристапна бидејќи е лоцирана на регионална сообраќајница. Има солидна пристапност и до туристичките содржини. Рецептивните капацитети се ограничени (со исклучок на Големо Илино) и се состои во манастирски конаци и обновени и/или нови куќи. Најголема слаба страна од овој аспект е непостоењето на угостителски објекти и слабата туристичка инфраструктура. Следствено, инфраструктурниот капитал е оценет со средна ниска оценка 1,9 (Велмевци и Големо Илино 1,7, Железнец 2,3).

Оцена на општествениот (човечки и организациски) капитал. Анализираните села се речиси иселени и во целост напуштени. Од табелите (од бр. 6 до бр. 8) се забележува постојано рапидно намалување на бројот на постојани жители. Така, според теренското истражување од 2019 година, се проценува дека во Велмевци постојано живеат седум селани, во Големо Илино 15-ина, а во Железнец 20-ина. Споредено со официјалниот попис на населението во 1948 година, кога селата биле активни и развиени, сега имаат од 94 до 99 % помалку жители. Структурата на жителите, кои останале да живеат во селото, се одликува со исклучително неповолна старосна и образовна структура, што дополнително придонесува за неповолноста на човечкиот рурален капитал на предлог-дестинацијата. Интересот на локалната заедница, иако постои, е недоволен, и се сведува на ретки приватни иницијативи на поединци кои најчесто го обновуваат семејниот имот. Така, општествениот капитал се оценува како скромен, со средна оценка 2,4 (Велмевци 2,2, Големо Илино 2,4 и Железнец 2,6).

Оцена на економскиот капитал. Предлог-дестинацијата е оценета со исклучително слаб економски капитал со средна оценка 1,7, иста за сите села. Тоа, генерално, се должи на ниският степен на диверзификација и активност на малобројното постојано население, скромната економска моќ на жителите и слабата претприемачка иницијатива. Дополнително, Општината Демир Хисар, на која ѝ припаѓаат селата, поради долгови не е во можност да ги реализира локалните планови и програми за развој (постојат стратегиски документи за ревитализација и заживување на селото Железнец поради карактеристичната селска архитектура и природниот амбиент со изворите).

---

# ПРЕДЛОГ-ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА 4: ГАРИ, ЈАНЧЕ И ТРЕСОНЧЕ (РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА)




Слика 47: Локација на предлог-туристичката дестинација 4 во Република Северна Македонија бр. 9 Гари, бр. 10 Јанче и бр. 11 Тресонче

Предложената туристичка дестинација 4 во Република Северна Македонија се состои од селата Јанче, Тресонче и Гари (слика 47). Според Номенклатурата на територијалните единици за статистика (НТЕС) ниво 3, селото Јанче и Тресонче му припаѓаат на Полошкиот статистички регион, а селото Гари му припаѓа на Југозападниот статистички регион (слика 48).




Слика 48: Локација на предлог-туристичката дестинација 4 во Република Северна Македонија

Југозападниот статистички регион географски се наоѓа во југозападниот дел на Република Северна Македонија и зафаќа територии на девет (9) општини (Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Македонски Брод, Вевчани, Дебарца, Центар Жупа и Пласница). Поконкретно, опфаќа географски простор на повеќе басени во Охридско-струшката Котлина со Охридското Езеро, Кичевската, Дебарската и во Порече – Македонски Брод. Така, Регионот го опфаќа географскиот простор на планините Галичица, Јабланица, Стогово, Бистра, Плакенска Планина, Илинска Планина, Дешат, Крчин, Песјак, Челоица, Сува Гора, Даутица, Караџица, Мокра Планина и др.), на котлините Охридско-струшка, Дебарска, Кичевска и Порече, езерата: природното тектонско езеро Охридско Езеро, на планинските леднички езера, на вештачките езера: Дебарско Езеро, езерото Глобочица езерото Козјак, речните долини на Црн Дрим, Радика и Треска, клисурите, пештерите: Слатински Извор, Пешна, Ѓоновица и др.; и др.

Регионот има добра сообраќајна поврзаност и инфраструктурна опременост. Туристички гледано, има голем број природни и антропогени атракции погодни за развој на туризмот. Оттука, овој регион е туристички најразвиен бидејќи во него се евидентирани 37,6 % од вкупниот број туристи и 49,6 % од вкупно евидентираните ноќевања во Република Северна Македонија во 2019 година (ДЗСРСМ, онлајн-податоци). Притоа, просечната должина на еден престој е 3,6 дена. Туристички, првенствено се практикуваат: езерскиот туризам, бањскиот туризам, планинскиот туризам, манастирскиот туризам, културно-историскиот туризам, делумно руралниот туризам, палаглајдерскиот, нуркачкиот туризам, планинскиот велосипедизам, ловниот и риболовниот туризам.

ТУРИСТИЧКИ ЦЕНТРИ: урбаните центри: Охрид, Струга, Дебар, Кичево и Македонски Брод, руралните населби: Вевчани, Пештани, Трпејца, Љубаништа, Радожда, Долно Косоврасти, Јанче, Гари и др.

ПРИРОДНИ АТРАКЦИИ: Охридско Езеро (229,9 км$^2$), планините: Галичица, Јабланица, Стогово (2.273 м), Даутица, Караџица и др., пештерата Слатински Извор, пештерата Пешна, Дебарски бањи (Бањиште и Косоврасти), карсниот вруток Острово, повеќе карсни извори (Билјанини Извори и др.), реката Црни Дрим, Белчишко Блато, планинските езера на Јабланица и Стогово, Националниот парк „Галичица“ и дел од НП „Маврово“.

АНТРОПОГЕНИ АТРАКЦИИ:

Археолошки локалитети: „Заливот на коските“, „Плаошник“, „Самуилова тврдина“, „Античкиот театар“ и др.

Манастири: „Св. Наум“, „Св. Пантелејмон“ – Плаошник, „Св. Богородица“ – Калишта, „Св. Богородица Пречиста Кичевска“, „Св. Ѓорѓи“ – Рајчица и др.

Културно-историски споменици: старата градска архитектура во Охрид, Девини Кули, Самуилова тврдина и др. Музеите во градовите Охрид, Струга и Кичево.

Манифестации: „Охридско лето“, „Струшки вечери на поезијата“, „Вевчански карневал“, „Охридски пливачки маратон“ и др.

Полошкиот статистички регион географски се наоѓа во северозападниот дел во Република Северна Македонија и зафаќа територии на девет (9) општини (Тетово, Гостивар, Теарце, Јегуновце, Желино, Боговиње, Брвеница, Врапчиште и Маврово и Ростуша). Поконкретно, Регионот го опфаќа географскиот простор на планините: Шар Планина, Кораб, Бистра, Буковик, Сува Гора, Жеден и др., котлините: Полошка и Мавровска, речните долини на Вардар и Радика, Мавровското Езеро и планинските езера, клисурите, Кањонот Барич), пештерата Шаркова Дупка, карсните полиња, водопадите: Дув, Корабски Водопад и др.

Регионот има добра сообраќајна поврзаност и инфраструктурна опременост, но е слабо туристички развиен со само 3,5 % од вкупниот број туристи и 2,6 % од вкупно евидентираните ноќевања во Реублика Северна Македонија, во 2019 година (ДЗСРСМ, онлајн-податоци). Притоа, просечната должина на еден престој изнесува само два (2) дена. Туристички, првенствено се практикува планинскиот туризам (ски-туризмот), културно-историскиот туризам, делумно, руралниот, религиозниот, ловниот и риболовниот туризам.

ТУРИСТИЧКИ ЦЕНТРИ: урбаните центри Тетово и Гостивар, руралните населби Маврово, Галичник и др., двата ски-центра: „Попова Шапка“ и „Маврово“.

ПРИРОДНИ АТРАКЦИИ: планините Шар Планина (2.747 м), Бистра, Кораб (2.764 м), Дешат, Крчин и Стогово, Националниот парк „Маврово“ со ендемична и живописна флора и со разновидна фауна, Вруток – изворот на реката Вардар, други реки: Радика и Пена, Мавровското Езеро, планинските леднички езера, пештерите, водопадите и др.

АНТРОПОГЕНИ АТРАКЦИИ:

Археолошкиот локалитет Тетовско Кале.

Манастири: „Св. Јован Крстител“ (Бигорски манастир), „Св. Атанасиј“ (Лешочки манастир) и др.

Културно-историски споменици: Шарена Џамија, Тетовско Кале, Арабати баба-теке (Тетово), Саат-кула во Гостивар, музеите во Тетово и Гостивар.

Манифестации: „Галичка свадба“, „Снежен град“ (Бунец – Маврово), „Шарпланински скијачки куп“, „Мавровски меморијал“, „Тетовски фестивал“, традиционално планинарско искачување на Кораб и Титов Врв и друго.

## СЕЛО 1: ГАРИ (слика 49)

Регион: Југозападен статистички регион (НТЕС3)

Општина: Дебар

Површина: 27,4 $км^2$

Надморска висина: 1.485 м

Население:

Табела 9: Население во село Гари

| Година | 1900[1] | 1948[2] | 1961[2] | 1994[2] | 2002[2] | 2019[3] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 1.000 | 539 | 454 | 33 | 10 | 5 |

Извори:
[1] Кънчов (1900: 175).
[2] ДЗС (различни години).
[3] Процена на авторите според теренско истражување.



Слика 49: Панорама на Гари
Извор: Фотографија на Билјана Петревска (коавтор)

## ПРИРОДНИТЕ МОТИВИ НА ГАРИ

Селото Гари ѝ припаѓа на Општина Дебар, а се наоѓа во областа Мала Река, лоцирано на патот Дебар – Кичево. Сместено е во пазувите на планината Стогово, а низ него поминува Гарска Река која е богата со речна пастрмка. Реката образува мали водопади кои заедно со останатите природни мотиви (слика 50) прави селото да биде уникатно. Свежата и чистата еколошка средина, кристалната вода, околното зеленило, планинскиот мир, свежиот воздух и пријатниот природен амбиент, во кој се среќава балканскиот рис како куриозитет, овозможуваат Гари да биде сѐ повеќе посетувано од гости и туристи.



Слика 50: Природните мотиви на Гари
Извор: Фотографии на Билјана Петревска (коавтор)

## АНТРОПОГЕНИТЕ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИТЕ МОТИВИ НА ГАРИ

Главна селска црква во Гари е црквата „Успение на Пресвета Богородица“, датирана во 1860 година (слика 51а), во која се наоѓа прекрасниот фрескоживопис изработен од Дичо Зограф (од соседното село Тресонче) и иконостасот изработен од тајфата на прочуениот Петре Филиповски-Гарката (родум од селото Гари). Црквата е посебно посетена за време на чествувањето на верскиот празник Голема Богородица (28 август), кога селото слави селска слава и кога најчесто се планираат свадбарските свечености. Во селото има и сакрални објекти од поново време како црквата „Св. Петка“, во месноста Изворите, на падините на планината Стогово, и црквата „Св. Јован Крстител“, кои го облагородуваат селскиот атар.

Во непосредна близина, издигајќи се над селото, се наоѓа Крстот (слика 51б) кој нуди интересна панорама на селото. Околниот простор е уреден со летниковец (слика 51в) како популарно место за дружење и релаксација. Бидејќи низ селото тече река, има и селски чешми (слика 51г) кои одлично се вклопуваат во руралниот амбиент. Поранешната жандармерија, килимарницата во која се произведувале персиски килими и старата хидроцентрала на Гарска Река, се објекти кои предизвикуваат љубопитност кај туристите и посетителите како можност да научат и да се запознаат со дел од историјата на селото.



Слика 51а: Црква „Успение на Пресвета Богородица“



Слика 51б: Крстот



Слика 51в: Летниковец



Слика 51г: Селска чешма

Слика 51: Антропогените мотиви на Гари
Извор: Фотографии на Билјана Петревска (коавтор)

Селото Гари има карактеристична селска архитектура како малореканско село (слика 52). Куќите се големи, со масовна, многу комплексна и впечатлива камена структура. Често имаат вкопан дел поради косината на планинскиот простор на кој се лоцирани. Покрај приземје, имаат и повеќе ката, со неколку големи простории. Најчесто се амфитеатрално симетрично распоредени, што на селото му дава посебно карактеристичен архитектонски изглед (Намичев 2020).





Извор: Фотографии на Билјана Петревска (коавтор)





Извор: Намичев (2000)

Слика 52: Селска архитектура во Гари

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИТЕ МОТИВИ НА ГАРИ

Селото Гари располага со задоволителни комуникативно-рецептивни мотиви (слика 53). До него се стасува по асфалтиран пат во релативно солидна состојба, на патниот правец Дебар – Кичево. Во непосредната близина на селото, но и токму во селото има туристичка сигнализација (слика 53а) која претставува огромна помош и ги информира посетителите за местата што побудуваат интерес во непосредното опкружување.

Во последните години значително се подобрени рецептивните можности, со изградба на нови угостителско-туристички објекти (слика 53б) и со обновување на старите селски куќи (слика 53в). Понудата на локална традиционална храна е одлична, со комбинацијата на речна пастрмка од Гарска Река и најдоброто гарско овчо сирење.




Слика 53а: Туристичка сигнализација во и околу Гари




Слика 53б: Нови угостителско-туристички објекти



Слика 53в: Обновени куќи

Слика 53: Комуникативно-рецептивните мотиви на Гари
Извор: Фотографии на Билјана Петревска (коавтор)

## СЕЛО 2: ЈАНЧЕ (слика 54)

Регион: Полошки статистички регион (НТЕС3)

Општина: Маврово и Ростуше

Површина: 4,8 км$^2$

Надморска висина: 760 м

Население:

Табела 10: Население во село Јанче

| Година | 1900[1] | 1948[2] | 1961[2] | 1994[2] | 2002[2] | 2019[3] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 400 | 375 | 165 | 155 | 146 | 70 |

Извори:
[1] Кънчов (1900: 174).
[2] ДЗС (различни години).
[3] Процена на авторите според теренско истражување.



Слика 54: Панорама на Јанче
Извор: Фотографија на Билјана Петревска (коавтор)

## ПРИРОДНИТЕ МОТИВИ НА ЈАНЧЕ

Јанче е мало село, лоцирано на регионалниот пат Гостивар – Дебар, на 16 км оддалеченост од Дебар. Се наоѓа во југозападниот дел на Општината Маврово и Ростуше, како мијачко село од областа Долна Река. Селото е сместено на југозападната падина на планината Бистра, непосредно до реката Радика. Веднаш над селото се наоѓа шума која доминира во селскиот атар, но и нуди многу природни мотиви (слика 55) кои сè почесто се основа за развој на туризмот. Нивите и ливадите се простираат под селото, а во непосредна близина на реката се наоѓаат лозја. Свежиот и чистиот планински воздух, во комбинација со многубројните природни геоморфолошки облици, го прават Јанче привлечно за многу посетители и туристи.



Слика 55: Природните мотиви на Јанче
Извор: Фотографии на Билјана Петревска (коавтор)

## АНТРОПОГЕНИТЕ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИТЕ МОТИВИ НА ЈАНЧЕ

Селото Јанче се одликува со голема разноликост на антропогените мотиви како резултат на соживотот на различни етникуми во локално заедништво. Така, во јужниот дел на селото се наоѓа главната селска црква „Пресвета Богородица“ (слика 56а), каде што се одржува голем селски собир за време на чествувањето на празникот Голема Богородица (28 август), кога селото ја слави својата селска слава, на традиционален начин, со игра и песна. На свечениот ручек доаѓаат голем број гости од околните села, а истовремено претставува централен настан за собирање на иселените жители. Покрај главната црква, во селото има и џамија (слика 56б), што зборува за разноликоста на традицијата и вероисповедта на жителите. Во селото има и помала црква „Св. Илија“, каде што селаните се собираат и го чествуваат светецот Илија (2 август), и им оддаваат почит на покојните, закопани во дворот на црквата, постарите си прикажуваат до доцните часови, а помладите другаруваат до утринските часови.

Во Јанче се слават многу настани, што го збогатува просторот и му дава дополнителна вредност. Бидејќи е познато како типично печалбарско село, се користела секоја можност за зближување и дружење за време на религиозните празници. Така, покрај Голема Богородица, како главна селска слава, и Свети Илија, во селото се одбележуваат и Водопост (5 јануари), Сурова

Василица (14 јануари), Водици (19 јануари), Свети Јован (20 јануари), Благовец (7 април) и Велигден. Богатата народна носија, зурлите, тапаните и традиционалната храна, му даваат посебна етноамбиентална карактеристика на Јанче.



Слика 56а: Црква „Пресвета Богородица“



Слика 56б: Џамија



Слика 56: Антропогените и етноамбиенталните мотиви на Јанче
Извор: Фотографии на Билјана Петревска (коавтор)



Извор: Намичев (2000)
Слика 57: Селската архитектура во Јанче

Селото Јанче има збиен тип куќи, со впечатлива селска архитектура (слика 57). Куќите се скалесто наредени, што му дава на селото многу интересен лик, како да е вгнездено во планината Бистра. Куќите биле братски, со комплексна форма и со различни симетрични и асиметрични решенија. Доминантен е т.н. тип кула, каде што во една куќа живееле повеќе членови на едно семејство. Покрај главната просторија за подготовка на храната, постоеле и голем број други одаи со големи димензии (Намичев 2000).

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИТЕ МОТИВИ НА ЈАНЧЕ

Селото има одлична сообраќајна поврзаност бидејќи е лоцирано веднаш покрај патот блиску до урбан центар (градот Дебар) и веднаш до регионалниот пат. Оттука, има добра комуникација со околните населени места, што придонесува да биде активно и релативно заштитено од напуштање. Располага со одлична инфраструктурна опременост и нуди одлични можности за сместување, првенствено поради хотелот „Тото“, но и мноштвото обновени куќи (слика 58).



Слика 58: Рецептивните мотиви на Јанче
Извор: Фотографии на Билјана Петревска (коавтор)

## СЕЛО 3: ТРЕСОНЧЕ (слика 59)

Регион: Полошки статистички регион (НТЕС3)

Општина: Маврово и Ростуше

Површина: 36,2 км$^2$

Надморска висина: 1.314 м

Население:

Табела 11: Население во село Тресонче

| Година | 1900[1] | 1948[2] | 1961[2] | 1994[2] | 2002[2] | 2019[3] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 1,320 | 147 | 184 | 10 | 8 | 3 |

Извори:
[1] Кънчов (1900: 175).
[2] ДЗС (различни години).
[3] Процена на авторите според теренско истражување.



Слика 59: Панорама на Тресонче
Извор: Фотографија на Билјана Петревска (коавтор)

## ПРИРОДНИТЕ МОТИВИ НА ТРЕСОНЧЕ

Селото Тресонче ѝ припаѓа на општината Маврово и Ростуше, во областа Мала Река, оддалечено 22 км од Дебар. Распослано е на левата и на десната страна на Тресонечка Река која извира во непосредна близина. Тоа е планинско село, сместено во пазувите на планината Бистра, опкружено со планински врвови, и тоа на север со Брзовец и Пешкопеја, на исток со Шкрка (Дајдовец) и на југ со ридовите кои почнуваат со Думостол и завршуваат со карпата Соколица. Поради таквата местоположба селото се одликува со планинска клима со обилни снежни врнежи, но и со континентална клима по долината на реката. Во непосредна близина се наоѓа пештерскиот систем Алилица (Долна и Горна Алилица) поврзан со пештерски канал. Заедно со подземната река, која протекува од изворите на Долна Алилица, овие структури му даваат на пределот неверојатна привлечност. Тресонче обилува со прекрасни природни мотиви (слика 60) кои претставуваат исклучително привлечен амбиент за прошетка и престој.




Слика 60: Природните мотиви на Тресонче
Извор: Фотографии на Билјана Петревска (коавтор)

## АНТРОПОГЕНИТЕ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИТЕ МОТИВИ НА ТРЕСОНЧЕ

Селото Тресонче е карактеристично по тоа што има неколку селски цркви кои, заедно со другите антропогени мотиви (слика 61), го збогатуваат просторот и му даваат посебна убавина. Токму пред влезот од западната страна, високо над селото, се наоѓа црквата „Св. Никола" од 18 век (слика 61а), која заедно со другите помали цркви: „Св. Јован Крстител" (во селото) и „Св. Петка" (параклис, надвор од селото), го сочинуваат сакралното наследство на Тресонче. Главна селска црква е „Св. Петар и Павле", од 1884 година (слика 61б), каде што се чествува верскиот празник Петровден (12 јули), со голем селски собир. Во и околу селото има и селски чешми (слика 61в), подигнати во чест на загинатите борци во НОБ кои потекнуваат од село Тресонче (слика 61г).



Слика 61а: Црква „Св. Никола“



Слика 61б: Црква „Св. Петар и Павле“



Слика 61в: Чешма



Слика 61г: Спомен-чешма

Слика 61: Антропогените мотиви на Тресонче

Извор: Фотографии на Билјана Петревска (коавтор)

Традиционалната архитектура во Тресонче има впечатливи и интересни мотиви (слика 62). Куќите се братски (припаѓаат на повеќе членови од исто семејство) и се ѕидани од камен. Карактеристични се асиметричните решенија како резултат од пренамената на веќепостојните куќи, при што се издвојувале две целини со несразмерно поделен простор (Намичев 2020).





Слика 62а: Селската архитектура во Тресонче

Извор: Фотографии на Билјана Петревска (коавтор)



Слика 62б: Селската архитектура во Тресонче
Извор: Намичев (2000)

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИТЕ МОТИВИ НА ТРЕСОНЧЕ




Слика 63а: Туристичката инфраструктура во и околу Тресонче
Извор: Фотографии на Билјана Петревска (коавтор)

Селото Тресонче има солидна сообраќајна поврзаност, лоцирано на 9 км од главниот пат Дебар – Маврово, со задоволителна инфраструктурна опременост. Постојат многу туристички знаци кои го олеснуваат ориентирањето на посетителите и придонесуваат за подобра информираност (слика 63а).

Селото е дел од многу планинско-туристички рекреативни патеки во областа Мала Река, кои се обележани и промовирани, како дел од Националниот парк „Маврово“. Таков пример е патеката „Прва Македонска трансферзала“. Низ селото постои туристичка сигнализација за околните излетнички места, а повремено се поставуваат и огласни плакати за информирање и популаризирање на различни спортско-рекреативни настани (планински маратон), планинарски тури и други планирани активности. Постои иницијатива за приспособување на старата училишна зграда во официјални простории и на Домот на културата на месната заедница „Дичо Зограф“, во која би се реализирале разни проектни активности за популаризирање на селото и за негово заживување.



Слика 63б: Обновени селски куќи

Слика 63: Комуникативно-рецептивните мотиви на Тресонче
Извор: Фотографии на Билјана Петревска (коавтор)

Дел од старите куќи се обновени (слика 63б), а во една од нив е сместена продавница која работи само во летниот период. Нема официјален комерцијален сместувачки објект, но има рецептивен потенцијал. Постои можност за понатамошно унапредување на комуникативно-рецептивните фактори на Тресонче (слика 63).

## ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ПРЕДЛОГ-ТУРИСТИЧКАТА ДЕСТИНАЦИЈА 4

На графиконот 4 прикажана е туристичката валоризација на предлог-дестинацијата 4 врз основа на оценување со пет индикатори за руралниот капитал, кои се однесуваат на: природен капитал, културен капитал, инфраструктурен (физички) капитал, општествен (човечки и организациски фактори) капитал и економски капитал. (Индикаторите се подетално објаснети во воведниот дел.) Предложената дестинација 4 е оценета со поволни оценки во однос на претходноопишаните индикатори, укажувајќи на многу поволни потенцијали за развој на руралниот туризам. Сите анализирани села располагаат со речиси ист, солидно висок квалитет на природни ресурси. Разликите се потврдуваат во однос на другите ресурси, при што Тресонче заостанува, додека Јанче и Гари, иако се слични, сепак од нив, Јанче за нијанса се истакнува со подобро оценети индикатори. Повеќе детали за одделните индикатори по кои е направена туристичката валоризација на оваа дестинација се дадени во продолжение.




Графикон 4: Туристичка валоризација на дестинацијата 4: Гари, Јанче и Тресонче (Република Северна Македонија)

Оцена на природниот капитал. Дестинацијата 4 (Гари, Јанче и Тресонче), која се предлага како потенцијална за развој на туризмот, претставува дел од Полошкиот статистички регион на Република Северна Македонија (Јанче и Тресонче) и Југозападниот статистички регион (Гари). Сите села се сместени во планинскиот дел, во природна еколошка средина, со интересни природни пејзажи кои се протегаат во Националниот парк „Маврово“. Разноликоста на биодиверзитетот и атрактивноста на природните ресурси со кои располага оваа предлог-дестинација, придонесуваат високо да се вреднува природниот капитал, со средна оценка 3,8 (Гари 3,8, Јанче 4 и Тресонче 3,7). На повисоките места (Тресонче и Гари), климата е планинска, со снежни врнежи, додека во пониските предели е блага и поволна, што овозможува добра основа за развој на туризмот. Постојната понуда на различни рекреативни активности задоволува бидејќи таа се темели на негувањето на природните мотиви (пешачењето, планинарењето, планинскиот велосипедизам, планинскиот маратон во трчање и сл.). Воедно, носечкиот капацитет целосно задоволува, па дестинацијата може да креира и самостојна туристичка понуда, или да ја надополнува

веќепостојната на манастирскиот комплекс „Св. Јован Бигорски“ кој се наоѓа во непосредна близина.

Оцена на културниот капитал. Предложената дестинација располага со исклучително автентични културни ресурси кои може да претставуваат одделна туристичка понуда. Посебно се истакнува традиционалната архитектура која ѝ дава оригиналност и препознатливост на руралната средина. Отсуствуваат забавните содржини кои дополнително би го облагородиле просторот. Постои интересно и впечатливо нематеријално културно наследство кое, поради отсуство на системот за заштита, се наоѓа во лоша состојба. Генерално, се оценува дека културниот капитал на предлог-дестинацијата е добар, со средна оценка 3,1 (Гари 3,5, Јанче 3,3 и Тресонче 3).

Оцена на инфраструктурниот капитал. Со исклучок на селото Тресонче (средна оценка 1,8), се оценува дека инфраструктурниот капитал на предлог-дестинацијата е добар, со средна оценка 3,1 (Јанче 4,3 и Гари 3,3). Локацијата во близината на регионалниот асфалтиран пат ја прави предлог-дестинацијата лесно достапна, со релативно квалитетна сообраќајна поврзаност, солидна туристичка сигнализација и инфраструктура. Единствено во селото Тресонче нема угостителски објекти, па не може да се оценува квалитетот на услужниот сектор. Другите села имаат одлични комерцијални угостителско-туристички објекти кои нудат интересни содржини за престој и гастрономски специјалитети. Генерално, комуникативно-рецептивните мотиви задоволуваат, иако има простор за подобрување.

Оцена на општествениот (човечки и организациски) капитал. Заеднички проблем на анализираните села и најголемо ограничување во нивниот потенцијал за економски раст е константното намалување на бројот на постојаните жители. Од табела 9, 10 и 11, се забележува огромен пад на бројот на жителите кај сите села. Така, во селото Јанче, во 1948 година, биле регистрирани 375 постојани жители, а во 2019 година е проценето дека има 70-ина, т. е. 80 % помалку. Ситуацијата во селата Тресонче и Гари е уште покатастрофална бидејќи денес живеат само 3, односно 5 жители, што укажува дека речиси во целост се раселени и напуштени. Со исклучок на селото Јанче, каде што континуирано постојат човечки ресурси за постојано иницирање активности за економско заживување на селото, во останатите села тоа е временски ограничено на летниот период (од мај до септември). Исклучително малиот број постојани жители се одликува со неповолна старосна и образовна структура, што дополнително го отежнува процесот на ревитализирање на руралната економија. Од почетокот на 2000-тите години, се забележува постепено заживување на селата и враќање на поголема група, главно, пензионери, постојано да живеат на семејните имоти. Сепак, најголем дел престојуваат само во летниот период, или уште пократко, само за викенди.

Интересот и ангажманот на месните заедници варира и, генерално, е препуштен на волонтерската љубов на поединци и невладини организации (НВО). Иницијативите се за почит, посебно на НВО „Брзовец“ и на месната заедница „Дичо Зограф“ (Тресонче), кои се исклучително активни во подготвување проектни апликации и елаборати за развој на планинскиот туризам во Мала Река, а дел од активностите се веќе традиционални (како маратонот Бистра-Тресонче). Дел од активностите добиваат институционална поддршка од Општината Маврово и Ростуше како надополнување на туристичката понуда за екопланински туризам во рамките на Националниот парк „Маврово“. Постојат и студии кои се изработени во рамките на меѓународните проекти за ревитализирање и заживување на селото Гари, со цел тоа да прерасне во одржлива туристичка дестинација како предуслов за развој на културниот, планинскиот и рекреативниот туризам. Старите куќи се конзервираат, се реставрираат и стручно се обновуваат (на пример, во селото Гари). Воедно, се градат и нови објекти, па со тоа полека растат свеста и гостопримството кај локалното население за прифаќање на посетителите и туристите. Освен исклучително неповолниот момент на раселување (што значи недостиг на човечки ресурси на дестинацијата), другите фактори (организациските фактори) полека се ревитализираат, па вкупниот општествен капитал на оваа предлог-дестинација е оценет со средна оценка 3 (Гари 3,4, Јанче 3,4 и Тресонче 2,2).

Оцена на економскиот капитал. Од друга страна, оцената на економскиот капитал се разликува меѓу анализираните села. Селото Јанче далеку предничи во однос на останатите села (средна оценка 3,8), посебно во однос на нивото на активноста на населението, бидејќи Тресонче и Гари се раселени и опстојуваат само сезонски. Економската моќ на малкутемина постојани жители во Тресонче е исклучително ниска (просечна оценка 1,8), додека во Гари се забележува интензивирање на претприемачката иницијатива и на активноста кај локалното население, кое престојува ограничен период во селото (просечна оценка 2,7). Така, вкупната средна оценка на економскиот капитал на предлог-дестинацијата изнесува 2,8.

# ПРЕДЛОГ-ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА 5: НЕЖИЛОВО, ОРЕШЕ И ПАПРАДИШТЕ (РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА)




Слика 64: Локација на предлог-туристичката дестинација 5 во Република Северна Македонија бр. 12 Нежилово, бр. 13. Ореше и бр. 14 Папрадиште

Предложената туристичка дестинација 5 во Реублика Северна Македонија се состои од селата Нежилово, Ореше и Папрадиште (слика 64). Според Номенклатурата на територијалните единици за статистика (НТЕС) ниво 3, овие села му припаѓаат на Вардарскиот статистички регион (слика 65).




Слика 65: Локација на предлог-туристичката дестинација 5 во Република Северна Македонија

Вардарскиот статистички регион географски се наоѓа во средишниот дел на Република Северна Македонија и зафаќа територии на девет (9) општини (Велес, Кавадарци, Неготино, Свети Николе, Демир Капија, Градско, Росоман, Чашка и Лозово). Поконкретно, Регионот го опфаќа географскиот простор со планините: Мокра Гора, Јакупица, Караџица, Голешница, Китка, Бабуна, Клепа, Дрен, Козјак, Кожуф, Серта, Градешка и др., котлините: Тиквеш, Велешка и Овче Поле, вештачките езера: Тиквешко Езеро и „Младост", како и неколку планински – леднички езера, речните долини на Вардар, Црна Река, Брегалница, Бабуна, Тополка и др., клисурите: Таорска, Велешка и Демир Капија, пештери, водопади, остатоци од стар вулкански релјеф и др.

Регионот има одлична сообраќајна поврзаност (автопат и железничка пруга) и инфраструктурна опременост, но е најслабо туристички развиен, заедно со Североисточниот. Така, во 2019 година се евидентирани само 2,1 % од вкупниот број туристи и само 1,5 % од вкупно евидентираните ноќевања во Република Северна Македонија (ДЗСРСМ, онлајн-податоци), па просечната должина на престој е само 1,9 дена.

Туристички, првенствено се практикува планинскиот туризам (планинарење), транзитниот туризам, винскиот туризам, културно-историскиот туризам, делумно руралниот туризам, ловниот и риболовниот туризам.

Вардарскиот Регион располага со одлични природни услови за развој на руралниот туризам поради многубројните природни и антропогени атракции.

ТУРИСТИЧКИ ЦЕНТРИ: урбани центри: Велес, Кавадарци, Неготино, Демир Капија и Свети Николе, рурални населби: Нежилово, Богомила и др.

ПРИРОДНИ АТРАКЦИИ: планини: Мокра Планина (Солунска Глава, 2.540 м), Јакупица, Голешница, Клепа, Бабуна, Козјак, Кожуф и др. Изворот и водопадот на река Бабуна, Тиквешко Езеро, Езеро „Младост", реката Вардар.

АНТРОПОГЕНИ АТРАКЦИИ:

Археолошки локалитети: Стоби, Вилазора, Стенае и Просек.

Манастири: „Св. Димитрија", „Св. Јован Крстител" (Велес), Моклишки манастир, Полошки манастир и други.

Манифестации: „Рацинови средби", „Фестивал на античка драма", Вардарска регата „Гемиџии", Тиквешка винска регата (Велес), „Тиквешки гроздобер" (Кавадарци) и др.

## **СЕЛО 1: НЕЖИЛОВО** (слика 66)

Регион: Вардарски статистички регион (НТЕС3)

Општина: Чашка

Површина: 39,8 км$^2$

Надморска висина: 680 м

Население:

Табела 12: Население во село Нежилово

| Година | 1900[1] | 1948[2] | 1961[2] | 1994[2] | 2002[2] | 2019[3] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 470 | 319 | 333 | 82 | 63 | 30 |

Извори:
[1] Кънчов (1900: 158).
[2] ДЗС (различни години).
[3] Процена на авторите според теренско истражување.



Слика 66: Панорама на Нежилово
Извор: Фотографија на Билјана Петревска (коавтор)

## ПРИРОДНИТЕ МОТИВИ НА НЕЖИЛОВО

Нежилово е планинско село, на 45 км оддалеченост од Чашка и 54 км од Велес. Лоцирано е во исклучително тешко пристапен плански предел на планината Јакупица, на дното на една длабока долина, испресечена со реките Бабуна, Камештица и Чеплеска Река (слика 67). Од друга страна, местоположбата во подножјето на планинскиот масив Мокра, под врвот Солунска Глава, која изобилува со голем број природни убавини (слика 60), му овозможува на селото во

последните години сѐ поголем подем на угостителството и на туризмот. Во Нежилово доминира шумска површина, бидејќи е лоцирано во планински крај, иако има и пасишта и обработлива површина. Низ средината на селото минува колски пат, што води до планинарскиот дом „Чеплес“, кој се наоѓа во чиста животна средина и во прекрасен природен амбиент, па е посетено од многу љубители на природата и планинари.



Слика 67: Природните мотиви на Нежилово
Извор: Фотографии на Билјана Петревска (коавтор)

## АНТРОПОГЕНИТЕ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИТЕ МОТИВИ НА НЕЖИЛОВО

Во селото Нежилово има многу антропогени мотиви кои го збогатуваат престојот (слика 68). Таму се наоѓа главната селска црква „Св. Стефан“ (слика 68а) и манастирската црква „Св. Петка“ (слика 68б), која се наоѓа на ридот, во непосредна близина. Посебно внимание привлекува приватниот рибник и хотел „Нежилово“ (слика 68в) кој најмногу е посетен за време на викендите и празниците од домашни посетители кои уживаат во гастрономските специјалитети на ресторанот. Антропогените мотиви на селото ги надополнува Спомен-плочата за партизанката од НОБ Невена Георгиева-Дуња (слика 68г) во чија чест е именувано поранешното основно училиште во селото. Токму таму, на сретсело, кај училиштето, селаните се собираат, другаруваат и ја слават селската слава во чест на Свети Антониј (30 јануари).





Слика 68а: Црква „Св. Стефан“ Слика 68б: Црква „Св. Петка“

Извор: https://mk.wikipedia.org/wiki/Нежилово_(Велешко)





Слика 68в: Рибник и хотел „Нежилово“ Слика 68г: Спомен-плоча

Слика 68: Антропогените мотиви на Нежилово

Извор: Фотографии на Билјана Петревска (коавтор)





Извор: Фотографија на Билјана Петревска (коавтор) Извор: Намичев (2007)

Слика 69: Селската архитектура во Нежилово

Селската архитектура во Нежилово (слика 69) се карактеризира со добро осмислена целина и градба приспособена кон тогашните потреби на селото. Живеалиштата биле осмислени со повеќе делови, што подразбира дека покрај куќа во која се живеело, имало и дополнителни градби (како бачила и колиби) во кои ги чувале животните (Намичев 2007). Се забележува дека во Нежилово имало збиен тип куќи, што укажува дека биле градени блиску една до друга заради роднинските врски. Така, поради собраноста на куќите на куп се формирало групирање по маала.

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИТЕ МОТИВИ НА НЕЖИЛОВО




Слика 70а: Туристичка сигнализација околу Нежилово




Слика 70б: Сместувачки капацитети во рибник „Нежилово“

Слика 70: Комуникативно-рецептивни мотиви на Нежилово
Извор: Фотографии на Билјана Петревска (коавтор)

Селото Нежилово располага со солидни комуникативно-рецептивни мотиви (слика 70). До селото се стасува по асфалтиран пат по кој треба внимателно да се вози поради тесните ленти и многубројните кривини. Во и околу селото има добра туристичка сигнализација (слика 70а) што е од огромна помош за посетителите и љубителите на природата. Со информативни табли е обележана планинарската патека од Папрадиште до Нежилово, во должина од 2,66 км, како одлична можност за лесно пешачење во природа во времетраење од 1 до 2 часа. Нежилово е попатна станица на големиот маратон во планински велосипедизам, со многу тешка патека од 53,5 км, како посебен предизвик за најподготвените велосипедисти.

Главен сместувачки комерцијален капацитет е рибникот и хотел „Нежилово“ (слика 70б) кој работи како планинско-туристички комплекс, лоциран во селото, со голем број дополнителни содржини за анимација како спортски терени и игротека за забава на најмладите. Воедно, ресторанскиот дел на комплексот, покрај рибни специјалитети, нуди голем број традиционални јадења карактеристични за Регионот. Дополнително, во селото има сè поголем број обновени куќи кои претставуваат поволен потенцијал за рурален развој. Забележително е големото гостопримство на услужниот сектор и покрај ограничениот општествен и економски рурален капитал.

## **СЕЛО 2: ОРЕШЕ** (слика 71)

Регион: Вардарски статистички регион (НТЕС3)

Општина: Чашка

Површина: 27,4 км$^2$

Надморска висина: 760 м

Население:

Табела 13: Население во село Ореше

| Година | 1900[1] | 1948[2] | 1961[2] | 1994[2] | 2002[2] | 2019[3] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 460 | 796 | 871 | 296 | 202 | 40 |

Извори:
[1] Кънчов (1900: 157).
[2] ДЗС (различни години).
[3] Процена на авторите според теренско истражување.



Слика 71: Панорама на Ореше
Извор: https://mk.wikipedia.org/wiki/Ореше

## ПРИРОДНИТЕ МОТИВИ НА ОРЕШЕ

Ореше е големо планинско село, сместено на стрмните падини на планината Бабуна, во долината на Орешка Река, која е помала притока во горниот слив на реката Бабуна. Селото е оддалечено 40 км од Чашка и обилува со многу природни мотиви (слика 72). Најголем дел од селскиот атар е под пасишта и шуми, па оттука и чистата животна средина, привлечна за лов и туризам. Пријатната блага и умерена клима, чистиот воздух и обработливото земјиште, овозможуваат во селото да има мал број редовни жители, кои, заедно со повремените, искажуваат исклучително гостопримство и грижа за зачувување, одржување и промовирање на Ореше.




Слика 72: Природни мотиви на Ореше
Извор: Фотографии на Биљана Петревска (коавтор)

## АНТРОПОГЕНИТЕ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИТЕ МОТИВИ НА ОРЕШЕ

Селото Ореше располага со солидни антропогени мотиви (слика 73). Главната селска црква „Успение на Пресвета Богородица“ (слика 73а) (изградена во 19 век) се наоѓа во селото Ореше и е најпосетена за време на чествувањето на црковната слава Голема Богородица (28 август), кога се приредува голем селски собир. Северно, високо над селото, кај месноста Манастириште, се наоѓа манастирската црква „Св. Ѓорѓи“ (слика 73б), во многу убаво уреден простор, каде што се

чествуваат Ѓурѓовден и зимски Свети Ѓорѓи како манастирски слави. Низ селото има селски чешми меѓу кои и чешма со Спомен-плоча во чест на револуционерите кои потекнуваат од селото. Посебно се истакнува народната носија од Ореше преку која се обележува карактеристичната културна традиција. Селото се одликува со оригинална автентична рурална средина, но без систем за заштита на прекрасните културни ресурси со кои располага.



Слика 73а: Црква „Успение на Пресвета Богородица“
Извор: https://mk.wikipedia.org/wiki/Ореше



Слика 73б: Манастирска црква „Св. Ѓорѓи“
Извор: Фотографија на Билјана Петревска (коавтор)

Слика 73: Антропогените мотиви на Ореше

Селските куќи во Ореше биле градби со голема функционалност (слика 74). Покрај основното живеалиште за селското домаќинство, имале приспособена градба во која воедно се чувале и животните. Така, постепено, просторот се усложнувал, па куќите станувале добро осмислена и организирана целина (Намичев 2007).



Извор: Фотографија на Билјана Петревска (коавтор)



Извор: Намичев (2007)

Слика 74: Селска архитектура во Ореше

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИТЕ МОТИВИ НА ОРЕШЕ

До Ореше се стасува по асфалтиран пат кој обилува со многу кривини, па треба да се биде многу внимателен од безбедносни причини. Најкарактеристични сместувачки можности нуди новиот капацитет кај црквата „Св. Ѓорѓија“ (слика 75), лоциран над селото, на 1.100 м, со одлична вклопеност во прекрасното природно опкружување.



Слика 75: Сместувачки капацитет во Ореше
Извор: Фотографии на Биљана Петревска (коавтор)

## СЕЛО 3: ПАПРАДИШТЕ (слика 76)

Регион: Вардарски статистички регион (НТЕС3)

Општина: Чашка

Површина: 13 км$^2$

Надморска висина: 960 м

Население:

Табела 14: Население во село Папрадиште

| Година | 1900[1] | 1948[2] | 1961[2] | 1994[2] | 2002[2] | 2019[3] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 420 | 612 | 716 | 4 | 7 | 10 |

Извори:
[1] Кънчов (1900: 157).
[2] ДЗС (различни години).
[3] Процена на авторите според теренско истражување.



Слика 76: Панорама на Папрадиште
Извор: Фотографија на Биљана Петревска (коавтор)

## ПРИРОДНИ МОТИВИ НА ПАПРАДИШТЕ

Папрадиште е планинско село, сместено на стрмните падини на планината Мокра, во делот на Чеплеска Река. Поконкретно, лежи во пределот помеѓу планините Даутица и Јакупица, свртено кон исток, а со подножјето во коритото на реката Бабуна. Атарот на селото е високо на јужната падина на планината Јакупица, од каде што извираат извори од кои селото се снабдувало со вода преку сoѕидани чешми. Папрадиште е богато со шума, пасишта и со обработлива површина, па обилува со прекрасни природни мотиви (слика 77).



Слика 77: Природните мотиви на Папрадиште
Извор: Фотографии на Биљана Петревска (коавтор)

## АНТРОПОГЕНИТЕ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИТЕ МОТИВИ НА ПАПРАДИШТЕ

Селото Папрадиште располага со интересни антропогени мотиви (слика 78). Во селото се наоѓа една од најубавите и најголемите цркви во непосредното опкружување, црквата „Св. Петар и Павле“ (слика 78а). Црквата е најмногу посетена за време на селската слава Петровден (12 јули), кога се собираат голем број гости од Регионот и од странство. Во близина на селската чешма (слика 78б) се наоѓа Спомен-плоча за Димитрија Чуповски (слика 78в) во чест и заслуга за неговите научни и револуционерни дела. Во селото постои активен планинарски дом „Папрадиште“ (слика 78г) кој е посебно посетен од планинари и љубители на природата кои пешачат и планинарат кон врвовите Чеплес и Солунска Глава.



Слика 78а: Црква „Св. Петар и Павле“



Слика 78б: Селска чешма



Слика 78в: Спомен-плоча на Димитрија Чуповски



Слика 78г: Планинарски дом „Папрадиште“

Слика 78: Антропогените мотиви на Папрадиште
Извор: Фотографии на Билјана Петревска (коавтор)

Старите селски куќи во Папрадиште (слика 79) најнапред биле со едноставна, но многу функционална градба. Заради скромниот живот, селаните самостојно ги граделе куќите од камен, дрво, чатми, прачки и глина. Куќите биле роднински и збиено поставени, со што се формирале селските маала. Централно место имало за огништето, но и посебен одделен простор за животните. Постепено, куќите се усложнуваат и добиваат нови добро осмислени и организирани делови (Намичев 2007).



Извор: Намичев (2007)
Слика 79: Селската архитектура во Папрадиште

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИТЕ МОТИВИ НА ПАПРАДИШТЕ

До селото Папрадиште се стасува по асфалтиран пат по кој треба внимателно да се управува поради кривините и тесните коловозни ленти. Во близината на селото има туристичка сигнализација за заеднички активности со Нежилово, а се однесува на љубителите на природата. Така, добро промовирана е лесната планинарската патека, со почетна точка од Папрадиште и со крајна точка до Нежилово, како и големиот маратон во планински велосипедизам (Богомила – Црешнево – Капиново – Нежилово – Чеплес – Папрадиште – Прилепски пат – Богомила). Во Папрадиште нема угостителски објекти, а единствена можност за сместување нудат планинарскиот дом „Папрадиште“ и неколкуте обновени селски куќи (слика 80).



Слика 80: Рецептивните мотиви на Папрадиште
Извор: Фотографии на Билјана Петревска (коавтор)

## ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ПРЕДЛОГ-ТУРИСТИЧКАТА ДЕСТИНАЦИЈА 5

На графиконот 5 прикажана е туристичката валоризација на предлог-дестинацијата 5 врз основа на оценување со пет индикатори за руралниот капитал, кои се однесуваат на: природниот капитал, културниот капитал, инфраструктурниот (физичкиот) капитал, општествениот (човечки и организациски фактори) капитал и економскиот капитал. (Индикаторите се подетално објаснети во воведниот дел.)




Графикон 5: Туристичка валоризација на дестинацијата 5: Нежилово, Ореше и Папрадиште (Република Северна Македонија)

Графиконот 5, генерално, укажува на релативно добра ситуација на предложената дестинација имајќи предвид дека селата се наоѓаат во досега туристички неафирмиран простор. Природните ресурси се речиси изедначени меѓу селата, но мали разлики се забележуваат во однос на останатите оценети ресурси. Нежилово се истакнува за нијанса пред останатите села, првенствено поради постојните угостителски капацитети. Дестинацијата во целост е појаснета во продолжение, во согласност со поодделните оценки за индикаторите за рурален капитал.

Оцена на природниот капитал. Дестинацијата 5 (Нежилово, Ореше и Папрадиште), која се предлага како потенцијална за развој на туризмот, претставува дел од Вардарскиот статистички регион на Република Северна Македонија. Анализираните села се наоѓаат на 680 до 960 м н. в., во планинскиот предел испресечен со многу реки и извори, со чиста животна средина и прекрасен природен амбиент. Токму атрактивните природни ресурси и квалитетниот пејзаж со кои располага предлог-дестинацијата прават природниот рурален капитал да биде вреднуван со вкупна средна оценка 3,2 (Нежилово 2,8, Ореше и Папрадиште со иста оценка која изнесува 3,3). Постои можност за разновидна понуда на различни рекреативни активности, преку користењето на природните ресурси (пешачење, планинарење, трчање во природа, качување по карпи, набљудување на птиците, планински велосипедизам, берење билки итн.). Сепак, отсуството на систем за заштита на природните ресурси и малиот капацитет на дестинацијата во целост, се основните нејзини ограничувања.

Оцена на културниот капитал. Во предлог-дестинацијата има доволен број антропогени и етноамбиентални мотиви кои ѝ даваат автентичност на руралната средина (голем број цркви, споменици, селски чешми, карактеристична архитектура, традиционални обичаи и чествувања и сл.). Слаба страна на анализираните села во овој контекст е отсуството на забавни содржини кои дополнително би ги привлекле и би ги задржале посетителите. Воедно, не постои систем за заштита на прекрасниот културен капитал со кој располагаат, па вкупната средна оценка изнесува 2,9 (Нежилово 3,3, Ореше 2,8 и Папрадиште 2,5).

Оцена на инфраструктурниот капитал. Тешката пристапност до предложената дестинација го намалува квалитетот на инфраструктурниот капитал кој е оценет со вкупна средна оценка 2,3 (Нежилово 3, Ореше 2,7 и Папрадиште 1,3). До предлог-дестинацијата се стасува со сообраќајна поврзаност која бара исклучително голема внимателност, првенствено поради многубројните кривини и тесните коловозни ленти. Од друга страна, постои туристичка сигнализација, генерално, преку обележаните многубројни патеки за планинарење и планински велосипедизам. Комерцијални угостителски објекти нема во селото Папрадиште, освен повременото издавање соби во неколкуте обновени стари куќи и скромното сместување во планинарскиот дом. Но, затоа, пак, селото Нежилово има солиден планинско-туристички комплекс а и во селото Ореше има нов сместувачки капацитет, па, така, дестинацијата сосема задоволува со квалитетот на услугата кој се нуди.

Оцена на општествениот (човечки и организациски) капитал. Најголем проблем на предложената дестинација е човечкиот фактор. Со масовното напуштање на селата поради повеќе фактори (подобри економски услови, образование, лоша инфраструктура, индустријализација, итн.), бројот на постојаните жители се намалил за 91 % во Нежилово, 95 % во Ореше и 99 % во Папрадиште, кога се прави споредба со бројноста утврдена во 1948 година (Статистички попис на населението) со процената од терен во 2019 година (повеќе детали, во табелите12, 13 и 14). Останале само постојани 30-ина жители во Нежилово, 40-ина во Ореше и само 10-ина во Папрадиште, што јасно зборува за раселување и целосно напуштање на руралните простори. Неповолната старосна и образовна структура дополнително придонесуваат ниско да биде оценет човечкиот капитал на оваа предлог-дестинација. Од друга страна, постои интерес за развој на туризмот чии почетоци се забележани пред 10-ина години. Гостопримството се забележува кај мал број селани, кои повремено престојуваат во летниот период, кои се, всушност, и носители на парцијални приватни иницијативи за ревитализирање на просторот. Месните заедници се повремено активни, а ретко поддржани од институциите. Посебно се истакнуваат активностите на планинарското друштво „Папрадиште“ и на НВО кои, благодарение на многубројни проектни апликации, реализираат низа иницијативи и активности како: поставување информативни табли, означување пешачки и планинарски патеки, трасирање маратонска рута во планински велосипедизам, популаризирање на планински патеки и сл. И покрај тоа што организациските фактори се оценети како високи, кога ќе се додадат ниските поразителни оценки за човечките фактори, произлегува дека општествениот капитал на предлог-дестинацијата е оценет со вкупна средна оценка 2,8 (Нежилово 3,4, Ореше 2,8 и Папрадиште 2,2).

Оцека на економскиот капитал. Оценките за економскиот капитал очекувано се разликуваат меѓу анализираните села, а средната вкупна изнесува 2,8. Најниска е за селото Папрадиште, а највисока за селото Нежилово. Генерално, тоа произлегува од општествениот капитал. Имено, Папрадиште е речиси целосно напуштено, па нема човечки капитал, а со тоа ни економски. Од друга страна, Нежилово и Ореше се борат, и покрај големото ограничување во бројот на постојаните жители, сепак да се одржува одредена туристичка побарувачка, дневна или привремена мобилност, скромни инвестиции на локално ниво и голема подготвеност за приватни иницијативи и за претприемаштво. Така, поединечните оценки за економскиот капитал на оваа предлог-дестинација изнесуваат: 3,5 за Нежилово, 2,8 за Ореше и 2 за Папрадиште.

## ЛИТЕРАТУРА

ГИ „Македонија“ АД – Скопје. (2014). Студија за оцена на влијанието врз животната средина од изградбата на браната „Конско“ со придружни објекти.

ДЗС – Државен завод за статистика на Република Северна Македонија (различни години). Официјални пописи на населението, домаќинствата и становите во РСМ.

Кънчов, В. (1900). Македония. Етнография и статистика, Бугарско книжевно друштво София.

Министерство за култура. (2004). Список на културното наследство на Македонија, Управа за заштита на културното наследство во Македонија (Преземено на 20.8.2020 година: <http://uzkn.gov.mk/mk/773-2/> и <https://mk.wikipedia.org/wiki>).

Намичев, П. (2000). Народната архитектура во Реканското подрачје, од 19-тиот и почетокот на 20 век, Скопје: Музеј на Македонија.

Намичев, П. (2007). Развој на селската куќа во Македонија од 19-тиот и почетокот на 20 век, Скопје.

Намичев, П. (2009). Селската куќа во Македонија, Скопје.

Намичев, П. и Намичева, Е. (2018). Традиционалната архитектура во Крива Паланка и Кривопаланечко, Скопје.

Намичев, П. (2020). Традиционалната архитектура во Демир Хисар од 19-тиот и почетокот на 20 век, Скопје.

## ИЗВОРИ

https://mk.wikipedia.org/wiki/Нежилово

https://mk.wikipedia.org/wiki/Ореше

---

**Александра ТЕРЗИЌ**
**Марија ДРОБЊАКОВИЌ**
**Злата ВУКСАНОВИЌ-МАЦУРА**
**Милован МИЛИВОЈЕВИЌ**

# ИЗБРАНИ РЕТКО НАСЕЛЕНИ РУРАЛНИ ПРОСТОРИ ВО РЕГИОНОТ НА ЈУЖНА И ИСТОЧНА СРБИЈА СО ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА ТУРИСТИЧКИ РАЗВОЈ

## ПРЕДЛОГ-ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА 1: РАМ, ОСТРОВО, БРЊИЦА И МИРОЧ (Браничевски и Борски Округ, Регион Јужна и Источна Србија)




Слика 1: Локација на предлог-туристичката дестинацијата 1 во Регионот на Јужна и Источна Србија/Браничевски и Борски Округ, бр. 1 Рам (Големо Градиште), бр. 2 Острово (Големо Градиште), бр. 3 Брњица (Голубац) и бр. 4 Мироч (Мајданпек)
Извор: Милован Миливојевиќ

Предложената туристичка дестинација 1 во Регионот на Јужна и Источна Србија се состои од селата Рам, Острово, Брњица и Мироч (слика 1). Според Номенклатурата на територијалните единици за статистика (НТЕС) ниво 3, овие села му припаѓаат на Браничевскиот и Борскиот Округ (слика 2).




Слика 2: Локација на избраните села во предлог-туристичката дестинација 1 во Регионот на Јужна и Источна Србија

Ѓердапскиот туристички регион се наоѓа во северниот дел на Регионот на Јужна и Источна Србија и ги зафаќа териториите на Браничевскиот и Борскиот административен округ. Поконкретно, ги опфаќа Смедеревскиот и Браничевскиот крај, просторот на Ѓердапската Клисура од Големо Градиште до Кладово, планинските венци на југ (Мироч, Голем Гребен, Дели Јован, Шомрда, Северен Кучај) и Неготинска Краина. Со оглед дека се протега по долниот тек на Дунав низ Србија, во стратегиските документи се споменува и под називот „Долно Подунавје". Од посебно значење за развојот на руралниот туризам за ова подрачје претставува близината на големиот урбан центар Белград.

Воедно, од големо значење е одличната сообраќајна и инфраструктурна опременост на веќеафирмираните туристички центри (Големо Градиште, Голубац, Долни Милановац и Кладово) и по должината на афирмираните туристички правци кои поминуваат низ овој регион како крузингот по должината на Дунав и меѓународната велосипедска рута Евровело-6. Големата концентрација на домашни и странски туристи отвора можност за воведување и развој на рурален туризам (авантуризам, екотуризам, спортско-рекреативен, лов и риболов). Развојот на овој туристички регион е во директна врска со Хомољскиот туристички регион.

ТУРИСТИЧКИ ЦЕНТРИ: Големо Градиште, Пожаревац, Петровац на Млави, Голубац, Долни Милановац, Текија, Кладово и Неготин.

ПРИРОДНИ АТРАКЦИИ: реката Дунав, Сребрено Езеро, Национален парк „Ѓердап", природните резервати Голубачки Град и Босман-Соколовац, туристичкиот комплекс „Рајково" (Рајкова Пештера, езерото Голем Затон, ски-центарот „Рајкови ливади"), Ваља прераст (Рудна Глава), Кучајски Планини, Злотски Пештери, планината Мироч, бањата Ждрело, Стевански Ливади, излетничкото место Бадњево, ловиштето Вратна, итн.

АНТРОПОГЕНИ АТРАКЦИИ:

Археолошки локалитети: Лепенски Вир (кај Долни Милановац), Виминацијум (Костолац), Трајанова табла кај Текије, античката тврдина Дијана (Кладово), археолеошкиот локалитет Рудна Глава кај Мајданпек, тврдините во Смедерево, Рам, Голупац и Кладово, манастирите: „Нимник" (село Крујаче), манастирите „Рукумија", „Сестроључин", „Заова" и „Брадача" (кај Пожаревац), Тумане (кај Голупац), Вратна и Буково (Неготин); етноамбиенталните целини: „Неготински пимници" во Роглево, Рајац и Штубик; манифестациите: „Љубичевски коњички игри" (Пожаревац), „Голубачки котлиќ" (Голубац) и „Мокрањчеви денови" (Неготин).

## СЕЛО 1: РАМ (слика 3)

Регион: Браничевски Округ (НТЕС3)

Општина: Големо Градиште

Површина: 12,04 км$^2$

Надморска висина: 115 м

Население:

Табела 1: Население во село Рам

| Година | 1948[1] | 1961[1] | 1991[1] | 2002[1] | 2011[1] | 2019[2] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 419 | 409 | 359 | 364 | 255 | 200 |

Извори:
[1] Републички завод за статистика на Србија, 2014 година.
[2] Процена на авторите според теренско истражување. Во селото има 60 постојани домаќинства и голем број сезонски жители.



Слика 3: Панорама на Рам
Извор: Фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)

Селото Рам е лоцирано на истоимената епигенија на Дунав, каде што се спојуваат ридовите и многу тесната алувијална рамнина во долината на потокот. Селото е на надморска височина од 69 до 130 м. Припаѓа на компактен тип населба, со недоволно јасни карактеристики на варијантата Тимок (Јовановиќ 1989). Населението е претежно српско, а голем број жители привремено работат во странство и, по правило, доаѓаат и престојуваат во селото во текот на летото. Според пописот од 2011 година, во Рам има 202 станбени единици, од кои 67 се трајно населени, 38 повремено населени и 10 напуштени, а дури 87 станбени единици се користат повремено за одмор и рекреација (викенд-куќи). Куќите се во добра состојба, претежно одржувани и двокатни. Во последните неколку години постои голем интерес за купување куќи и викендици во селото, најмногу од жителите на Белград и Нови Сад.

## ПРИРОДНИ МОТИВИ НА РАМ

Рам е оддалечено околу 14 км од туристичкиот центар „Сребрено Езеро“ и 17 км од Големо Градиште. Поврзано е со сплав преку Дунав со Банатска Паланка (5,5 км) и Бела Црква (15 км). Во непосредна близина, на соседната страна на Дунав (во Банат) има посебен природен резерват Делибатски песочник, односно неговиот крајбрежен дел и риболовното подрачје „Лебедово окно“ и Ада Чибуклија до кои може да се пристапи само од страната на Рам и претставува значајно живеалиште за птици и риби (ИБА и РАМСАР) (слика 4).



Слика 4: Природни мотиви на Рам
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Крајбрежните појаси на Дунав кај селото Рам имаат делумно зачувана вегетација на културниот пејзаж на тврдината Рам и претставуваат еколошки коридор во рамките на Еколошката мрежа на Република Србија („Службен весник на РС“, бр. 102/2010), како и значајни песочни живеалишта во рамките на Рамско-Затоњскиот Песочник кој е предвиден да биде заштитен, но без сè уште утврдени граници. Во текот на 2017 година, се појави иницијатива за прогласување на целото село Рам за екомузеј.

## АНТРОПОГЕНИТЕ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИТЕ МОТИВИ НА РАМ

Рам располага со низа антропогени и етноамбиентални мотиви (слика 5). Посебна важност за идниот туристички развој на селото Рам има целосно реконструираната тврдина Рам од 15 век (слика 5а) (ревитализацијата и археолошките истражувања на тврдината беа завршени во 2018 година, со ангажман на Регионалниот институт за заштита на спомениците на културата на Смедерево и со голема финансиска поддршка од „ТИКА“ од Турција). Влезот во тврдината се плаќа и се нуди услуга од туристички водичи, но само за време на викендите и кога се организираат групни посети. Во рамките на тврдината се планира отворање на музејска поставка со артефакти која денес е сместена во една од просториите на селското училиште.



Слика 5а: Поглед на тврдината Рам



Слика 5б: Црква „Св. Архангел Михаил“



Слика 5в: Спомен-обележје на бранителите



Слика 5г: Капела „Св. Троица“

Слика 5. Антропогени мотиви на Рам
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Комплексот на тврдината Рам се состои од утврдување, остатоци од амам и остатоци од карван-сарај во чии рамки се наоѓа православната црква „Св. Архангел Михаил“ (слика 5б). Оваа црква е изградена во рамките на поранешниот турски карван-сарај, по повлекувањето на Турците од оваа област. Старата црква е изградена во 1839 година, а на нејзините остатоци е изѕидана нова црква по 2010 година. Изградбата и фрескоживописувањето на црквата уште е во тек. Во 2015 година, во подножјето на тврдината е подигнат Споменик на паднатите српски бранители на Стиг

во битката кај Рам (1915 година) (слика 5в). Воедно, истата година, на периферијата на селото е изградена капелата „Св. Троица“ (слика 5г). Од 2009 година, во август се одржува културната поетска манифестација „Рамски вечери“.

Археолошкиот локалитет Ледерата се наоѓа на околу 2 км од центарот на селото и претставува остатоци од римски замок од 1 век н. е. кој бил дел од фортификацијата на Дунавскиот лимес. Автентичната архитектура не е многу зачувана. Повеќето од куќите се од понов датум како двокатни куќи кои малку потсетуваат на градска архитектура, а доминираат вилите на повратниците – гастарбајтери.

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИТЕ МОТИВИ НА РАМ

До селото Рам води регионален пат со солиден квалитет, а има и водовод, електрична енергија, канализација, мобилна и интернет-мрежа. За време на летната сезона (мај – август), сообраќа скеле – ферибот по реката Дунав – по линијата Рам – Стара Паланка (Банатска Паланка) (15-ина минути возење). Во селото има паралелка до 4 одделение како дел од училиштето „Иво Лола Рибар“ (слика 6а) (затворено во 2017 година, поради недостиг на ученици, а отворено во 2019 година – само двајца ученици), каде што има и мала археолошка изложба со наоди од тврдината Рам.





Слика 6а: Училиште    Слика 6б: Селска продавница






Слика 6в: Кафеана „Кај тврдината“    Слика 6г: Возен ред за скелето

Слика 6: Комуникативно-рецептивните мотиви на Рам

Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Во селото постои и канцеларија на месната заедница, дом на културата, две продавници (слика 6б) и кафеана „Кај тврдината“ (слика 6в). Кафеаната е со скромен капацитет до 50 лица, кој ги задоволува основните потреби на туристите за освежување за време на туристичката сезона, но потребни се значителни инвестиции во објектот. За разлика од другите села, овој објект е во сопственост на локален претприемач, кој е и сопственик на скелето ферибот (слика 6г). Од 2017 година, формиран е ловечкиот клуб „Рам“. Така, селото Рам има солидни комуникативно-рецептивни мотиви (слика 6)

Во Рам нема регистрирани селски домаќинства и соби за изнајмување, но во текот на летото може да се изнајмат некои викендички. Вештачката акумулација и туристичкиот центар „Сребрено Езеро“ се наоѓаат на околу 14 км јужно од селото Рам, додека познатото археолошко наоѓалиште Виминациум (во близината на Костолац) е оддалечено околу 23 км.

## СЕЛО 2: ОСТРОВО (слика 7)

Регион: Браничевски Округ (НТЕС3)

Општина: Голeмо Градиште

Површина: 11,25 км$^2$

Надморска висина: 70 м

Население:

Табела 2: Население во село Острово

| Година | 1948[1] | 1961[1] | 1991[1] | 2002[1] | 2011[1] | 2019[2] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 420 | 429 | 366 | 300 | 264 | 200 |

Извори:
[1] Републички завод за статистика на Србија, 2014 година.
[2] Процена на авторите според теренско истражување. Во селото има 60 постојани домаќинства, а поголем број жители се наоѓаат на привремена работа во странство, но има голем број сезонско население (жители кои престојуваат во викендичките).



Слика 7: Панорама на Острово
Извор: https://www.teo4.rs/srebrno-jezero/

## ПРИРОДНИТЕ МОТИВИ НА ОСТРОВО

Сребреното Езеро настанало со преградување на кракот на десниот брег на Дунав со насип изграден во 1971 година. Помеѓу езерото и главното речно корито имало речен остров – Острово, со истоимено село, додека на спротивниот брег се наоѓаат селата Затоње и Кисиљево, како и туристичкиот центар „Бели багрем“ кој се развил од истоимената викенд-населба (и се карактеризира со голема концентрација на туристички содржини, хотел, голем број вили, ресторани, викендички и автокамп). Селото Острово се наоѓа на островот (6,5 км долг и 3,5 км широк) на брегот на Сребреното Езеро и Дунав, оддалечено на околу 7 км од Големо Градиште. Острово е стара постојана населба на јужната страна на островот, на песочен гребен со релативна висина од 3 до 5 м (Јовановиќ 1989), развиена од рибарска населба со издолжена форма, со неправилна мрежа на улици поставени кон Сребреното Езеро (слика 8).



Слика 8: Природните мотиви на Острово
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

## АНТРОПОГЕНИТЕ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИТЕ МОТИВИ НА ОСТРОВО

Острово е компактна рурална населба од збиен тип, на истоимениот дунавски остров, по што го добило името. Населбата се протега долж левиот брег на Дунав и се споменува во 1892 година кога имала 84 жители кои плаќале данок (Младеновиќ и Јацановиќ 2001).

Во селото нема културно-историски споменици и институции (слика 9). Археолошките ископувања се извршени во 1967 година, кога е утврдено постоењето на праисториска населба во

внатрешноста и средновековна населба покрај брегот на Дунав (од 9 или 10 век) (Васиќ 1983), односно археолошкиот локалитет Острово. Во селото постоела и старата куќа на Светомир Миладиновиќ од 19 век, која е заведена како културно наследство, но се распаднала со староста, па денес не постои. Постојат неколку куќи кои имаат интересна стара архитектура, но има многу поголем број нови градби (т.н. вили на гастарбајтери) кои многу се разликуваат од скромните стари куќи. Настанот што традиционално се одржува во ова село е „Островска чорбијада", што се организира во август, уште од 2004 година. Во селото има уште неколку автентични стари куќи и земјоделски згради, но тие се малобројни. Селска слава е Света Троица.



Слика 9: Антропогените мотиви на Острово
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Острово гравитира кон соседното село Затоње, каде што се наоѓа црквата „Св. Сава", а недалеку се наоѓа и селото Кисиљево, со црквата „Св. Никола". Поголемиот број културни атракции се наоѓаат во центарот на градот Големо Градиште како: римската тврдина Пинкум, црквата „Св. Архангел Гаврил", комплексот на старата хидроцентрала на реката Пек, централниот градски плоштад со Градското собрание.

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИТЕ МОТИВИ НА ОСТРОВО

Од основните функционални аспекти важно е да се напомене дека училиштето во Острово функционирало до 1984 година, а денес има само едно одделение до 4 одделение, со пет ученици. Во селото има самопослуга, канцеларија на месната заедница и дом на културата, како и кафеаната „Балкан“ која работи само навечер.



Слика 10: Комуникативно-рецептивните капацитети на Острово
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Острово е поврзано со селата Затоњ и Големо Градиште со насип и, во голема мера, економски е зависно од градот. Населението е претежно старо и се занимава со риболов и земјоделство, додека помладите се на „привремена работа“ во странство, но сосема е сигурно дека нема да се вратат. Од вкупно 386 станбени единици (според пописот од 2011 година), 67 домаќинства се трајно населени, 11 привремено, а 7 се напуштени, додека вкупно 301 станбена единица се користат за одмор и рекреација, претежно концентрирани во викенд-населбата Калиновчиќ. Причината за тоа е големата атрактивност на Сребреното Езеро како туристичка

дестинација, што значително ја промени функционалноста на селото. Во тек е санација на патот Рам – Затоње – Острово – Сребрено Езеро, како и изградба на туристички пешачки и велосипедски патеки. Крајбрежниот дел од селото не е комунално опремен, ниту уреден, и се карактеризира со одредена дивост, па како таков е место за собирање на рибарите.

Во селото нема сместувачки капацитети за прием на туристи, додека во викенд-населбите постојат неколку викендички за изнајмување (слика 10). Изобилството на сместувачки капацитети во викенд-населбите Бели Багрем, Калиновац и Калиновчиќ, го обесхрабрува локалното население да почне иницијатива за туристички развој на селото. Забележано е и проширување на викенд-зоната во крајбрежјето на селото, а локалното население често ги продава своите градини и ниви во овој дел. Иако ги има во голем број, сепак вилите на поранешните гастарбајтери и на денешните повратници го изгубиле својот некогашен сјај, бидејќи во нив сега живеат пензионери кои немаат можност или немаат потреба да ги одржуваат. Нивните потомци живеат во странство и немаат намера да се вратат на долг рок, а доаѓаат во посета еднаш или двапати годишно. Животот во селото е мирен, но не и лесен, а главното собиралиште на жителите е во близината на селската продавница. За изумирањето на населението сведочат многубројните некролози истакнати на голем број куќи, што дополнително дава мрачен ефект при посетата на ова село.

## СЕЛО 3: БРЊИЦА (слика 11)

Регион: Браничевски Округ (НТЕС3)

Општина: Голубац

Површина: 26,11 км$^2$

Надморска висина: 70 – 212 м

Население:

Табела 3: Население во село Брњица

| Година | 1948[1] | 1961[1] | 1991[1] | 2002[1] | 2011[1] | 2019[2] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 632 | 720 | 531 | 391 | 294 | 220 |

Извори:
[1] Републички завод за статистика на Србија, 2014 година.
[2] Процена на авторите според теренско истражување.



Слика 11: Панорама на Брњица
Извор: Фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)

## ПРИРОДНИТЕ МОТИВИ НА БРЊИЦА

Селото Брњица е низинско подунавско село, оддалечено околу 12 км од Општината Голубац, со одлични природни мотиви (слика 12). Позиционирано е во непосредната ридска заднина на подунавскиот појас, односно на ниските падини на Северен Кучај, во рамките на Националниот парк „Ѓердап“, односно во заштитена зона од III категорија. Селото Брњица има посебно значење за развојот на туризмот, за иницирањето на развојот на руралниот туризам и за унапредувањето на шумарството, ловот и риболовот (Просторен план на Општината Голубац, 2011). Селото се развило по долината на Брњичка Река, помеѓу Чока Круши (213 м) и Чока Мари (273 м), на подунавскиот пат Голубац – Долни Милановац, околу 12 км источно од Голубац (Група автори 2015).

Селото излегува на Дунав, но низ него течат и две планински реки – реката Брњица и реката Чезава. Ова подрачје е дел од рибарското подрачје на Ѓердап, кое се наоѓа помеѓу селата Добра и Брњица и ги опфаќа кањонот на Брњичка Река и вливот на Добранска Река во Дунав, кај селото Добра, каде што се формира атрактивен залив. Високите варовнички карпи кои се издигнуваат над Брњичка Река, со специфичната микроклима, создаваат поволни услови за вегетација на термофилни шуми, пред сè, на фамилиите на китнесиот даб, церот и ориенталниот габер (Quercus virgiliana, Quercus cerris, Syringo vulgaris, Fraxnus ornus, Acer monspessulanum, Carpinus orientalis).



Слика 12: Природните мотиви на Брњица
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Селото Брњица е најпознато по кањонот на Брњичка Река, која со своите два водопади е природен куриозитет и задолжителна дестинација на планинарите и авантуристите. Воедно, еден од куриозитетите е и пештерата Гаура Веи.

## АНТРОПОГЕНИТЕ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИТЕ МОТИВИ НА БРЊИЦА

Брњица располага со интересни антропогени и етноамбиентални мотиви (слика 13). Тоа е типично рибарско село во планинско-ридската заднина на Дунав, од разбиен тип, што обединува три физиономиски целини: село (Брњица), Црн Врв и Раковица (Младеновиќ и Јацановиќ 2001а). Населението е православно, мешано, српско, влашко и романско. Селото, во голема мера, се потпира на основните економски функции на соседната населба Добра. Од јавните објекти во селото има основно училиште, само за четиригодишно образование (со само четири ученици), во чија близина се наоѓаат спортски терени, продавница, еден ресторан – „Тома“ и селските гробишта (покрај патот). Во селото има месна канцеларија и здравствена амбуланта. Голем дел од населението се занимава со риболов, додека речиси половина од населението привремено работи во странство. Во последните неколку години, забележан е поголем број повратници, странски пензионери.

Од антропогените мотиви во непосредната близина на селото, важно е да се споменат поголем број сè уште недоволно истражени археолошки локалитети – Брњица и Чезава (остатоци од римски лимес – римски каструм кај Чезава и средновековна некропола), потоа Мала Орлова (средновековна некропола) и Госпоѓин Вир (остатоци од средновековен манастирски комплекс, античка и праисториска населба).



Слика 13: Антропогените и етноамбиенталните мотиви на Брњица
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Интересни се и селската црква „Св. Стефан“ во соседното село Добра и храмот „Св. Никола“ во Голубац, средновековниот манастир „Тумане“, испосницата на Св. Зосим Синаит

(Туманска шума) и целосно реновираната тврдина Голубац (слика 14). На подрачјето на селото Раковица има неколку интересни градби од традиционалното градителство – салаши, кои, генерално, се напуштени. Од етнографските карактеристики на оваа област треба да се спомене обичајот русалки, или добранска кралица, што некогаш се одржувал во четвртокот по празникот Духови (Св. Троица). Денес, овој ритуал многу ретко се изведува како локална фолклорна и етнолошка манифестација.



Слика 14: Тврдината Голубац
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИТЕ МОТИВИ НА БРЊИЦА

Брњица има солидна инфраструктурна опременост и комуникативно-рецептивни мотиви (слика 15). Со значителни инфраструктурни инвестиции на ниво на Општината, како и со напорите на локалното население, во 2017 година, беа асфалтирани сите улици во селото Брњица, поправена е водоводната и електричната мрежа и воведен е интернет. Селото е прекрасно уредено, со голем број цветни градини кои создаваат многу пријатен впечаток при влегувањето во селото. Воедно, се истакнуваат неколку интересни градби од старата српска архитектура, но има и голем број новоизградени двокатни куќи. Потокот иреката Брњица, што течат низ селото, и уредената патека со неколку клупи покрај потокот, влијаат и на визуелната привлечност на ова село.

Од аспект на потенцијалот за развој на туризмот, се забележува голем интерес. Имено, неколку куќи се наоѓаат во постапка на подготовка како капацитети за сместување, за потребите на туристите, а еден објект веќе нуди сместување. Исто така, еден од ретките ресторани со долга традиција во овој дел на Дунав е ресторанот „Тома“ (слика 15а) на брегот на Дунав кој има и свој камп (слика 15б). Постои и уредена туристичко-планинарска патека во должина од 21 км (слика 15в). Поради исклучителната должина на оваа рута, развојот на руралниот туризам е можен во населените места кои се наоѓаат тука (посебно на селата Раденка и Брњица), иако со многу скромен обем, со оглед дека се работи за специфичен сегмент на туристи – авантуристи. Во последните неколку години, постои тренд на зголемување на куќите и на сезонските домови (викендичките), така што се настојува тие да бидат прилспособени во рурални туристички домаќинства следејќи го примерот на капацитетите со кои располага соседната населба Добра, но во поскромен обем (слика 15г). Поточно, се забележува тенденција на приспособување на куќите и на собите за изнајмување на туристите (на пр., апартмани „Костиќ“).



Слика 15а: Ресторан „Тома“



Слика 15б: Камп „Тома“



Слика 15в: Туристичка сигнализација



Слика 15г: Реновирана куќа за туристичко сместување

Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Општината Голубац ги забележала потенцијалите за развој на руралниот туризам кои ги има ова село и континуирано спроведува мерки за унапредување на туристичката понуда. Тековен е проектот за изградба на „рибарско село“ и на „етнокуќа“ во непосредна близина на тврдината Голубац (околу 7 км од Брњица). Добар потенцијал претставува фактот што селото се наоѓа на трасата на меѓународната велосипедска рута „Евровело 6“. Најголемиот број туристи кои користат сместувачки капацитети во руралните и викенд-населбите активно се занимаваат со риболов што е многу развиен во оваа област.

## **СЕЛО 4: МИРОЧ** (слика 16)

Регион: Борски Округ (НТЕС3)

Општина: Мајданпек

Површина: 21,14 км$^2$

Надморска висина: 500 м

Население:

Табела 4: Население во село Мироч

| Година | 1948[1] | 1961[1] | 1991[1] | 2002[1] | 2011[1] | 2019[2] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 609 | 642 | 468 | 406 | 319 | 200 |

Извори:
[1] Републички завод за статистика на Србија, 2014 година.
[2] Процена на авторите според теренско истражување. Во селото има 123 постојани домаќинства, додека околу половина од жителите привремено работат во странство.



Слика 16: Панорама на Мироч
Извор: Фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)

## ПРИРОДНИТЕ МОТИВИ НА МИРОЧ

Мироч се наоѓа на околу 18 километри од Долни Милановац, на надморска височина од околу 500 метри, во близината на вертикалните карпи на врвовите Мал и Голем Штрбац на планината Мироч (768 м), која се издига над најтесниот дел на Дунав, во секторот Казан, низводно од Долни Милановац (Бодирога 2002).

Селото се наоѓа во северозападниот дел на висорамнината Мироч, која е опкружена со изворите на реката Градашница, со Голубињска Река, реката Равна и реката Вања Маре. Планината Мироч се смета за планина со богата флора и фауна и со голем број лековити билки (слика 17). Поради исклучително квалитетните воздушни струи, планината има карактеристики на „воздушна бања“. Во непосредната близина на селото се наоѓа пештерата Градашница (најголемата подземна карсна форма во рамките на Националниот парк „Ѓердап“, до која има уредена планинарско-туристичка патека, долга 2 км) и Ловиштето „Мироч – Штрбац“, каде што широко се застапени буковата и дабовата шума, срната и дивата свиња.



Слика 17: Природните и амбиенталните мотиви на Мироч
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

## АНТРОПОГЕНИТЕ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИТЕ МОТИВИ НА МИРОЧ

Мироч (Мирочево) настанал на местото на поранешните привремени населби за сточарство, а според писмото на неготинскиот епископ, населбата е основана во 1869 година, а се споменува во Декретот на кнезот Милош Обреновиќ од 1872 година (Група автори 2015: 189). Физиономијата на селото е од разбиен тип што поврзува пет целини: Визурињ, Главица, Инарија, Краку Ќеиш и Маре. Од спомeничкото наследство се издвојуваат археолошкиот локалитет Мироч, кој претставува римско утврдување, и населбата Герулатис (Gerulatis), Споменикот на паднатите војници во Втората светска војна и Бунарот на Крале Марко (Бодирога 2002). Во селото се одржува манифестацијата „Јоргован-фест“ (1 мај), која е многу посетена, и по тој повод, во селото доаѓаат гости од околните села, повеќето жители се враќаат од странство, а има и мал број туристи.

Економски, административен и културен центар на оваа област е Долни Милановац, каде што се концентрирани главните административни, економски и културни капацитети. Населението во Мироч традиционално се занимава со земјоделство и сточарство, како и со собирање лековити билки, а неколкумина од нив се вработени во компаниите во околните населени места. Во последните неколку години се забележува постепено заживување на угостителскиот сектор, но со многу скромни резултати (слика 18).




Слика 18: Антропогените и етноамбиенталните мотиви на Мироч
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИТЕ МОТИВИ НА МИРОЧ

Мироч е поврзан со урбаните центри Долни Милановац и Мајданпек, преку регионален пат со релативно добар квалитет. Инфраструктурните капацитети на селото се солидни. Постои здравствена станица, дом на културата, канцеларија на месната заедница, основно училиште до 4 одделение, спортски терени, откупна станица за лековити билки и продавница. Имајќи предвид дека најголемиот број куќи на гастарбајтерите се наоѓаат во добра состојба, постои можност за користење на одреден број сместувачки капацитети за туризам. Сместување нуди само едно домаќинство (домаќинство на семејството Павловиќ) со шест (6) соби и со 13 кревети, а во селото има две кафулиња „Мирошанац“ и „Конак“.

## ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ПРЕДЛОГ-ТУРИСТИЧКАТА ДЕСТИНАЦИЈА 1

На графиконот 1 прикажана е туристичката валоризација на дестинацијата 1 која се предлага како перспективна за развој на руралниот туризам во туристичкиот регион Ѓердап (означена во стратегиските документи како Долно Подунавје). Се работи за многу перспективна туристичка област која во последните 10-ина години посебно се афирмира во меѓународниот туризам со фокус на наутичкиот туризам (крстосување по Дунав) и на велосипедизмот – меѓународна велосипедска рута „Евровело 6“. Потенцијалите за развој на руралниот туризам во Подунавјето се забележани по 2005 година, имајќи предвид дека фокусот на развојот на туризмот во Долно Подунавје беше насочен кон развојот на големите туристички центри „Сребрено Езеро“ и развојот на културните рути: „Патот на римските цареви“ и „Тврдините на Дунав“, како и кон активирањето на археолошките локалитети. Воедно, внимание му беше посветено и на развојот на туристичката инфраструктура на урбаните центри и на претходноформираните викенд-населби и кампови. Во втората фаза, до 2020 година, планирано е активирање на руралниот туризам во селата во регионот на Дунав, првенствено преку инвестициите насочени кон винските населби, поконкретно во Неготинската Краина, во која се вклучени селата Рајац, Рогљево и Смедовац, како и поголемите рибарски села како Долни Милановац, Текија и Добра.




Графикон 1: Оцена на руралниот капитал на предлог-дестинацијата 1: Рам, Острово, Брњица и Мироч (Регионот на Јужна и Источна Србија)

Оцена на природниот капитал. Во нашиот случај, од аспект на развојот на руралниот туризам во оваа област, се разгледуваат исклучително мали и неразвиени рурални населби (Брњица, Мироч, Острово и Рам), кои поради својата поволна локација имаат атрактивни природни потенцијали и овозможуваат комбинација на авантуристички и ловно-риболовни активности во донекаде зачуваната рурална средина. Споменатите села се наоѓаат во атрактивни области во рамките на туристички афирмативни дестинации – „Сребрено Езеро“ и Националниот парк „Ѓердап“, кои се карактеризираат со висококвалитетна природна средина, со богато

културно-историско наследство, првенствено, од античко и праисториско време, но, исто така, и богато со етнографски специфики и традиции, со посебен куриозитет, традицијата на риболовење и етнографските специфики на Власите.

Оцена на економскиот капитал. Солиден економски капитал постои, благодарение на континуираните инвестиции на ниво на општина, насочено кон развој на туризмот и изградба на туристичка инфраструктура, и развој на личниот капитал на локалното население, пред сѐ, инвестиции на гастарбајтерите кои потекнуваат од овие села.

Оцена на инфраструктурниот капитал. Главната пречка за брз туристички развој на овие села се слабата инфраструктурна опрема и нискиот социјален капитал, што се гледа во недостигот од претприемачка иницијатива на локалното население, кој, пак, делумно се надоместува со иницијативата на сезонското население. Сепак, една од пречките за развој на руралниот туризам во овие села претставува високиот степен на туристички развој и постоењето на квалитетни сместувачки капацитети во поголемите населени места кои се наоѓаат во непосредната близина. Постои одредена заситеност во изградбата на сместувачките капацитети со што туристичкиот развојот на оваа дестинација се изместува од постојано населени места кон исклучиво туристички места во вид на „викенд-населби“ кои ги има прилично во оваа област. Покрај тоа, визуелните карактеристики на руралните населби од оваа област се, во голема мера, загрозени, а автентичните традиционални градби се малку на број и, во голема мера, уништени.

Оцена на општествениот (човечки и организациски) капитал. Она што го карактеризира развојот на туризмот во оваа област се насочените инвестиции и централизираниот пристап за развој на туризмот во кој локалните заедници имаат многу мало учество. Лошата демографска структура во речиси сите села од оваа област оневозможува побрз развој, и покрај согледаните туристички потенцијали. Од табелите од 1 до 4 се забележува континуиран пад на бројот на жителите во сите анализирани села. Бројот на жителите во овој крај од пред 1950-тите години опаднал над 50 %. Така, во селата Рам и Острово, кои според пописот од 1948 година имале над 400 постојани жители, денес имаат околу 200. Ситуацијата е уште полоша кога станува збор за периферните села, како што се Брњица и Мироч, во кои популацијата е намалена од над 600 постојани жители (1948 година) на одвај 200 жители во 2019 година (според процената на терен), што претставува пад од над 65 %. Притоа, селата Брњица и Мироч имаат малку подобар демографски статус, каде што локалното население во поголем дел се задржало, и се забележува поголем прилив на повратници пензионери. Воедно, забележливо е бавно зголемување на бројот на децата на училишна возраст (иако тој број не надминува 10). Иако во последно време се зголемени поддршката и помошта од локалните, регионалните и националните институции, и посебно е насочена кон обезбедување соодветна инфраструктура, а месните заедници во анализираните села работат на обезбедување основни инфраструктурни и организациски предуслови за секојдневно функционирање на селата. Сѐ уште нема приватна иницијатива за обнова на селата и за нивен туристички развој, туку вклучувањето во туристичката понуда е исклучиво индивидуална. Општините Големо Градиште, Голубац и Мајданпек, каде што припаѓаат овие села, се фокусирани на инвестиции и на концентрацијата на туристичката инфраструктура во населбите кои гравитираат кон градските центри со просторно проширување кон викенд-зоните (зона на нови градби), додека традиционалните населби остануваат изолирани, без јасни планови и без развојна стратегија.

## ПРЕДЛОГ-ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА 2: ИЛИНО, СЕСАЛАЦ И ЕЗЕРО (Сокобањски Регион, Заечарски Округ, Регион Јужна и Источна Србија)




Слика 19: Локација на предлог-туристичката дестинација 2 во Регионот на Јужна и Источна Србија/СокобањскиРегион – Заечарски Округ, бр. 5 Илино (Бољевац), бр. 6 Сесалац (Сокобања) и бр. 7 Езеро (Сокобања)

Предложената туристичка дестинација 2 во Регионот на Јужна и Источна Србија се состои од селата Илино, Сесалац и Езеро (слика 19). Според Номенклатурата на територијалните единици за статистика (НТЕС) ниво 3, овие села му припаѓаат на Заечарскиот Округ (слика 20).




Слика 20: Локација на избраните села во предлог-туристичката дестинација 2 во Регионот на Јужна и Источна Србија

Сокобањскиот туристички регион е дел од поголема целина на т.н. Нишко-сокобањски туристички регион. Го опфаќа подручјето на Сокобањската Котлина која ја врамуваат ниските планини 'Ртањ, Озрен, Девица, Слемен и Буковик. Туристички центар на овој регион е Општината Сокобања. Развојот го темели на долгата традиција за здравствено-лекувалиштен туризам од Соко Бање и бањета Јошаница, но и со комплементарните туристички мотиви кои овозможуваат содржински туристички престој во опкружувањето (Бјељац и соработниците 2015). Посебната развојна перспектива која ја има Соко Бањи дава можност за поврзување на бањскиот туризам са нејзиното непосредно планинско опкружување и со живописните села, како и со излетничките места кај водопадот Рипаљка, на Бованското Езеро, излетничките места Бела Вода и Шопур на Озрен, археолошкиот локалитетет Лептерија – Сокоград, клисурата Моравица, Сесалачката пештера и слично (Radivojević 2008). Имајќи предвид дека се наоѓа недалеку од сообраќајниот коридор 10, реално може да се очекува поголема афирмација на овој туристички регион во наредниот период.

ТУРИСТИЧКИ ЦЕНТРИ: Сокобања, Алексинац и Бољевац.

ПРИРОДНИ АТРАКЦИИ: предел со исклучителни карактеристики Лептерија – Сокоград, водопадот Рипаљка, Бованско Езеро, изворот Моравица, излетничкото место Шопур, специјалниот природен резерват „'Ртањ", Сесалачка Пештера, Боговинска Пештера (Бољевац) и др.

АНТРОПОГЕНИ АТРАКЦИИ: тврдината Сокоград, Градскиот центар на Сокобања: Турско купатило „Амам", Спомен-чешма на Милош Обреновиќ, Спомен-чешма на Хајдук Вељко Петровиќ и Споменик на паднатите борци во војната 1912 – 1918, Шанчеви во Делиград и Спомен-црква на паднатите борци 1804 – 1918 (Јасење, Алексинац), Музеј на Тимочката буна (Бољевац), Меморијална куќа на скулпторката Љубинка Савиќ Граси во Илино и др.

Археолошки локалитети: Лептерија – Сокоград.

Манастири: „Јерменчиќ" на Озрен, „Богородица во карпа" (Црква на Словото Господово), Црква „Преображение Господово", „Св. Стефан Липовац" (Алексинац), остатоци од манастирот „Лапушањ" (с. Луково во подножјето на 'Ртањ), Храм „Св. Илија" во Бољевац.

Етноамбиентални целини: зграда на Милошевиот конак, Етносело „Липовац" (Алексинац).

Индустриско наследство: рударска населба 'Ртањ, Алексиначки рудници.

Манифестации: етноманифестацијата „Златни раце" (традиционални занаети), Прва хармоника на Србија, Средби „Св. Јован Биљобер" (берење лековити билки), Уметничка колонија „Сокоград", „Златни раце на Црноречјето", „Црноречје во песна и игра", итн.

## **СЕЛО 1: ИЛИНО** (слика 21)

Регион: Заечарски Округ (НТЕС3)

Општина: Бољевац

Површина: 19,09 км$^2$

Надморска висина: 340 м

Население:

Табела 5: Население во село Илино

| Година | 1948[1] | 1961[1] | 1991[1] | 2002[1] | 2011[1] | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 499 | 921 | 178 | 121 | 105 | 85[2]/96[3] |

Извори:

[1] Републички завод за статистика на Србија, 2014 година.

[2] Процена на авторите според теренско истражување. Во селото има 60 постојани домаќинства и голем број сезонски жители.

[3] Процена на Државен завод за статистика на РС.



Слика 21: Панорама на Илино
Извор: Фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)

## ПРИРОДНИТЕ МОТИВИ НА ИЛИНО

Илино е земјоделско-сточарско село од збиен тип, сместено во подножјето на планините ’Ртањ и Гарваница (741 м), по долината на Илинска Река, притока на Арнаут, западно од патот Бољевац – Ртањ, на околу 5 км јужно од Бољевац, на патниот правец Бољевац – Сокобања. Селото е старо и се состои од два дела кои го сочинуваат Горен и Долен Крај. Првпат се споменува во турските пописи од 1455 и 1466 година. Селото е познато по изворот Врело кој се наоѓа во центарот на селото од каде што извира лековитата вода, директно од карпата. Токму за ова има неколку интересни легенди. Изворот од неодамна е уреден и изградена е чешма. Во близината на селото се наоѓа една од најпознатите и најмистичните планини на Источна Србија, планината ’Ртањ (слика 22). Со својата тристрана прирамидална форма на највисокиот врв Шиљак (1.570 м), ’Ртањ претставува масивен гребен долг околу 6,5 км (Цвијиќ 1996; Нешиќ 2013). Подножјето на планината е богато со букови и дабови шуми и со многу лековити билки од кои најпознат е ’ртањскиот чај.



Слика 22: Планината ’Ртањ
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

## АНТРОПОГЕНИТЕ МОТИВИ НА ИЛИНО

Од археолошките локалитети во близината на селото Илино има остатоци од римска тврдина во Градиште и од средновековна црква во Рашинец. Во атарот на селото, во Котарски Поток, помеѓу Илина и Мирово, порано се наоѓало мало село Котар, што се споменува во документите од 1455 година (Радосављевиќ 1967). Во центарот на Илино се издвојува реновираната куќа на скулпторот Љубинка Савиќ Граси, која е изградена во типичен моравски стил од крајот на 19 век, а денес е претворена во нејзино наследство и етномузеј. Во селото има голем број автентични куќи што ѝ го дава епитетот етносело на Општина Бољевац. Така се издвојуваат зградата на месната заедница, училиштето и поголем број приватни куќи во автентичен стил. Од друга страна, во последните неколку години се изградени неколку вили и туристички објекти. Во селото постои културно-уметничко здружение „Илинско врело“, основано во 2009 година, кое е организатор на Фестивалот за детска креативност, што се одржува во селото, во август, за време на селската слава Св. Троица.



Слика 23: Антропогените мотиви на Илино
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Од позначајните антропогени мотиви (слика 23), во блиското опкружување се истакнуваат остатоците од капелата „Св. Ѓорѓе“, на ’Ртањски Вис, подигната во спомен на сопственикот на поранешниот рудник во ’Ртањ, Јулиус Минх. Интересна е и поранешната рударска населба ’Ртањ, која е наменски изградена поради отворање на рудникот за јаглен, во 1902 година. И токму во Бољевац, меѓу клучните атракции се издвојуваат црквата „Св. Илија“, Музејот „Тимочка буна“ и етноманифестација „Црноречје во песни и игри“.

## КОМУНИКАТИВНИТЕ И РЕЦЕПТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ИЛИНО

Илино се наоѓа на регионалниот пат Р-218 (Бољевац – ’Ртањ – Сокобања), со релативно добар квалитет, со малку подобар пристапен пат од ’Ртањ до Илино, отколку од правецот на Бољевац. Во селото има канцеларија на месната заедница, дом на култура и училиште (кое не работи поради недостаток на ученици), етномузеј и етноедукативен центар. Илино, по примерот на соседното ’Ртањ, во последните неколку години прераснува во вистинско туристичко село. Тоа посебно се гледа во изградбата на сместувачки капацитети, меѓу кои преовладуваат апартман-хотели. Етнокомплексот „Ртањски двори“ (слика 24) е изграден во 2017 година и се состои од четири (4) апартмани/куќи во кои можат да се сместат до 17 лица. Како дел од овој комплекс има етноресторан „Заборави ако можеш“, како и етнодомаќинството „Вилино-бака Билкина куќа“ која работи од 2019 година и располага со три апартмани со капацитет од осум (8) легла. Во селото има и сместување во приватни куќи (на пример, куќата на Јаблановиќи со три (3) кревети). Илино почнува туристички да се промовира во последните неколку години, поточно од 2015 година, но сѐ уште е недоволно познато во национални рамки, имајќи предвид дека туризмот на ниво на општина Бољевац е слабо развиен, иако е јасно насочен кон рурален туризам. Сепак, во секој поглед, постојат јасни тенденции да стане вистинско туристичко село во подножјето на ’Ртањ.




Слика 24: Етнокомплекс „’Ртањски двори“ и ресторан „Душанова меана“
Извор: http://rtanjskidvori.rs/

Она што може да се забележи во туристичката понуда на ова, но и во соседните села, е фокусот на алтернативниот медицински аспект во форма на „медитација“, „јога“ и „нутриционизам“, со што, очигледно, се настојува да се привлече одреден сегмент на урбани

туристи, претежно белграѓани, кои секоја година се среќаваат во сè поголем број во оваа област. Друг аспект кој сè повеќе се користува се „електромагнетните“ карактеристики на планината ’Ртањ со одредена таинственост како место каде што паднал метеорит и кое наводно го посетуваат вонземјани.

Планината ’Ртањ добива голема популарност по 2012 година, кога медиумски е презентирана како едно од безбедните засолништа од наводниот „крај на светот“ што се очекувал на 21 декември, поради необичната пирамидална форма и карактеристичното електромагнетно поле (енергетски јазол – Врело). Тогаш, голем број суеверни луѓе се упатија токму во планината со надеж дека ќе најдат спас. Оттогаш, па сè до денес, целата област на оваа планина започнува туристички брзо да се развива. Денес, неколку села во непосредното подножје на планината ’Ртањ имаа туристичка понуда (Мирово, Врмџа, ’Ртањ, Мужинац), а туристичкиот комплекс „Балашевиќ“, во селото Мирово, има подолга традиција. Од 2019 година, работи луксузниот хотел Рамада во населбата ’Ртањ, а во тек е изградбата на панорамска гондола од населбата ’Ртањ до врвот Шиљак, што дополнително туристички ќе ја афирмира оваа област.

## **СЕЛО 2: СЕСАЛАЦ** (слика 25)

Регион: Заечарски Округ (НТЕС3)

Општина: Сокобања

Површина: 25,08 км$^2$

Надморска висина: 517 м

Население:

Табела 6: Население во село Сесалац

| Година | 1948[1] | 1961[1] | 1991[1] | 2002[1] | 2011[1] | 2019[2] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 958 | 915 | 488 | 347 | 250 | 162 |

Извори:
[1] Републички завод за статистика на Србија, 2014 година.
[2] Процена на Државен завод за статистика на РС за 2019 година, потврдено со процена на авторите според теренското истражување.




Слика 25: Сесалац
Извор: Фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)

## ПРИРОДНИТЕ МОТИВИ НА СЕСАЛАЦ

Сесалац се наоѓа во североисточниот дел на Сокобањската Котлина, во подножјето на планината Слемен (највисокиот врв има 1.099 м, каде што е поставен партизански споменик). Од Сокобања е оддалечено околу 18 км, во правец кон Књажевац.

Низ селото тече Сесалачка Река, притока на реките Моравица, Николинска и Зарвинска Река (понорница). Целата оваа област е богата со вода со добар квалитет. Во близината на селото се наоѓа и изворот Сињски Вир, потоа водопадот Бездан и малото езеро на Сесалачка Река.




Слика 26: Природните мотиви на Сесалац
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Од природните куриозитети за селото посебно е важна Сесалачката Пештера која се наоѓа на околу 2 км од центарот на селото (слика 26). Тоа е познато излетничко место уредено за посетители. На границата со соседното село Милошинац има две интересни карсни форми заштитени со закон, и тоа Зарвина и Богова врата.

Во непосредна близина се наоѓа ловиштето „Моравица“, каде што најчесто се ловат дива свиња, волк, елен, јазовец, а во селото има и ловечки клуб „Сесалац“. На околу 8 км од селото, кон Сокобања, во селото Врело, се наоѓа излетничкото место „Извор Моравица“ кое е уредено и претставува едно од најпосетуваните излетнички места во Општината Сокобања.

## АНТРОПОГЕНИТЕ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИТЕ МОТИВИ НА СЕСАЛАЦ

Селото, генерално, е од збиен тип (слика 27), иако има групи куќи кои се на периферијата на селото и претежно напуштени и во лоша состојба. Жителите се занимаваат со сточарство и земјоделство (слика 28), па одгледуваат кози, овци и малку крупен добиток. Населението е старо и има многу неженети средовечни мажи.



Слика 27: Центарот на Сесалац
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Во селото нема евидентирани споменици на културата, но може да се видат зачувани примери на автентична српска селска архитектура, иако во прилично лоша состојба. Исто така, интересни се одредени стопански објекти и традиционални начини на земјоделско производство. Со оглед на тоа дека селото е опкружено со шума, населението се занимава со собирање печурки (вргањ, лисичарка, смрчак), а повремено се наоѓаат и тартуфи. Меѓу производите кои им се нудат на туристите се наоѓаат и разни видови џем, мед, ракија, домашно сирење и слично.





Слика 28: Земјоделски објекти во Сесалац
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

На врвот на планината Слемен има споменик на борбата за национално ослободување (слика 29). Селска слава е Св. Врачи (14 јуни), а од 2017 година, во јули, се организира гастрономскиот настан „Сесалачко котле“. Во соседното село, Врело, се наоѓа старата црква „Св. Илија“ од 1869 година како донација на принцезата Персида Караѓорѓевиќ.



Слика 29: Партизански споменик на врвот на планината Слемен
Извор: https://www.facebook.com/lovacka.sekcijasesalac

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИТЕ МОТИВИ НА СЕСАЛАЦ

Патот до селото се одликува со лош квалитет, со делови со истрошен асфалт. Во центарот има канцеларија на месната заедница. Има голем број автентични стари куќи и земјоделски згради, трошна напуштена зграда на поранешната земјоделска задруга во неокласичен стил (од 1932 година), реновирана, но затворена зграда на домот на културата, училиште до четврто одделение, со една паралелка, една продавница, а од 2017 година, кај Сесалачката Пештера работи етноресторанот „Пеќура“, со скромен капацитет за 30 лица и има сезонски карактер (отворен е во лето) (слика 30).




Слика 30: Камп во близината на пештерата Сесалац и ресторанот „Пеќура“
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Од 2018 година постои иницијатива за изградба на сместувачки капацитети, првенствено преку изградба на кампот „Сесалачка Пештера“ чија изградба е во тек. Истата година е почната иницијатива за формирање на алтернативниот екокамп „Глас на природата“, кој работи со скромни капацитети. Покрај тоа, постои интерес од неколку локални жители да ги приспособат своите капацитети и да понудат сместување за туристите. Сепак, сѐ уште не се регистрирани сместувачки капацитети токму во село, ниту има поголема побарувачка за тоа. На ниво на месната заедница формирано е здружение на граѓани „Сесалачка Пештера“, кое се занимава со туристичкиот развој на селото, а по чија иницијатива почнало да се одржува манифестацијата „Сесалачко котле“. Потенцијалот за развој на руралниот туризам е препознат во селото, но

неговиот развој е сѐ уште во почетна фаза, првенствено темелен на индивидуални иницијативи, главно, од сезонското население, додека локалното население, главно, се занимава со земјоделство и сточарство.

Она што е карактеристично за селото се големиот број самечки и старечки домаќинства. Со тоа, дополнително се поткопува претприемачкиот потенцијал за развој на руралниот туризам, што, во голема мера, се темели на доминантната улога на женското население во задоволувањето на основните туристички потреби. Засега, во селото е развиен само излетнички тип туризам, насочен кон посета на Сесалачката Пештера, и донекаде ловен туризам, но сето тоа само во регионални рамки.

## СЕЛО 3: ЕЗЕРО (слика 31)

Регион: Заечарски Округ (НТЕС3)

Општина: Сокобања

Површина: 23,34 км$^2$

Надморска висина: 780 – 830 м

Население:

Табела 7: Население во селото Езеро

| Година | 1948[1] | 1961[1] | 1991[1] | 2002[1] | 2011[1] | 2019[2] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 896 | 811 | 397 | 310 | 255 | 223 |

Извори:
[1] Републички завод за статистика на Србија, 2014 година.
[2] Процена на Државен завод за статистика на РС, потврден приближен број со процена на авторите при теренското истражување.



Слика 31: Панорама на Езеро
Извор: Фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)

## ПРИРОДНИТЕ МОТИВИ НА ЕЗЕРО

Езеро е село во Општина Сокобања во Заечарскиот Округ, на падините на планините Озрен и Девица, на околу 11 км југоисточно од Сокобања. Селото е од збиен тип и се наоѓа од двете страни на локалниот пат Сокобања – Ново Село – Раденковац. Иако е периферно и донекаде изолирано во однос на другите села, од аспект на туристичката привлечност, Езеро има одреден потенцијал со убавите природни ресурси, квалитетната животна средина и зачуваниот рурален

амбиент (слика 32). Постоењето голем број излетнички места на планините Озрен и Девица и близината на Сокобања како туристички центар со долга традиција, претставуваат потенцијал за активирање на туризам со мал обем во ова село. Од природните потенцијали се издвојуваат излетничкото место Власина и изворот Шопур, кои се скромно уредени, потоа излетничките места Очно и Калиновица, како и водопадот Рипаљка.




Слика 32: Природните мотиви на Езеро и непосредното опкружување
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

## АНТРОПОГЕНИТЕ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИТЕ МОТИВИ НА ЕЗЕРО

Низ историјата, селото Езеро бележи големи осцилации во бројот на население. Така, во 1844 година, имало 18 домаќинства и 165 жители, а во 1921 година, се зголемило на 115 домаќинства и 742 жители (Стаменковиќ и други 2002). По Втората светска војна, бројот на жители континуирано се намалува, па според последниот попис (2011), во селото има 106 домаќинства, со 255 жители, со просечна возраст од 48,6 години. Притоа, 78 домаќинства се постојано населени, а 25 се повремено населени (сезонско население). Иако ова село се карактеризира со одредена виталност, првенствено поради неговата изолација, сепак во текот на последните три пописи, забележан е значителен пад на бројот на населението, и овој негативен тренд продолжува.

Физиономијата на селото е во голема мера автентична и зачувана, но постојано се влошува поради лошата економска состојба и неповолната демографска структура. Населението се занимава со сточарство и земјоделство, но, исто така, и со шумарство, што служи како основа за развој на дрвната индустрија. Токму тука се наоѓа вработување, и тоа задржува дел од младата

популација од селото, што, пак, придонесува за подобрување на демографските движења на селото. Населението е српско и се слават крштавањата, на Св. Никола, Св. Мрат, Ѓурѓовден, Св. Арангел. Селска слава е Св. Герман и Св. Георгиј (Стаменковиќ и други 2002: 57). Културните атракции се концентрирани во Сокобања, како турската бања „Амам“, црквата „Св. Преображение“ и зградата на Милошевиот конак. Посебно се истакнува средновековната тврдина Сокоград, карактеристичниот Лептерија – Сокоград, кој се наоѓа на заштитеното природно подрачје, и манастирот „Јерменчиќ“, на планината Озрен, посветен на светите архангели Гаврил и Михаил.

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИТЕ МОТИВИ НА ЕЗЕРО

Од селото води пат до Сокобања и Ниш, кој се одликува со среден квалитет, а на некои делови асфалтот е мошне оштетен. Не постои редовна автобуска линија до Општината, како ни амбуланта, иако обете функционирале до 80-тите години на минатиот век. Затоа, пристапот до селото и неговото функционирање се тешки. Воедно, нема други јавни објекти, како продавница или црква, па населението е насочено кон центрите на градот во областа, пред сè, во Сокобања. Во селото има канцеларија на месната заедница која е заедничка за селата Езеро, Ново Село и Раденковац, и има паралелка до четврто одделение, со 12 ученици, како дел од основното училиште. Пред училиштето има мало спортско игралиште и плато, кое одвреме-навреме се користи како летна сцена за време на селските настани и прослави.



Слика 33: Комуникативно-рецептивните мотиви на Езеро
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Во селото нема туристичка инфраструктура, јавни објекти, ниту угостителски објекти. Домаќинствата се снабдени со основна комунална опрема како вода, електрична енергија и телефонска мрежа, додека нема интернет (слика 33).

Од неодамна, на локалитетот Оштра, чука на планината Девица, се организира параглајдерство. Повремено доаѓаат планинари, но нема вистински туристички посети. Руралниот туризам сè уште не се разгледува како опција за ревитализација на селото, првенствено поради големата оддалеченост, периферната локација, лошите патишта и инфраструктурата, како и поради недостаток на културни ресурси во непосредна близина. Кон ова, дополнително може да се додаде ниското ниво на образование, лошата економска состојба и недостатокот на претприемачка иницијатива кај локалното население.

Руралниот туризам би можел да биде ветувачка економска гранка на ова село, но потребни се насочени активности и стимулации од страна на Општината со цел да се зајакне претприемачката иницијатива кај локалното население. Имајќи предвид дека општествениот капитал на Езеро е на релативно пристојно ниво, може да се работи на долгорочна одржливост и несочен туристички развој, првенствено поради исклучителните и сè уште неискористени природни потенцијали на планините Озрен и Девица, зачуваното рурално опкружување и близината на Сокобања како важен туристички центар. На тој начин може да се запрат долготрајните негативни социоекономски услови кои се присутни на пошироко, регионално ниво.

## ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ПРЕДЛОГ-ТУРИСТИЧКАТА ДЕСТИНАЦИЈА 2

Врз основа на спроведената туристичка валоризација (графикон 2) на предлог-дестинацијата 2, која ја опфаќа областа на котлината Сокобања опкружена со планините Озрен, Девица и ’Ртањ, се забележува исклучителна перспектива за развој на руралниот туризам од аспект на афирмацијата на туристички производ во Регионот на Јужна и Источна Србија кој има долга традиција.

Оцена на природниот капитал. Анализираните села се наоѓаат во планинска област и се карактеризираат со богатство и со разновидност на природниот капитал, што може да се види преку прекрасните природни пејзажи и атрактивните природни ресурси, како и поволните климатски услови. За жал, природниот капитал на оваа предлог-дестинација е недоволно заштитен. Има ограничен носечки капацитет, кој е недоволно регулиран и со скромна понуда на рекреативни активности, при што во однос на рекреативните можности се издвојува потенцијалот на селото Сесалац.

Оцена на културниот капитал. Културниот капитал на анализираните села е скромен, со оглед на малиот број атрактивни културни ресурси. Од друга страна, постојните ресурси се наоѓаат во многу лоша состојба и тие се незаштитени. Тоа дополнително влијае на негативната перцепција за автентичноста и квалитетот на руралното опкружување. Состојбата е поповолна во селото Илино, каде што поголемиот број објекти се реновирани со иницијатива и инвестиции на Општината, но и со приватен капитал. Така, клучните објекти се наоѓаат во репрезентативна состојба, а новоизградените се вклопени, така што не ја нарушуваат во голема мера автентичноста на руралниот амбиент. Од друга страна, во селата не е евидентирано културно наследство под заштита, додека во непосредна близина, во подножјето на планината ’Ртањ, кај селото Луково, се наоѓаат остатоци од манастирите „Лопушња“ и „Лозица“, а во подножјето на планината Озрен, кај Сокобања, се наоѓаат остатоците од средновековната тврдина Сокоград.




Графикон 2: Оцена на руралниот капитал на предлог-дестинацијата 2: Илино, Сесалац и Езеро (Регионот на Јужна и Источна Србија)

Оцена на инфраструктурниот и економскиот капитал. Инфраструктурниот и економскиот капитал во анализираните села се крајно неповолни и се чини дека е најнеповолен во периферните села, поточно во Езеро (просечна оценка за двата критериуми е само 1,7), додека ситуацијата е малку поповолна во Сесалац (просек од 2,7) и релативно поволно во Илино (оценка на инфраструктурниот капитал од 3,8 и на економскиот од 3,3). Во Сесалац и Илино веќе е иницирaн туристички развојот со значајни инвестиции и претприемачки активности преку кои се активираа одредени туристички ресурси во последните две години. Овој тренд продолжува и веќе се гледа зголемување на сместувачките капацитети.

Оцена на општествениот (човечки и организациски) капитал. Иако оваа предлог-дестинација се карактеризира, генерално, со низок демографски капитал, во последните пет години се забележува тренд на постепено заживување на селата, што може да се забележи посебно преку забрзаниот туристички развој на планината ’Ртањ (одредени села во општините Сокобања и Бољевац). Демографскиот капитал е просечен. Треба да се има предвид дека анализираните села спаѓаат во категоријата големи села во 1950-тите години, кога имале околу 900 жители (табели 5, 6 и 7). Со пописот од 2002 година, забележан е драстичен пад во бројот на постојаните жители, кој се движел од –86,9 % во Илино, –65,4 % во Езеро, до –63,8% во Сесалац. Потоа, негативниот демографски тренд продолжува и според процените на терен од 2019 година, има само 223 жители во селото Езеро, 162 во Сесалац, и само 96 постојани жители во Илино. Малку поповолна е демографската слика кој поголемите села, како Езеро и Сесалац, која значително се намалува со ниското ниво на образование, претприемачката иницијатива и ограничените економски ресурси. Во овие села е забележано зголемување на сезонската популација, паралелно со малку побавните миграциски тенденции на постојаното население.

Езеро и Сесалац се наоѓаат на поголемо растојание од општинскиот центар (повеќе од 15 км), додека Илино е, практично, приградска населба на само 5 км, така што има поголема можност за развој. Меѓутоа, бројот на сезонските домаќинства е незначителен во Езеро и Сесалац (само неколку домаќинства кои привремено работат во странство), додека во Илино има малку поголем број. Во 2011 година, во Илино имало само пет сезонски домаќинства кои доаѓале само на одмор и

рекреација, додека, денес, бројот на таквите домаќинства е значително зголемен. За разлика од Езеро и Сесалац, каде што недостасува институционална поддршка за развој на руралниот туризам, Илино, неколку години претходно, ужива институционална и инвестициска поддршка и јасно стратегиски е ориентирано кон туристичкиот развој преку унапредување на приватното претприемаштво. За целата предлог-дестинација, се забележува дека иницијатори за развој на туризмот се претежно „новодојденци“ (независно дали се по потекло од овие села, повратници и гастарбајтери, странци и белграѓани), а не локалното население кое нема економски претприемачки потенцијал.

Од аспект на туристичка атрактивност, Езеро и Сесалац, во голема мера се фокусирани на сопствените природни потенцијали и како такви сѐ уште се неискористени и посетувани, главно од планинари и излетници. Од друга страна, културниот аспект е повеќе застапен во Илино кое е насочено кон поширок спектар на корисници и во голема мера е приспособен кон современите туристички потреби.

## ПРЕДЛОГ-ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА 3: ДОЛНА КАМЕНИЦА, ЈАЛОВИК ИЗВОР, БАЛТА БЕРИЛОВАЦ И ЌУШТИЦА (Регион на Стара Планина, Заечарски Округ, Регион Јужна и Источна Србија)




Слика 34: Локација на предлог-туристичката дестинација 3 во Регионот на Јужна и Источна Србија/Стара Планина – Заечарски Округ, бр. 8 Долна Каменица, бр. 9 Јаловик Извор, бр.10 Балта Бериловац и бр. 11 Ќуштица

Предложената туристичка дестинација 3, во Регионот на Јужна и Источна Србија, се состои од селата Долна Каменица, Јаловик Извор, Балта Бериловац и Ќуштица (слика 34). Според Номенклатурата на територијалните единици за статистика (НТЕС) ниво 3, овие села му припаѓаат на Заечарскиот Округ (слика 35).




Слика 35: Локација на избраните села во предлог-туристичката дестинација 3 во Регионот на Јужна и Источна Србија

Туристичкиот регион Стара Планина го вклучува планинскиот масив Стара Планина (на површина од 1.802 км$^2$) на територијата на Србија, со највисокиот врв Миџор (2.169 м), кој се граничи со долината Заечар, долините Голем Тимок и Трговиски Тимок, реката Височица и административната граница со Бугарија (ЈП „Стара Планина“, 2017). Оваа област им припаѓа на општините Заечар, Књажевац, Пирот и Димитровград, а голем дел е под заштита на државата, од 1997 година, како парк на природата (1.142,22 км$^2$) (ЈП „Стара Планина“, 2017). Поради големата просторна покриеност, Регионот е поделен на две зони во соодветните области: Заечарскиот Округ (Заечар и Књажевац) и Пиротскиот Округ (Пирот и Димитровград). Во просторниот план на Република Србија, Стара Планина се третира како комплексна туристички ориентирана целина, со подрачја за посебни намени, со туристички центри во Пирот и Књажевац.

Во Заечарскиот Округ, а конкретно, во рамките на Општината Књажевац, интензивно се развива зимскиот ски-туризам. Така, во областа Јабучка Рамнина има скијачки терени и ски-центар „Бабин заб“, со хотелскиот комплекс „Стара Планина“, отворен во 2011 година. Оваа област се развива сè поинтензивно, така што понудата за сместување во рурални туристички домаќинства во пошироката околина се шири. Изградбата на туристички центар на Стара Планина, со дополнителни инвестиции за инфраструктурата, придонесоа за збогатување на туристичката понуда и за подобрување на квалитетот на животот, заедно со нова развојна перспектива на селата од овој регион. Имајќи предвид дека ова е релативно нов туристички центар, развојот на туризмот е сè уште во почетна фаза и се очекува значителен напредок во збогатувањето на понудата на руралниот туризам.

ТУРИСТИЧКИ ЦЕНТРИ: Заечар и Књажевац.

ПРИРОДНИ АТРАКЦИИ: Гамзиградска Бања, Грлишко Езеро, ’Рготско Езеро, Совинско Езеро, ’Ргошка Бања, Комплекс „Бањица“, планина Тупижница, водопад Бигар, пештера Бараница, клисура Ждрело, ловишта: Тупижница, Тресибаба и Миџор-Кална.

АНТРОПОГЕНИ АТРАКЦИИ: Спомен-парк шума „Краљевица“, музеи во Заечар и Књажевац, Старата чаршија и Спомен-паркот во Књажевац. Археолошки локалитети: Феликс – Ромулијана (УНЕСКО), Равна – Timacum minus. Манастири: Манастир „Св. апостоли Петар и Павле“ (Грлиште), Манастир „Суводол“; Манастир „Св. Троица“ (Горна Каменица) и др. Етноамбиентална целина: Радул-бегов конак, Турска воденица (Заечар), Архео-етнопарк „Равна“. Манифестации: „Заечарска гитаријада“, „Звуците на трубата од Тимок“, „Молитва под Миџор“ (Вртовац и Балта Бериловац), „Собир на Кадибогаз“ (Ново Корито), „Панаѓур“ (Јаловик Извор) итн.

## СЕЛО 1: ДОЛНА КАМЕНИЦА (слика 36)

Регион: Заечарски Округ (НТЕС3)

Општина: Књажевац

Површина: 17,28 $km^2$

Надморска висина: 340 m

Население:

Табела 8: Население во село Долна Каменица

| Година | 1948[1] | 1961[1] | 1991[1] | 2002[1] | 2011[1] | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 1.169 | 1.031 | 484 | 371 | 229 | 164[2]/ 150[3] |

Извори:
[1] Републички завод за статистика на Србија, 2014 година.
[2] Процена на Државен завод за статистика на РС.
[3] Процена на авторите според теренско истражување.



Слика 36: Панорама на Долна Каменица
Извор: https://selo381.blogspot.com/2018/12/donja-kamenica.html

## ПРИРОДНИТЕ МОТИВИ НА ДОЛНА КАМЕНИЦА

Селото Долна Каменица се наоѓа на југот од Општината Књажевац, на левиот брег на Трговишки Тимок, на северните падини на планината Тресибаба. Припаѓа на јужниот дел од антропогеографската целина Заглавак. Природните услови формирале мозаичен пејзаж во плодните полиња по долината на реката, ливадите во рамнините и богатите шуми на благите возвишенија на падините на Тресибаба. Морфологијата на теренот влијаела селото да ја задржи својата збиена форма. Отворено е само по долинската рамнина, додека од јужната и северната страна е опкружено со планински падини и височини (Станојевиќ 1913; 1940). Меѓу природните мотиви се издвојуваат крајбрежјето на Трговишки Тимок и областа за капење „Бара“ кај соседната населба Горна Каменица (слика 37).



Слика 37: Излетничко место „Бара“ на Трговишки Тимок
Извор: Фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)

## АНТРОПОГЕНИТЕ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИТЕ МОТИВИ НА ДОЛНА КАМЕНИЦА

Долна Каменица е изградена врз остатоци од поранешните населби: мала античка тврдина на ридот Градич, постара населба на местото Чаршија за чие потекло нема зачувано преданија, градби на Камен, гробишта и црква од латинско потекло (Станојевиќ 1913). Во турско време, селото било од типот чифлик, што оставило влијание врз неговиот морфолошки развој на групирање во „купи или групи“ (Цвијиќ 1902) во кои се разликуваат четири целини: Долно маало, Горно маало (Скрајник), Чивлик и Крст (Сибиновиќ и други 2016). Селото морфолошки го задржало збиениот скопски тип на населба (Цвијиќ 1902) што подразбира куќи „потпрени“ една на друга, дури и под ист покрив (Станојевиќ 1913). Поставеноста на селото во котлината условило негова концентрација по должината на Трговишкиот Тимок и притоката Лешје, каде што се протега и главниот сообраќаен правец. Имајќи ги предвид положбата на селото, сообраќајната поврзаност, значењето во просторот и јавносоцијалните објекти што функционираат, може да се каже дека Долна Каменица претставува локален центар на овој дел од Општината Књажевац.

Стариот дел на селото (Чарчија и Скрајник) зрачи со стара селска архитектура карактеристична за овој дел на Србија. Селските куќи се стари, некои повеќе од сто години, а

имаат карактеристичен изглед на моравска куќа (слика 38). Натстрешницата (трем, доксат или ајат) е со препознатливи заоблени сводови (аркади) (слика 39) кои даваат карактеристичен естетски печат на надворешноста на куќата (Којиќ 1958; Сибиновиќ и други 2016). Куќите биле градени со вкопани камени темели на кои со полнеж е наѕидан кат (слика 39).



Слика 38: Моравска куќа од почетокот на XX век и куќа во Долна Каменица
Извор: Којиќ 1935: 13; фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)



Слика 39: Стара селска архитектура во Заглавак (Горна Каменица)
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Во центарот се наоѓа највпечатливата градба во Долна Каменица – старата црква „Успение на Пресвета Богородица“, од 14 век (слика 40). Во однос на архитектурата и фрескоживописот, црквата е една од најоригиналните културни градби во Источна Србија (Сибиновиќ и други 2016), што ја става на списокот со културно наследство од големо значење.



Слика 40: Црква „Успение на Пресвета Богородица“ и фрески во внатрешноста
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Со оглед на оскудните факти во врска со градењето, постои одредена мистерија за црквата, па ѝ се припишуваат многу легенди. Според стилот на градењето, постојат сличности со црквите од првата половина на 14 век (Станојевиќ 1913). Градена е во барокен и моравски стил, а во композицијата доминираат две кули. Според некои истражувања, изградбата на црквата почнала во 1393 година и завршила во 1398 година.



Слика 41: Манастир „Св. Троица“ (Горна Каменица)
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Во портата на црквата има остатоци од ѕидови на „старо училиште“, првото училиште од манастирски тип на овие простори од 15 век, кое, според локалното предание, го запалиле Турците или Бугарите заедно со сите ученици. Фреските кои се претежно зачувани, ги насликал бугарски благородник кој се претпоставува дека бил Милутинов зет (Станојевиќ 1913).

Недалеку од Долна Каменица се наоѓа и манастирот „Св. Троица“, изграден во 1459 година, чиј ктитор бил Лазар Бранковиќ (слика 41).

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИТЕ МОТИВИ НА ДОЛНА КАМЕНИЦА

Долна Каменица е формирана на поранешниот римски и воен пат од Видин до Пирот. Се наоѓа на околу 15 км од Књажевац, на патот кон Пирот. Патот е неодамна реновиран и одличен. Иако централниот дел од селото се карактеризира со модерен тип куќи, некои од нив се и од „гастарбајтерски тип“, нема доволно капацитети за сместување туристи. Од сместувачките капацитети е регистрирана само една куќа за одмор, со четири кревети. Во поранешната зграда на занаетчискиот дом, која е реновирана во 2015 година, и извесно време во неа работи компанијата „Рецика“, за производство на кожени производи. Од 2019 година, тука има туристички инфо-центар и продавница за сувенири на Општина Књажевац (слика 42).



Слика 42: Туристички инфо-центар
Извор: Фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)

Руралниот туризам се смета како една од можностите за зачувување на Долна Каменица, но конкретни туристички активности и основна туристичка инфраструктура сè уште не постојат. Селото, генерално, е посетено токму поради необичната црква што се наоѓа тука, и фактот дека е ова едно од селата кое се наоѓа директно покрај главниот пат. Сепак, поради малиот број жители и неповолните социоекономски услови, како и недостатокот на претприемачка иницијатива и без насочени инвестиции и стимулации од страна на Општината и јавните институции, изгледите за развојот на ова село се многу неповолни. Имајќи предвид дека постојните куќи и јавни објекти се во добра состојба, постои можност за нивно приспособување во туристички објекти. Меѓутоа, засега нема туристичка побарувачка за такви објекти, а туристичките посети се од транзитен тип.

## **СЕЛО 2: ЈАЛОВИК ИЗВОР** (слика 43)

Регион: Заечарски Округ (НТЕС3)

Општина: Књажевац

Површина: 27,75 $km^2$

Надморска висина: 600 m

Население:

Табела 9: Население во село Јаловик Извор

| Година | 1948[1] | 1961[1] | 1991[1] | 2002[1] | 2011[1] | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 2.151 | 1.734 | 396 | 239 | 111 | 56[2]/50[3] |

Извори:
[1] Републички завод за статистика на Србија, 2014 година.
[2] Процена на Државен завод за статистика на РС.
[3] Процена на авторите според теренско истражување.



Слика 43: Панорама на Јаловик Извор
Извор: https://www.facebook.com/jalovikizvor/photos/?ref=page_internal

## ПРИРОДНИТЕ МОТИВИ НА ЈАЛОВИК ИЗВОР

Јаловик Извор се наоѓа во контактната зона на Стара Планина, со планината Сврлиг, во долината на Изворска Река, на падините на Јаловик (850 м) (Велојиќ и Ѓуровиќ 2001). Селото е ридско-планинско, што му дава морфолошка форма од разбиен тип. Географски припаѓа на целината Буџак, што укажува на неговата природна и сообраќајна отсеченост. Во околината на селото извира Изворска Река, притока на Трговишкиот Тимок, која тече низ централниот дел на селото. На 5 км јужно од Калне и Јаловика, на регионалниот пат Р-221, кај селото Стањинац, се наоѓа водопадот Бигар (слика 44).



Слика 44: Водопад Бигар
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

## АНТРОПОГЕНИТЕ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИТЕ МОТИВИ НА ЈАЛОВИК ИЗВОР

Јаловик Извор првпат се споменува во турските списи во 17 век (Сибиновиќ и други 2016). Порано бил центар на областа Буџак и едно од најголемите села во оваа област. Централниот дел морфолошки се карактеризира со издолжен облик по должината на долината на Изворска Река и патот. Вклучува дури 13 населби (Село, Река, Краиште, Ждрело, Рудина, Поље, Ќиринци, Јавор, Тијача, Чегавица, Вишање, Бресје и Рејановац) (Велојиќ и Ѓуровиќ 2001).





Слика 45а: Училишна зграда и учителски станови Слика 45б: Спомен-чешма

Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Во архитектонска смисла, селото ја има задржано својата автентичност во која доминираат училишната зграда од 1868 година и учителските станови (слика 45а). На централниот плоштад има спомен-чешма (слика 45б) од периодот на народноослободителната борба, подигната во 1949 година „Во знак на благодарност на паднатите борци“, а на овој споменик има и Спомен-плоча на која пишува: „На паднатите воини 1912 – 1918“. Покрај училишната зграда се издвојува и земјоделската задруга во која порано имало продавница. Денес нема продавница, училиште, ниту канцеларија на месната заедница. Во непосредна близина се наоѓа црквата „Св. Петка“ која припаѓа на Темската епархија и целосно е обновена. Од археолошките траги, значајни се остатоците од турски пат кој водел од Кална и Пирот до Сврлиг и Бела Паланка.



Слика 46: Карактеристична селска архитектура во Јаловик Извор
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Во Јаловик Извор има многу автентични селски куќи со карактеристики од старата српска рурална архитектура со исклучителна естетика. Поголемиот број куќи се наоѓаат токму покрај работ на патот каде што нема пешачки патеки. Интересно е што архитектурата на ова село потсетува и на градската архитектура од средината на 19 век, карактеристична за Источна Србија во тоа време (слика 46). Тоа зборува дека Јаловик Извор некогаш било богато трговско село. Денес овие величествени градби се претежно напуштени поради големата емиграција на локалното население. Населението е староседелско, претежно српско, но најголем дел е раселено во Књажевац и Заечар.

Со понатамошен развој се враќа во тремот на селската куќа кој ги поврзува двата дела (слика 47). Доксат е изграден како испупчен дел од куќата, заради поголема удобност како одлика на имотниот статус на семејството (Пешиќ-Максимовиќ 2014). Во центарот на селото се наоѓа

стара, но добро сочувана куќа на семејството Милосављевиќ од 19 век (слика 48). Изградена е во стилот на градските куќи, со докса на првиот кат, карактеристичен за Источна Србија. Овој тип куќа е создаден со модификација на моравскиот тип куќа распространет низ Лесковац – Ниш Поморавје и Понишавље. Прво е формирана во асиметрична куќа зандана, со докса и двокрилен покрив и затворен „г“-простор со скали (Сибиновиќ и други 2016).



Слика 47: Катна куќа со трем и доксат во Источна Србија
Извор: Пешиќ-Максимовиќ (1992:133)



Слика 48: Куќа на семејството Милосављевиќ
Извор: Фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)

Од 1995 година, секоја година, на Успение на Пресвета Богородица (селска слава) се одржува манифестацијата „Собор на панаѓур“, посветена на изворната песна и танц. Дел од програмата се одржува во „Св. Петка“. Мотивот за организирање ваков фестивал е во намерата да се зачува традиционалната музика, но и да се ужива во убавината на природата (Драговиќ 2019). Една од етнолошките карактеристики на овој простор е посебниот дијалект што го зборуваат жителите на ова, но и на соседните села. Тоа е тимочкиот дијалект кој, во голема мера, се разликува од стандардниот српски јазик и изумира. Поттикната е иницијатива за заштита на тимочкиот дијалект како нематеријално наследство на Србија.

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИТЕ МОТИВИ НА ЈАЛОВИК ИЗВОР

Јаловик Извор се наоѓа на регионалниот пат Књажевац – Сврљиг – Ниш, на само неколку километри од денешниот центар на селото Калне. Патот од неодамна е асфалтиран и е со одличен квалитет. Селото е формирано на некогашниот трговски пат кон Ниш од кој денес е оддалечено околу 60 км. Називот Буџак, каде што припаѓа и ова село, упатува на одредена сообраќајна изолација. Во селото има месна заедница и здравствена амбуланта каде што еднаш неделно доаѓа лекар.

Две домаќинства обезбедуваат услуги за сместување. Тоа се куќата за одмор „Бањац Негице“ и вилата „Весела куќа“ (слика 49) која располага со десет кревети во две четирикреветни и една двокреветна соба. Иако е скромен угостителскиот капацитет, селото се одликува со единствена амбиентална хармонија, а со оглед на тоа што е опкружено со недопрена природа, претставува идеално место за одмор и релаксација, далеку од градскиот метеж и урбаниот живот.



Слика 49: Селско туристичко домаќинство „Весела куќа“
Извор: https://www.booking.com/hotel/rs/vila-vesela-kuca-kalna.sr.html

Така, неговата добра географска положба претставува исклучителен потенцијал за иден развој на рурален туризам. Традиционалната архитектура е со голем квалитет и релативно добро зачувана во оригинална состојба, па и покрај напуштеноста, селото е мошне уникатно и има карактеристики на музеј на српската рурална архитектура на отворено. Иако Јаловик Извор сè уште не е препознаено како туристичка дестинација, пријатниот визуелен аспект, поволната положба и гостопримството на локалното население, ветуваат иднина за ова село. За жал, развојот се потпира речиси исклучиво на капацитетите на сезонското население.

## СЕЛО 3: БАЛТА БЕРИЛОВАЦ (слика 50)

Регион: Заечарски Округ (HTEC3)

Општина: Књажевац

Површина: 11,92 км2

Надморска висина: 400 м

Население:

Табела 10: Население во село Балта Бериловац

| Година | 1948[1] | 1961[1] | 1991[1] | 2002[1] | 2011[1] | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 618 | 448 | 256 | 187 | 133 | 100[2]/85[3] |

Извори:
[1] Републички завод за статистика на Србија, 2014 година.
[2] Процена на Државен завод за статистика на РС.
[3] Процена на авторите според теренско истражување.



Слика 50: Поглед на Балта Бериловац
Извор: Фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)

## ПРИРОДНИТЕ МОТИВИ НА БАЛТА БЕРИЛОВАЦ

Селото Балта Бериловац е лоцирано во подножјето на Стара Планина, односно во височините на Чукавица, Кула и Дренова Глава, чии падини доминираат во пејзажот. Селото е од сточарско-земјоделски тип бидејќи околу 45 % од населението се занимаваат со тоа. Ѝ припаѓа на географската област Буџак (Сибиновиќ и други 2016). Во центарот се спојуваат двете планински реки Црновршка и Ќуштичка формирајќи го Трговишки Тимок. Релјефот влијаел на морфологијата на населбата, која е од збиен тип и опфаќа шест маала: Горно, Долно, Сокак, Луг, Газдин и Миниќа (Манојлови) со засебен центар во долината на споменатите реки (Велојиќ и Ђуровиќ 2001). Во опкружувањето има ливади, овоштарници и пасишта, каде што често се организира берење на лековити билки и печурки.

## АНТРОПОГЕНИ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИ МОТИВИ НА БАЛТА БЕРИЛОВАЦ

Селото е формирано на остатоци од претходни населби и рударски активности. Има неправилна овална форма и е распространето на планинските падини, со куќи групирани околу патот и надолжно во правец на тесната долинска. Ваков тип село е карактеристично за Источна Србија, познато како „групирано село“ (Станојевиќ 1913). Формирано е во близината на местата каде што живеело претсловенско население, за што сведочат остатоци од римска грнчарија, крст, остатоци од црква и гробишта и други археолошки наоди на Селиште.




Слика 51: Селска архитектура
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Во архитектурата на селото доминираат стари куќи, а некои од нив се постари од сто години, изградени во традиционален стил. Овој вид градба и денес е задржан во селото, и генерациски се пренесува. Честопати може да се види карактеристична куќа со трем, која градителот ја „отвора“ кон опкружувањето и често прави симбиоза со вегетацијата (слика 51), што е многу естетски, но и практично во летните месеци (Обрадовиќ 2018). Покрај традиционалното, во селото има и куќи изградени во модерен стил. Од старата селска архитектура, значајни се и старите воденици поточари и валавиците. Посебна вредност во архитектонска смисла има селското маало Миниќево, каде што има пет стари куќи и земјоделски објекти, првенствено изградени за едно домаќинство кое постепено се ширело. Овој простор претставува исклучителна амбиентална целина во смисла на просторната организација на дворот, намената на објектите и архитектурата (План за управување со ПП „Стара Планина“, 2019).

Денес, во Балта Бериловац има земјоделска задруга со продавница, амбуланта, канцеларија на месната заедница и училишна зграда, која е една од најстарите во овој дел на Србија, од 1860 година. Училишната зграда е реновирана и претворена во музеј – Музеј „Стара Планина“, „Училиштето на чичко Јово Учителот“ кој е придружен објект на Музејот во Књажевац (слика 18). Целта на Музејот е да се зачува традицијата преку работилници за стари занаети и други едукативни содржини со намера да се прикаже дел од поранешниот живот во селата на Стара Планина (Стојадиновиќ и други 2013). Две спомен-плочи сведочат за историјата на селото. Едната

е посветена на жртвите од Балканските војни и од Првата светска војна, а втората е посветена на НОБ во 1951 година.

На Ѓурѓовден се одржува етноманифестацијата „Молитва под Мицор“ (слика 52), кога покрај спортски натпревари, се одржува и натпревар меѓу локалното население на Стара Планина во подготовка на стари традиционални јадења. Манифестацијата почнува во селото Вртовац, а завршува во Балта Бериловац. Овој настан е вклучен во Националната листа на нематеријално наследство, благодарение на сочуваниот ѓурѓовденски ритуал (Драговиќ 2019), и во 2014 година е номиниран за запишување во Листата на УНЕСКО за светско нематеријално наследство.




Слика 52: Мотиви од манифестацијата „Молитва под Мицор“
Извор: http://www.timocke.rs/molitva-pod-midzorom/

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИТЕ МОТИВИ НА БАЛТА БЕРИЛОВАЦ

Балта Бериловац се наоѓа на главниот пат од Кална до Стара Планина, на 35 км од Књажевац. Со афирмацијата на планинскиот центар Стара Планина, селото е повеќе посетено. Има пет регистрирани селски објекти за туристичко сместување, од кои најрепрезентативна е вилата „Бабин заб“ (слика 53). Оваа вила е категоризирана со три ѕвезди и располага со 10 кревети во 3 соби. Домаќините често организираат т.н. „Старопланинска вечер“, со звуците на традиционалните инструменти (гајда, хармоника и кавал) и со песни испеани од стари жени од Стара Планина, со цел да се промовираат локалната култура и традиција.




Слика 53: Туристичко селско домаќинство – Вила „Бабин заб“
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

За потребите на руралниот туризам постои и селската куќа „Стара Планина“. Во дворот на куќата, покрај патот што води кон ски-центарот, има уреден простор за паркирање возила. Амбиентот е вистински селски, со модерен инвентар. Од застаклената тераса има прекрасен поглед на „Бабин заб“. На излезот од селото, во близината на училиштето во Бериловац, се наоѓа „Брвнара Ждрело“, со 3 соби и 7 кревети. Во близината на брвнарата има видиковец, со поглед на целата област. Има уште неколку, претежно сезонски домаќинства, кои ја разгледуваат можноста за приспособување на сместувачките капацитети.

## СЕЛО 4: ЌУШТИЦА (слика 54)

Регион: Заечарски Округ (HTEC3)

Општина: Књажевац

Површина: 37,36 $km^2$

Надморска висина: 540 m

Население:

Табела 11: Население во село Ќуштица

| Година | 1948[1] | 1961[1] | 1991[1] | 2002[1] | 2011[1] | 2019[2] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 1.325 | 1.243 | 225 | 133 | 166 | 119 |

Извори:
[1] Републички завод за статистика на Србија, 2014 година.
[2] Процена на Државен завод за статистика на РС.



Слика 54: Пат кон Ќуштица
Извор: Фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)

## ПРИРОДНИТЕ МОТИВИ НА ЌУШТИЦА

Ќуштица е мало село во подножјето на Стара Планина и во подножјето на Бабин заб (1.758 м) и Миџор (2.169 м), на долинските страни на реката Ќуштица, на околу 40 км од Књажевац. Селото се протега по должината на долината на Ќуштичка Река и по закосените ридови, што му дава разбиена форма. Му припаѓа на географскиот регион Буџак (Сибиновиќ и други 2016). Со својот планински пејзаж, селото е привлечно за престој во природа, планинарење и пешачење. Затоа е почетна точка за неколку пешачки патеки: од Ѓуштица до Миџор, највисокиот врв на Стара Планина (2.169 м) и во Србија, со околу 15 км, за што се потребни повеќе од 12 часа планинарење. Други две планинарски патеки до Бабин заб, од околу 10 км, може да се поминат за околу 3 часа. Дел од атарот на селото му припаѓа на Паркот на природата „Стара Планина“. Тоа е локалитетот „Јаболково рамниште“, кое се одликува со исклучителна природна убавина. Таму се наоѓа ски-центар со хотелски комплекс, што го прави селото да биде поволна дестинација и за љубителите за скијањето. Областа се карактеризира со исклучителната вредност на морфолошките форми – карпести остатоци од кварцен песок. Во подножјето на карпата „Бабин заб“, во 1952 година, планинарското друштво „Миџор“ изгради планинарски дом (Велојиќ и Ѓуровиќ 2001) (слика 55).



Слика 55: Бабин Заб
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

## АНТРОПОГЕНИТЕ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИТЕ МОТИВИ НА ЌУШТИЦА

Центарот на селото е од понов датум, реконструиран по Втората светска војна. Тука се наоѓаат сите важни објекти како: земјоделска задруга, селско училиште, канцеларија на месната заедница, црквата „Св. апостоли Петар и Павле“ од 1883 година (слика 56) и Споменик на НОБ во форма на спомен-чешма, подигнат во 1959 година.



Слика 56: Црква „Св. апостоли Петар и Павле“
Извор: Фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)

Училиштето не функционира поради недостиг на ученици, но е пренаменето во летно училиште. Зградата на земјоделската задруга е импозантна градба и, воедно, таа претставува дом на културата, со мисија за масовно описменување и културно воздигнување на локалното население (слика 57).



Слика 57: Етнозбирка во Ќуштица
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Во селото има карактеристична селска архитектура (слика 58). Куќите имаат автентичен стил, како еднократни, со докса, или во градски стил, со фасади често со впечатлива боја. Населението претежно е староседелско, додека во последните неколку години се забележува значително намалување на бројот на жителите во корист на сезонските домаќинства.



Слика 58: Селска архитектура
Извор: Фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)

Селски слави се: Велигден, Ѓурѓовден и Петковден (слика 59), кога во селото се собираат многу луѓе и се организира народна веселба во црквата.



Слика 59: Прослава на Петковден
Извор: https://www.facebook.com/ seoskodomacinstvogabar-659417941151949/)

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИТЕ МОТИВИ НА ЌУШТИЦА

За потребите на туристите, услуги за сместување во селото обезбедуваат три регистрирани објекти (слика 60). Домаќинството „Габар“ претставува реновирана куќа со автентична градба за овој дел од Србија. Има две соби со пет кревети и се наоѓа во близината на ски-центарот (слика 60а). Куќата „Седлар“ има 9 соби со вкупно 30 легла, ресторан и сала за состаноци на приземјето (слика 60б). Етнокуќата „Александар“ претставува апартмански тип со спална соба, дневна соба, кујна, трпезарија и бања.



Слика 60а: Домаќинство „Габар“



Слика 60б: Селско туристичко домаќинство „Седлар“

Извор: https://www.toknjazevac.org.rs/

## ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ПРЕДЛОГ-ТУРИСТИЧКАТА ДЕСТИНАЦИЈА 3

Врз основа на туристичката валоризација за руралниот капитал на избраните села од предлог-дестинацијата 3 (графикон 3), се заклучува дека развојните перспективи на овие села се во голема мера изедначени, и дека во нив може да се очекува забрзан туристички развој.

Оцена на природниот капитал. Според графиконот 3, се забележува дека руралниот капитал на сите анализирани села е речиси изедначен, посебно кога станува збор за природните ресурси (над 3,5 во Долна Каменица, 3,3 во Јаловик Извор и 3,8 кога во Балта Бериловац и Ќуштица, што се должи на фактот дека се многу блиску до главниот туристички и ски-центар), што е донекаде логично, со оглед на тоа што ги имаат природните вредности на Стара Планина.

Оцена на културниот капитал. Од друга страна, во однос на културните ресурси, повторно се забележуваат изедначени вредности, при што Долна Каменица скромно води поради специфичноста на црквата во центарот на селото (оценка 3) и Балта Бериловац познато по етнографската манифестација „Молитва на Миџор“ (оценка 3,3), што претставува нематеријално наследство на Србија. Релативно ниски оценки се добиени, пред сè, поради ограничениот број културни ресурси и релативно лошата состојба на постојните ресурси.

Оцена на инфраструктурниот и економскиот капитал. Економскиот, како и општествениот капитал, е малку поповолен во Ќуштица, Балта Бериловац и Долна Каменица, додека е неповолна во Јаловик Извор. Инфраструктурната опрема е солидна, но поради непостоење јавни установи како што се продавници и здравствен дом, недостиг на угостителски објекти (освен за сместување во одделни рурални домаќинства), не може да се смета за соодветно за развојот на туризмот. Така, просечната оценка е малку помала, од 2,5 во Јаловик Извор, до 3 за Ќуштица и Балта Бериловац. Од друга страна, близината на поголемата населба Кална, каде што функционираат основните јавни објекти и кои имаат улога на централно населено место и сообраќаен јазол за оваа предлог-

дестинација, придонесува за малку поповолна оценка кога станува збор за функционалноста. Друга предност е фактот дека атарите помеѓу селата се релативно мали и соседните села се речиси физички поврзани, па постоењето на угостителски и јавни објекти во едно село донекаде го компензира нивниот недостаток во соседното село. Таков е случајот со Балта Бериловац и соседните села Вртовац и Иново. Воедно, носечкиот капацитет на анализираните села е поволен имајќи предвид дека пред 50-ина години тие претставуваа поголеми рурални населби, додека селото Кална имало речиси урбана физиономија (форма на град и планска рударска населба).




Графикон 3: Оценка на руралниот капитал на предлог-дестинацијата 3: Долна Каменица, Јаловик Извор, Балта Бериловац и Ќуштица (Регионот на Јужна и Источна Србија)

Дестинацијата 3, која се предлага како перспективна за развојот на руралниот туризам во Регионот Књажевац во туристичкиот регион Стара Планина, има исклучителен потенцијал, што посебно е забележано и потенцирано во Мастер-планот за Стара Планина (2007) и во Стратегијата за развој на рурален туризам на Србија 2016 – 2025 (2016).

Интензивниот туристички развој на оваа област веќе е почнат и се забрзува во последните пет години, со посебен аспект на развојот на спортско-рекреативниот (зимски) туризам, руралниот и екотуризмот. Тоа е директна последица на значителните инвестиции во развојот на туристичката инфраструктура, во форма на квалитетни патишта до ски-центарот. Иако засега фокусот е ставен на сместувањето во хотелите во туристичкиот центар, сепак се забележува зголемена концентрација на туристи и во околните села. Ова посебно се забележува во летниот период, кога сезонското население (сопствениците на викенд-куќи) претежно е присутно во периодот мај – септември. Целата предлог-дестинација изобилува со природни и антропогени ресурси со висок квалитет. Амбиенталната вредност на руралното подрачје е во голема мера зачувана и автентична, додека градбите од старата архитектура делумно се уништени, а мал дел се одржува.

Почната е адаптацијата на одредени јавни објекти (училишта, земјоделски задруги, канцеларии на месните заедници) во туристички објекти како што се туристички инфо-центри и локални етноколекции и музеи. Тоа јасно укажува на целосно преориентирање на селото од

земјоделска во туристичка функција. Селата во предлог-дестинацијата 3, во голема мера, се напуштени, со концентрација на сезонско население кое го надминува бројот на постојани жители.

Од аспект на развојот на руралниот туризам на оваа предлог-дестинација 3 се разгледуваат малите неразвиени рурални населби Долна Каменица, Јаловик Извор, Балта Бериловац и Ќуштица, кои поради поволната локација на главната сообраќајна линија кон главниот туристички центар, поседуваат исклучителни природни и антропогени потенцијали за развој на руралниот туризам. Она што им дава посебна вредност на овие села е богатата етнолошка содржина во автентичното опкружување, како и релативно поголемиот носечки капацитет што тие го имаат, бидејќи се работи за поголеми рурални населби кои некогаш претставувале централни населби и гравитираат до Кални (локален центар од градски тип) кое претставува главен сообраќаен јазол во оваа област.

Општествениот капитал не е поволен, првенствено поради неповолната демографска слика. Голем број села се во процес на потполно демографско напуштање што се гледа во демографската статистика прикажана во табелите 8–11. Според физиономијата на селото, очигледно е дека Долна Каменица, Јаловик Извор и Ќуштица, се големи села, додека Балта Бериловац е помало село, па е поврзано со соседните села Вртовац и Иново. Падот на бројот на жителите во овие села од 1948 до 2019 година е драстичен и изнесува –86 % во Долна Каменица, –97,4 % во Јаловик Извор, –83,8 % во Балта Бериловац и –91 % во Ќуштица. Во селата, генерално, е останато старо население кое се занимава со земјоделство, претежно со сточарство, така што дополнително е загрозен општествениот капитал.

Очигледно е дека постои локална иницијатива за туристички развој, што се гледа во активностите на културно-уметничките друштва, во поставувањето етнозбирки и почнувањето туристички бизнис во форма на постојано зголемување на капацитетите за сместување во руралните домаќинства. Постојните капацитети се покажаа недоволни во однос на квантитетот, додека квалитетот на постојната понуда се наоѓа на прилично високо ниво, со оглед на лошите економски услови во кои се наоѓаат повеќето села. Навистина постојат големи можности за разни активности во природата, но и учество во селските активности. Покрај тоа, квалитетот на руралниот амбиент е исклучителен поради хармонијата на природните и архитектонските вредности, која е видлива и покрај напуштањето на селата.

Солидниот економски капитал се обезбедува со постојани општински инвестиции насочени кон развојот на туризмот, но, пред сè, и од личниот капитал на локалното население. Главната пречка за побрз туристички развој на оваа предлог-туристичка дестинација се слабата инфраструктурна опрема и нискиот социјален и економски капитал.

Она што го карактеризира развојот на туризмот на предлог-дестинацијата 3 се насочените инвестиции и многу централизираниот пристап кон развојот на туризмот на Стара Планина, со јасен фокус на ски-туризмот и градењето хотелски капацитети на повеќе локации. Притоа, обемот на инвестициите за туристички развој е непропорционално мал и покрај големата перспектива за предлог-дестинацијата. Демографската структура е малку поповолна во однос на старопланинските села во Пиротскиот крај, но сè уште е доволно лоша, што, во голема мера, го забавува развојот на туризмот. И во овој случај се идентификува централистичкиот пристап кон процесот на развивање што се гледа во владините инвестиции во изградбата на хотелски капацитети во Општина Књажевац, како и туристичката и сообраќајната инфраструктура. Тоа се забележува во речиси сите стратегиски документи посветени на развојот на туризмот. Од друга страна, руралниот туризам почнува да се развива стихијно како резултат на успешната промоција на главниот туристички центар. Она што е карактеристично за речиси сите села од оваа предлог-дестинација е тоа дека развојот на туризмот го иницираат сопственици на секундарни (сезонски) домови кои имаат поголем економски капитал, но и претприемачки капацитет, и дека се поддржани со разни државни субвенции за поддршка на руралниот туризам.

## ПРЕДЛОГ-ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА 4: ВИСОЧКА ’РЖАНА, СЛАВИЊА, ГОСТУША И ПОГАНОВО (Стара Планина, Пиротски Округ, Регион Јужна и Источна Србија)




Слика 60: Локација на предлог-туристичката дестинација 4 во Регионор на Јужна и Источна Србија/Стара Планина – Пиротски Округ, бр. 12 Височка ’Ржана, бр. 13 Славиња, бр. 14 Гостуша и бр. 15 Поганово

Предложената туристичка дестинација 4 во Регионот на Јужна и Источна Србија, во рамките на Пиротскиот Округ на подрачјето на Стара Планина и по долината на реката Јерма, се

состои од селата Височка ’Ржана, Славиња, Гостуша и Поганово (слика 60). Според Номенклатурата на територијалните единици за статистика (НТЕС) ниво 3, овие села му припаѓаат на Пиротскиот Округ (слика 61).




Слика 61: Локација на избраните села во предлог-туристичката дестинација 4 во Регионот на Јужна и Источна Србија

Делот од Стара Планина што ѝ припаѓа на областа Пирот и се протега на подрачјата на општините Пирот и Димитровград, се карактеризира со исклучителни потенцијали за развој на екотуризам и рурален туризам. Најголемиот број природни куриозитети (водопади, каскади, кањони, Завојското Езеро и сл.) и строги природни резервати, се наоѓаат во оваа област. Воедно, голем број висококвалитетни културно-историски споменици и етнографски специфичности се концентрирани токму во овој дел на Стара Планина. За жал, голема пречка за развојот е исклучително лошата инфраструктурна опременост на повеќето села.

ТУРИСТИЧКИ ЦЕНТРИ: Пирот и Димитровград.

ПРИРОДНИ АТРАКЦИИ: Стара Планина, Завојско Езеро, Смиловски Езера, Кањон Височица, Клисура Темштице, Клисура на ’Рсомачка Река, Клисура на Градашничка Река, Клисура „Владикина плоча“, Клисура Јерма, Голема Пештера, Пештера Огнена Дупка, Пештера Владикина Плоча, Петрлашка Пештера, водопадите: Куртулски, Пиљски, Тупавица, Арбињски, Копренски, Чунгуљски Скок, Калуѓерски Скок и Буковачки Дол, Излетиште „Темац“, видиковец „Тумба“, Извориште Даг Бањица (во подножјето на планината Видлич).

АНТРОПОГЕНИ АТРАКЦИИ: Момчилов Град (Пиротска Тврдина), Музеј „Понишавје“, Споменик на ослободителите на Пирот од Турците, Соборна црква на Тијабара (Пирот), „Црква на Христовото раѓање“ (Пирот), Пештерска црква „Св. Петар и Павле“ (’Рсовци), Споменик Памтеник (над Димитровграда), Бољевдолска чешма и др. Археолошки локалитети: Маѓилка, „Селиште“, Сарлах, Старо Вашариште, дел од трасата „Виа Милитарис“ (дел од римската воена рута) и Цариградскиот Пат. Манастири: Манастир „Св. Ѓорѓи“ (Темска), Манастир „Св. Онуфрие“ (Базовик), Манастир на Пресвета Богородица (Суково), Манастир „Св. Јован Богослов“ (Поганово), Манастир „Св. Димитрија“ (Манастирче), Манастир „Св. Кирик и Јулита“. Етноамбиентални целини: Камено Село Гостуша. Нематеријално наследство од Пирот: ќилим, грнчарија, кашкавал и пеглан колбас. Манифестации: „Саем на пиротскиот пеглан колбас“, „Фестивал на старопланински јадења“ (Темска), „Пиротско културно лето“, Пиротски панаѓур, „Нишавски оровод“, „Велигденска перашка“, Ликовна колонија „Погановски манастир“, „Денови на царибродската шушеница“, Саем на балканскиот агробиодиверзитет и селското наследство, итн.

## **СЕЛО 1: ВИСОЧКА 'РЖАНА** (слика 62)

Регион: Пиротски Округ (НТЕС3)

Општина: Пирот

Површина: 15,27 км$^2$

Надморска висина: 730 – 800 м

Население:

Табела 12: Население во село Височка 'Ржана

| Година | 1948[1] | 1961[1] | 1991[1] | 2002[1] | 2011[1] | 2019[2] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 561 | 516 | 101 | 54 | 23 | 23 |

Извори:
[1] Републички завод за статистика на Србија, 2014 година.
[2] Процена на Државен завод за статистика на РС.



Слика 62: Панорама на Височка 'Ржана
Извор: Фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)

## ПРИРОДНИ МОТИВИ НА ВИСОЧКА 'РЖАНА

Селото Височка 'Ржана се наоѓа во подножјето на Стара Планина, по долината и устието на Дојкиначка Река, во Височица. Сместено е во географската област Горно Високо – висок планински крај, која се протега помеѓу главниот гребен на Стара Планина и Видлич (Стојковиќ, 2010). Името на селото е поврзано со релјефот на локалитетот на кој е формирана издолжената карпа под Видлич, која се користи за ориентација во времето (Златковиќ 2017). Ова планинско село е исклучително богато со шуми од бука и бор, како и со пространи ливади со лековити билки. Има и значително хидрографско богатство бидејќи низ него течат реките Височица и Топилница, со исклучително чиста вода (слика 63). Селото се наоѓа на вливот на Дојкиначка Река (Врелска Река) во реката Височица, протегајќи се на нејзиниот десен брег.



Слика 63: Природните мотиви на Височка ’Ржана
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

## АНТРОПОГЕНИТЕ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИТЕ МОТИВИ НА ВИСОЧКА ’РЖАНА

Височка ’Ржана се одликува со збиена морфолошка форма, со куќи групирани во маала карактеристични за тимочкиот тип куќи (Цвијиќ 1902). Првпат се спомнува во турскиот период, кога во планините се формирале повеќе маала со чии спојувања настанало селото (Стојковиќ 2010). На сликата 64 прикажани се куќи со типична градба на староопланинско село, но има и многу градби во стилот на познатите „Пироќанки“ (слика 65).



Слика 64: Куќи во традиционален стил
Извор: Фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)




Слика 65: Пироќанка, поставка во Етнографскиот музеј во Белград
Извор: Фотографија на Марија Дробњаковиќ (коавтор)

Селото има карактеристики на мал град во смисла на архитектура и просторна организација. Порано било административен центар на областа Горно Височко, за што сведочат голем број објекти од јавна важност, иако денес повеќето не се во функција (слика 66). Административната и јавната функција се извршувала во полициската станица, каде што денес се наоѓаат канцеларијата на месната заедница и здравствената амбуланта. Имало и ветеринарна служба, земјоделска задруга, основно училиште, пошта, библиотека и воена касарна, која некогаш

---

се користела како детско одморалиште. Во последниве години, селото има сезонски карактер, додека во текот на целата година престојуваат само околу 15-ина локални жители. Воедно, се забележуваат одреден број повратници – пензионери, кои доаѓаат од поголемите градови, но престојуваат само сезонски.



Слика 66: Традиционална селска архитектура, полициска станица и училиште
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Иако во центарот на селото доминираат јавни објекти со типична модерна градска архитектура, има и многу градби со традиционална архитектура, во стилот на познатите „Пироќанки“. Сепак, повеќето од куќите се напуштени и трошни, но отпорни на забот на времето.



Слика 67: ’Ржански манастир „Воведување“
Извор: Фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)

Во близината на селото, на околу 2 км од центарот, на десниот брег на Височица, во подножјето на планината Рудиње, се наоѓа манастирот „Пресвета Богородица“ (слика 67), т.н. ’Ржански манастир. Не е познато кога точно е изграден, но се претпоставува дека првобитната црква била изгорена во времето на Караѓорѓевиќ, а сегашната е изградена на нејзините темели, во 1853 година. Иконите во внатрешноста на манастирот се насликани во барокен стил, а зачувани се и неколку вредни од 18 век. Овој манастир е под заштита на државата од 1984 година, кога е прогласен за културно богатство.

Селата во областа Горно Високо, вклучително и Височка ’Ржана, се познати по своите традиционални занаети како што се: изработката на дрвени предмети (залупци, рачки, косилки), како и изработката на земјени предмети, пред сè, грнчарија и тули.

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИТЕ МОТИВИ НА ВИСОЧКА ’РЖАНА

Височка ’Ржана е лоцирано на регионалниот пат кон Бугарија и Димитровград (Пирот – Височка ’Ржана – Славиња – Бугарија), а од градскиот центар Пирот е оддалечено 26 км. На одделни делници, патот е оштетен и со лош квалитет. Од објектите за туристичко сместување се издвојува домаќинството Радиќ кое за потребите на туристите располага со две соби со типична градба за старопланинските села. Од јавните објекти, во селото има канцеларија на месната заедница и амбуланта, во која еднаш неделно работи лекар. Во текот на годината нема продавници, туку само во текот на летото, кога има сезонско население и туристи. Тогаш работи една монтажна продавница во центарот на селото, обезбедена со најосновни производи. Делот што се протега кон манастирот е претставен со викенд-населбата „Врело“, каде што во текот на летото има многу викенд-посетители, генерално, од Белград. Тука може да се најде и апартманско сместување како категоризираниот објект, Апартман „Ѓориќ“, со капацитет од четири легла.





Слика 68: Домаќинство Радиќ и селска чешма
Извор: https://www.facebook.com/RadicStaraPlanina/)

Со развојот и афирмацијата на туризмот на Стара Планина, може да се очекува дека селото Височка ’Ржана ќе добие туристичка функција. Тоа првенствено се гледа во големиот број реновирани стари куќи и истакнати натписи за издавање соби (слика 68). Сепак, бројот на регистрираните домаќинства сè уште е мал.

---

## СЕЛО 2: СЛАВИЊА (слика 69)

Регион: Пиротски Округ (НТЕС3)

Општина: Пирот

Површина: 13,98 км$^2$

Надморска висина: 725 м

Население:

Табела 13: Население во село Славиња

| Година | 1948[1] | 1961[1] | 1991[1] | 2002[1] | 2011[1] | 2019[2] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 403 | 285 | 81 | 49 | 39 | 36 |

Извори:
[1] Републички завод за статистика на Србија, 2014 година.
[2] Процена на Државен завод за статистика на РС.



Слика 69: Панорама на Славиња
Извор: Фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)

## ПРИРОДНИТЕ МОТИВИ НА СЛАВИЊА

Славиња се наоѓа на југот на Општината Пирот, во крајниот западен дел на географската целина Горно Високо. Селото е формирано во долината на реките ’Рсомачка и Славињска, која се влева во Височица, на североисточните падини на планината Видлич, карпест и непрооден масив што е дел од Паркот на природата „Стара Планина“ (План за управување со ПП „Стара Планина“, 2019).




Слика 70: „’Рсомачки лонци“
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Во близина на селото, на 1,5 км низводно, се наоѓаат познатите „’Рсомачки лонци“ или „Славињско грло“ (слика 70). Со својата сила, во должина од околу 500 м, реката ’Рсомачка ископала кањон длабок до 20 м во седиментите на јурските варовнички шкрилци, со продолженија кои популарно се нарекуваат котли, лонци, вирови „буки“, со дијаметар од неколку метри (Гајиќ и други 2017; https://www.plusonline.rs/5-slavinja).



Слика 71: Природните мотиви на Славиња
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Целокупниот пејзаж на селото зрачи со природна убавина украсена со карпи, поглед на врвовите на Стара Планина и со изобилство од вода, богата со ендемичен вид пастрмка (слика 71).

## АНТРОПОГЕНИТЕ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИТЕ МОТИВИ НА СЛАВИЊА

Селото Славиња е меѓу најстарите во областа Високо, за што сведочат остатоци од населби од римскиот период (Стојковиќ 2010). Како и повеќето села од оваа област, Славиња има збиена форма, со групирани куќи во долината на реката. Селото добива неправилна тркалезна форма со проширувања по должината на патот, кон текот на Височица. Населението е со шопско потекло, со православна вероисповед, а селска слава е Ѓурѓовден. Порано, Славиња било поголемо село, со важни јавни институции, а денес остава впечаток на пуста област. Според легендата, селото го добило името од словенското лично име на основачот на селото – Славо.



Слика 72а: Црква „Св. Ѓорѓи“



Слика 72б: Стара воденица



Слика 72в: Стара воденица – внатрешност



Слика 72г: Објект на излезот од селото

Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Во селото има многу антропогени мотиви (слика 72). Тука е црквата „Св. Ѓорѓи“ од 16 век, реновирана во 1884 година, а живописана во 18 век (слика 72а). Прогласена е за културно наследство во 1984 година и во моментов се наоѓа во фаза на реконструкција. Постои традиционална архитектура, со куќи изградени од дрво и кал (чатмари), покриени со камени плочи. Покрај куќите може да се видат многу стопански згради (амбари, плевни, воденици) (слика 72б и 72в), кои често се оградени со дувари и камени ѕидови (Којиќ 1958). Воедно, има и неколку новоизградени викенд-куќи, а токму на излезот од селото се наоѓа интересна напуштена зграда (слика 72г).

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИТЕ МОТИВИ НА СЛАВИЊА

Славиња е сместено на локалниот пат од Пирот кон Димитровград (Височка ’Ржана – Долни Криводол – Бугарија) и последно село од Општината Пирот, на околу 30 км источно од градот. Населението се занимава со сточарство. Меѓутоа, афирмирањето на Стара Планина како туристички центар, постепено предизвикува ориентација кон развојот на руралниот туризам. Сепак, поради недостаток на угостителски капацитети и јавни објекти, развојот е бавен и тежок. Основните јавни објекти како училиште, месна заедница и селска продавница, не работат веќе неколку години (слика 73а и 73б).





Слика 73а: Селска продавница Слика 73б: Училиште

Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Во селото се регистрирани неколку објекти за сместување на туристите: домаќинството Игњатовиќ, со апартман; домаќинството Петров, со две соби и три кревети, во адаптиран објект со типична селска архитектура; и Студиото „Ранчиќ“, со три кревети (слика 74).



Слика 74: Селските домаќинства Петров и Ранчиќ

Извор: https://www.topirot.com/smestaj-selo/slavinja)

Како и во соседните села, руралниот туризам во Славиња е иницирам од Општината Пирот, при што, преку прекугранична соработка со Бугарија, се обезбедени основна туристичка инфраструктура (слика 75) и едукација на локалното население во однос на адаптирањето на сместувањето и понудата на основните туристички услуги. Сепак, по завршувањето на прекуграничната соработка и општинските инвестиции, развојот на руралниот туризам е забавен и продолжен е негативниот демографски тренд. Селото има карактеристики на сезонска населба, со зголемена доминација на секундарните домови и викендички, особено, затоа што една од клучните планинарски патеки кон „'Рсомачки Лонци“ поминува токму низ селото. Постојната туристичка инфраструктура, особено сигнализацијата, се одликува со релативно добар квалитет и овозможува лесно движење во просторот.



Слика 75: Селска чешма, инфо-табла и патоказ кон „’Рсомачки Лонци“
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

## СЕЛО 3: ГОСТУША (слика 76)

Регион: Пиротски Округ (НТЕС3)

Општина: Пирот

Површина: 45,84 км$^2$

Надморска висина: 917 м

Население:

Табела 14: Население во село Гостуша

| Година | 1948[1] | 1961[1] | 1991[1] | 2002[1] | 2011[1] | 2019[1] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 1.308 | 1.050 | 263 | 139 | 70 | 28[2]/55[3] |

Извори:
[1] Републички завод за статистика на Србија, 2014 година.
[2] Процена на Државен завод за статистика на РС.
[3] Процена на авторите според теренско истражување.



Слика 76: Панорама на Гостуша
Извор: Фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)

## ПРИРОДНИТЕ МОТИВИ НА ГОСТУША

Јужно од гребенот на Стара Планина, под висорамнините Белан и Вртибог, се наоѓа Гостуша. Селото настанало спонтано, без утврдено правило и се формирало во долината на Гостушка Река. Освен малку збиената форма по страните на долината, куќите се расфрлаени по планинските падини. Гостуша ѝ припаѓа на географската област Среден Висок (Видановиќ-Сазда 1955).

Атарот на селото Гостуша е дел од Паркот на природата „Стара Планина“, дел од локалитетот „Свети Никола – Јабучко Рамниште – Сребрена Глава“ (План за управување со ПП „Стара Планина“, 2019). Селото е богато, со исклучителна вредност на флората и на пејзажите, со огромни пасишта и ливади, и шуми од бука и смрека (слика 77). Богатството со вегетација и со шуми (природни и пошумени) претставува исклучителна основа за развој на сточарството, посебно за одгледување овци, по кои, во минатото, бил познат овој крај. Така, позната е гостушката овца и црноволнените овци кои живееле на гостушките пасишта (Николиќ 2017). Во близината на селото се наоѓа Завојско Езеро (слика 78).



Слика 77: Падините на Стара Планина



Слика 78: Завојско Езеро
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

## АНТРОПОГЕНИТЕ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИТЕ МОТИВИ НА ГОСТУША

Гостуша е едно од најстарите пиротски села, формирано на остатоците од поранешната населба „Наград“, од римскиот период (Стојковиќ 2010). Тоа е едно од ретките села во пиротскиот крај за кое може да се каже дека е од разреден, збиен тип (Рибар и Симоновиќ 1993). Според Цвијиќ (1902) и Вукосављевиќ (1965), селото им припаѓа на населбите кои првично биле од збиен тип, со формиран центар со згради и јавни објекти, додека економскиот дел е надвор од тој дел на појасите со пасишта. Бидејќи ова е, главно, сточарско подрачје, со изградбата на колиби за живеење во текот летната паша, селото постепено се проширувало во повеќе маала (Стојковиќ 2010). Во минатото, во овој крај се граделе три вида колиби: колиби изградени од пригоден материјал – шиљварака, подвижни колиби, кои можеле да се пренесат, и трајни колиби од цврст материјал кои се граделе во архаичен стил и денес се зачувани (Николиќ 2017).

Денес, селото е празно и делумно конзервирано поради карактеристичниот автентичен стил на градба (слика 79) и традицијата и обичаите кои го опишуваат некогашниот живот во селата на Стара Планина.




Слика 79: Примери за автентична архитектура
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)



Слика 80а: Зграда на поранешното селско училиште




Слика 80б: Селска чешма

Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Селото е поделено на Горно и Долно Маало, иако имало многу повеќе маала кои се именувале според семејствата кои живееле таму (Златковиќ 2017). Порано, во селото имало канцеларија на месната заедница, училиште (слика 80а), земјоделска задруга (слика 81), подвижно кино кое гостувало од Пирот, дури 38 воденици на реката Гостушица, итн. Денес се зачувани и обновени селските чешми (слика 80б) кои се интересни за посетителите на селото.





Слика 81: Зграда на земјоделската задруга и куќа во процес на обновување
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Во селото се наоѓа црквата „Св. Јован Крстител“ (слика 82а и 82б). Се претпоставува дека е изградена на темелите на стара црква од 1112 година, но е обновена во 1835 година. Со текот на времето, црквата претрпела многу промени. Некогаш била покриена со камени плочи, имала камбана изѕидана со камен, која е заменета со ѕвоно на таванот на црквената тераса (Николиќ 2017). Денес црквата се наоѓа во мошне лоша состојба, додека поранешното свештеничко живеалиште покрај црквата потполно е урнато. Црквата е затворена и не се одржува богослужба.



Слика 82а: Црква „Св. Јован Крстител“
Извор: Николиќ, 2017: 46



Слика 82б: Влезот во црквата „Св. Јован Крстител“
Извор: Фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)

Селото Гостуша е заштитено како посебна просторно-културна историска целина „Камено село“, благодарение на добро зачуваната стара селска архитектура карактеристична само за овој крај (План за управување ПП „Стара Планина“, 2019). Куќите во Гостуша се ѕидани од природни материјали, камен и дрво, без врзувачки материјал, сувоѕидарка, или евентуално се користело кал. Најпрво се граделе куќи само со две простории, соба и ижа (архитектонски термин), каде што било сместено огништето, со една отворена просторија (кревет – ќош) и подрум кој бил вкопан во карпа (Николиќ 2017). Куќите се посебно впечатливи по покривите на три води, кои биле изработени од камени плочи, понекогаш со површина и до 1 м$^2$. Во состав на проектот „Европски приказни од културното наследство“ (European Heritage Stories) поттикната е иницијатива за конзервација и заштита на селото, како и за негување и заштита на старите занаети како изработка на грнчиња и фурни за печење леб, терзија, матувџија и сл. (Николиќ 2011).

Најголемиот број постојани жители кои, генерално, се занимаваат со сточарство, летниот период го поминуваат во планините, каде што ја чуваат стоката. Секое лето, на Денот на Св. Кирик (28-ми јули) и на Св. Илија (2-ри август), се организираат селски свечености, кога се собираат селаните на месноста каде што е ветениот крст. Според обичајот, за време на овие празници, секоја година се определува домаќин на настанот, т.н. „колачар“, кој организира ручек кај ветениот камен и подготвува жртвување на јагне како верско-ритуален обред со цел да се обезбеди благосостојба на селаните. Тогаш се собираат селаните и нивните потомци, па селото е најживо. Постојат и голем број легенди за настанокот на селото, како и за одредени настани и локалитети во рамките на селото (Николиќ 2011).

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИТЕ МОТИВИ НА ГОСТУША

Гостуша е сообраќајно изолирано село, што придонело за негово зачувување. Се наоѓа на околу 25 км североисточно од Пирот. Со локални патишта е поврзано со околните села, од кои некои патишта се одликуваат со лош квалитет. Во минатото, Гостуша било поставено на важен каравански пат помеѓу Понишавље и Бугарија, за што сведочи називот на селото. Денес, селото се наоѓа во многу лоша физичка состојба, во процес на постојано иселување и распаѓање, а економската ситуација на поголемиот број остарено население не дава конкретна развојна перспектива. Малобројното сезонско население, кое во летниот период ги посетува своите домови, генерално, живее и работи во Пирот, но поради економската и имотната состојба, не е во можност соодветно да ги одржува селските домаќинства.



Слика 83: Селски туристички домаќинства
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Во Гостуша има неколку категоризирани објекти наменети за сместување на туристи (авантуристи) кои се иницирани со државни субвенции. Такви се апартманот „Видановиќ“ со пет кревети, домаќинството Тошиќ со шест кревети и домаќинството Петровиќ со пет кревети (https://www.topirot.com/smestaj-selo/gostusa). Овие домаќинства (слика 83) располагаат со скромни капацитети и нудат можност за исхрана. Во скоро време се очекува уште неколку сезонски домаќинства да бидат адаптирани за туристичко сместување. Она што е голем проблем на локалното население и на потенцијалните туристи се релативно периферната локација и лошиот пат до селото, а нема ни сигнал за мобилна телефонија и интернет. Нема продавница, иако во летниот период, сите основни потребни намирници ги снабдува трговец кој доаѓа од Пирот. Селаните продаваат млеко, сирење, кајмак, јајца, мед и сл. Она што посебно се истакнува за Гостуша, е исклучителното гостопримство на локалното население, во согласност со името на селото. Сепак, недостасуваат инвестиции и поддршка од државата, со цел селото да оживее и туристички да се афирмира (слика 84).

Автентичната архитектура и начинот на живеење, во последно време привлекуваат поголем број туристи, што претставува директна последица од медиумската кампања која континуирано се води од 2012 година. Чести се групните посети, но, за жал, во селото нема објекти за прифаќање поголем број туристи, со оглед на тоа дека ниту во селото, ниту во неговото непосредно опкружување, нема ресторатерски објекти. Постои иницијатива од локалното население за адаптација на зградата на некогашното училиште во центарот на селото во ресторан.

Гостуша почнува со туристички развој во 2013 година, кога е изработена Студија за заштита на селото од страна на Заводот за заштита на спомениците на Ниш. По тоа следува значително медиумско внимание и статус на заштитено културно наследство како „Камено село“ и единствена рурална амбиентална целина во Србија. Студијата ја добива наградата „Еуропа Ностра 2016“ (Маниќ 2017; Терзиќ и други 2020). Медиумското покривање на ова село и понатаму продолжува со цел да се зачува автентичниот селски простор, оживување на селото кое е во процес на напуштање и афирмирање на руралниот туризам во Стара Планина. Меѓутоа, ентузијазмот, инвестициите и финансиската поддршка на Општината не траеја долго време, па продолжи негативниот тренд на напуштање и нарушување на амбиенталните вредности на селото, и покрај неговиот статус на културно добро.



Слика 84: Туристичка сигнализација
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

## СЕЛО 4: ПОГАНОВО (слика 85)

Регион: Пиротски Округ (НТЕС3)

Општина: Димитровград

Површина: 16,40 км$^2$

Надморска висина: 540 – 600 м

Население:

Табела 15: Население во село Поганово

| Година | 1948[1] | 1961[1] | 1991[1] | 2002[1] | 2011[1] | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 1.067 | 763 | 133 | 77 | 31 | 21[2]/25[3] |

Извори:
[1] Републички завод за статистика на Србија, 2014 година.
[2] Процена на Државен завод за статистика на РС.
[3] Процена на авторите според теренско истражување.



Слика 85: Панорама на Поганово
Извор: Фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)

## ПРИРОДНИТЕ МОТИВИ НА ПОГАНОВО

Поганово е ридско-планинско село, сместено во долината на реката Јерма, помеѓу планинските масиви Гребен и Влашка Планина, кои доминираат во природниот пејзаж (слика 86). Географски ѝ припаѓа на целината Бурел (Иванов 2018), во минатото позната по сточарството, благодарение на многубројните ливади и пасишта. Токму затоа во овој крај имало многу штали, бачила, млекарници и воденици (Стратегија за развој на Општина Димитровград, 2008). Поганово се развило од двете страни на Погановска Река, притока на Јерма, во подножјето на Меовскиот Врв (923 м) и Еремија (901 м), на околу 17 км југозападно од Димитровград. Теренот е погоден за планинарење, па од селото почнуваат неколку кружни планинарски патеки.

Атарот на селото е во состав на Специјалниот природен резерват „Јерма“ кој е познат по Кањонот Јерма, поставен помеѓу Гребен и Влашка Планина. Подрачјето е заштитено со цел да се зачуваат геолошките, геоморфолошките (15 км долгиот величествен Кањон на Јерма и големиот број спелеолошки форми како Пештерата Огнена Дупка, со канали од 4 000 м, Јамата Пештерица, длабока 160 м) и биолошките форми (голем број ендемски, ендемореликтни и загрозени растителни и животински видови) (ПППН „Јерма“, 2018).



Слика 86: Долината на Јерма и Погановска Река
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

## АНТРОПОГЕНИТЕ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИТЕ МОТИВИ НА ПОГАНОВО

Поганово настанало врз остатоците на поранешната населба, за што сведочат локалитетите Селиште-Село-Србиново и Везенково Маало, отворената доцноантичка населба и некропола, локалитетот Нишор-Пиздица, храмот „Јупитер“, локалитетот Боботан, доцноантичко-ранохристијанската населба и ранохристијанската црква, локалитетот Ќиташов камик, доцноантичката рановозантиска тврдина и локалитетот Преот, што претставува помала отворена населба и посебен објект (Стратегија за развој на туризмот на Општина Димитровград, 2008). Се претпоставува дека името на селото потекнува од зборот селанец, но постојат и многу легенди со негативна конотација за значењето на зборот „поган“ (Иванов 2018). Во периодот од 1934 до 1941 година, селото се викало Доброшево.

Поганово ја задржало формата на збиено село од шопски тип (Цвијиќ 1902). Составено е од 14 маала, кои се густо збиени, а некаде и се преклопуваат (Иванов 2018). Населението, генерално, има бугарско потекло и мешано српско-бугарско. Селска слава е Спасовден. Во минатото, селото било познато како занаетчиско, по волнарите, кројачите, ковачите и коларите.



Слика 87: Селска архитектура
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Селската архитектура е разновидна, со елементи на традиционалното градителство (слика 87). Присутен е тип на „г"-куќа, под влијание на модерната градска архитектура, генерално, како одраз на општествениот престиж (Стојковиќ 2010). Основната карактеристика на куќите е тоа што тие се покриваат со ќерамида наречена „шопка" која некогаш се произведувала во селската фабрика. Околу централната куќа на едно домаќинство најчесто се групирале други станбени и стопански објекти формирајќи затворена „чорбаџиска" целина. Од начините на градба најмногу е застапен бондрук – дрвена конструкција исполнета со кал, со покрив на четири води, камени скали, дрвена конструкција со рамни, недекорирани столбови на влезниот трем сочинувајќи композиција со баџа (Љубенов 2015) (слика 93).

Во атарот на селото, на левиот брег на реката Јерма, се наоѓа манастирот посветен на Св. Јован Богослов. Според легендата, го изградил Константин Дејановиќ, внук на царот Душан, во 1395 година (Стојковиќ 2010), иако постојат претпоставки дека првобитниот манастир бил изграден пред 1130 година, за што сведочи една стара икона со впишани имиња на српските владетели (https://eparhijaniska.rs/manastiri/manastir-poganovo).

Манастирскиот комплекс (слика 88, 89 и 90) е граден во моравски стил и го сочинуваат црква, трпезарија и придружни објекти, изградени во ориентален стил и заградени со ѕидови. Црквата е ѕидана ќелијно, со кршени камења и печена тула, а фрескоживописана е во 1499 година. Манастирот е познат и по двостраната икона од 15-ти век (иконата со Богородица и Јован Богослов), која за време на Првата светска војна била конфискувана од Бугарите заедно со иконостасот. Денес, овие дела се изложени во галеријата на икони во храмот „Св. Александар Невски", во Софија. Бидејќи манастирот се наоѓа на непристапно место, кое долго време било

целосно сообраќајно изолирано (до 1927 година), никогаш не бил ограбуван и пустошен. Од 1949 година, манастирот се наоѓа под државна заштита како културно наследство од големо значење, а од 1979 година, прогласен за културен споменик со посебно значење. Од неодамна, во манастирот се одржува ликовната колонија „Погановски манастир“.



Слика 88: Конак во порта и манастирска црква
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)



Слика 89: Цртеж на конак
Извор: Рељиќ 1997



Слика 90: Манастир „Поганово“
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Недалеку од Поганово, во долината на Јерма, кај селото Суково (слика 91), се наоѓа манастирскиот комплекс посветен на Успение на Пресвета Богородица, т.н. Суковски манастир, подигнат во 1857/58 година, врз темелите на стар православен храм. Од 1968 година, манастирот претставува културно наследство од големо национално значење. Се истакнува со фреска на која има невообичаено претставување на Св. Христофор, со животинска глава, и Богородица со крила.

Во околината на Поганово, снимани се неколку култни филмови од југословенската кинематографија како „Златаревото богатство“, „Доротеј“, „Двобојот за Јужната пруга“ и „Косовската битка“.




Слика 91: Манастир „Св. Богородица“, во долината на Јерма, кај селото Суково
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИТЕ МОТИВИ НА ПОГАНОВО

Поганово се наоѓа југозападно од Општината Димитровград, и тоа 27 км по главниот пат, и 17 км по стариот пат. Обата пата се со релативно добар квалитет. Од меѓународниот пат Ниш – Софија е оддалечено околу 12 км. Селото некогаш било општински центар, со основно училиште (слика 92а), амбуланта, полициска станица, со туланата на семејството Дунѓерови (од 1922 година), пошта (од 1949 година) и земјоделска задруга. Денес не функционира ниеден од овие објекти, а доминантна е зградата на поранешната земјоделска задруга, а сега, канцеларија на месната заедница (слика 92б)




Слика 92а: Селско училиште и пошта Слика 92б: Месна заедница
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Поганово почнува во последно време да се афирмира туристички. Посебно внимание привлекуваат природните, амбиенталните и културно-историските вредности, како и етнодомаќинствата кои се градени во традиционален стил. Од сместувачките капацитети се издвојуваат домаќинството Бошков, со две соби и пет кревета, домаќинството Георгиев, со две

соби и три кревета, домаќинството Дунѓерови, со две соби и два кревета, етнодомот „Манов“, со четири соби и девет кревета, етноконакот „Тоша“, со четири соби и десет кревета, етнокуќата „Погановска шопка“ (слика 94), со четири соби и десет кревета. Ресторански услуги нудат домаќинството Дунѓерови и етноконакот „Тоша“.



Слика 93: „Стара шопка“
Извор: Љубенов (2015)



Слика 94: Обновеното домаќинство „Погановска шопка“
Извор: Фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)

Побројно е сезонското население, а постои тенденција за збогатување на туристичката понуда. Посебно се истакнува можноста за формирање етнопоставка во рамките на домаќинството „Погановска шопка“ која е во фаза на планирање. Се зголемува бројот на сместувачките капацитети, се откупуваат сезонските домаќинства и се реновираат старите куќи. Постои реална можност за развој на руралниот туризам во ова село, посебно насочено кон туристите од Бугарија кои сѐ повеќе доаѓаат во Пирот и околината. Сместувачките капацитети во Пирот се покажаа како недоволни и релативно скапи во споредба со сместувањето во селските домаќинства во околните села, а релативно добрата сообраќајна поврзаност и концентрацијата на природните и културните ресурси го забрзуваат туристичкиот развој на овој крај.

## ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ПРЕДЛОГ-ТУРИСТИЧКАТА ДЕСТИНАЦИЈА 4

На графиконот 4 прикажана е туристичката валоризација на предлог-дестинацијата 4 врз основа на оценувањето со пет индикатори за руралниот капитал, кои се однесуваат на: природен капитал, културен капитал, инфраструктурен (физички) капитал, општествен (човечки и организациски фактори) капитал и економски капитал. (Индикаторите се подетално објаснети во воведниот дел.)




Графикон 4: Туристичка валоризација на предлог-дестинацијата 4: Височка ’Ржана, Славиња, Гостуша и Поганово (Регионот на Јужна и Источна Србија)

Од графиконот 4 се забележува неуедначен рурален капитал на анализираните села, освен кај оценката на општествениот капитал која е изразито неповолна. Во однос на потенцијалите за туристичка афирмација, сосема е јасно дека предничи Поганово, кое има квалитетна инфрастуктурна опременост. Сите села имаат квалитетни природни и културни ресурси и одреден економски капитал како директна последица од откупувањето на куќите од страна на сезонското население, нивно проширување и приспособување за туристички потреби.

Од друга страна, нејнеповолна положба, и покрај исклучително прекрасните природни и културни ресурси, има Гостуша, поради својата физичка изолираност и лошата инфраструктура. И покрај тоа што има статус на заштитено културно наследство (карактеристична амбиентална целина), Гостуша се наоѓа во многу лоша состојба, посебно кога станува збор за оцена на физичкиот капитал (инфраструктурата), со средна оценка 1,5, и на економскиот капитал (средна оценка 1,8). Населението што постојано живее во ова село е старо, необразовано и се занимава со сточарство. Постојните културни ресурси се наоѓаат во фаза на распаѓање (оценка 2,5).

Слична е состојбата со културниот капитал во Славиња, но со малку повисока оценка (2,5) и со подобра инфраструктурна опременост (оценка 2).

Височка ’Ржана има интересни амбиентални и природни вредности, погодни за развој на рурален туризам, но ниско ниво на економски и општествен капитал. Физичкиот (инфраструктурен) капитал е малку подобрен во последните неколку години, па поставени се информативни табли и има основна туристичка инфраструктура во поглед на сместувачките капацитети. Сепак, евидентен е недостигот на угостителски и јавни објекти, и покрај фактот што, за разлика од другите анализирани села, овде има продавница која работи во летниот период.

Најголемиот проблем на овие села е многу малиот број постојани жители. Врз основа на табелите 12–15, може да се забележи поразителниот факт дека падот на населението во овие мали села, од 1948 година до денес, е повеќе од 90 % и дека постојаното население постепено речиси целосно е заменето од сезонското население. Денес, во овие села живеат само дваесетина

постојани жители, главно, многу стари и со лош економски статус (без приходи и на социјална помош), додека, во зима, овие периферни села стануваат речиси пусти и целосно отсечени од светот. Во летниот период, ситуацијата е сосема поинаква, и овие села бележат значителна концентрација на сезонско население. Од неодамна се интензивира развојот на руралниот туризам и се прави адаптација на голем број куќи во сместувачки капацитети и викендички.

Од аспект на анализата на актуелната ситуација и состојбата со руралниот капитал за потребите на развојот на руралниот туризам во овие слабо населени подрачја, може да се заклучи дека е поттикната туристичка иницијатива која е сè уште во почетна фаза. Притоа, генерално, сезонското население е основен двигател за туристички развој. На ниво на општина, обезбедена е поддршка за развој на туристичките селски домаќинства, првенствено во форма на директни инвестиции и субвенции за почнување туристички бизнис.

---

## ПРЕДЛОГ-ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА 5: ЗЕБИЦА (Топлички Округ, Куршумлија – Ѓавоља Варош, Регион Јужна и Источна Србија)




Слика 95: Локација на предлог-туристичката дестинација 5, во Јужна и Источна Србија/Топлички Округ, бр. 16 Зебица

Предложената рурална туристичка дестинација 5, во Регионот на Јужна и Источна Србија, го опфаќа селото Зебица (слика 95) во непосредна близина на природниот феномен и туристичкиот центар Ѓавоља Варош. Според Номенклатурата на територијалните единици за статистика (НТЕС) ниво 3, ова село ѝ припаѓа на Општина Куршумлија, во Топличкиот Округ (слика 96).




Слика 96: Локација на избраното село во предлог-туристичката дестинација 5,
во Јужна и Источна Србија

Топличкиот Округ се наоѓа на југот на Србија, на просторот на историската област Топлица, сместен во сливовите на реките Топлица и Косаница. Го сочинуваат руралните општини Прокупље, Куршумлија, Блаце и Житораѓа. Ова подрачје го опкружуваат планинските венци Копаоник, Мајдана, Соколовица и Пилатовице (Гашић 2015). Општината Куршумлија спаѓа меѓу најнеразвиените во Србија во која изумираат голем број рурални населби. Иако оваа општина има исклучителни туристички потенцијали, пред сè, во однос на развојот на бањскиот туризам во Пролом Бања, Луковска Бања и бањата Куршумлија, тие се недоволно искористени (Периќ и Гачиќ 2012). Тука е светски познатиот природен феномен Ѓавоља Варош и Паркот на природата „Радан“ (ставен под заштита од 1-ва категорија како природно богатство со исклучително национално значење, во 2017 година). Она што е главно ограничување на оваа област е исклучително лошата инфраструктурна опрема и слабата населеност на периферните рурални населби, на кои им се заканува целосно напуштање.

ТУРИСТИЧКИ ЦЕНТРИ: Куршумлија и Пролом Бања.

ПРИРОДНИ АТРАКЦИИ: Пролом Бања, Луковска Бања, Куршумлиска Бања, Парк на природата „Радан“, Ѓавоља Варош, ловишта „Шумата“ и „Соколовица“.

АНТРОПОГЕНИ АТРАКЦИИ:

Археолошки локалитети: Марина Кула (Кастрат), Иван-кула, Бранкова Кула (Рударе), остатоци од Марино Кале (Горно Крчмаре), остатоци од Марково-латинска црква (Кастрат), остатоци од Огнена Црква (Долно Точани), Саски Рудници.

Манастири: Манастир „Св. Никола“, Манастир „Пресвета Богородица“ (Куршумлија), Црква „Св. Врачи“ (Горно Мекуљани), Црква „Успение на Пресвета Богородица“ (Точани).

Манифестации: „Културно лето“, „Денови на Немања“, „Куршумлиска гитаријада“, Ликовна колонија „Бела Црква“, Меѓународна фотоколонија „Ѓавоља Варош“, Пливање по крстот за Богојавление, Хајка на волци, „Малинијада“, селски собири и панаѓури.

**ЗЕБИЦА** (слика 97)

Регион: Топлички Округ (НТЕС3)

Општина: Куршумлија

Површина: 9,21 км$^2$

Надморска висина: 462 – 510 м

Население:

Табела 16: Население во село Зебица

| Година | 1948[1] | 1961[1] | 1991[1] | 2002[1] | 2011[1] | 2019[2] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 246 | 257 | 61 | 35 | 24 | 30* |

Извори:
[1] Републички завод за статистика на Србија, 2014 година.
[2] Процена на Државен завод за статистика на РС.



Слика 97: Зебица
Извор: Фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)

## ПРИРОДНИТЕ МОТИВИ НА ЗЕБИЦА

Зебица е мало село во јужниот дел на Општина Куршумлија, во областа на планината Радан, односно на падините на Жујовска Чука (684 м). Се наоѓа на околу 24 км од Куршумлија и на исто толкава оддалеченост од Пролом Бања, во долината на реката Голема Косаница. Селото е од разбиен тип, со следните маала, со по неколку куќи: Центар, Бањска, Лаковац и Пландиште. Низ селото тече Жолт Поток кој се влева во Косаница (Мартиновиќ и Стаменковиќ 2001). Клучни туристички дестинации во оваа област се Пролом Бања и геолокалитетот Ѓавоља Варош.

Подрачјето на природниот ресурс „Радан“ му припаѓа на Јужно Поморавје и ги вклучува горните сливови на Топлица, Пуста Река и Јабланица, додека неговиот централен дел го исполнува планинскиот масив на планината Радан. Во 2017 година, дел од планинската област Радан е прогласен за Природен парк „Радан“, од прва категорија на заштитени подрачја (на површина од 41.312,66 хектари) (слика 98). Највисокиот врв на Радан е Шопот (1.408 м), а геолошката подлога се состои од еруптивни и метаморфни карпи со вулканско потекло. Има богата листопадна вегетација во која доминираат букови шуми, но и реликтни шумски заедници на мечкина леска и

кавкаска липа, како и мешани дабови заедници со јавори. Шумите се ретки поради прекумерната експлоатација, а најмногу се исечени на висина до 900 метри. На подрачјето на планината Радан има неколку помали ловишта, а најпознато е „Соколовица“ со кое управуваат ЈП „Србијашуме“ и шумското стопанство „Топлица“ од Куршумлија (Србијашуме 2018).



Слика 98: Парк на природата „Радан“



Слика 99: Споменик на природата „Ѓавоља Варош“

Извор: Фотографии на Александра Терзиќ (коавтор)

Геолошкиот комплекс „Ѓавоља Варош“ (слика 99) е најинтересната и најпознатата геоморфолошка форма во областа Топлица и Паркот на природата „Радан“. Таа се состои од над 200 земјени фигури настанати со ерозија и два крајно минерализирани извори со изразито кисела вода, со голема содржина на железо и други метали. Земјените столбови, високи од 2 до 15 метри, се изградени од песочник и лапор, на чии врвови има андезитски плочи во вид на капи. Постојат голем број народни преданија и легенди за земјените пирамиди или „скаменетите сватови“ (Драгојловиќ 2017). Ѓавоља варош е клучна туристичка атракција за излетници и за посетителите на Пролом Бања, под заштита на државата од 1959 година како природен споменик од прва категорија. Во 1995 година, со Уредба на Владата на Србија, оваа локација е прогласена за природно богатство со исклучително значење и доделена е на управување на АД „Планика“ од Куршумлија кое управува и со бањските центри на Пролом Бања (слика 100), Луковска Бања и Куршумлиска Бања.



Слика 100: Поглед на Пролом Бања
Извор: Фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)

Друг природен феномен, откриен во 2013 година, на овие простори, е локалитетот Бранкова Кула во близината на селото Рударе. Тоа се „базалтни столбови“ формирани во вид на ѕид составен од камени блокови со правилна форма, високи околу 10 метри и долги околу 100 метри. Според историските податоци, на ова место, во средниот век, се наоѓала кулата на Бранко Младеновиќ, таткото на Вук Бранковиќ, па затоа била именувана како Бранкова кула.

## АНТРОПОГЕНИТЕ И ЕТНОАМБИЕНТАЛНИТЕ МОТИВИ НА ЗЕБИЦА

Зебица е старо село, првобитно населено со српско население, за што сведочат две цркви. Во турските дефтери од 1451 и 1455 година се споменува под името Забница. По ослободувањето од Турците (1878 година), селото е напуштено. Српското население се доселило на крајот на 19 век, од Црна Гора, Ужице и Пеќ. Селска слава е Св. Троица. Зебица е во фаза на најдлабока демографска старост и во процес на изумирање, со само неколкумина многу стари жители.

Во близината на селото има остатоци од средновековна црква, три средновековни рудници „Саски рудници“, како и црква – брвнара, посветена на Св. Петка, изградена во близината на Ѓавоља Варош, во 2010 година, на остатоците од стара средновековна црква (слика 101). Во текот на 2019 година, во атарот, во близина на патот за Добри Дол, во правец кон селото Миленковиќ, во буковата шума се откриени остатоци од црква изградена во периодот 1373 – 1375 година, за која се претпоставува дека била градена по нарачка на Вук Бранковиќ (слика 102). Според Заводот за заштита на спомениците на културата во Ниш, црквата, најверојатно, ѝ е посветена на Св. Петка (https://toplickevesti.com/sakrivena-crkva-u-selu-zebice.html). Во близината на соседното село Иван Кула, токму на врвот на вулканската тумба на планината Радан, има остатоци од средновековна тврдина, од која, според легендата, косовските јунаци Иван Косанчиќ и Милан Топлица заминале во битката на Косово, во 1389 година.



Слика 101: Црква – брвнара, посветена на Св. Петка
Извор: Фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)



Слика 102: Напуштена црква во селскиот атар
Извор: https://toplickevesti.com/ sakrivena-crkva-u-selu-zebice.html

Целото подрачје на планината Радан и Општината Куршумлија се карактеризираат со изразен процес на депопулација и згаснување на голем број села, додека во Зебица, на последниот попис, се евидентирани само 24 жители. Иако спаѓа во примарни рурални населби, главни активности на селото се земјоделството, шумарството и ловот. Од друга страна, секундарната

туристичка активност е исклучиво насочена кон развој на блискиот геолокалитет „Ѓавоља Варош“, со план, во Зебица и во околните села, да се адаптираат постојните куќи за туристичко сместување и да прераснат во туристички села.

## КОМУНИКАТИВНО-РЕЦЕПТИВНИТЕ МОТИВИ НА ЗЕБИЦА

Зебица е поврзано со општинскиот центар и со Пролом Бања со сообраќајница со солиден квалитет. Правецот до Ѓавоља Варош е асфалтиран пред неколку години, додека на одредени делници сѐ уште се вршат проширувања. Постојната патна мрежа се карактеризира со голем број дупки, а чести се и одроните, така што е неопходна модернизација. Ѓавоља Варош е добро поврзано со населбата Миленковиќи (село Ѓаке) и со селото Зебица, додека со многу лош пат, со селото Ѓаке. За областа, најважен е општинскиот пат Л-1 (Зебица – Добри Дол – Секирача) кој овозможува поврзување на Ѓавоља Варош со општинскиот центар и државниот пат, од една страна, и од друга, со соседниот регион и со Општината Мердаре, и понатаму, кон Косово и Метохија. Патот што поминува низ областа на планината Радан, не е соодветно обележан (слика 103). Областа е демографски пуста и не е покриена со мобилна мрежа. На планината Радан има многу волци, а се појавуваат и глутници диви кучиња, што може значително да ја загрозат безбедноста на туристите, па затоа не се препорачува патување низ оваа област во вечерните часови, особено кон периферните населби.




Слика 103: Парк на природата „Радан“
Извор: Фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)



Слика 104: Етнокрчма „Два амбара“
Извор: Фотографија на Александра Терзиќ (коавтор)

Во Зебица постои основна комунална инфраструктура. Малобројното население делумно се снабдува со вода од водоводот, а делумно од сопствените бунари, додека отпадните води се испуштаат директно во Жолт Поток. Сите јавни служби се затворени (имаше училиште, но е затворено), нема продавница, ниту канцеларија на месната заедница. Зебица, како и соседното село Ѓаке, се под надлежност на месната заедница на селото Рача.

На околу 1,5 км од центарот на селото Зебица во правец на Ѓавоља Варош се наоѓа етно-ресторанот „Два амбари“ (слика 104), додека на влезот во Ѓавоља Варош има етнокујна „Ѓавоља Варош“ од монтажен тип. И двата ресторана работат од април до октомври. Според Планот за детално уредување на Ѓавоља Варош (2016 година), се планира изградба на камп и туристичко село во атарот на соседното село Ѓаке (населба „Миленковиќ“, со само два жители, на потегот

Ливада). Во оваа област е предвидена изградба на комплетно нов туристички центар – туристичко село со сместувачки капацитети и камп, додека во атарот на Зебица, односно во областа на постојното семејно домување и викенд-сезонското домување, се планира формирање зона за домување која ќе се користи за туристички цели.

## ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ПРЕДЛОГ-ТУРИСТИЧКАТА ДЕСТИНАЦИЈА 5

Од спроведената туристичка валоризација (графикон 5) на предлог-дестинацијата 5, која го опфаќа селото Зебица, произлегува дека понудата се потпира на привлечноста на локалитетот Ѓавоља Варош, во чија непосредна близина тој се наоѓа. Може да се забележи дека, освен исклучителните природни ресурси, кои се карактеризираат со геоморфолошки куриозитети и природни добра со висока вредност, културниот капитал е мошне низок и се карактеризира со постоење на неколку средновековни цркви и тврдини, кои се наоѓаат во екстремно лоша физичка состојба. Амбиенталните вредности на селото во однос на автентичните селски куќи донекаде се нарушени од современите обични куќи, кои претежно се наоѓаат во трошна состојба, што укажува на многу неповолната економска состојба на локалното население.




Графикон 5: Оцена на руралниот капитал на предлог-дестинацијата 5: Зебица (Регионот на Јужна и Источна Србија)

Физичкиот капитал што се рефлектира во инфраструктурната опрема на селото е, исто така, на незадоволително ниво, што се карактеризира со нерешено водоснабдување и комунална опрема на домаќинствата, непостоење на јавни објекти и продавници во непосредната близина на селото, што го прави секојдневниот живот уште потежок. Големата фреквенција на туристи и постоењето на туристичка побарувачка, сè уште немаат конкретен придонес во економијата на селото, иако има еден етноресторан на периферијата на селото, на патот кон Ѓавоља Варош, но тој работи само сезонски. Сместувачките капацитети се концентрирани во Пролом Бања и во Куршумлија, а понуди на селските домаќинства засега не постојат. Во однос на општествениот капитал, Зебица се наоѓа во напредна фаза на демографско истребување (табела 16) со само 30

постојани жители во длабока старост и социјално загрозени. Иако отсекогаш било многу мало село, од 1948 година, постојано се намалува бројот на жителите за дури 87,8 %. Ваквото намалување на бројот на жителите е евидентно во повеќето рурални населби во Општина Куршумлија, што го прави социјалниот капитал крајно неповолен, а развојот на туризмот речиси целосно зависи од сезонското население. Така, процесот на туристички развој што е иницирал, се очекува да се забрза со изградба на нови, специјализирани, туристички населби, со сезонски карактер.

## ЛИТЕРАТУРА

Бјељац, Ж., Терзић, А., Јовановић, А., Бранков, Ј., Петровић, М. (2017). Туризам Србије. Поглавље у „Географија Србије“ (ур. Милан Радовановић). Посебна издања Географског института „Јован Цвијић“ САНУ, 91, 753–809.

Бодирога, В. (2001). Мајдапек, у Географска енциклопедија – насеља Србије (ур. Србољуб Стаменковић), књ. III (М–Р), 1–7, Географски факултет Универзитета у Београду, Арена: стручна књига, Београд.

Велојиќ, М. & Ѓуровиќ, П. (2001). Во: Географска енциклопедија – насеља Србије (ур. Србољуб Стаменковиќ), книга II (Ж–Љ), 185–208, Географски факултет Универзитет Београд, Арена: стручна књига, Београд.

Видановиќ-Сазда, Г. (1955). „Висок, Привредно-географска испитивања“, САН, Посебни изданија, книга CCXXXVIII, Географски институт, книга 6.

Вукосављевиќ, С. (1965). „Историја сељачког друштва II. Социологија становања“, САНУ, Посебни изданија, книга CCCXC, Одделение за општествени науки, книга 51, Белград.

Гајиќ, В. Миловановиќ, Д., Ристиќ Бакањац, В., Бакањац, Б. & Мандиќ, М. (2017). „Објекти геолошке баштине у сливу реке Височице“, Пиротски зборник 42, 209–224.

Гашиќ, М. & Ивановиќ, В. (2015). „Туристичко-географски положај Топличког округа“, Бизинфо (Блаце) 6(1), 53–64.

Група аутора. (2015). Ѓердап (ур. Ана Милановиќ Пешиќ), Едиција: „Лексикони националних паркова Србије“, ЈП „Службени гласник“, ЈП Национални парк Ѓердап, Географски институт „Јован Цвијиќ“ САНУ.

Драговиќ, Д. (2019). „Одрживи туризам у функцији руралног развоја општине Књажевац“, (Магистерски труд), ПМФ, Департман за географија, Универзитет Ниш.

Драгојловиќ, Ј. М. (2017). „Нодални центри Топличког округа“, (Докторска дисертација), Географски факултет, Универзитет у Београду.

Златковиќ, Д. (2017). „Микротопономија општине Пирот – дополнување“, Пиротски зборник 42, 171–207.

Иванов, Ц. (2018). „Микротопономија Бурела“, Пиротски зборник 43, 181–246.

ЈП „Стара планина“. (2017). Средњерочни и дугорочни план пословне стратегије и развоја Јавног предузећа за развој планинског туризма „Стара планина“ Књажевац за период 2017 – 2026, Достапно на: http://www.jpstaraplanina.rs/data/sred_i_dugor_plan_2017_2026.pdf

Којиќ, Б. (1935). „Архитектура нашег села“, Технички лист, 7–8, 105–108.

Којиќ, Б. (1941). „Архитектура српског села, Шумадија и Поморавље. Развој од XVIII века до данас“, Белград: Технички факултет при Универзитет Белград.

Којиќ, Б. (1958). „Сеоска архитектура и туризам“, Београд: Грађевинска књига.

Љубенов, Г. (2015). „Декоративно обликовање традиционалне народне архитектуре у региону Старе планине“, (Докторска дисертација), Архитектонски факултет, Универзитет Београд.

Мартиновиќ, М., Стаменковиќ, Ѓ. С. (2001). „Куршумлија“, Во: „Географска енциклопедија – насеља Србије“ (ур. Србољуб Стаменковиќ), книга II (Ж–Љ), 340–359, Географски факултет, Универзитет Београд, Арена: стручна књига, Београд.

Мастер-план за Стара Планина. (2007).

Младеновиќ, Б., Јацановић, М. (2001). „Велико Градиште“. Географска енциклопедија – насеља Србије (ур. Србољуб Стаменковић), књ. I (А–Ђ), 310–317, Географски факултет Универзитета у Београду, Арена: стручна књига, Београд.

Младеновиќ, Б., Јацановић, М. (2001а). „Голубац“. Географска енциклопедија – насеља Србије (ур. Србољуб Стаменковић), књ. I (А–Ђ), стр. 462–468, Географски факултет Универзитета у Београду, Арена: стручна књига, Београд.

Нешиќ, Д. (2013). „Неки примери реликтних криоапланационих заравни у рељефу Ртња (Источна Србија)“. Зборник радова – Географски факултет Универзитета у Београду, 61, 127–150.

Николиќ, Б. (2011). „Гостуша“, Пирот: Графички студио Цицеро. Достапно на: <http://www.nbpi.org.rs/wordpress/wp-content/uploads/2011/03/Borisav-Nikoli%C4%87-Gostu%C5%A1a.pdf>

Обрадовиќ, Т. (2018). „Начела градитељског предања и њихова савремена примена“ (Докторска дисертација), Архитектонски факултет, Универзитет у Београду.

Периќ, Г. & Гашиќ, М. (2012). „Стратешки правци развоја туризма у општини Куршумлија“, VII Меѓународни научни скуп „Медитерански дани“, 2012: „Туризам: изазови и могућности“, 20.9.2012, Требиње, Достапно на: <https://ssrn.com/abstract=2800584>

Пешиќ-Максимовиќ, Н. (2014). „Моравска кућа Србије: богатство облика“, Београд: Друштво конзерватора Србије и Републички завод за заштиту споменика културе.

План управљања ПП Стара Планина за период 2020 – 2029. (2019).

„Просторни план Подручја посебне намене Специјалног резервата природе „Јерма““. (2018). Влада Републике Србије, Министарство грађевинарства, саобраћаја и инфраструктуре, Сектор за просторно планирање и урбанизам.

Radivojević, A. (2008). Turizam kao faktor razvoja Sokobanje. Ekonomske teme, 56 (2), 111–129.

Terzić, A., Drobnjaković, M. & Petrevska, B. (2020). Traditional Serbian countryside and second-home tourism perspectives, European Countryside, 12(3), 312–332.

Радосављевић, Ж. (1967). „Бољевац. Земља и људи“, Српско географско друштво, св. 17, стр. 69–78.

Рељиќ, Љ. (ур.) (1997). „Сеоска и стара градска насеља у делу Зорана Б. Петровића“, Архитектонска и етнографска истраживања, Београд: Етнографски музеј.

Републички завод за статистика на Србија. (2014). Споредбен преглед на бројот на жителите во 1948, 1953, 1961, 1971, 1981, 1991, 2002 и 2011. Попис на населението, домаќинствата и становите во 2011 година во Република Србија. Достапно на: <https://pod2.stat.gov.rs/Objavljene Publikacije/Popis2011/Knjiga20.pdf>

Сибиновиќ, М., Антиќ, М., Шантиќ, Д. & Раткај, И. (2016). „Рурални простор општине Књажевац – Антропогеографске основе развоја“, Едиција: „Књажевачким крајем“, книга 6, Књажевац: Народна библиотека „Његош“; Београд: Српско географско друштво.

Симоновиќ, Ѓ. & Рибар, М. (1993). „Уређење сеоских територија и насеља“, Београд: ИБИ.

Службен весник на РС, бр. 102/2010.

Србијашуме, Сектор за шумарство и заштиту животне средине. (2018). План за управување со Паркот на природата „Радан“ за периодот 2018 – 2027 година (на српски). Достапно на: <https://www.srbijasume.rs/pdf/PURadanKon.pdf> (пристапено на 2.3.2020 година).

Стаменковиќ, Ђ. С., Гатариќ, Д., Мартиновиќ, М. (2002). „Сокобања“, у Географска енциклопедија – насеља Србије (ур. Србољуб Стаменковић), књ. IV (С–Ш), стр. 55–65, Географски факултет Универзитета у Београду, Арена: стручна књига, Београд.

Станковиќ, М. С. (2001). Пирот, Во: Географска енциклопедија – насеља Србије (ур. Србољуб Стаменковиќ), книга III (М–Р), 237–256, Географски факултет, Универзитет Београд, Арена: стручна књига, Београд.

Станојевиќ, М. (1913). „Заглавак“, Антропогеографски зборник XX, Насеља српских земаља 9, 391–513.

Станојевиќ, М. (1940). „Тимок“, Српски етнографски зборник, книга IV, Насеља и порекло становништва, книга 29, Београд: Српска краљевска академија.

Стојадиновиќ, В., Милошевиќ Мициќ, М. & Илијиќ, Б. (2013). „Књажевац, О завичају од А до Ш“, Књажевац: Народна библиотека „Његош“.

Стојковиќ, Д. (2010). „Насеља и становништво општине Пирот (Осврт на појединe историјске, етничке и демографске карактеристике)“, Расправе и грађа у савременој етнологији и антропологији, ГЕМ 74/1, 11–108.

Стратегијата за развој на рурален туризам на Србија 2016 – 2025. (2016).

Стратегија развоја туризма општине Димитровград. (2008). Београд: Економски факултет. Достапно на: <https://www.dimitrovgrad.rs/fajlovi/dokumenta/Strateski%20dokumnti/STRATE GIJA-RAZVOJA-TURIZMA-OPSTINE-DIMITROVGRAD.pdf>

Цвијиќ, Ј. (1902). „Антропогеографски проблеми Балканског полуострва, Насеља српских земаља“, Београд: Краљевска српска државна штампарија.

Цвијиќ, Ј. (1913). „Ртањ“, Гласник Српског Географског друштва, бр. 2.

## ИЗВОРИ:

https://www.teo4.rs/srebrno-jezero/

http://rtanjskidvori.rs/

https://www.facebook. com/lovacka.sekcijasesalac

https://selo381.blogspot.com/2018/12/donja-kamenica.html

https://staraplanina-babinzub.info/category/stara-planina/

https://www.facebook.com/ seoskodomacinstvogabar-659417941151949/)

https://www.toknjazevac.org.rs/index.php/smestaj

http://www.srbijaplus.net/donja-kamenica-knjazevac.htm

https://www.plusonline.rs/7-visocka-rzana

https://www.topirot.com/posts/visocka_rzana

https://www.topirot.com/smestaj-selo/gostusa

https://eparhijaniska.rs/manastiri/manastir-poganovo

https://toplickevesti.com/sakrivena-crkva-u-selu-zebice.html



Изглед на куќа со приземје и кат, с. Пеклани, Виница (Република Северна Македонија), Автор на цртеж: Петар Намичев, Извор: Намичев (2018: 21).

# 5 ГЛАВА

# СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА СЛАБО НАСЕЛЕНИТЕ РУРАЛНИ ПРОСТОРИ: РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И РЕГИОНОТ НА ЈУЖНА И ИСТОЧНА СРБИЈА

# 1. СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ

Споредбената анализа е направена на пет предлог-туристички дестинации во Република Северна Македонија и на пет предлог-туристички дестинации во Регионот на Јужна и Источна Србија. Притоа, во Република Северна Македонија се идентификувани 14 села и во Јужна и Источна Србија 15 села, како ретко населени, а коишто рсполагаат со туристички потенцијали. Поконкретно, на слика 1 се прикажани избраните села, и тоа:

- Во Република Северна Македонија: Б'с, Варовиште (предлог-туристичка дестинација 1), Конско, Серменин и Хума (предлог-туристичка дестинација 2), Велмевци, Големо Илино и Железнец (предлог-туристичка дестинација 3), Гари, Јанче и Тресонче (предлог-туристичка дестинација 4) и Нежилово, Ореше и Папрадиште (предлог-туристичка дестинација 5) и
- Во Регионот Јужна и Источна Србија: Рам, Острово, Брњица и Мироч (предлог-туристичка дестинација 1), Илино, Сесалац и Езеро (предлог-туристичка дестинација 2), Долна Каменица, Јаловик Извор, Балта Бериловац и Ќуштица (предлог-туристичка дестинација 3), Височка 'Ржана, Славиња, Гостуша и Поганово (предлог-туристичка дестинација 4) и Зебица (предлог-туристичка дестинација 5).

Разгледувајќи ги постојните потенцијали и перспективите на руралните ретконаселени простори на Република Северна Македонија и на Регионот Јужна и Источна Србија, се забележуваат големи сличности, како во поглед на ресурсите така и во поглед на развојните тенденции на руралниот туризам.

Евалуацијата на руралниот капитал покажува дека природните ресурси со одреден културен капитал, како и локалната иницијатива и гостопримливоста на локалното население, се сметаат за основен предуслов за почнување на туристичката дејност. Покрај тоа, очигледно е дека процесот на воведувањето на туризмот на овие простори е сѐ уште во почетната фаза од својот развој. Од друга страна, основните ограничувања се гледаат во недостигот на економски и инфраструктурен капитал, пред сѐ, на сообраќајната и комуналната инфраструктура и угостителските капацитети. Несоодветната и недоволно развиената комунална инфраструктура, како и недостигот на основни јавни институции и услуги, условиле слаб квалитет на животот во селата во споредба со соседните урбани населби. Ефектите од лошите услови за живот предизвикале енормни миграции од село во град, па анализираните села добиваат епитет на „напуштени“ или „исчезнати села“.

Во табелата 1 се прикажани просечните вредности на руралниот капитал и стандардната девијација на 14 села во Република Северна Македонија и на 15 села од Регионот Јужна и Источна Србија. Врз основа на анализата на податоците се забележува дека во анализираните рурални простори во Република Северна Македонија има релативно мала разлика во природниот капитал и малку поголема разлика кога станува збор за инфраструктурните капацитети со кои располагаат избраните села. Од друга страна, во избраните села во Регионот Јужна и Источна Србија има значително поголеми разлики кога станува збор за економскиот, социјалниот и физичкиот (инфраструктурниот) капитал. Ова може да се толкува како факт дека некои од анализираните села веќе имаат карактеристики на развиени рурални дестинации (на пример, селата Илино и Поганово), иако тие се сѐ уште недоволно туристички афирмирани и дури од неодамна го интензивираат развојот на туризмот. Одредена генерализација на овие резултати е можна и потврдена (Терзиќ и соработниците 2020), но само кога станува збор за мали села (до 250 жители) со слични геопросторни карактеристики (лоцирани во зачувана природна средина и релативно во близината на урбаните или на познатите туристички центри, на максимална оддалеченост до 20 км).




Слика 1: Примерок на истражувањето за споредбена анализа на Република Северна Македонија и на Регионот Јужна и Источна Србија
Извор: Милован Миливојевиќ

Табела 1: Просечни вредности на руралниот капитал на избраните дестинации во Република Северна Македонија и во Регионот на Јужна и Источна Србија

| Држава | Општествен капитал | Економски капитал | Културен капитал | Природен капитал | Физички капитал |
|---|---|---|---|---|---|
| Република Северна Македонија (N=14) | 2,44 | 2,09 | 3,05 | 3,32 | 2,50 |
| Std.Deviation | 0,57 | 0,52 | 0,51 | 0,39 | 0,64 |
| Јужна и Источна Србија (N=15) | 3,12 | 2,52 | 2,56 | 3,55 | 2,77 |
| Std. Deviation | 0,93 | 0,99 | 0,64 | 0,40 | 0,92 |

Извор: Пресметки на авторот.

Од графиконот 1 се забележува рамномерна распределба на руралниот капитал во двете земји, посебно на просторите што се блиски и во директна врска. Има мали разлики во руралниот дел меѓу двете земји. Природниот капитал е апсолутно изедначен, додека, од друга страна, во Република Северна Македонија, во анализираните села има малку поголема концентрација на културни ресурси (манастири, цркви, етносела, настани), кои имаат малку подобра состојба во споредба со културните ресурси во Јужна и Источна Србија. Физичкиот капитал (инфраструктурната опременост) и социјалниот капитал се еднакви, додека перцепцијата за економската состојба во руралните простори на Јужна и Источна Србија е малку поповолна. Средните оценки на руралниот капитал, кога станува збор за национално ниво, не кажуваат многу за реалната состојба на селата, со оглед на постојните разлики на регионално ниво, но укажуваат на проблемите кои, генерално, се присутни во двете земји. Евидентно е дека подобрувањето на инфраструктурните и на економските капацитети на руралните простори има суштинско значење за одржлив развој на малите села во двете земји.




Графикон 1: Споредбена анализа на руралниот капитал на слабонаселените простори во Република Северна Македонија и во Регионот на Јужна и Источна Србија
Извор: Пресметка на авторот.

На графиконот 2 се прикажани споредбени резултати од регионален аспект. При набљудување на ситуацијата на регионално ниво (и на ниво на округ – NUTS 3) се забележуваат значителни разлики. Така, во Република Северна Македонија, во однос на природниот капитал, водечки се Полошкиот и Југозападниот Регион, а во Јужна и Источна Србија, тоа се Пиротскиот и Борскиот Округ. Притоа, средните оценки, над 3,5, се резултат од поголемата концентрација на заштитени природни добра и национални паркови. Најслабо оценети според квалитетот на природните ресурси се Североисточниот Регион (Република Северна Македонија), со просечен резултат 2,8, и Браничевскиот Округ (Јужна и Источна Србија), со просечна оценка 3,3.

Истовремено, од графиконот 2 се забележува дека културниот капитал на руралните простори, анализирано регионално, е мошне нееднаков. Така, во анализираните села во Република Северна Македонија има голем број културни добра со висока културно-историска вредност, при што се истакнуваат Полошкиот, Југозападниот и Вардарскиот Регион. Посебна предност претставуваат големиот број цркви и манастири, како и автентичните рурални архитектонски градби и заштитените природни области (Национален парк „Маврово“). Во Јужна и Источна Србија, културно-историските знаменитости, генерално, се концентрирани во урбаните центри. Сепак, малку поголема нивна концентрација има во Пиротскиот и Браничевскиот Округ. Ова првенствено се однесува на археолошките локалитети и на познатите вински области „лозја и пабови“ од неготинскиот крај и многубројните зачувани рурални амбиентални единици и етнографски специфики на Пиротскиот Округ.




Графикон 2: Споредбена анализа на руралниот капитал на слабонаселените простори во Република Северна Македонија и во Регионот на Јужна и Источна Србија – регионален пристап
Извор: Пресметка на авторот.

Од графиконот 2, понатаму се гледа дека физичкиот капитал (инфраструктурата) е солиден во повеќето од анализираните предлог-туристички дестинации. Така, селата имаат добра сообраќајна поврзаност и речиси во сите постои основна комунална инфраструктура. Главен недостаток е непостоењето угостителски објекти, како и релативно ниското ниво на туристички

услуги и активности. Во таа смисла, од графиконот 2 се забележува малку поповолна состојба во Полошкиот, Југозападниот и Вардарскиот Регион (Република Северна Македонија) и во Браничевскиот Округ во Јужна и Источна Србија. Тие имаат просечна оценка над 3 (постојната сообраќајна и комунална мрежа се одликуваат со релативно добар квалитет). Другите рурални простори имаат просечна оценка за основните инфраструктурни капацитети од околу 2, што укажува на релативно нискиот квалитет на инфраструктурната мрежа. Од друга страна, во Југоисточниот Регион во Република Северна Македонија и во Топличкиот Округ во Јужна и Источна Србија, инфраструктурата е незадоволителна и значително го попречува развојот на туризмот.

Општествениот капитал во анализираните подрачја е исклучително низок и во двете земји, што е очекувано, бидејќи се работи за ретконаселени рурални простори. Малку повисоките просечни оценки кои се забележуваат на графиконот 2, претставуваат, всушност, компензиран просек, условен од постојните локални иницијативи, интересот за развојот на туризмот и од исклучително високиот рејтинг на гостопримливост. Притоа, очигледни се големи регионални разлики во Република Северна Македонија, каде што оцената на општествениот капитал на Југоисточниот Регион е крајно неповолна, т. е. оценката изнесува 2,2 и укажува на многу ограничен капацитет и на недостиг на локална иницијатива. Од друга страна, најповолна состојба во однос на општествениот капитал има Вардарскиот Регион (3,5). Кога се анализира Јужна и Источна Србија, состојбата во однос на човечките ресурси е многу слична на онаа во Република Северна Македонија, со забележителни регионални разлики. Така, од графиконот 2 се гледа дека состојбата со човечки ресурси е најповолна во Борскиот Округ (3,9) и во Браничевскиот Округ (3,2), а најнеповолна во Топличкиот Округ (1,8). За почнување со туристичка активност потребно е да има одреден контингент на труд, т. е. активна популација. Не во сите анализирани села, но во поголемиот дел, во просек има околу 60 % од активната популација. Релативно пониското ниво на активност е условено од интензивниот одлив на работоспособното население во минатото, кога се случуваа структурни промени во двете земји. Така, денес, на руралните простори во Република Северна Македонија и во Регионот на Јужна и Источна Србија има ситуации кога во просек 5 жители се издржувани од еден активен. Образовната и старосната структура на локалното население се важни за развојот на претприемаштвото, а во анализираните села може да се окарактеризираат како многу неповолни. Во просек, доминира локалното население со основно образование. Во такви околности, активното население останува примарно поврзано со земјоделската активност, додека другите сектори се значително помалку развиени.

Понатаму, на графиконот 2 е прикажана просечната оценка за економскиот капитал по региони/окрузи во двете земји. Се забележува дека економскиот капитал, во голема мера, ја следи линијата на општествениот капитал со кој е директно поврзан. Сепак, сегашната економска состојба во руралните простори се издвојува како клучен развоен проблем. Иако е неповолен во сите анализирани предлог-туристички дестинации анализирани по региони/окрузи, економскиот статус е оценет како најнеповолен во Југоисточниот Регион (Република Северна Македонија) со просечна оценка 1. Тоа укажува на целосно отсуство на економски импулс што би овозможил инвестиции за развој на руралниот туризам. Малку подобра позиција и перспектива за развој, од аспект на економски капитал, кој сè уште е на многу ниско ниво, се забележува во руралните простори во Вардарскиот Регион (Република Северна Македонија), како и во Браничевскиот, Заечарскиот и Пиротскиот Округ (Јужна и Источна Србија).

Диверзификацијата на руралната економија во анализираните рурални простори е многу слаба. Така, во Регионот на Јужна и Источна Србија, производствениот и услужниот сектор учествуваат само со 6 до 7 %. Ако се има предвид дека во Јужна и Источна Србија, 139 населени места имаат над 10 % вработени во неземјоделскиот сектор, додека во само 28 населени места, повеќе од една третина од работоспособното население е вработено во неземјоделските сектори, јасно е дека туризмот на овие простори е недоволно развиен. Слична е ситуацијата и во Република Северна Македонија. Богданов и Бабовиќ (2014) наведуваат дека во вкупниот број земјоделски

домаќинства во Србија, само 12,4 % реализираат друга профитабилна активност во врска со домаќинството, од што само 0,7 % (513 домаќинства се директно вклучени во туризмот). Посебно е интересен фактот дека една четвртина од вкупниот број домаќинства кои се занимаваат со туризам во Србија (24,7 %) се наоѓаат во подрачјето на Златиборскиот Округ.

Во Република Северна Македонија постои малку порамномерна распределба на руралните туристички дестинации (доколку се изземе Скопскиот Регион). Бројот на капацитетите во угостителските објекти во руралните општини изнесува 15,4 % од вкупниот број капацитети во угостителските објекти во Република Северна Македонија (Бизоев 2014).




Графикон 3: Споредбена анализа на руралниот капитал на избрани дестинации во Република Северна Македонија – по села
Извор: Пресметка на авторот.

На графиконот 3 се прикажани просечните оценки на руралниот капитал за петте предлог-туристички дестинации со 14 анализирани села во Република Северна Македонија, додека на графиконот 4, податоците се однесуваат на петте предлог-туристички дестинации со 15 анализирани села во Регионот на Јужна и Источна Србија. Се забележува дека квалитетот на природната средина во сите набљудувани предлог-туристички дестинации е многу поволен. Воедно, лоцираноста на селата во близината на познати туристички центри кои привлекуваат туристи, овозможува насочување на туристите кон блиските рурални простори. Во последно време, сè поголем број туристи со задоволство го користат релативно евтиното сместување во селските домаќинства. Сепак, и покрај тоа, капацитетите и туристичкиот промет во набљудуваните области се наоѓаат на многу ниско ниво, а нивниот придонес за локалната економија сè уште е занемарлив. Оттука, економските ефекти од развојот на руралниот туризам може да се забележат само единствено на ниво на индивидуални рурални домаќинства, а не на ниво на локална економија. Од друга страна, ефектите од развојот на руралниот туризам носат многу индиректни придобивки за селото. Овие предности може да се видат во локалните иницијативи за уредување на одредени јавни простори и згради заради добивање туристичка функција, како и во зајакнувањето на идентитетот на локалната заедница кој дополнително се афирмира преку туристички активности.

Поконкретно, од графиконот 3 се забележува дека од анализираните села во Република Северна Македонија, со поволна туристичка перспектива се истакнува селото Јанче. Така, според просечните оценки за сите индикатори со кои се оценува руралниот капитал, Јанче ги исполнува предусловите за интензивен развој на руралниот туризам. Причините се согледуваат во поволната локација (Национален парк „Маврово"), солидната туристичка инфраструктура, зачуваниот автентичен рурален амбиент и во многу поповолниот економски капитал. Блиска, но малку поповолна е оценката за селото Гари (просечна оценка 3). Посебно се истакнуваат поволното природно, културно и економско опкружување, согледано низ инвестиции за реконструкција на селските куќи (повратници и гастарбајтери), кои се користат како викендички и сезонски домови, а често добиваат и туристичка функција. Поволен развоен тренд се гледа во селата Нежилово и Ореше, но, првенствено, како резултат на нивото на општествен и културен капитал. Од друга страна, неповолни развојни трендови се забележани во селата кои имаат лоши инфраструктурни капацитети и неповолни економски процеси кои предизвикуваат сè поизразено иселување. Така, и покрај постојните квалитетни природни и културни ресурси, доаѓа до напуштање на селата и нивно целосно изумирање. Во овие мали локални заедници постои изразено гостопримство кое не е доволно за да се компензираат недостатоците на основната комунална и туристичка инфраструктура. Локалната иницијатива за развој на руралниот туризам не дава конкретни позитивни ефекти што би обезбедиле одржлив туристички развој.




Графикон 4: Споредбена анализа на руралниот капитал на избрани дестинации во Регионот на Јужна и Источна Србија – по села
Извор: Пресметка на авторот.

Кога станува збор за избрани рурални дестинации во Регионот на Јужна и Источна Србија, ситуацијата е малку поинаква. Врз основа на графиконот 4, се издвојуваат туристичките перспективи на селото Илино (Бољевац). Поволната перспектива за развој на ова село е директно зависна од зголемената популарност на планината 'Ртањ како нов туристички центар. Во последните неколку години е поттикната иницијатива за развој на руралниот туризам во голем број

села. Во последните неколку години, селото Илино, покрај соседните села ’Ртањ и Мирово, кои имаат малку подолга традиција, се издвојува како еден од центрите за рурален туризам во руралната Општина Бољевац. За разлика од нив, Илино нуди автентичен рурален амбиент, и својата понуда ја темели на културните атракции, како и на поновите угостителски објекти.

Анализата го посочи и селото Поганово (Општина Димитровград) како потенцијално ветувачки центар за рурален туризам, кога станува збор за ретконаселените простори во Јужна и Источна Србија. Врз основа на резултатите од туристичката валоризација на руралниот капитал, прикажани на графиконот 4, Поганово, иако се карактеризира со неповолни демографски трендови и со поголема концентрација на сезонско население, добива поизразена туристичка функција. Во последните неколку години, се забележува значително подобрување на инфраструктурните капацитети. Во однос на физиономијата и амбиенталните карактеристики, Поганово ги има сите карактеристики на вистинско етносело. Непосредната близина на вредните културно-историски споменици и автентичното рурално опкружување, со многу квалитетна природна средина, како и инвестициите што се влеваат во селото, придонесуваат за негово окарактеризирање како привлечна рурална дестинација во Регионот на Јужна и Источна Србија.

Меѓу другите анализирани предлог-туристички дестинации, забележан е релативно унифициран развојот. Речиси сите анализирани села од областа на Стара Планина имаат вистински потенцијал за развој на руралниот туризам, како во околината на Књажевац така и во околината на Пирот. Од друга страна, инфраструктурните капацитети се малку поповолни во књажевачките, во однос на пиротските села, а забележлива е и малку поповолната социоекономска состојба, поради што постојните културни ресурси се наоѓаат во подобра физичка состојба. Ситуацијата е алармантна во атарот на селото Гостуша, кое и покрај неодамна стекнатиот статус на единствена заштитена амбиентална целина и интензивната промоција, не успеа во поголема мера да се позиционира како туристичка дестинација. Причината е исклучително лошиот социоекономски статус на локалното население, недостигот од континуирани инвестиции и локални иницијативи, како и многу лошата физичка состојба на повеќето јавни и станбени згради во селото.

Покрај тоа, периферната позиција во однос на Пирот, слабиот квалитет на сообраќајот и комуналната инфраструктура, како и релативно малиот носечки капацитет на дестинацијата, доведуваат до тоа, Гостуша, во моментов, да нема поголема развојна перспектива. Недостигот на угостителски објекти (освен многу мал број домаќинства кои обезбедуваат сместувачки услуги) го спречува поинтензивниот туристички развој, и покрај очигледното зголемување на бројот на туристите кои го посетуваат. Интензивната промоција доведе до поголем интерес и добивање статус на „куриозитет“ кај туристите. Сепак, недостигот на туристички капацитети доведува до многу кратко задржување на туристите и до речиси никакви економски ефекти кои би овозможиле одржлив развој на селото. Крајно неповолна е перспективата за развој на периферните села, пред сè, селата Зебица (Куршумлија) и Езеро (Сокобања), кои се оценети со неповолен физички и економски капитал, како и ниско ниво на општествен и културен капитал.

И покрај фактот дека селото Зебица се наоѓа во близината на светски познатиот геолокалитет Ѓавоља Варош, кој се планира во туристичката намена, селото се карактеризира со крајно неповолни социоекономски карактеристики, со несоодветна инфраструктурна опрема и целосно отсуство на локална иницијатива. Слична ситуација е забележана во повеќето соседни села, па затоа е реално да се очекува дека целата рурална област би била потполно напуштена за релативно краток временски период. Таквата состојба, од една страна, овозможува планиран туристички развој, но и спречува создавање рурална туристичка дестинација во вистинска смисла. Факт е дека ова автентично село наскоро ќе добие карактеристики на специјализиран туристички центар за геотуризам или ќе добие форма на викенд-населба.

Од друга страна, селото Езеро на падините на планините Озрен и Девица, недалеку од бањскиот туристички центар Сокобања, која има големо значење во национални рамки, има малку подобра социоекономска ситуација и сè уште има карактеристики на трајна населба. Недостигот на инфраструктура и економски капитал, заедно со недостигот на културни ресурси и лошата физичка

состојба на постојните ресурси, во голема мера, го попречуваат развојот на туризмот. Релативно ниското ниво на образование на населението, и покрај поповолните демографски карактеристики, условува мошне ниско ниво на претприемаштво и на локална иницијатива. Така, во селото нема основни угостителски или трговски капацитети, ниту основни јавни услуги (освен основно училиште). Во оваа област, очигледна е концентрацијата на целата туристичка побарувачка само во Сокобања, која со сместувачките капацитети со кои располага, ја задоволува постојната туристичка побарувачка.

Во суштина, се заклучува дека клучен аспект за развојот на руралниот туризам е постојната сообраќајна и комунална инфраструктура и тековните приливи на инвестиции. Факт е дека со подобрувањето на квалитетот на инфраструктурата во селата, кои во најголем дел се финансираат од јавни средства, но и од локални иницијативи и од скромното претприемаштво, доаѓа до почнување на туристичката дејност. Забележано е дека сите анализирани рурални простори, кои се тешко погодени од неповолните социоекономски последици по периодот на транзицијата, а посебно оние села кои се наоѓаат во непосредна близина на атрактивни туристички центри, поради своите исклучителни амбиентални карактеристики, постепено прераснуваат во сезонски и викенд-населби. Туризмот се покажа како еден од начините за борба против целосното напуштање на селото, со што придонесе за привремено и постепено реафирмирање на руралните простори кои стануваат место за собирање на пензионерите и на викенд-посетителите, како и на љубителите на природата. Сепак, перспективите на овие села се ограничени и зависат од голем број фактори, но пред сè, од желбата и од волјата на локалната заедница да се бори за своја егзистенција, заедно со несебичната владина поддршка.

## 2. МОЖНОСТИ ЗА ТУРИСТИЧКИ АКТИВНОСТИ

Република Северна Македонија и Регионот на Јужна и Источна Србија, како ридско-планински земји, во голем број села имаат умерено континентална клима, доволно површини со плодно земјиште, богатство на шуми, извонредни релјефни пејзажи, хидрографија, богата историја, разновидна традиционална гастрономија, култура и сл. Руралниот тип туризам посебно е атрактивен за странските туристи, но и за оние кои работаат или престојуваат во државата (странски амбасадори, работници, менаџери и др.).



Слика 2: Активности на рурален простор
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ

Во практиката, руралниот туризам, таков каков што е, се одвива во селските домаќинства чија егзистенција се темели на земјоделството, а земјоделците, вишокот од своите производи го пласираат во екотуризмот. Освен продажба на сопствените производи и храна, значителни приходи се остваруваат и од сместувањето на гостите, како и од одредени други активности (на пример:

директно учество во земјоделските работи, варење ракија, непосреден контакт со домашните животни на фармите, јавање коњи и магариња и сл.). Барем засега, најголемиот број селски домаќинства ја остваруваат самостојно заработувачката во своите дворови и ниви, и тоа со активно вклучување на целото семејство. Оттука, човечкиот капитал е најважен за развојот на селата.

Меѓутоа, за развој на рурален туризам не е доволно само да се има локално население туку е потребно тоа да биде едуцирано. Дополнителен проблем е тоа што поголем дел од ридско-планинските простори, каде што има услови за рурален туризам, имаат запуштена и слабо одржувана инфраструктура. Кога станува збор за организирање на туристички патувања на руралните простори, апсолутно доминираат самостојните патувања. Многу ретко руралниот туризам се организира преку туристички агенции. Во тој случај, туристичките агенции, обично, организираат обиколка, со посета на поважни туристички места (градови, рурални населби, езерски и планински места, културно-историски споменици, манастири, бањи и сл.) и одредени етносела.

Најчесто, за време на посетата и престојот во селата, туристите се запознаваат со основните податоци за селото и за блиското опкружување. Доколку се работи за еднодневен или повеќедневен престој, туристичките агенции, во соработка со локалното население (и со други субјекти), нудат различни активности соодветни за селото (слика 2). Така, најчести активности кои се нудат (иако ретко), а би требало да се организираат како задолжителни, се: гастрономски, едукативни, рекреативни, спортски, забавни, манифестациски, здравствени и друг тип активности.

Од гастрономските активности доминираат:

- Подготовка на традиционални јадења и дегустирање на храната;
- Присуство на саем на храна и производи за исхрана;
- Активности во овоштарник, со собирање разновидно овошје;
- Активности во градина, со садење или берење зеленчук;
- Активности во нива (орање, садење, жнеење итн.);
- Активности во лозје (гроздобер, дегустација на вино, печење ракија итн.);
- Активности за подготвување зимница (ајвар, слатко, туршија итн.) и др.

Од едукативните активности доминираат:

- Запознавање со историското и културното минато, спомениците, црквите, манастирите и со други градби;
- Запознавање со традиционалните селски занаети (работа во трло, бачило, воденица и сл.);
- Запознавање со домашното ракотворство (ткаење, везење итн.) и друго.

Од рекреативните и спортските активности, се истакнуваат различни форми на физичка активност како: пешачење, јавање коњи и магариња, велосипедизам, рекреативно трчање, скијање и сл. Од забавните и манифестациските активности, во туристички цели најчесто се применуваат: учество во селска свадба, слава, верски празник, фолклорни настапи, фестивали и сл. Од здравствените активности кои може да се применуваат во селата, се издвојуваат: одмор во чиста и тивка средина, со консумирање здрава храна и напивки од природни тревки, медитациски и јога-вежби, техники на дишење и ослободување од стрес и сл. Најчесто, при еднодневните туристички екскурзии, се посетуваат повеќе села според однапред подготвена програма за посета. Така, туристите транзитираат, правејќи кратко разгледување, без подолго задржување, или со кратка пауза за застанување, разгледување во центарот на селото и на важните места, посета на локална продавница или гостилница и сл.

Генерално, или сублимирано, предложените туристички дестинации во Република Северна Македонија и во Регионот на Јужна и Источна Србија, може да понудат низа активности во функција на развој на туризмот. Притоа, како позначајни ги истакнуваме следните предлог-туристички активности:

- Пешачење и планинарење, разгледување на природните предели кои изобилуваат со неверојатни природни пејзажи и природни куриозитети.
- Спортско-рекреативни активности: трчање, велосипедизам, јавање коњи и сл.

- Екстремни спортови и авантуризам: качување по карпи, едриличарство и пловење со сплав, АТВ-тури со мотори, параглајдерство и адреналински тури.
- Скијање на одредени планини (Кожуф, Стара Планина и ’Ртањ).
- Еколошки активности како: набљудување и хранење животни, набљудување птици, фотосафари и сл.
- Берење билки. Атарите на селата на сите предложени дестинации изобилуваат со планински чај, дренки, боровинки, капини, малини, печурки, мов, смрекулки, шумски јаготки, диво овошје (сливи, јаболка, круши, црници, дуњи) и сл.
- Лов и риболов.
- Дегустирање традиционални гастрономски специјалитети.
- Потсетување и популаризирање на стари занаети.
- Посета на стари зачувани бачила и запознавање со стариот традиционален начин на рурален живот и одгледување стока.
- Посета на интересни, непопуларизирани културно-историски локалитети и раскажување и запознавање со локални настани и познати личности.
- Посета на интересни етнографски манифестации и религиозни ритуали.

Врз основа на анализата на постојниот рурален капитал на избраните села од двете земји, следуваат одредени предлози за подобрување на туристичката понуда за рурален туризам во секоја предлог-туристичка дестинација.

## 2.1. МОЖНОСТИ ЗА ТУРИСТИЧКИ АКТИВНОСТИ ВО РУРАЛНИТЕ ДЕСТИНАЦИИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Предложените дестинации за развој на рурален туризам во Република Северна Македонија поседуваат потенцијали кои може да делуваат единствено како дополнување на веќепостојната туристичка понуда која ја нудат урбаните центри или комплексите кои се наоѓаат во близина (слика 3а и 3б).



Слика 3а: Активности на рурален простор





Слика 3б: Активности на рурален простор
Извор: Фотографии на Билјана Петревска

Така, предлог-туристичката дестинација 1 (селата Б'с и Варовиште) нуди многу можности за туристички активности кои може да се понудат само како дополнување на постојната туристичка понуда на главниот урбан центар Крива Паланка и на манастирскиот комплекс „Св. Јоаким Осоговски". Причина за ова е тоа што двете села се наоѓаат во непосредна близина, на само 10-ина километри оддалеченост, со одлична сообраќајна поврзаност со Крива Паланка и со манастирскиот комплекс. Покрај рекреативните активности во зачуваната природна средина, постои можност за посета на археолошкото наоѓалиште од доцната антика, Градиште, и на средновековната некропола „Рударски гробишта" (во близината на селото Б'с), како интересен, а непопуларизиран културно-историски локалитет. Воедно, се нуди можност за раскажување и запознавање со локалните настани и со познати личности поврзани со овие локалитети.

Предлог-туристичката дестинацијата 2 (селата Конско, Серменин и Хума) може да понуди активности за збогатување на постојната туристичка понуда на градот Гевгелија како главен урбан центар и на околината (туристичката населба „Смрдлива Вода") која гравитира околу овие села. Поради непосредната близина на ски-центарот Кожуф, постои можност за скијање, планинарење, пешачење и за други физички активности. Воедно, близината на неколку полетувалишта значи можност за развој на параглајдерството. Тоа се полетувалиштето „Стајка" (југоисточно од селото Серменин) и полетувалиштето „Сиглица" (јужно од селото Конско). Поради близината на ловиштата „Милисин" (во близина на селото Конско и 5 км од селото Хума) и „Висока Чука", постојат погодности за реализација на ловни активности.

Предлог-туристичката дестинацијата 3 (селата Велмевци, Големо Илино и Железнец) нуди можност за разновидни активности кои може да станат дел од веќепостојната скромна туристичка понуда на Општината Демир Хисар, или како проширување на понудата на познатиот туристички центар Охрид. Така, покрај вообичаените активности, оваа предлог-дестинација нуди можност за афирмација на археолошкиот локалитет во локалитетот Железник, кој потекнува од античкиот период (во близината над селото Железнец). Воедно, посебна погодност претставува тоа што овие села нудат можност за практикување на стари, заборавени, традиционални занаети. Така, селото Велмевци е познато како поранешно „фурнаџиско село", а денес има фарма за козјо млеко и сирење. Се истакнува и можноста за стекнување знаење и вештини за приготвување храна на традиционален начин како: питулици, („тури-потпечи"), качамак („свирипиле"), селски фурнаџиски леб и симит, и сл.

Предлог-туристичката дестинацијата 4 (селата Јанче, Тресонче и Гари) може да ја дополни постојната понуда на манастирскиот комплекс „Св. Јован Бигорски“, кој се наоѓа во непосредна близина, но и да дејствува како самостојна целина во презентирањето различни можности за туристички активности. Покрај вообичаените форми на активност, кои може да им се понудат на туристите (рекреација, гастрономија и сл.), постојат многу интересни, а малку познати локалитети кои би биле основа за туристичка посета. Така, селото Јанче располага со месноста Св. Илија (на само 550 м), каде што може да се видат камени плочи од гробни конструкции, Песогорица – средновековна населба, и „Св. Петар“ – средновековна некропола и црква. Селото Тресонче има средновековни некрополи во месностите Кадиевци, Петрева Ливада и Римски Гробишта. Воедно, селата од оваа предлог-дестинација се познати по старите занаети како: копаничарство, резбарство и зографство. Од овие села потекнуваат локални познати личности за кои може да се развие приказна со раскажување и за едукативни цели. Така, од селото Тресонче потекнуваат: Сирма Војвода (народна херојка), Димитар Крстев, познат како Дичо Зограф (иконописец), Димитар Пандилов (уметник), а од селото Гари потекнува Петре Филиповски-Гарката (најпознатиот копаничар и зограф во Република Северна Македонија).

Последната, петтата предлог-туристичка дестинација (селата Нежилово, Ореше и Папрадиште) дава можност за збогатување на скромната туристичка понуда на Општината Велес како главен урбан центар во непосредното опкружување. Во близината на селото Нежилово, во месноста Калуѓери, е пронајден минералот нежиловит, што дава одлична можност за популаризирање на селото преку интересна приказна. Воедно, таму има и стари, неафирмирани локалитети како топилницата и старохристијанската црква со некропола (во непосредна близина на Горно Село), за кои може да се организираат туристички посети. Сите села од оваа предлог-дестинација се познати по интересни, стари, традиционални занаети, како: шивачкиот, кројачкиот и ѕидарскиот, за кои може да се организираат посебни интересни настани заради изучување, набљудување и активно учество. Постои можност и за развивање интересни приказни за раскажување за познати локални личности, па со тоа да се збогати туристичкиот престој. Така, во селото Нежилово е почината Невена Георгиева-Дуња (истакната партизанка од НОБ), а од селото Папрадиште потекнуваат: Димитар Андонов Папрадишки (основоположникот на европското сликарство во Република Северна Македонија), Ѓорѓи Зографски (зограф и сликар) и Димитрија Чуповски (македонски национален деец).

## 2.2. МОЖНОСТИ ЗА ТУРИСТИЧКИ АКТИВНОСТИ ВО РУРАЛНИТЕ ДЕСТИНАЦИИ ВО ЈУЖНА И ИСТОЧНА СРБИЈА

Предложените дестинации за развој на рурален туризам во Регионот на Јужна и Источна Србија поседуваат потенцијали кои може значително да ја збогатат постојната туристичка понуда на урбаните и туристичките центри кои се наоѓаат во непосредна близина.

Предложената туристичка дестинација 1 (селата Рам, Острово, Брњица и Мироч) може да претставува центар за рурален туризам во областа на Клисурата Ѓердап. Селата Рам и Острово се директно поврзани со добропознатиот туристички центар Сребрено Езеро, па со своето богато културно-историско наследство и со традицијата, може да понудат порелаксирана алтернатива за одмор, со фокус на спортовите на вода, спортскиот риболов, разни настани и гастрономски туризам. Со оглед на големата концентрација на сместувачките капацитети во туристичките центрите од урбан тип, селата Рам и Острово треба да ја насочат својата туристичка понуда кон дополнителни рурални содржини што би ја збогатиле туристичката понуда. Селата Мироч и Брњица, со зачуваната природа, интересните кањони и пештери, претставуваат потенцијал за развој на авантуристички и екотуризам. Покрај тоа, богатството со шуми и пасишта, заедно со карактеристиките дека станува збор за воздушна бања, му даваат можност на селото Мирош да понуди голем број спортски и рекреативни содржини, како: планински велосипедизам, спелеолошки туризам, пешачење, планинарење и собирање лековити билки. На планината Мироч се наоѓа и ловиштето „Мироч-Штрбац“.



Слика 4: Собирање лековити билки на планината Озрен
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ

Кога станува збор за предлог-туристичката дестинацијата 2 (селата Езеро, Сесалац и Илино), имајќи ја предвид планинската страна на котлината Сокобања, која е опкружена со планините Озрен, Девица, ’Ртањ, Буковик, Слемен и Крстатац, постојат голем број излетнички места и извори, поволни за пешачење, планинарење, спортско-рекреативни активности, собирање лековити билки и друго (слика 4). Воедно, постојат можности за развивање екстремни спортови, како параглајдерството, за кое веќе се формирани терени на Озрен и ’Ртањ, АТВ-тури со мотори и адреналински тури во околината на Сесалац. Ловот е уште една можност за афирмација на овие рурални простори бидејќи во непосредната близина се наоѓаат ловиштата „Буковик“, „Обла Глава – Озрен-Девица“, „’Ртањ“ и „Суваја“, со можност за ловење срни, елени, диви свињи, зајаци и волци. Во последно време, поради таинственоста што ја опкружува планината ’Ртањ, посебно се популарни т.н. „холистички одмори“, кои се насочени кон алтернативни медицински третмани што вклучуваат медитација, јога, методи на релаксација и слично. Покрај тоа, селото Сесалац, во рамките на екокампот „Глас на природата“, има многу интересна алтернативна форма на екстремен екотуризам. Понудата за рурален туризам во околината на Сокобања е сè уште многу скромна, но има исклучителни перспективи за развој токму поради висококвалитетното природно опкружување.

Предложената туристичка дестинација 3 (селата Долна Каменица, Јаловик Извор, Балта Бериловац и Ќуштица) може да понуди активности за збогатување на постојната туристичка понуда на планинарскиот ски-центар „Стара планина“ кон кој гравитираат анализираните села. Имајќи го предвид фактот дека овие села имаат зачуван традиционален рурален амбиент и богато културно-историско наследство, кое посебно се гледа во етнографските карактеристики и нематеријалното наследство на овие простори, се оценува дека значително може да се збогати туристичката понуда на поширокиот простор, посебно во текот на летото (слика 5). Селото Долна Каменица е поволно лоцирано на главниот пат, кој води кон Пирот, и во непосредна близина се наоѓаат неколку природни куриозитети како водопадот Бигар и единствената црква „Пресвета Богородица“. Оттука, ова село има перспектива да стане единствен инфо-центар за рурален туризам во Стара Планина и центар во кој се афирмираат стари занаети и ракотворби. Во северниот дел од Паркот на природата „Стара Планина“ има две ловишта, „Суводол“ и „Стара Планина“. Надалеку се познати и гастрономските специјалитети како: сарми во лисја од липа, пивтија од грав, јанија од јагнешко месо, жетварски ѓувеч, пеглан колбас, разни видови пити и сирења (вурда, пиротски кашкавал), итн.



Слика 5: Гастрономски специјалитети и специфичен селски начин на живеење
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ

Предлог-туристичката дестинација 4 (селата Височка ’Ржана, Славиња, Гостуша и Поганово) е составена од села со различни рурални амбиенти и традиции, но многу богати со специфични природни куриозитети и зачувани традиционални архитектонски целини. Сите села поседуваат услови погодни за развој на екотуризам и рурален туризам, а посебно е пожелно да се фокусираат на сточарската традиција и на специфичниот начин на живот во оваа област. За селото Гостуша од посебна важност е специфичната селска архитектура, со уникатни камени покриви, како и близината на Завојското Езеро. Селото би можело да ја подобри својата перспектива за развој доколку добие повеќе инвестиции од државата. Покрај тоа, неговата периферна положба има посебен шарм, заедно со фактот дека Гостуша е последното село на овој патен правец и едно од најстарите во Пиротскиот Округ. Меѓутоа, потребни се значителни инвестиции за поправка на инфраструктурата, пред сè, за реновирање на црковната зграда, поранешната земјоделска задруга и училиштето, со цел тие да може да се користат за туристички цели. Приспособувањето на старото училиште во сезонски угостителски објект од типот на ресторан, ќе овозможи туристичка потрошувачка и релативно стабилен економски прилив. Отсуството на мобилна и интернет-мрежа може да се искористи и како одредена „предност“, посебно во смисла на привремено одвикнување од зголемената зависност од технолошки средства кои предизвикуваат стрес. Селскиот амбиент прави посетителот да се чувствува како да е „заглавен во минатото на крајот на светот“. Покрај автентичната архитектонска вредност, Гостуша има и интересни обичаи и ритуали кои може да им се презентираат на туристите. Така, и традиционалниот начин на одгледување овци, со престој на бачило е уште една можна туристичка активност. Селото Поганово многу се разликува од традиционалните селата од Стара Планина, како по физиономијата така и по перспективата на развојот. Посебна привлечност му даваат погановиот манастир „Св. Јован Богослов“ и специјалниот природен резерват „Јерма“, кои се ситуирани во непосредна близина, како и ловиштата „Видлич“ и „Понишавље“. Поради своите специфични морфолошки карактеристики, оваа област се стекнува со епитетот рај за авантуристите и за љубителите на природата (Јужне вести, 2017), со исклучителни можности за пешачење и т.н. активности на отворено, како: планински велосипедизам, качување по карпи, јавање коњи и адреналински тури.

Последната предлог-туристичка дестинација 5 (селото Зебица) ги фокусира своите развојни капацитети во Паркот на природата „Радан“ и геолошкиот куриозитет Ѓавоља Варош, кои се наоѓаат во непосредна близина. Во атарот на селото има остатоци од средновековна црква, а во околината има голем број археолошки локалитети кои се недоволно истражени. Големите археолошки истражувања во областа кај Куршумлија укажуваат на постоење на голем број археолошки остатоци од средновековни и антички градови, во околината на Пролом Бања и во подножјето на планината Радан. Исклучителни природни пејзажи, окарактеризирани како „диви“ со геолошки куриозитети и

недоволно истражени археолошки локалитети (Сашки Рудници, Иван Кула, Бранкова Кула кај селото Рударе, голем број цркви во околината), како и исклучителната гостопримливост, создаваат основен предуслов за исполнет туристички престој.

Може да се забележи дека најновите туристички трендови условуваат во руралните простори во Србија значително да се развива туризам на сезонски и секундарни домови (викендички) кои ги негуваат традиционалните функции присутни во зачуваниот рурален амбиент. Покрај тоа, постои зголемена побарувачка и понуда на специфични производи за велнес, еколошки и авантуристички туристички производи кои се комбинираат со рурален туризам. Така, карактеристиките на периферните рурални простори како резултат на директен контакт со привлечни природни ресурси, овозможуваат нивно вметнување во основниот туристички производ на руралниот туризам.

## ЛИТЕРАТУРА

Бизоев, Н. (2014). Развој на мали и фамилијарни хотели како можност за промоција на македонскиот туристички бренд. (Магистерски труд). Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за туризам и бизнис-логистика, Македонија.

Богданов, Н. и Бабовиќ, М. (2014). Радна снага и активности пољопривредних газдинстава. Попис пољопривреде 2012. године, Републички завод за статистика, Београд.

Јужне вести. (2017). Кањон Јерме рај за авантуристе и заљубљенике у природу. Преземено од: <www.juznevesti.com/Drushtvo/Kanjon-Jerme-raj-za-avanturiste-i-zaljubljenike-u-prirodu.sr. html>

Намичев, П. (2018). Виничка куќа, Виница.

Terzić, A., Drobnjaković, M. & Petrevska, B. (2020). Traditional Serbian Countryside and Second-Home Tourism Perspectives. European Countryside, 12(3), 312–332.

**Александра ТЕРЗИЌ**

**Биљана ПЕТРЕВСКА**



Изглед на куќа-кула, Скопска Црна Гора, Скопје (Република Северна Македонија)
Автор на цртеж: Петар Намичев, Извор: Намичев, П. (2018). Скопска Црна Гора, Скопје, стр. 169.

# 6 ГЛАВА

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ЗА ТУРИСТИЧКИТЕ ПЕРСПЕКТИВИ НА ИЗБРАНИТЕ РЕТКО НАСЕЛЕНИ РУРАЛНИ ПРОСТОРИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ВО РЕГИОНОТ НА ЈУЖНА И ИСТОЧНА СРБИЈА

Во периодот јуни 2018 година до јуни 2020 година, тимови од професори од Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Република Северна Македонија) и истражувачи од Географскиот институт „Јован Цвијиќ“ – Белград (Србија) го реализираа проектното истражување „Процена на предусловите за туристички активности во руралните напуштени простори – Компаративна студија меѓу Македонија и Србија“. Проектот беше дел од програмата за меѓуакадемиска соработка на Македонската академијата на науките и уметностите – МАНУ и Српската академија на науките и уметностите – САНУ.

Целта на проектот беше идентификување и анализирање на избрани напуштени и ретконаселени села, кои не се туристички афирмирани, а имаат туристички потенцијали, на територијата на Република Северна Македонија и во Регионот на Јужна и Источна Србија. Причина за наведеното е тоа што двете земји имаат слични географски и социоекономски карактеристики (над 80 % имаат рурална средина, и над 70 % од населените места спаѓаат во категоријата на мали населби). Воедно, двете земји имаат слични проблеми во однос на руралните простори кои сè повеќе се напуштаат, и покрај многубројните можности кои ги имаат за развој на руралниот туризам.

При истражувањето, основни ограничувачки фактори беа:

- Различното поимно толкување на термините „напуштено“ и „слабо населено“. Во случајот со Република Северна Македонија, тоа значеше село со помалку од 50 постојани жители, а во случајот со Регионот на Јужна и Источна Србија, тоа значеше село во кое живеат до 250 постојани жители. Сепак, и во двата случаи, се работи за рурални населби со мал број жители, со мала густина и слаба виталност.
- Разлики во прибирањето исти податоци од секундарни извори. Така, официјалните демографски статистички податоци се користат од пописот на населението во Република Северна Македонија во 2002 година, и во Србија, од 2011 година. Поради разлики со реалната состојба, при анализата, заклучоците се изведувани според теренското истражување, поради што се наметнува потребата од внимание и условна интерпретација.
- Флуктуацијата на локалното население. Во дел од истражуваните села постои население што привремено работи во странство, па некаде се евидентираат како постојани жители, а некаде не. Во дел од истражуваните села, дел од населението живее и остварува приходи во текот на едната половина од годината (најчесто, во летната сезона), а се евидентирани како жители на соседниот урбан центар во непосредната близина.

Во анализата на истражувањето направена е споредба и извлечени се заклучоци за пет предлог-туристички дестинации, со 14 села, во Република Северна Македонија, и со пет предлог-туристички дестинации од Јужна и Источна Србија, со 15 села. Така, за избраните и понудените потенцијални туристички дестинации, евалуиран е руралниот капитал според пет индикатори: природен капитал (со просечна оценка за климата, квалитетот на природниот пејзаж, атрактивните природни ресурси, понудата на рекреативни активности, носечкиот капацитет и системот на заштита на природните ресурси), културен капитал (со просечна оценка за поседување културни ресурси и нивната состојба на заштитеност, автентичноста на руралната средина, нематријалното наследство и забавните содржини), инфраструктурен капитал (со просечна оценка за пристапноста на дестинацијата, квалитетот на комуналната и туристичката инфраструктура и постоењето на угостителско-туристички објекти), општествен капитал (човечки и организациски фактори) (со просечна оценка за старосната и образовната структура на локалното население, гостопримството и интересот за развој на туризмот) и економски капитал (со просечна оценка за степенот на диверзификација, активноста на жителите, дневните миграции, сезоналноста, просечната заработка, инвестициите и претприемаштвото на локалната заедница). Оттука, во текот на проектното истражување добиени се многубројни научни сознанија за поширок систем индикатори за

социоекономскиот, демографскиот и туристичкиот развој на избраните и понудените потенцијални туристички дестинации кои располагаат со одлични рурални мотиви (слика 1).



Слика 1: Селски мотиви
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ

Со оглед на тоа дека избраните села ги покриваат територијално сите статистички региони во Република Северна Македонија и одделни окрузи (НТЕС 3) во рамките на статистичкиот Регион на Јужна и Источна Србија (НТЕС 2), пристапено е кон генерализација на демографските и социоекономските процеси. Оттука, врз основа на анализата на проценетиот рурален капитал, извлечени се следните заклучоци за анализираните села од двете земји:

- Исти функционални карактеристики во однос на географската средина во која се лоцирани селата. Поконкретно, сите анализирани села имаат одредени просторни релации со кои во географската средина може да влијаат на содржината и облиците на туристичките активности што може да се изведуваат. Поконкретно, избраните села се карактеризираат со контактност (постојат низа атрактивни природни и антропогени ресурси), транзитност (лоцирани се покрај или во близината на урбани центри) и поливалентност (нудат различни можности за туристички активности во руралниот амбиент).
- Старо и необразовано население (слика 2). Високо е учеството на население на возраст од 60 години и повеќе години, во вкупното население што постојано живее во

анализираните села. Длабоката демографска старост, надополнета со несоодветното образование, претставува голем ограничувачки фактор за развојот. Селата континуирано бележат негативен природен прираст, сѐ уште се присутни емиграциите, процесите на депопулација и сенилизација се континуирани, а присутни се и промени во етничка структура на локалното население, како и нарушување на територијалните граници. Како резултат на наведеното, во селата се случуваат длабоки социолошки, културни и економски промени кои го отежнуваат развојот. Генерално, локалното население е незаинтересирано, економски немоќно и без претприемачки способности за иницирање активности со кои селото би се ревитализирало.




Слика 2: Актуелна демографска состојба на руралните простори
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ

- Неактивност на туристичките организации и на институциите, на локално, регионално и национално ниво. Ретконаселените рурални простори, иако располагаат со потенцијал и со можност за туристичка активност, сепак се занемарени. Руралниот туризам сѐ уште не е доволно препознат како можност за реанимирање на селата кои изумираат. Слабата организираност, изолираните случаи на индивидуална иницијативност и непостоењето на визија и модел за раководење со туризмот во руралните средини, оневозможуваат воспоставување целосен систем на вредности и одржливост.
- Слаба и недоволна финансиска институционална поддршка. Следствено, селата имаат слаба сообраќајна, комунална и туристичка инфраструктура. Сѐ уште има села со неадекватни системи за наводнување, со несоодветна канализациска структура и неадекватно управување со комуналниот отпад, непокриеност со телефонска и мобилна мрежа итн. Кон ова се надополнува недоволно развиената туристичка инфраструктура.

Руралниот туризам, во основа, предвидува туристички престој што се реализира во рурална област, првенствено фокусиран на сместувањето во селски туристички домаќинства, со што се остваруваат директни економски ефекти врз руралната заедница. Меѓутоа, и други форми на туризам користат рурални ресурси до одредена мерка, во форма на факултативни посети на рурални дестинации како краткорочни посети и екскурзии во етноселата, на етномузеите, етнорестораните, занаетчиските дуќани во селата, итн. Кога станува збор за селата анализирани во оваа студија, овој вид туристичка посета е многу попоприсутен, во споредба со престојувањето во селото како вид рурален туризам. Треба да се има предвид дека во набљудуваните области, најизразена специфична форма на туризам е туризмот на секундарните домови. Тука постои многу тенка линија помеѓу она што го одделува „туристот“ од „локалното население“, па може да се рече дека „викендациите“ и „сезонците“ се, истовремено, и туристи и локални жители, бидејќи имаат две улоги и

карактеристики. Тие имаат тенденција да се перципираат себеси како дел од „локалната заедница" на селото, додека постојаното население ги перципира повеќе како „новодојденци", па често ги изедначува со туристите, освен во случаи кога има директни и силни семејни врски со локалното население.

Преку теренското набљудување е заклучено дека многу од анализираните села имаат карактеристики на сезонски населби. Тоа значи дека постои значително поголема концентрација на сезонско население, при што значителен дел од населението го претставуваат т.н. „викендаџии" и „сезонци" (вклучително и повратниците од странство – гастарбајтери), а многу е мал делот на автохтоно население. Во зима, голем дел од селата се „напуштени" и имаат карактеристика на „заспано" село, со само неколку жители. Клучните носители на развојот на руралниот туризам (посебно во Србија) се повратниците (претежно наследници на руралните домаќинства) и сопствениците на викенд-куќите. Во многу ретки случаи, иницијатор за развојот на туризмот е локалното население. Тогаш, процесот е побавен и релативно ограничен, но од друга страна, тој е и поодржлив. Имајќи предвид дека предмет на студијата беа ретконаселените рурални области, начинот на функционирањето на руралниот туризам во такви рурални подрачја, главно, се темели на расположливите капацитети за сместување кои ја изгубиле својата примарна „станбена" функција, па се развива комплетно нов тип капацитети како „етнокомплексите".

Имајќи ја предвид оваа форма на сместувачки капацитети во руралниот туризам, голем број рурални туристички домаќинства работат строго сезонски (мај – октомври). Од друга страна, руралните домаќинства со кои раководи „локалното население" имаат ограничен капацитет и ограничена понуда. Добра околност е тоа што во руралните области на Република Северна Македонија и Србија е можно да се најде сместување во речиси секое село благодарение на народната традиција и на гостопримството (слика 3). Сепак, она што не може да се гарантира е високиот квалитет и почитувањето на меѓународните стандарди во однос на сместувачките капацитети и опремата што им е достапна на руралните домаќинства. Постои дел од руралните домаќинства кои се во фаза на категоризација и стандардизација на услугите. Воедно, во последните години се работи и на едукацијата на населението кое се вклучува во руралниот туризам.



Слика 3: Традиционално гостопримство на село
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ

Во последните неколку години, трендот на „враќање во селото" се забележува поинтензивно, со тоа што животот во руралните области се перципира како поповолен и поудобен во однос на урбаната средина, особено кај пензионерите. Проширувањето на секундарните домови во ретконаселените рурални области е директна последица на екстремната депопулација и на миграциските движења кои траат релативно долго во овие области и чии причини, генерално, се

гледаат во неповолните социоекономски фактори. Тоа резултира со создавањето ниски цени на селските имоти на пазарот на недвижности, па во Србија, во одредени села е можно да се купи селски имот и за помалку од 5 000 евра.

Со враќањето во руралното опкружување, „повратниците“ тежнеат да живеат во хармонија со природата, па се занимаваат со земјоделско производство со мал обем, но и со туризам (нудејќи сместување, храна и ракотворби). Интересно е и тоа што „повратниците“ се генератори за туризмот во овие рурални области поради тоа што обично имаат повисок животен стандард и образование, па оттука имаат и повеќе знаење и желба за претприемаштво во споредба со локалното земјоделско население. Кога станува збор за анализираните села во Република Северна Македонија и Србија, забележано е дека „повратниците во селата“ имаат повеќе претприемачки иницијативи и многу полесно се одлучуваат за нови активности, отколку постојаните жители. Автохтоното локално население е претежно осиромашено, необразовано, старо и фокусирано на земјоделското производство и на сточарството со мал обем. Иако постои почетен ентузијазам кај локалното население во врска со започнувањето и развојот на туризмот, повеќето од нив немаат основни знаења и предуслови за вклучување, но гледаат одредена можност за пласирање на вишокот земјоделски производи преку туристичките рурални домаќинства. Така, локалното население е свесно за придобивките од развојот на туризмот и позитивно го перципира, така што придонесува за развој на локалната заедница. Тоа значи и креирање добри односи со туристите, па традиционалното гостопримство се претвора во пријателство што трае. Воедно, емоционалната поврзаност со руралното опкружување придонесува локалното население мотивирано да се вклучува во донесувањето одлуки за подобрување на квалитетот на живеењето во селото, што дава придонес кон развојот на руралниот туризам (слика 4). Локалниот активизам е интересен и во однос на заштитата на животната средина (на пр., „Не ги даваме реките“ на Стара Планина, како отпор кон изградбата на минихидроцентрали) или обновување на културно-историското наследство, посебно на црквите и манастирите.




Слика 4: Заштита на природата и на културно-историските споменици на руралните простори
Извор: Фотографии на Александра Терзиќ

Во одредени случаи (на пример, селата Јанче и Гари, во Република Северна Македонија, и Илино, Балта Бериловац и Поганово, во Јужна и Источна Србија), поконцентрираната и поорганизираната туристичка иницијатива придонесе за очигледна ревитализација на селата, бидејќи овие области се сметаат за исклучително привлечни за идна туристичка афирмација, генерално, поради близината на карактеристичните центри (како на пример, НП „Маврово“, планината ’Ртањ, Стара Планина итн.). Така, постепено, селото се трансформира, па земјоделците сè повеќе се оддалечуваат од традиционално земјоделство, па се менуваат традиционалната рурална култура и начинот на живот. Се случува диверзификација на економските активности и премин од

земјоделско производство во услужен сектор, што неминовно доведува до оддалечување од традиционалниот начин на живот во селото. Селото не е веќе само место за производство на храна туку станува и привлечно место за живеење, одмор и релаксација.

Од друга страна, развојот на туризмот може да придонесе за зачувување на културните добра и на традиционалниот начин на живот на село, имајќи предвид дека туристите ја ценат автентичноста на руралното опкружување и ги сакаат селските мотиви, што е атрактивен фактор за прераснување на селото во туристичка дестинација. Сè почест е случајот на трансформација на традиционалното рурално домаќинство во туристичка дејност и преструктурирање и диверзификација на руралната економија. Постепено се менува традиционалното гостопримство во селата, па покрај основните услуги, како што се храната и сместувањето, се додаваат и други активности како: превоз, туристички водич, рекреативни активности, лов и риболов, јавање коњи, берење плодови и билки, како и вклучување во животот и во работата на локалната заедница преку разни настани во селото. Следствено, руралниот туризам со мал обем придонесува за виталноста на селото и за неговото понатамошно одржување, па токму затоа е и присутен во многу стратегиски документи, во развојната политика и во економските студии.

Како резултат на сеопфатното истражување и на изведените заклучоци за можностите за туристички развој на напуштените и ретконаселените рурални подрачја, посочени се препораки за трансформирање и ревитализирање на селата. Така, препораките се однесуваат на неколку аспекти:

- Следење и истражување на туристичката побарувачка (потреби, барања, ставови и желби на посетителите и туристите), со цел да се редефинира постојната и да се креира нова препознатлива туристичка понуда, втемелена на локалните, автохтоните и специфичните ресурси. Потребно е надминување на стереотипите и создавање нов туристички производ, во согласност со барањата на современиот турист, а во усогласеност со принципите на одржливиот развој на туризмот. Потребно е обновување и редефинирање на поставените приоритетни цели за туристички развој во стратегиските документи поради промените што се случуваат во непосредното опкружување. Акцентот треба да биде ставен на приоритетните производи кои реално може да се валоризираат во претходноидентификуваните дестинации/локации што го поседуваат одредениот производ или може да го развијат. Само така, подрачјата на интервенција може правилно да се одредат и да се овозможи креирање препознатлив тип туризам, притоа внимавајќи да се почитуваат принципите на одржливост. Креирањето стратегија на диференцирање на руралните туристички производи би придонело до зголемена препознатливост, а со тоа вниманието ќе биде насочено кон нови, неафирмирани, уникатни и ретки рурални простори.
- Јакнење на улогата на сите заинтересирани чинители. Поддржување на одредена локална иницијатива и вложувања во добра организација и раководење со туристичкиот развој. Потребно е креирање рамка за поддршка во ефикасно и ефективно користење на расположливите ресурси. Локалната заедница треба да се едуцира за зачувување на локалните рурални туристички вредности, како и за значењето за развојот на руралниот туризам за селото, за регионот и земјата во целост. Стимулирањето и поддршката од државните институции се неминовни, преку најразлични мерки: јавно-приватни партнерства, пониска стапка на даноци во руралните простори кои се занимаваат со туристичка дејност, субвенционирање на туристичките агенции за поддршка на домашниот туризам, доделување земјиште без надомест за изградба и опремување на туристички објекти и содржини, промовирање инвестиции во туризмот низ владини програми и мерки и сл.
- Планирање, иницирање и реализирање проекти (регионални, национални и меѓународно поддржани) кои би придонеле за збогатување на содржината при престојот на посетителите и туристите во селата. Унапредување на законската регулатива која е

поврзана со развојот на туризмот и нејзино усогласување со европските стандарди, со цел да се поедностават постапките за аплицирање во европските развојни фондови. Изработка на просторни планови и други просторно-развојни плански документи во кои ќе биде дадена правилна насока за развој на руралниот туризам на депресираните простори.

- Подигнување на конкурентноста преку промовирање на компаративните предности од престојот и туризмот на руралните простори. Потребни се дополнителни вложувања во промоција, со цел да се истакнат ресурсите со кои располагаат селата. Не е доволно само да се располага со квалитетни природни и антропогени вредности, туку тие да станат препознатливи и видливи. Заеднички промотивни активности за повеќе села во рамките на една целина претставува добра можност за привлекување туристи во регионот како туристичка дестинација. Ниската конкурентност може значително да се подобри преку интензивна и целесообразна промотивна активност, а со тоа и поттикнување, првенствено, на домашниот, но и на странскиот туризам.
- Развој на сообраќајната и комуналната инфраструктура, заедно со подобрување на туристичката инфраструктура и на супраструктурата. Потребна е изградба на нови, но и обновување на постојните сместувачки и угостителски капацитети. Туристичката сигнализација треба да се поставува, да се одржува и модернизира, со акцент на отворањето на туристичко-информативни центри, заеднички за повеќе села.
- Воспоставување и следење на системот за заштита, чување и правилно користење на ретките природни и антропогени ресурси на руралните простори. Само со ефикасни и активни плански мерки за заштита и правилно претставување на културното и природното наследство со кое се богати селата, може да се спречат опасностите од нивното неправилно користење. Потребно е да се поттикнува отворање регионални центри за обука на локалното население, како да се презентираат и истовремено правилно да се користат ретките ресурси, кои се темел за нов туристички рурален производ. Потребно е контролирано користење на природните добра во заштитените подрачја и предели, со почитување низа мерки за заштита заради обезбедување долгорочна одржливост.
- Зајакнување на човечкиот и претприемачкиот капитал во руралните области, што ќе обезбеди одржливост на руралниот развој. Тоа, генерално, може се направи преку: привлекување на работоспособно, високообразовано и креативно население, како потенцијални жители во одредена рурална област; привлекување на туристи и на население – пензионери, кои сакаат да уживаат во локалните придобивки на секундарните домови; привлекување на работодавци (поттикнување нови иницијативи за претприемаштво во руралните области) за задоволување на потребите на жителите и на туристите.

Следствено, во согласност со процените на потенцијалите, заклучено е дека предлозите за можни туристички активности на избраните ретконаселени рурални простори, генерално, може да се реализираат како дополнување на веќепостојната туристичка понуда на урбаните центри или на комплексите кои се наоѓаат во близината на анализираните села. Така, постојните туристички текови може да се пренасочат кон т.н. „периферни“ делови, што би значело проширување на централната туристичка зона, преку афирмирање на запоставениот рурален простор.

## SUMMARY

The study, entitled „Tourism as a Perspective for Sparsely Populated Rural Areas of North Macedonia and the Region of South and East Serbia“, is a result of the dedicated joint efforts of research teams from North Macedonia and Serbia. It is placed in the form of a comparative study, assuming that sparsely populated areas in these countries face the same or similar problems. Also, it sees tourism as a multidimensional activity and a revitalization tool for the peripheral rural areas. Within this book, six sections explore various aspects of rural tourism. Starting with a brief introduction, then a theoretical and methodological approach, followed by the literature review on issues of sustainable development of the countryside, the study focused on tourism development potentials.

An overview of North Macedonia and Serbia as tourist destinations is given, and the current state and potential of selected rural destinations and villages are thoroughly examined. North Macedonia and Serbia are both predominantly agrarian countries, with more than 80 % of national territories being rural. These are dominated by hilly-mountainous areas, with a temperate continental climate, sufficient fertile land, rich in forests, with magnificent landscapes and hydrographic potentials. They are equally rich in history, diverse traditions and cultures, well-known for their gastronomy and hospitality, and they provide a great variety of activities in open space. Therefore, there is an urgent need to direct local, regional and national policies towards rural development and the diversification of the rural economy. The future development potential of these countries is broadly reflected in the restructuring of agriculture and the focus on strategically exploiting the natural potential of villages, closely related to tourism.

Rural development is seen as a strategic goal, which is confirmed by introspective to multiple strategic documents. Generally, rural areas in North Macedonia and Serbia develop spontaneously, without continuous and strategic long-term policies. During the intense industrial and urban development of the last four decades, rural areas are treated as resources for food production, labor, industrial raw materials, etc. This led to the abandonment, neglect, and economic devastation of villages. Only after the economic collapse and transition period, which resulted in the stagnation and declining vitality of villages, were the policies refocused on rural areas that were burdened with numerous structural problems. As follows, these rural areas are characterized by a pronounced regional imbalance based on demographic, economic, agrarian characteristics, and public-social capital. The existing urban-rural relationships affect the opportunities and directions of the future development of these rural areas.

The rural areas of Serbia and North Macedonia are characterized by a vast diversity in terms of geomorphological, demographic, and cultural characteristics. Also the variety of infrastructural equipment and socio-economic conditions and developmental patterns exist as well. There is unevenness in the intensity and dynamics of development processes. Complex geographical and socio-economic factors ultimately led to the formation of diverse types of settlements, whose transformation dynamics and harmonization with modernity trends take place at various speeds. Noting that without agriculture, there could be no villages and rural communities, without villages with essential infrastructure, natural and socio-cultural capital, there would be no tourism, nor would villages become an attractive place for living. Thus, among the goals of sustainable development of the countryside, diversification of the rural economy takes an important place. That is, the development of supplementary non-agricultural activities based on local characteristics (craftsmanship, productivity, services, start-up companies, etc.) to reduce the pressure on natural resources and create greater rural resilience in communities facing changes in the natural environment and economic stability.

Due to justified limits, the study focuses on selected rural destinations with potential for tourism development, based on field research conducted in sparsely populated villages in two neighboring countries, North Macedonia and Serbia. Each selected destination was presented with an outline of natural, anthropogenic, and ethno-ambiental resources as well as the state of the existing infrastructure at the destination.

Based on the territorial division and spatial distribution, destinations were selected in accordance to the statistical regions (NUTS 3 classification). Therefore, in North Macedonia, five destinations were selected and 14 villages were presented in more detail. Namely, in the North-eastern region, villages B's and Varovište, in the Southeast region, villages of Konsko, Sermenin, and Huma, as well as Velmevci, Golemo Ilino, and Železnec in the Pelagoniski region were explored. In the South-western region village of Gari and in the Pološki region the villages Janče and Tresonče were presented, followed by the villages of Nežilovo, Oreše, and Papradište in the Vardar region.

In the region of South and East Serbia (NUTS 2 level), five destinations with 15 villages were presented. First, the area of Braničevo and Bor districts, with the villages of Ram, Ostrovo, Brnjica, and Miroč on the banks of the Danube river, was explored. Next, the rural destination is envisioned in the Zaječar district with villages Ilino, Sesalac, and Jezero in the surroundings of Sokobanja and Rtanj Mt. Two prospecting rural destinations are positioned on the outskirts of the Balkan Mt. in Knjaževac, Zaječar, and Pirot districts, with picturesque villages: Donja Kamenica, Jalovik Izvor, Balta Berilovac, Ćuštica, Visočka Ržana, Slavinja, Gostuša, and Poganovo. The fifth destination was in the Toplica district within Kuršumlija municipality, represented by the small village of Zebica.

The rural resources were then evaluated based on the rural territorial capital, and further compared between countries to sublimate common problems and perspectives in researched areas. Due to their continental character and hilly-mountainous relief, both countries have well-preserved natural environments, an abundance of rivers, lakes, and springs, which to a certain extent justify the direction of rural tourism development in the peripheral rural areas of exceptional ambiental values. Specifically, when it comes to rural tourism resources in North Macedonia and Serbia, the tourism offer is dominated by the experience of aesthetics and comfort, a preserved nature and authentic rural ambiance, ethnic characteristics and expressed hospitality and high-quality organic food.

Through the application of different methods, including tourism valorization of the rural capital that was performed separately for each selected destination, a comparison between the regions and countries was enabled. Thus, the study provides a comprehensive overview of the assessment of the feasibility of the proposed measures related to the potential development of rural tourism with respect to technical, economic, cultural, institutional, managerial and geographical aspects. Considering the existing potentials and perspectives of the sparsely inhabited areas of Northern Macedonia and southeastern parts of Serbia, great similarities are noted, both in terms of resources and in developing trends.

The evaluation of rural capital showed that natural resources with certain cultural capital, supported by some local initiatives and the traditional hospitality of locals, are considered a basic prerequisite for tourism business start-ups. Besides, the process of introducing tourism in these areas is still in its initial stage. However, the basic limitations are seen in the lack of economic and infrastructural capital, primarily traffic and communal infrastructure, and catering facilities. The level of diversification of the rural economy in analyzed rural areas is very low.

In South and East Serbia, services make up about 6 – 7 %, while only 12.4 % of rural households in Serbia are conducting additional economic activities. Only 0.7 % is directly involved in tourism, with obvious regional disproportion, with a quarter of all tourist rural households being located in a single district - Zlatibor district. North Macedonia, on the other hand, has a more proportional distribution of rural tourism destinations, except for the Skopje region. In North Macedonia, about 15.4 % of hospitality facilities are located in rural municipalities. There is an inadequate and underdeveloped communal infrastructure, lack of basic public institutions and services, and the perception of poor quality of rural life compared to the neighboring urban settlements. The effects of poor living conditions caused enormous migrations from villages to towns, so currently all analyzed villages might get the epithet of „abandoned“ or „seasonal villages“.

The study envisioned the market positioning of chosen rural tourism destinations within regions and municipalities. The goal is their further inclusion in development plans and strategic documents with an emphasis on diversification of the existing tourism offer and deeper connection with rural tourism. More

specifically, an assessment of expected benefits for the municipalities and regions to which selected villages belong is conducted. At the same time, recommendations are given for future directions of tourism development, by creating studies and projects closely interlinked with sustainable rural tourism development.

The positive effects of rural tourism development can be seen in the ability of tourism to initiate new economic activities, establish contacts between isolated village communities and other people and places, and enable resettlement and better functionality of rural areas. Rural tourism in selected villages is focused on accommodation in rural tourism households, which provides direct economic effects for the rural communities. However, other forms of tourism also use rural resources to some extent, in the form of optional short-term visits and excursions to ethno-villages, museums and restaurants. When it comes to villages analyzed in this particular study, short-term visits and specific forms of second-home tourism are much more present compared to the traditional countryside vacations.

Apart from the multiple positive effects of tourism development, special cautionary measures are needed, as tourism activities also might produce a transformation of traditional rural culture and habits. Tourism activities in uncontrolled circumstances often result in either the commodification of rural areas or a certain antagonism between locals and tourists, especially if the local communities are not directly involved in the tourism development process. Also, the seasonality of tourism concentration in rural areas can create some problems if the carrying capacity of the destination is disturbed. The seasonal character of some rural destinations is affected by the increased concentration of seasonal populations, but most importantly by the lack and discontinuity of investments in rural areas.

Sustainable development of rural areas is possible only if each dimension of rural capital (economic, social, and ecological) is equally treated. Sustainable rural tourism needs to actively support and respect the preferences and aspirations of the local population through direct participation and utilization of endogenous (local) resources to achieve profit and improve local wellbeing while at the same time ensuring the preservation of the natural environment and resources. Thereby, the sustainable development of rural destinations in these countries relies on direct financial assistance from the state, especially when it comes to traffic, communal, and tourism infrastructure. Also, it requires continuous support and proactive education of locals, providing preconditions for future tourism development.

**ISBN 978-608-203-354-9**